**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ВО СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

**НА**
**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1042**
**Скопје, 15 ноември 2012 година**

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ, генерален секретар

Уредник: Томислав БАШЕВСКИ

Лектор: Весна Илиевска-Цветановска

Умножено на Универзитетот во Скопје
Тираж: 70 примероци

## Содржина на Билтен број 1042 од 15 ноември 2012 година


**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**Гоце Ангеловски, Елена Баламовска, Александар Ристовски, Тихомир Несторовски, Елена Велинова Маркова, Златко Ацевски, Томислав Лазаров, Миле Тодоровски**)........................................1-2

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Филозофскиот факултет во Скопје (**м-р Ајрун Реџепи, м-р Мухамет Муртези**)........................................3

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Реферат за избор на соработник во звањето асистент во научната област преработка на овошје и зеленчук на Катедрата за преработка на овошје и зеленчук во Институтот за храна при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**м-р Фросина Бабановска-Миленковска**)........................................4-12

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (**Невенка Величковска, Билјана Цветковска**)........................................13

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Менаџмент на технолошкиот развој** од авторот **д-р Делчо Јованоски**, пријавен на Машинскиот факултет во Скопје........................................14-19

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на ракописот **Практикум по деловни финансии**, од авторите **проф. д-р Владимир Кандикјан** и **доц. д-р Александар Стојков**, пријавен на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје........................................20-23

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје (**Милан Пејоски, Ракип Дочи, Ема Николовска, Добре Босилковски, Ѓорѓи Костовски, Тони Кантурски, Елена Глигорова, Алмир Адили, Нафи Рустем, Борис Симовски, Дарко Шентевски, Маријана Стојаноска, Соња Бибановска, Мартин Крстевски, Љупчо Деспотовски, Габријела Гавриќ, Елена Стаматоска, Игор Ефтимовски**)........................................24-25

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје (**Ленче Манева, Ангелчо Ангелов, Бурим Мемеди, Марија Штерјовска, Дарко Стојаноски, Христина Ивановска, Маја Аврамовска Стоичкова, Лидија Јанчовска, Далибор Кузмановски**)........................................26

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите звања по група предмети од областите хармонија и полифонија со анализа и теорија на музиката на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**м-р Тихомир Јовиќ**)........................................27-35

**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ**


1. Реферат за избор на редовен професор во научната област винарство во Одделението за винарство при Земјоделскиот институт во Скопје (**д-р Ана Серафимовска**)..........36-45


**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Рецензија на учебното помагало **Орална биохемија** од **група автори,** пријавено на Стоматолошкиот факултет во Скопје..........46-51
2. Рецензија на учебното помагало **Орална хигиена-практикум** од **група автори,** пријавено на Стоматолошкиот факултет во Скопје..........52-57


**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Реферат за избор-прием на два асистента од областа сеизмологија во Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје (**м-р Катерина Дрогрешка, м-р Јасмина Најдовска**).......... 58-61
2. **Исправка** на Рефератот за избор на наставник по група предмети од областа на биофизиката и општата физика, на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје (**д-р Јулијана Велевска**).......... .....62


**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**


1. Рецензија на докторската дисертација **Население и еколошка криза - посебен осврт за Република Македонија,** изработена од **м-р Резак Јакупи,** пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје..........63-67


**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Реферат за избор на помлад асистент по економски науки по предметите макроекономија и државна регулација на Економскиот факултет во Скопје (**м-р Маја Парнарџиева-Змејкова, Катерина Фотова**)..........68-70
2. Реферат за избор на помлад асистент на група предмети од областа на меѓународната економија на Економскиот факултет во Скопје (**м-р Марина Арсовска, м-р Мартина Крстевска, м-р Елена Макревска**)..........71-77


**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Реферат за избор на асистент во областа на архитектонското проектирање на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје (**м-р Саша Тасиќ**),..........78-82


**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**


1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (**Синиша Ацевски**)..........83


**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**


1. Реферат за избор на еден асистент по шпанска книжевност на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**м-р Сања Михајловиќ-Костадиновска, м-р Тања Јордановска**)..........84-89


**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**


1. Реферат за избор на еден наставник во звање-редовен професор по наставната дисциплина актерска игра со познавање на турски јазик на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**м-р Елјеса Касо**)..........90-98

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебникот **Истражувачки проект - прибирање и обработка на податоци на социјалните истражувања-дизајнирање на социјалните истражувања (теорија, методи, собирање и обработка на податоци)**, од авторот **д-р Илија Ацески**, пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје........99-105

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Придонес во развојот на методите и мерните техники за истражување на влијателните фактори за идентификација на топографијата на површините** изработена од **м-р Мите Томов**, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје........106-114

**ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР "МАРКО ЦЕПЕНКОВ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Народните преданија кај Турците од Косово и од Македонија**, изработена од **м-р Етем Бајмак**, пријавена на Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје........115-125

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**

1. Рецензија на ракописот - практикум **Методика на физичкото образование**, за одделенска настава, од авторот **доц. д-р Марјан Малцев**, пријавен на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски"во Скопје........126-131
2. Рецензија на ракописот - практикум **Методика на физичкото воспитание**, за предучилишно воспитание, од авторот **доц. д-р Марјан Малцев**, пријавен на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски"во Скопје........132-137
3. Рецензија на ракописот **Практикум по основи на физичкото образование**, за одделенска настава, од авторот **доц. д-р Марјан Малцев**, пријавен на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски"во Скопје........138-143
4. Рецензија на ракописот **Практикум по основи на физичкото воспитание**, за предучилишно воспитание, од авторот **доц. д-р Марјан Малцев**, пријавен на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски"во Скопје........144-149

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Дијагностичка вредност на антителата против модифицираниот цитрулиниран виментин кај ревматоидниот артритис и нивната асоцираност со активноста на болеста**, од **м-р Љубинка Дамјановска-Крстиќ**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје........150-156

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Амфифилни наноносачи за насочена антиканцерогена терапија**, изработена од **м-р Маја Симоноска Црцаревска**, пријавена на Фармацевтскиот факултет во Скопје........157-165
2. Рецензија на докторската дисертација **Определување на тераписки концентрации и следењето на преод на антиепилептични лекови од крв во плунка со примена на HPLC - методи**, изработена од **м-р Јасмина Тониќ Рибарска**, пријавена на Фармацевтскиот факултет во Скопје........166-173

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Застапеност и мерење на сивата економија во Република Македонија**, од **м-р Благица Новковска**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје........174-181

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Неразградливи олигосахариди со пребиотски карактеристики како нови компоненти во функционалната храна**, од **м-р Ружица Јовановиќ-Малиновска**, пријавена на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје....182-186

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**Марија Алаѓозовска, Сања Дејановска, Игор Кулев, Игор Богоевски, Мартин Петревски, Владимир Апостоловски, Ѓорѓи Јосифов**)....187

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на етнологијата и социјалната и културната антропологија на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје (**д-р Ана Ашталковска**)....188-201
2. Рецензија на докторската дисертација на тема **Функцијата, симболиката и прагмата на принесување крвна жртва во македонската народна религија**, поднесена од **м-р Владимир Боцев**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје....202-207

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**

1. Реферат за избор во наставно-научно звање-доцент по предметите од наставно-научната област бизнис и менаџмент на системи на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**д-р Смилка Јанеска-Саркањац, д-р Мимоза Серафимова**)....208-223

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Соматските фразеолошки изрази во преводите од чешки на македонски јазик и обратно**, изработена од **м-р Јасминка Делова-Силјанова**, пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје....224-227

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на соработник-помлад асистент по економски науки по група предмети од областа на менаџментот на Економскиот факултет во Скопје (**м-р Андријана Богдановска Ѓуровиќ, м-р Благоја Грозданов, м-р Александра Јанеска-Илиев, Елена Јосифоска, м-р Дејан Крстески, м-р Марица Петровска, м-р Емилија Ристовска**)....228-235

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Ефекти од потиснувањето на прекумерно експримираниот ген bcl-2 кај клеточни линии на простатен карцином**, изработена од **м-р Игор Есмеров**, пријавена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје....236-242

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник од областа на економските науки по предметите основи на економијата и хартии од вредност и портфолио менаџмент на Економскиот факултет во Скопје (**д-р Владимир Филиповски**)....243-256

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Реферат за избор на асистент по предметите од наставно-научната област електрични централи и разводни постројки на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**м-р Софија Николова-Поцева**)....257-263

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор-прием на еден соработник-помлад асистент од областа на етнологијата и социјалната и културната антропологија на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Инес Црвенковска-Ристеска, м-р Вања Димитриевски)**....................264-276

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Ергономија** од авторите **д-р Радмил Поленаковиќ, д-р Јасмина Чалоска, м-р Билјана Наумовска,** пријавен на Машинскиот факултет во Скопје.....277-286

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Придонес кон методите за определување оптимална експлоатација на хидраулично поврзани хидроелектрични централи на различни сопственици,** изработена од **м-р Игор Гиевски** пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје....................287-292

**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**

1. Реферат за доделување на титулата **почесен доктор на науки (doctor honoris causa)** на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на **проф. д-р Јунуз Сојлет,** од Универзитетот во Истанбул, Р. Турција....................293-294

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент од областа водоснабдување, канализација и мелиорации на Градежниот факултет во Скопје **(м-р Гоце Тасески)**....................295-299

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на учебникот **Право на игрите на среќа,** од авторите **д-р Александар Климовски и м-р Тимчо Муцунски,** пријавен на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје....................300-307

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Реферат за избор на еден лектор по англиски јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(м-р Николче Мицкоски, м-р Соња Китановска-Кимовска, м-р Јана Илиевска, м-р Катерина Видова)**....................308-334

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

# Преглед

на прифатени теми за изработка на магистерски труд од наставно-научен совет (октомври 2012)

## 1. Применета математика во областа на електротехника и информациски технологии

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Гоце Ангеловски | Стохастичка анализа и моделирање со стохастички системи | Stochastic analysis and modeling with stochastic systems | проф. д-р Билјана Јолевска-Тунеска |

## 2. Комуникациски и информациски технологии

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Елена Баламовска | Анализа на перформанси на VoIP низ IP скелетни мрежи | Performance Analysis of VoIP through IP Backbone Networks | Проф. д-р Тони Јаневски |
| 2 | Александар Ристовски | Балансирана Карта на Оценка (БКО) како алатка за зголемување на ефикасноста, продуктивноста и квалитетот на услугите на кабелски оператор | The Balanced Scorecard as a Tool for Maximizing Efficiency, Productivity and Quality of Service of a Cable Operator | Проф. д-р Александар Ристески |
| 3 | Тихомир Несторовски | Технолошко - економска анализа на компјутерското работење во облак кај информациските и телекомуникациските системи | Technological and economic analysis of cloud computing in the information and telecommunication systems | Доц. д-р Перо Латкоски |

## 3. Електроенергетски системи

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Маркова Велинова Елена | Анализа на можноста за заземјување на неутралната точка на средноналонски дистрибутивни мрежи со мал отпор | Analysis of possibility for grounding of neutral point in middle voltage distribution networks with small resistance | Проф. д-р Ристо Ачковски |
| 2 | Ацевски Златко | Моделирање и анализа на проблеми од динамичка стабилност на ветерни електрични централи при нивна интеграција во преносни електроенергетски системи | Modeling and Analysis of Dynamic Stability Problems Caused by Wind Farms Integration in Power Systems | Вон. проф. д-р Мирко Тодоровски |

### 4.Електроенергетика

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Томислав Лазаров | Можности за намалување на енергетските потреби кајстанбени и стопански објекти со економска евалуација | Possibilities of reducing the energy needs for residential and commercial buildings with economical evaluation | Проф. д-р Антон Чаушевски |

### 5. Електромоторни погони

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Миле Тодоровски | Можности за подобрување на енергетска ефикасност на електромоторен погон на транспотен систем за јаглен во рудник Суводол | Improvement possibilities of Electric Drive Energy Efficiency for coal conveyors in Mine Suvodol | Проф. д-р Слободан Мирчевски |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРЕРАБОТКА НА ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК НА КАТЕДРАТА ЗА ПРЕРАБОТКА НА ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ХРАНА ПРИ ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на својата четириесет и втора седница одржана на 30.8.2012 година, со решение бр. 02 - 1902/4, од 31.8.2012 година, избра Рецензентска комисија во состав: д-р Љубица Каракашова, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Лазар Сиваков, редовен професор во пензија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Весна Рафајловска, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

Комисијата треба да изврши преглед и да даде оцена на научните и стручните познавања и на трудовите пристигнати на конкурсот за повторен избор на соработник во звањето асистент во научната област преработка на овошје и зеленчук, Институт за храна, при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, за потребите на Катедрата за преработка на овошје и зеленчук, Институт за храна при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Во врска со тоа, Комисијата има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за повторен избор на еден соработник со звањето асистент во научната област преработка на овошје и зеленчук на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" од 4.7.2012 година, а распишан од Деканатот на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се пријави кандидатката м-р Фросина Бабановска-Миленковска, досегашен асистент на Катедрата за преработка на овошје и зеленчук, во Институтот за храна, при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката м-р Фросина Бабановска-Миленковска е родена на 8.9.1969 година во Куманово. Основно и средно биотехнолошко училиште „Никола Карев" завршила во Скопје, а дипломирала на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, насока прехранбено и биотехнолошко инженерство.

Во 2005 година се запишала на меѓународните постдипломски интердисциплинарни студии за квалитет и безбедност на храна, на Факултетот за земјоделски науки и храна, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Магистрирала во јуни 2007 година на тема **"Развивање на аналитичка метода за определување на некои вештачки засладувачи кои се употребуваат во прехранбената индустрија"**, со што се стекнала со звањето магистер по квалитет и безбедност на храна.

Во учебната 2008/2009 година се запишала на курсеви за доживотно учење, на меѓународната студиска програма „Иновации во прехранбената индустрија", на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, при што успешно ги положила испитите: квалитет и безбедност на храна, нутритивни својства, адитиви во прехранбената индустрија и хроматографски методи.

Во 2010 година ја пријавила својата докторска дисертација под наслов **„Влијание на сортите пиперки (*Capsicum annuum L. ssp. Macrocarpum*) врз квалитетот и нутритивните својства на готовите производи добиени со различни технологии на конзервирање"**, на Катедрата за преработка на овошје и зеленчук, при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Република Македонија.

**Работно искуство**

Од 2010 година м-р Фросина Бабановска-Миленковска работи како асистент на група предмети на Катедрата за преработка на овошје и зеленчук. До учебната 2011/2012 година, ангажирана е во изведувањето на теоретските и практичните вежби по предметите: чување на овошје и зеленчук, стандардизација и чување на овошје и зеленчук, складирање и чување на земјоделски производи, познавање на овошјето, производство на безалкохолни пијалаци, преработка на овошје, преработка на зеленчук, преработка на овошје и зеленчук. Од учебната 2011/2012 година, ангажирана е во изведувањето на теоретските и практични вежби по предметите: производство на безалкохолни пијалаци, преработка на овошје, преработка на зеленчук, преработка на овошје и зеленчук, преработка на земјоделски производи и функционална храна. Учествува и во изведувањето на вежбите на предметите согласно со наставната програма која се изведува и на дисперзираните студии во Струмица, на студиската програма преработка на земјоделски производи.

Активно учествува во наставната програма преку следниве активности: подготовка на материјалите потребни за изведување на разните форми на активност на студентите; подготовка на материјалите за семинарска, прегледување и оценување на изработените семинарски работи; држење на теоретски дел од наставната програма и решавање на задачи според наставната програма; изведување на практични вежби во лабораторија за студенти; спроведување на дел од активности поврзани со соработка со компании од прехранбената индустрија; учество во лабораториски истражувања со примена на одредени предтретмани и технологии за различни суровини и преработки од овошје и зеленчук; примена на одделни истражувања при изработка на дипломски, магистерски и докторски тези; изведување на одредени лабораториски истражувања при изведување на научно истражувачки активности, изработка на предлог проекти и бизнис-планови при апликација на научно истражувачки и развојно-истражувачки проекти и сл.

Од март 2002 до декември 2009 работела во Институтот за јавно здравје (РЗЗЗ), како самостоен аналитичар во Центарот за референтни лаборатории, Лабораторија за контрола на квалитет на храна. Во склоп на работните задачи, се стекнува со стручни и научни сознанија од повеќе области, извршувајќи ги следниве активности:

- контрола на физичко-хемиски и сензорски особини на прехранбените производи, контрола на адитиви, додатоци на храна и контрола на различни суровини кои се користат во прехранбената индустрија;
- анализа на шеќери, некои алкохолни шеќери, конзерванси, засладувачи, кофеин, кинин и органски киселини во различни прехранбени производи со примена на HPLC-метода;

- анализа на хидросолубилни и липосолубилни витамини во безалкохолни пијалаци, диететски препарати, додатоци на храна и детска храна со примена на HPLC-метода;
- анализа на изофлавони во додатоци на храна со примена на HPLC-метода;
- анализа на фосфати во месо и преработки од месо, како и во некои адитиви, со примена на спектрофотометриска метода;
- анализа и мониторинг на јодираност на сол, како дел од проект за мониторинг на јоден дефицит во Македонија, поддржан до УНИЦЕФ;
- анализа на флуор во млеко збогатено со флуор и во урина на деца од 3 до 5 годишна возрст, со примена на јон-селективна метода, во склоп на национален проект на Министерството за здравство од Македонија и Бороу-фондацијата од Англија;
- развој на постојните и воведување на нови аналитички методи при контрола на квалитетот на прехранбените производи;
- давање на консултантски услуги на клиенти кои се непосредно или дирекно вклучени во трговија или производство на прехранбените производи;
- активно учествувала во подготвување и спроведување на процедурите од стандардот за акредитација на лаборатории ISO 17025;
- учество во компаративни тестирања (proficiency testing) за утврдување на квалитетот на лабораториските резултати, согласно со стандардот ISO 17025, при определување на квалитетот на млечни и овошни производи;
- учество во анализа на контролни примероци за одредување на квалитетот на различни прехранбени производи, како дел од меѓулабораториски споредби;
- учество во спроведување на интерни верификации на одредени мерни уреди, ваги, тегови и волуметриска опрема и учество во спроведување на верификации на аналитички методи.

Од 2008 година работи како надворешен консултант на Стопанската комора на Р. Македонија, за имплементација на HACCP, во состав на Центарот за управување за квалитет на производството и услугите, како и на други приватни консултантски компании. Активно учествува во процесот на имплементација на HACCP-принципите и во изработка на прирачници за квалитет и безбедност на храна за различни прехранбени сектори и дејности.

Од 1991 до 2002 година работела во фирмите „Холмак” од Скопје, претпријатие за производство, трговија на големо и мало, увоз-извоз, како комерцијалист и во фирмата „Интерхолмак”, Скопје, мешавито претпријатие за надворешна и внатрешна трговија, со претставништво во Белград, Србија, како генерален директор. Во периодот од 1999-2000 година волонтирала во Лабораторијата за винарство при ЈНУ Земјоделски институт од Скопје, кадешто се направени анализите потребни за изработка на дипломскиот труд **“Споредба на физичко-хемиски и органолептички карактеристики на црвени вина од дадени виногорја, реколта 1999”**, при Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

М-р Фросина Бабановска-Миленковска активно се служи со англискиот и српскиот/хрватскиот јазик, а од останатите странски јазици има познавање на францускиот и германскиот јазик. Поседува и одлични информатички познавања, Microsoft Office (Word, Excel и PowerPoint), Internet (e-mail и web), софтвери за HPLC и за спектрофотометар. Има познавања и од областа на проценка на ризици од адитиви, дел кој е опфатен во нејзиниот магистерски труд, како и од областа на проценка на ризици од остатоци од пестициди, контаминенти и тешки метали. Има познавања и во областа на нутритивните својства на храната, особено за значењето на одредени биоактивни компоненти во прехранбени производи.

**Учество на семинари и тренинзи:**

- **2000** – обука за изведување на одделни лабораториски анализи во Лабораторијата за винарство и во другите оддели при ЈНУ Земјоделски институт, Скопје, кадешто се вршени анализите потребни за изработка на дипломски труд.

- **2002/2003** – учество на тркалезни трибини и состаноци за квалитет и безбедност на храната организирана од страна на ГТЗ.

- **2004** – учество на состаноци при разгледување на предлог-правилници организирани од Дирекцијата за храна и Централата на потрошувачи, Асоцијација на сојузно ниво.

- **2005** – едукативни предавања за биоактивни компоненти присутни во храната, одржани од д-р Фани Рибарева, од Националниот центар за здравствена заштита, Софија, Бугарија, во Републичкиот завод за здравствена заштита, Скопје (9 декември).

- **2005** – присуство на обука за Technical and Normative - Review of ISRM Draft Standards, како и Leadership training: Managing standards activities effectively, во склоп на ISRM-BOM-IARM, SMAQVa проект, одржан во Институтот за стандардизација.

- **2006** - присуство на практична обука за работа со апарат за течна хроматографија, Shimadzu HPLC, модел LC-20 A Prominance, Републички завод за здравствена заштита, Скопје (6 октомври).

- **2007** – обука за лабораториски менаџмент и акредитациски процедури, Project on "Strengthening the food safety and quality control" Module – Laboratory management and accreditation, проект на Европска унија, (EU-funded project managed by the European Agency for Reconstruction), одржан во Институтот за акредитација на Р. Македонија, ИАРМ (10 септември).

- **2007** – присуство на работилница за време на четвртиот Конгрес на фармацевти на Македонија, одржан во Охрид (од 26 до 30 септември) со меѓународно учество, на следниве теми:

*New developments in sample throughput for purity and assay determination using new electronic pressure control and capillary flow technology on Agilent 7890GC;

*New perspectives for fast HPLC using two micron packing material, broader pressure, flow and temperature range of analytical equipment on Agilent 1200RR system,

Предавања одржани од д-р Франк Давид - Research institute for chromatography, Ghent University, Belgium и Бранко Славица, EMEA IDO Sales Development Manager – Agilent Technologies.

- **2008** – Семинар за хроматографија – Merck Product & Service, The perfect package, во организација на НОВОС, Белград (29 јануари).

- **2008** - Институт за храна, Сантјаго, Чиле (април), обука за апликативна јон-селективна метода за определување на флуор во млеко и урина, со едукативни предавања за метаболизмот на флуор, одржани од страна на д-р Алберто Вила, во рамки на националниот проект за флуоризација на млекото, на Министерство за здравство, поддржан од СЗО (Светска здравствена организација) и Бороу-фондацијата од Англија.

- **2008** - Тервурен, Брисел, (30 ноември до 3 декември), обука за нови тренери Train MiC Trainers, обука за метрологија во хемија, од страна на JRC – IRMM на Европската унија.

- **2008/2009** - Технолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, курсеви за доживотно учење, во склоп на Темпус-проект за меѓународни студии по иновации во прехранбената индустрија, со положени испити за следниве предмети:

*квалитет и безбедност на храна, предавачи: проф. д-р Станислава Лазаревска, проф. д-р Ацо Димитровски, проф. д-р Барбел Хан-Хагердал од Шветска, проф. д-р Зоран Поповски;

*нутритивни својства, предавачи: проф. д-р Мирјана Боцевска, проф. д-р Ралф Хертеминк од Холандија, проф. д-р Елеонора Винкелхаузен;
*адитиви во прехранбената индустрија, предавачи: проф. д-р Михаел Муроквиќ од Австрија, проф. д-р Мирјана Боцевска и проф. д-р Весна Рафајловска;
*хроматографски методи, предавачи: проф. д-р Александра Бужаровска, д-р Бреда Симоновска од Словенија, проф. д-р Љубомир Арсов.

- **2009** – присуство на комерцијални семинари за споредба на HPLC и UPLC-апликации од производителот Waters.

- **2010** – присуство на Работилница за подготовка и реализација на истражувачки проект од Седмата рамковна програма на Европската комисија (FP7) и на завршната конференција на проектот SWOT – Chemistry – food, во склоп на проектот Evaluation of the research capacity and development of a strategy for further growth in chemistry in general and in food science in particular - SWOT – Chemistry – Food, одржан во Ректоратот при УКИМ, во Скопје (јануари).

- **2010** – обука на следниве теми: Good hygiene practices and HACCP; European hygiene legislation; Basics of food labeling legislations, одржана (15 - 16.2.) од проф. д-р Јохан Клас, од Белгија, во Стопанската комора на Македонија, во склоп на проектот под наслов: Quality and food safety systems in the fruit and vegetables food chain in Macedonia, поддржан од Стопанската комора на Македонија и Фламанската влада во Белгија.

- **2010** – учество во изведување на предавања на тема: Преработка на овошје и зеленчук, во склоп на летен академски курс за традиционална храна и пијалаци од земјата на Сонцето, во организација на БЕСТ (Борд на Европски Студенти по Технологија), одржан на Факултетот за земјоделски науки и храна, во Скопје (јули).

- **2010** – обука на следниве теми: International systems: BRC, IFS, ISO 22000, GlobalGAP, GFSI, одржани (6 – 7 септември) од проф. д-р Јохан Клас и м-р Пеги Маес од Белгија, во Стопанската комора на Македонија, во склоп на проектот под наслов: Quality and food safety systems in the fruit and vegetables food chain in Macedonia, поддржан од Стопанската комора на Македонија и Фламанската влада во Белгија.

- **2010** – семинари, посета на производни компании и мрежни активности, под водство на проф. д-р Јохан Клас и м-р Пеги Маес, одржани (25 – 27 октомври) во Универзитетот Katholieke Hogeschool Kempen, Гил, Белгија, во склоп на проектот под наслов: Quality and food safety systems in the fruit and vegetables food chain in Macedonia, поддржан од Стопанската комора на Македонија и Фламанската влада од Белгија.

- **2011** – присуство на регионален курс за обука под наслов: Standardisation of Techniques for quality evaluation of Solanaceous food crops, на следниве работни теми: одгледување на мутанти за подобрување на содржината на хранливи материи, со предавања и практична лабораториска екстракција и HPLC-анализа на каротеноиди, токофероли, витамин С и полифеноли, кај домат, црвена пиперка и модар патлиџан, во рамките на проектот: RER 5013 Evaluation of natural and mutant genetic diversity in cereals using nuclear and molecular techniques, одржан во Централниот истражувачки центар за храна во Будимпешта, Унгарија (5 – 16 септември).

- **2011** – учество во изведување на предавањата на тема: Имплементација на HACCP-систем, во склоп на Safe Food for all - HACCP School of Excellence, проект поддржан од Европската унија и SIQ, Словенија, одржан (23 ноември) во Предјане, Лесковац, Србија.

- **2011** – обука за следниве теми: Food Safety System, Modified Atmosphere Packaging: Science & Technology for Food Applications, одржан (28. – 29.11.) од проф. д-р Јохан Клас, проф. д-р Лин Ван Кампенхот и м-р Пеги Маес, одржан во Стопанската комора на Македонија, во склоп на проектот под наслов: Quality and food safety systems

in the fruit and vegetables food chain in Macedonia, поддржан од Стопанската комора на Македонија и Фламанската влада од Белгија.

**- 2011** – учество во организирање и спроведување на активности при еднодневна посета на проф. Јохан Клас, од Katholieke Hogeschool Kempen, Kempen University Collage, од Гил, Белгија (30 ноември) реализирано во Ректоратот на УКИМ и на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во склоп на кои беа реализирани состаноци и беа одржани предавања од проф. д-р Јохан Клас на следниве теми: Претставување на Kempen University Collage, Гил, Белгија, нивна соработка со индустријата и искуства за финансирање на истражувањата од страна на Фламенската влада; Правци и приод кон истражувањата кои Kempen University Collage, Гил, Белгија ги следи во соработка со индустријата и со други научни институции; Рок на употреба и пакување со модифицирана атмосфера на прехранбени продукти; Текстура на храна: што е тоа? Зошто е важна? Наши истражувања на тема. На предавањата беа присутни студенти од прв и втор циклус на студии, претставници од други научни и истражувачки институции, други факултети и претставници од компании од прехранбената индустрија.

**- 2011** – учество на обука, во рамките на проектот: Cost Action FA0904, Short Training School „Deepening the knowlage in the field of polymer nanomaterials for food packing and other potential uses: theory and practice," одржан на Градежен факултет, УКИМ, Скопје.

**- 2011** – посета на одделни институти и лаборатории на Универзитетот во Хохенхајм, Германија (декември) во склоп на Темпус-проект под наслов: Improvement and Establishement of Biotechnology in Higher Education.

**- 2012** – учество во изведување на предавања на тема: Имплементација на HACCP-систем, во склоп на Safe Food for all - HACCP School of Excellence, проект поддржан од Европската унија и SIQ, Словенија, одржан на Скопски саем (28 март), во организација на Хуманополис, Фондација за едукација и развој, Скопје, Македонија.

**- 2012** – присуство на семинар „АгриБисфорум" и учество во подготовка на презентација на тема „Соларно сушење на овошје и зеленчук", одржан на 11 и 12. 4. 2012 година, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во организација на АИСЕК; студентска организација со инетрнационална платформа, од Скопје.

**- 2012** – присуство на работилница: Workshop for Food Safety for the Region of South-East Europe, одржан на 17 и 18-ти мај 2012 година, во Скопје, како меѓународна конференција за безбедност на храна, проект во организација на Балкан Нет, Скопје, со финансиска поддршка на Michel Institut (GIZ) и партнерите Институт за јавно здравје, Скопје, Македонија и Стопанската комора на Србија.

**- 2012** – учество во изведување на предавање на тема: Имплементација на HACCP-систем, во склоп на Safe Food for all - HACCP School of Excellence, проект поддржан од Европската унија и SIQ, Словенија, одржан во Сараево, Босна и Херцеговина (30 мај).

**Учество во проекти:**

- Од **2008 - тековно,** член на Координативно тело во национален проект за флуоризација на млекото за деца од 3 до 5 години, во предучилишни установи во РМ, во склоп на Националната стратегија за превенција на орални заболувања кај деца од 0 до 14 години, има активно учество во изготвување на стратегијата и реализација на програмските активности согласно со предвидениот Акционен план. Учество во следење на концентрацијата на флуор во флуорирано млеко, преку контрола на производството на флуорирано млеко, мониторинг и следење на метаболизмот на флуор со редовно мерење на екскреција на флуор во урината на децата и евалуација на добиените резултати.

technological properties of Smederevka, Chaouch Blanc and Italia grape vine varieties, 14-18 February 2011, 46th Croatian and 6th International Symposium on Agriculture, page 924-926.

4. Karakasova Lj., **Babanovska-Milenkovska F.**, Isaeva S., Stojanovska M., Comparison of quality of dried peppers obtained with three types of dryers, XVI Conference on biotehnology (with International participation) 04-05 March, 2011, Cacak, Serbia, Vol. 16 (18) 2011, page 539-544.
5. Durmishi N., Ferati I., Karakasova Lj., **Babanovska-Milenkovska F.**, Kongoli R., Change of some parameters in the apple concentrate storage in constant temperature, First International conference of agriculture, food and environment (ICAFE), Korca, Albania, 27-28 May, 2011, Proceeding Book, page 312-316, усна презентација.
6. Karakasova Lj., **Babanovska-Milenkovska F.**, Milenkovski L., Durmishi N., Production of concentrated grape juice from variety Smederevka, First International conference of agriculture, food and environment (ICAFE), Korca, Albania, 27-28 May, 2011, Proceeding Book, page 305-311.
7. Karakashova Lj., **Babanovska-Milenkovska F.**, Ristovska I., Shumanova S., Shependieva M., Trajchov I., The influence of ripening conditions on banana quality, III Postharvest Symposium, Postharvest storage of vegetables and fruits in western Balkan countries, Sombor, Serbia , 19 and 20. Sept. 2011, усна презентација, The Serbian Journal of Agricultural Sciences, (Novi Sad, Vol.61, special, 2012), ISSN: 0350 – 1205, page. 170-178.
8. Karakasova Lj., **Babanovska-Milenkovska F.**, Isaeva S., Culeva B., Durmishi N., Changes in chemical composition of spicy peppers in controlled production of powder peppers, EHEDG World Congress on Hygienic Engineering and Design, Ohrid, Macedonia, 22-24 Sept.2011 Journal of Hygienic Engineering and Design, Original scientific paper, UDC 664.62-492.2, 255-260.
9. Karakasova Lj., Durmishi N., **Babanovska-Milenkovska F.**, Culeva B., Effects of some technological treatments of quality and safety of apple concentrate, EHEDG World Congress on Hygienic Engineering and Design, Ohrid, Macedonia, 22-24 Sept.2011, Journal of Hygienic Engineering and Design, Original scientific paper, UDC664.656:634.11]:577.164.2, 122-125.

**Апстракти објавени во зборник на конференција**

1. Karakasova Lj., **Babanovska-Milenkovska F.**, Durmishi N., Mehmeti H., Processing technology of ajvar, lutenica and guvec, 1st International Congress on Food Technology, 03-06 November, 2010, Antalya, Turkey.
2. **Babanovska-Milenkovska F.**, Karakashova Lj, Gorgev D., Durmishi N., Xhabiri G., Verification of an analytical method for determining some artificial sweeteners used in the food industry, 1st International Congress on Food Technology, 03-06 November, 2010, Antalya, Turkey.
3. Karakasova Lj., **Babanovska-Milenkovska F.**, Boskov K., Milenkovski L., Isaeva S., Culeva B., Qualitative properties on different sorts of fresh and dried peppers (Capsicum annuum L.), 14-18 February 2011, 46th Croatian and 6th International Symposium on Agriculture.

- **2010** – учество во изготвување и пријавување на предлог-национален проект за распределба на средства за финансирање на годишните програми за научно истражувачка дејност на Јавните научни установи за 2010 година, при МОН, под наслов: Контрола на квалитет на суровина од растително потекло, полупреработки и финални производи, соработник.

- **2010** – учество во изготвување и пријавување на предлог национален проект за финансирање на проекти од областа на растителното и сточарско производство и општите мерки од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2010 година, при МЗШВ, под наслов: Примена на соларното сушење за преработка на овошје и зеленчук, соработник.

- **2011** - учество во изготвување и пријавување на предлог национален проект за софистицирање развојно-истражувачки проект при МОН, под наслов: Утврдување на условите за пакување на маслинки со примена на модифицирана атмосфера, млад истражувач.

- **2009 - 2011**, проект под наслов: Quality and food safety systems in the fruit and vegetables food chain in Macedonia, присуство на обуки за обучувачи, како надворешен HACCP-консултант на Стопанската комора на Македонија, проект на Стопанската комора на Македонија и Фламанската влада од Белгија, за квалитет и безбедност на храна во прехранбениот синџир на овошје и зеленук во Македнoија.

- **2011** – проект: RER 5013 Evaluation of natural and mutant genetic diversity in cereals using nuclear and molecular techniques. Присуство на регионален курс за обука под наслов: Standardisation of Techniques for quality evaluation of Solanaceous food crops, на следниве работни теми: одгледување на мутанти за подобрување на содржината на хранливи материи, со предавања и практична лабораториска екстракција и HPLC анализа на каротеноиди, токофероли, витамин С и полифеноли, кај домат, црвена пиперка и модар патлиџан, одржан во Централниот истражувачки центар за храна во Будимпешта, Унгарија.

- **2011** – Темпус-проект под наслов, Improvement and Establishement of Biotechnology in Higher Education. Посета на одделни институти и лаборатории на Универзитетот во Хохенхајм, Германија.

- **2011 - 2012**, проект: Safe Food for all - HACCP School of Excellence или „Професионална стручност и обезбедување на безбедност на прехранбени производи, заштита на потрошувачите и компететивност во Западен Балкан", поддржан од Европската унија, носител на проектот е Словенскиот институт за квалитет (SIQ) и метеорологија од Љубљана. Учество како предавач на тема: Имплементација на HACCP-систем, одржани во Лесковац, Србија, Скопје, Р. Македонија и Сараево, Босна и Херцеговина.

**Научни трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен управувачки одбор**

1. Kararašova Lj., **Babanovska-Milenkovska F.**, Isaeva S., Mehmeti H., Durmishi N., Traditional way of producing ajvar, The 1st International symposium on "traditional foods from Adriatic to Caucasus", 15-17 April 2010, Tekirdag, Turkey, page 1091-1093.
2. Kararašova Lj., **Babanovska-Milenkovska F.**, Durmishi N., Ferati I., Pollozhani H. Technology of drying mushrooms, International Symposium, Biodiversity, Conservation and Economic sustainable use for Rural Development, Tirana, 22 October 2010, page 268-271, постер презентација.
3. Boškov K., Vukosavljević V., Božinović Z., Hristov P., Beleski K., Karakasova Lj., **Babanovska-Milenkovska F.**, Čulina L., Effect of gibberellic acid GA3 on

**Изданија во научно-образовна дејност**

1. Практикум по Преработка на овошје и зеленчук, рецензиран и одобрен од ННС на Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје, во печат, УКИМ (2012). Љубица Каракашова, **Фросина Бабановска-Миленковска**,

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација и изнесените активности на пријавената кандидатка, Комисијата заклучи дека м-р Фросина Бабановска-Миленковска во изминатиот период покажала дека поседува научни, стручни, педагошки и морални квалитети, според Законот за високото образование на Р. Македонија и Статутот на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Поради тоа, на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, со задоволство му предложувам м-р Фросина Бабановска-Миленковска повторно да биде избрана во звањето **асистент на научната област преработка на овошје и зеленчук,** на Катедрата за преработка на овошје и зеленчук, на Катедрата за преработка на овошје и зеленчук, Институт за храна, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Рецензентска комисија**

1. Д-р Љубица Каракашова, вонреден професор, с.р.
Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје

2. Д-р Лазар Сиваков, редовен професор во пензија, с.р.
Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје

3. Д-р Весна Рафајловска, редовен професор, с.р.
Технолошко-Металуршки факултет, Скопје

# ПРЕГЛЕД

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд** на Факултетот за ликовни уметности во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | |
|---|---|---|
| | | |
| Невенка Величковска | Декоративните ансамбли на иконите- интердисциплинарни предизвици за реставраторите | Ментор проф. м-р Блаже Кузмановски |
| Билјана Цветковска | Одблесоци на секојдневните предмсти“ | Ментор<br>проф. м-р Јован Шумковски |

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Факултет за ликовни уметности во Скопје Република Македонија

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „МЕНАЏМЕНТ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ" ОД АВТОРОТ Д-Р ДЕЛЧО ЈОВАНОСКИ

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на својата редовна седница одржана на 5.7.2012 година, донесе одлука за определување на Рецензентска комисија за ракописот под наслов „Менаџмент на технолошкиот развој", подготвен од д-р Делчо Јованоски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, во пензија, во состав:

1. проф. д-р Роберт Миновски, професор на Машинскиот факултет во Скопје и
2. проф. д-р Атнас Кочов, професор на Машинскиот факултет во Скопје.

По прегледот на доставениот ракопис, рецензентот проф. д-р Атанас Кочов на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Предложениот ракопис „Менаџмент на технолошкиот развој" е изложен на вкупно 273 страници; содржи предговор од авторот на 2 страници, содржина на материјалот изложена на 3 страници, листа на користени кратенки и ознаки на 3 страници, листа на користени литературни извори на 8 страници и на 3 страници е даден индекс на поими што се јавуваат во ракописот. Содржината на ракописот е збогатена со бројни сликовити и табеларни прикази што придонесува кон исклучителна разбирливост на презентираната материја, при што вкупно се поместени 128 слики и 24 табели.

Ракописот е поделен во 6 поглавја, и тоа:

- Развој на способностите / компетенциите на организациите
- Производни стратегии и концепти
- Методологии за подобрување / преструктурирање на организациите
- Технолошкиот развој и иновациите
- Учење од пазарот и предвидувања
- Практични примери од проекти со примена на методологии и методи.

## II. АНАЛИЗА НА РАКОПИСОТ

Во воведот првин се изнесени појаснувања на термините како што се: менаџмент, менаџмент на технолошкиот развој, техника и технологија. Исто така, дадена е (и преку слика) основата на менаџментот на технолошкиот развој, т.е. нејзината поврзаност со инженерството, науката и менаџментот со што е дефинирана нејзината мултидисциплинарност.

Во првото поглавје (Развој на способностите / компетенциите на организациите), што е поместено на 32 страници со 16 слики и 1 табела, опишани се развојот и опстојувањето на организациите, како и суштинските способности како основа за нивниот развој и поголемата конкурентност. Во

продолжение се изнесени дисциплините што ја градат организацијата што учи, но и суштинските пречки што го попречуваат нејзиниот развој. Ова поглавје се заокружува со факторите за развој на способностите при што се изнесуваат контрадикторни ставови изнесени во литературни извори, но и дециден став во однос на хиерархијата на нивната важност. На крајот од поглавјето е дадена листа на прашања за проверка на освоените знаења од страна на читателите.

Второто поглавје (Производни стратегии и концепти) е изложено на 82 страници, со 38 слики и 6 табели. Ова поглавје, може да се каже, зазема централно место во ракописот. Тука се дискутираат стратегиите и стратешките намери, а потоа повеќе менаџментски концепти што се присутни во теоријата, но и во индустриската практика во високоразвиените земји како што се: Lean Management (тенкиот менаџмент), BPR (Business Process Reingenering: реинженеринг на деловните процеси), TQM (Total Quality Management: менаџмент на севкупниот квалитет), KAIZEN (континуирано подобрување) и фракталната филозофија. На крајот од поглавјето е дадена листа на прашања за проверка на освоените знаења од страна на читателите.

Третото поглавје (Методологии за подобрување / преструктурирање на организациите) е опишано е на 27 страници со 16 слики и 2 табели. Во него се изложени повеќе методологии со соодветни методи за подобрување / преструктурирање на организациите. Подетално се изложени: методологијата за примена на KAIZEN, односно на континуираното подобрување, методологијата PCM (Project Cycle Management: менаџмент на проектен циклус) и методологијата COMPASS развиена при Катедрата за индустриско инженерство и менаџмент. На крајот од поглавјето е дадена листа на прашања за проверка на освоените знаења од страна на читателите.

Четвртото поглавје (Технолошкиот развој и иновациите) е изложено на 20 страници, со 11 слики. Тука се дадени повеќе дефиниции за поимот иновација, како и разни поделби, односно класификации на иновациите. Тежиште е ставено на менаџирањето на иновациите при што се изнесени повеќе модели од литературата, но и модел развиен при Катедрата за индустриско инженерство и менаџмент за потребите на мали и средни претпријатија. На крајот од поглавјето е дадена листа на прашања за проверка на освоените знаења од страна на читателите.

Петтото поглавје (Учење од пазарот и предвидувања) е изнесено на 16 страници со 6 слики. Тоа дава елементи што се движат над вообичаените маркетиншки пристапи. Исто така, тука се дискутира и темата за предвидување на технологиите во организациите. На крајот од поглавјето е дадена листа на прашања за проверка на освоените знаења од страна на читателите.

Шестото поглавје (Практични примери од проекти со примена на методологии и методи) изложува пет практични примери од проекти што се сработени од страна на Катедрата за индустриско инженерство и менаџмент при што се применуваат методологии и методи што се претходно разработувани (или наведени) во претходните поглавја.

Трудот е напишан на литературен македонски јазик, коригиран од лектор, со јасен и разбирлив стил на изразување што им одговара на читателите.

## III. ОЦЕНА НА РАКОПИСОТ

Содржината на ракописот „Менаџмент на технолошкиот развој“ е во целосна согласност со предметната програма од првиот циклус на студии што се предава на Машинскиот факултет:

- менаџмент на технолошкиот развој (со фонд на часови 2+2 и 5 ЕКТС кредити), на насоката индустриско инженерство и менаџмент.

Освен тоа, особено во следните неколку години, може да послужи и како основен / почетен литературен извор за две студиски програми од вториот циклус на студии (индустриско инженерство и менаџмент; менаџмент на животен циклус на производ), и тоа за предметните програми:

- технолошки менаџмент и иновации;
- иновациски менаџмент.

Со оглед на тоа дека ваков ракопис нема во Република Македонија, тој може да послужи и на други факултети при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (на пример, на Економскиот факултет) како и на други универзитети, каде што има студии од индустриското инженерство и/или менаџментот.

Ракописот ги исполнува сите услови на авторски труд што може да се категоризира како учебник.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Предложениот ракопис „Менаџмент на технолошкиот развој“ наполно ги задоволува критериумите за универзитетски учебник.

Во него е направена синтеза на знаења изложени во многуте користени странски литературни извори со сопствените знаења и искуства стекнати на теоретски, но и практичен план, работејќи на големиот број проекти за производни и услужни организации при Катедрата за индустриско инженерство и менаџмент. Кон подоброто разбирање на теоретскиот дел, изложен во 5 поглавја, многу придонесува шестото поглавје во кое се поместени примери од проекти каде што се применети претходно изложените методологии и методи. Треба да се истакне примереноста на ракописот за земји како што е нашата, каде што е мал бројот на големи организации, а бројот на малите и средните претпријатија достигнува и до 99%.

Овој ракопис се издвојува како единствен од ваков вид во нашата земја и може едноставно да се претпостави дека, покрај тоа што ќе им служи на студентите, ќе биде користен и од завршените инженери и менаџери во практиката, а делови од него ќе можат да послужат и како основни литературни извори за студиите од втор циклус.

Врз основа на погоре изнесеното, му предлагам на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, ракописот „Менаџмент на технолошкиот развој“ да го прифати и да го одобри како учебник.

Скопје, 5.9.2012 — Член на Рецензентската комисија

Проф. д-р Атанас Кочов с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „МЕНАЏМЕНТ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ“ ОД АВТОРОТ Д-Р ДЕЛЧО ЈОВАНОСКИ

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на својата редовна седница одржана на 5.7.2012 година, донесе одлука за определување на Рецензентска комисија за ракописот под наслов „Менаџмент на технолошкиот развој“, подготвен од д-р Делчо Јованоски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, во пензија, во состав:

1. проф. д-р Роберт Миновски, професор на Машинскиот факултет во Скопје и
2. проф. д-р Атнас Кочов, професор на Машинскиот факултет во Скопје.

По прегледот на доставениот ракопис, рецензентот проф. д-р Роберт Миновски на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Ракописот „Менаџмент на технолошкиот развој“ содржи вкупно 273 страници: покрај насловната страница и предговорот, на 3 страници е дадена содржината, на 3 страници се поместени кратенки и ознаки, на 8 страници е прикажан големиот број на користени литературни извори (79 на број) и на 3 страници е даден индекс на поими што се јавуваат во ракописот. Материјалот содржи вкупно 128 слики и 24 табели што многу придонесуваат за подоброто и лесно разбирање на разгледуваната материја.

Ракописот е поделен во 6 поглавја, и тоа:

- Развој на способностите / компетенциите на организациите
- Производни стратегии и концепти
- Методологии за подобрување / преструктурирање на организациите
- Технолошкиот развој и иновациите
- Учење од пазарот и предвидувања
- Практични примери од проекти со примена на методологии и методи.

## II. АНАЛИЗА НА РАКОПИСОТ

Во воведот на ракописот се изнесени одредени појаснувања на термините како што се: менаџмент, менаџмент на технолошкиот развој, техника и технологија. Исто така, дадена е (и преку слика) врската на менаџментот на технолошкиот развој со инженерството, науката и менаџментот со што е дефинирана нејзината мултидисциплинарност.

Во првото поглавје (Развој на способностите / компетенциите на организациите) што е поместено на 32 страници со 16 слики и 1 табела, опишани се развојот и опстојувањето на организациите како и суштинските способности како основа за нивниот развој и поголемата конкурентност. Во продолжение се

изнесени дисциплините што ја градат организацијата што учи, но и суштинските пречки што го попречуваат нејзиниот развој. Ова поглавје се заокружува со факторите за развој на способностите при што се изнесуваат контрадикторни ставови изнесени во литературни извори, но и дециден став во однос на хиерархијата на нивната важност. На крајот од поглавјето е дадена листа на прашања за проверка на освоените знаења од страна на читателите.

Второто поглавје (Производни стратегии и концепти) е изложено на 82 страници, со 38 слики и 6 табели. Ова поглавје може да се каже дека зазема централно место во ракописот. Тука се дискутираат стратегиите и стратешките намери, а потоа повеќе менаџментски концепти што се присутни во теоријата, но и во индустриската практика во високоразвиените земји како што се: Lean Management (тенкиот менаџмент), BPR (Business Process Reingenering: реинженеринг на деловните процеси), TQM (Total Quality Management: менаџмент на севкупниот квалитет), KAIZEN (континуирано подобрување) и фракталната филозофија. На крајот од поглавјето е дадена листа на прашања за проверка на освоените знаења од страна на читателите.

Третото поглавје (Методологии за подобрување / преструктурирање на организациите) е изнесено на 27 страници, со 16 слики и 2 табели. Во него се изложени повеќе методологии со соодветни методи за подобрување / преструктурирање на организациите. Подетално се изложени: методологијата за примена на KAIZEN, односно на континуираното подобрување, методологијата PCM (Project Cycle Management: менаџмент на проектен циклус) и методологијата COMPASS развиена при Катедрата за индустриско инженерство и менаџмент. На крајот од поглавјето е дадена листа на прашања за проверка на освоените знаења од страна на читателите.

Четвртото поглавје (Технолошкиот развој и иновациите) е изложено на 20 страници, со 11 слики. Тука се дадени повеќе дефиниции за поимот иновација, како и разни поделби, односно класификации на иновациите. Тежиште е ставено на менаџирањето на иновациите при што се изнесени повеќе модели од литературата, но и модел развиен при Катедрата за индустриско инженерство и менаџмент за потребите на мали и средни претпријатија. На крајот од поглавјето е дадена листа на прашања за проверка на освоените знаења од страна на читателите.

Петтото поглавје (Учење од пазарот и предвидувања) е изнесено на 16 страници со 6 слики. Тоа дава елементи што се движат над вообичаените маркетиншки пристапи. Исто така, тука се дискутира и темата за предвидување на технологиите во организациите. На крајот од поглавјето е дадена листа на прашања за проверка на освоените знаења од страна на читателите.

Шестото поглавје (Практични примери од проекти со примена на методологии и методи) изложува пет практични примери од проекти што се сработени од страна на Катедрата за индустриско инженерство и менаџмент, при што се применуваат методологии и методи што се претходно разработувани (или наведени) во претходните поглавја.

Трудот е напишан на литературен македонски јазик, со јасен и разбирлив стил на изразување соодветен на читателите.

## III. ОЦЕНА НА РАКОПИСОТ

Содржината на ракописот „Менаџмент на технолошкиот развој“ покрива и е во целосна согласност со предметната програма од првиот циклус на студии што се предава на Машинскиот факултет:

- менаџмент на технолошкиот развој (со фонд на часови 2+2 и 5 ЕКТС кредити), на студиската програма индустриско инженерство и менаџмент.

Освен тоа, може да послужи и како основен литературен извор за две студиски програми од вториот циклус на студии (индустриско инженерство и менаџмент; менаџмент на животен циклус на производ), и тоа за предметните програми:

- технолошки менаџмент и иновации и
- иновациски менаџмент.

Со оглед на тоа дека ваков ракопис нема во Република Македонија, тој може да послужи и на други факултети при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (на пример, на Економскиот факултет), како и на други универзитети, каде што има студии од индустриското инженерство и/или менаџментот.

Ракописот ги исполнува сите услови на авторски труд што може да се категоризира како учебник.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот „Менаџмент на технолошкиот развој“ во целост ги задоволува критериумите за универзитетски учебник.

За истакнување е големиот труд при подготовката на овој ракопис во кој, покрај усвојувања и пренесувања на многу странски знаења и искуства, методологии и методи, изнесени се и голем број примери од практиката што се резултат на богатата проектантска и консултантска активност на авторот. За одбележување е концепцијата фокусирана на потребите на малите и средните претпријатија, така што овој ракопис го издвојуваат како единствен од ваков вид во Република Македонија. Може слободно да се изнесе дека, покрај тоа што ќе служи за учење од страна на студентите, учебникот ќе биде добар водич и за веќе завршените инженери, но и менаџери во практиката, а одредени делови ќе можат да послужат и како основни литературни извори за студиите од втор циклус.

Врз основа на погоре изнесеното за ракописот „Менаџмент на технолошкиот развој“, му предлагам на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје да го прифати и да го одобри овој ракопис како учебник.

Скопје, 5.9.2012

Член на Рецензентската комисија

Проф. д-р Роберт Миновски с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ДЕЛОВНИ ФИНАНСИИ“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ВЛАДИМИР КАНДИКЈАН И ДОЦ. Д-Р АЛЕКСАНДАР СТОЈКОВ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ од Скопје, определена сум за рецензент на ракописот „Практикум по деловни финансии“ од авторите д-р Владимир Кандикјан и д-р Александар Стојков.

Практикумот по деловни финансии, пред сè, е наменет за студентите на Правниот факултет во чиј наставен план е вклучен предметот деловни финансии, односно финансиски менаџмент. Се разбира, Практикумот ќе биде корисен за сите оние што ќе сакаат да ги осознаат практичните аспекти на сложената економска феноменологија на менаџирање со финансиите кај деловните и другите организациони системи.

Структурната композиција на трудот ја сочинуваат осум глави во кои материјата се презентира низ еден логичен след, почнувајќи со запознавањето со поимот, суштината и значењето на финансиите воопшто и на деловните финансии посебно, преку презентирање на основните финансиски концепти за временската вредност на парите, за ризикот и приносите, и за вреднувањето на средствата, па до долгорочните инвестициони одлуки, набљудувани преку капиталното буџетирање.

Во обезбедувањето на прегледност, а оттаму полесно разбирање и восприемање на материјата презентирана во Практикумот, особено придонсува структурирањето на одделните тематски целини. Така, во секоја глава најнапред се укажува на целите и на структурата на темата што се обработува. Понатаму следат прашања, низ кои треба да се повтори материјата и кои поттикнуваат на размислување околу прашањата и проблемите третирани во соодветната глава. Се наведуваат и клучните поими, категории и концепти релевантни за темата. Имајќи предвид дека станува збор за практикум, нагласено значење во секоја од главите има структурниот дел во кој се содржани вежбите, задачите и проблемите. А за полесно решавање на задачите и вежбите, презентирани се соодветните формули, равенства, обрасци и слики, како и значење на употребените симболи.

Во апендиксот кон Практикумот вклучени се: листата на употребени симболи и кратенки; финансиските таблици; решенија на карактеристични задачи и проблеми. Интересен е приодот на авторите кои на крајот од додатоците кон Практикумот поместиле интересен, илустративен и мошне корисен текст особено за малите бизниси, во кој се презентираат успешни менаџерски практики на

неколку познати големи компании. Станува збор за текстот „Танцување на слоновите: што можат малите бизниси да научат од гигантите како "DELL", "GE", и "SOUTHWEST"? Повеќе отколку што мислите", од авторот Martin Justin, преземен од списанието „Fortune". На крајот на Практикумот е поместен список на користената литература.

Авторите, пред сè како резултат на нивното педагошко искуство, кумулираното знаење од областа на економијата, но и како резултат на нивната креативност, успеале многу успешно една исклучително сложена, и навидум „сувопарна" материја, да ја презентираат на многу едноставен, интересен, приемчив начин, пред консументите на овој текст. Таквите карактеристики на Прирачникот во голема мера ќе го олеснат разбирањето и совладувањето на оваа сложена материја од страна на студентите, а може да претставува и корисно помагало за поширока публика која има потреба или покажува интерес за менаџирањето со финансиите.

Имајќи ја предвид потребата од ваков вид на учебно помагало за успешна подготовка на предметот деловни финансии, од една, и квалитетот на понудениот ракопис од друга страна, со задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, му предлагам да го прифати Практикумот по деловни финансии од авторите д-р Владимир Кандикјан и д-р Александар Стојков, како учебно помагало.

Рецензент
Проф. д-р Софија Тодорова, с. р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ДЕЛОВНИ ФИНАНСИИ“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ВЛАДИМИР КАНДИКЈАН И ДОЦ. Д-Р АЛЕКСАНДАР СТОЈКОВ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ од Скопје, определена сум за рецензент на ракописот „Практикум по деловни финансии“ од авторите д-р Владимир Кандикјан и д-р Александар Стојков.

Практикумот по деловни финансии, пред сè, е наменет за студентите на Правниот факултет во чиј наставен план е вклучен предметот деловни финансии, односно финансиски менаџмент. Се разбира, Практикумот ќе биде корисен за сите оние што ќе сакаат да ги осознаат практичните аспекти на сложената економска феноменологија на менаџирање со финансиите кај деловните и другите организациони системи.

Структурната композиција на трудот ја сочинуваат осум глави во кои материјата се презентира низ еден логичен след, почнувајќи со запознавањето со поимот, суштината и значењето на финансиите воопшто и на деловните финансии посебно, преку презентирање на основните финансиски концепти за временската вредност на парите, за ризикот и приносите, и за вреднувањето на средствата, па до долгоророчните инвестициони одлуки, набљудувани преку капиталното буџетирање.

Во обезбедувањето на прегледност, а оттаму полесно разбирање и восприемање на материјата презентирана во Практикумот, особено придонсува структурирањето на одделните тематски целини. Така, во секоја глава најнапред се укажува на целите и на структурата на темата што се обработува. Понатаму следат прашања, низ кои треба да се повтори материјата и кои поттикнуваат на размислување околу прашањата и проблемите третирани во соодветната глава. Се наведуваат и клучните поими, категории и концепти релевантни за темата. Имајќи предвид дека станува збор за практикум, нагласено значење во секоја од главите има структурниот дел во кој се содржани вежбите, задачите и проблемите. А за полесно решавање на задачите и вежбите, презентирани се соодветните формули, равенства, обрасци и слики, како и значење на употребените симболи.

Во апендиксот кон Практикумот вклучени се: листата на употребени симболи и кратенки; финансиските таблици; решенија на карактеристични задачи и проблеми. Интересен е приодот на авторите кои на крајот од додатоците кон Практикумот поместиле интересен, илустративен и мошне корисен текст особено за малите бизниси, во кој се презентираат успешни менаџерски практики на

неколку познати големи компании. Станува збор за текстот „Танцување на слоновите: што можат малите бизниси да научат од гигантите како “DELL”, “GE”, и “SOUTHWEST”? Повеќе отколку што мислите“, од авторот Martin Justin, преземен од списанието „Fortune“. На крајот на Практикумот е поместен список на користената литература.

Авторите, пред сè како резултат на нивното педагошко искуство, кумулираното знаење од областа на економијата, но и како резултат на нивната креативност, успеале многу успешно една исклучително сложена, и навидум „сувопарна“ материја, да ја презентираат на многу едноставен, интересен, приемчив начин, пред консументите на овој текст. Таквите карактеристики на Прирачникот во голема мера ќе го олеснат разбирањето и совладувањето на оваа сложена материја од страна на студентите, а може да претставува и корисно помагало за пошироката публика која има потреба или покажува интерес за менаџирањето со финансиите.

Имајќи ја предвид потребата од ваков вид на учебно помагало за успешна подготовка на предметот деловни финансии, од една, и квалитетот на понудениот ракопис од друга страна, со задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, му предлагам да го прифати Практикумот по деловни финансии од авторите д-р Владимир Кандикјан и д-р Александар Стојков, како учебно помагало.

Рецензент
Проф. д-р Софија Тодорова, с. р.

# ПРЕГЛЕД НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| *1.* | Милан Пејоски | "Правната форма на деловна организација како фактор за развој на малите бизниси" | д-р Дејан Пендев |
| *2.* | Ракип Дочи | "Можности за развој на јавно-приватните партнерства во комуналната сфера во Република Македонија" | д-р Биљана Ангелова |
| *3.* | Ема Николовска | "Извори на финансирање на банките" | д-р Снежана Костадиноска-Милошеска |
| *4.* | Добре Босилковски | "Улога, организација и функционирање на внатрешната ревизија за поддршка на менаџментот во јавните претпријатија-студија на случај" | д-р Биљана Ангелова |
| *5.* | Ѓорѓи Костовски | "Финансиски импликации од Светската економска криза врз економијата на Република Македонија" | д-р Снежана Костадиноска-Милошеска |
| *6.* | Тони Кантурски | "Состојби и можности за развој на млинско-пекарската индустрија во Република Македонија" | д-р Наташа Данилоска |
| *7.* | Елена Глигорова | "Кредитната активност на банките во Република Македонија-состојби и трендови" | д-р Диана Бошковска |
| *8.* | Алмир Адили | "Регулирање на сметководствената професија во Република Македонија - законска регулатива и институционална поставеност" | д-р Биљана Ангелова |
| *9.* | Нафи Рустем | "Ефекти од супервизорските мерки на Народната банка на Република Македонија за заштита на комерцијалните банки по глобалната финансиска криза од 2008 година" | д-р Биљана Ангелова |
| *10.* | Борис Симовски | " Транснационалните компании и нивната улога во развојот на автомобилската и текстилната индустрија во светот" | д-р Диана Бошковска |
| *11.* | Дарко Шентевски | "Современи трендови на девизните пазари во земјите на Југоисточна | д-р Климентина Попоска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Европа" | |
| 12. | Маријана Стојаноска | "Деловното комуницирање како клучна алатка за организациска успешност" | д-р Васил Поповски |
| 13. | Соња Бибановска | "Значењето на обуката во хотелската индустрија" | д-р Васил Поповски |
| 14. | Мартин Крстевски | "Примена на методата АБЦ за оптимализација на залихите кај малите бизниси" | д-р Дејан Пендев |
| 15. | Љупчо Деспотовски | " Интернационализација на високотехнолошки мали бизниси - студија на случај на две македонски интернет фирми " | д-р Зоран Јаневски |
| 16. | Габријела Гавриќ | "Директен и онлајн маркетинг во хотелското работење-студија на случај" | д-р Татјана Петковска |
| 17. | Елена Стаматоска | "Мотивацијата како менаџмент функција во претпријатието "Стружанка"-Скопје" | д-р Неда Петроска-Ангеловска |
| 18. | Игор Ефтимовски | "Влијанието на промотивните стратегии врз однесувањето на потрошувачите во угостителството во Република Македонија" | д-р Татјана Петковска-Мирчевска |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТИТЕ ХАРМОНИЈА И ПОЛИФОНИЈА СО АНАЛИЗА И ТЕОРИЈА НА МУЗИКАТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност - Скопје, на седницата одржана на 3.10.2012 година, донесе Одлука со која се формира Рецензентска комисија за оцена на кандидатот пријавен на конкурсот за избор на наставник по група наставни предмети од областите хармонија и полифонија со анализа и теорија на музиката, објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 22. 9.2012 година, во состав:

- проф. Живоин Глишиќ
- проф. Стојан Стојков
- вонр. проф. Јана Андреевска – Димитровска.

Врз основа на приложената документација, на конкурсот се пријавил само кандидатот Тихомир Јовиќ. По разгледувањето на доставените документи од кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

М-р Тихомир Јовиќ е роден на 21.2.1972 година во Скопје, Република Македонија. По успешно завршениот четиригодишен курс по хармоника во тогашниот „Пионерски дом - Карпош" во Скопје (1986), музичкото образование го продолжил во средното музичко училиште МБУЦ „Илија Николовски - Луј" во Скопје, Оддел за музичка теорија и педагогија, кое го завршил со одличен успех.

Додипломските студии на Факултетот за музичка уметност во Скопје ги започнал во академската 1991/92 на Одделот за музичка теорија и педагогија, а од третата година и на Одделот за хорско диригирање во класата на проф. Драган Шуплевски. Дипломирал на 8.2.1996 година на Одделот за музичка теорија и педагогија, со насока хорско диригирање, со просечна оценка 9,30.

Кандидатот го продолжил своето образование на постдипломските студии на ФМУ на Одделот за полифонија со полифона композиција, под менторство на проф. Стојан Стојков. Постдипломските студии ги завршил на 9.10.2002 година со одбрана на трудот *Полифонијата во еден сегмент од инструменталното-оркестарско творештво на Томислав Зографски.* Студиите ги завршил со просечна оценка 9,40.

М-р Т. Јовиќ го посетувал и курсот за џез-теорија (*Хармонски основи на џезот*), организиран од ФМУ, под раководство на композиторот и аранжер Илија Пејовски.

Во декември 2008 година, во рамките на програмата за докторски студии на Факултетот за музичка уметност - Скопје, прифатена е експликацијата за докторска дисертација на кандидатот м-р Тихомир Јовиќ *Полифонијата во делата на македонските композитори создадени во периодот 1960-1980 година*. На докторските студии работи под менторство на проф. д-р Димитрије Бужаровски.

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Педагошката дејност на м-р Тихомир Јовиќ започнува веднаш по дипломирањето (1996), кога по предлог на професорите Стојан Стојков и Живојин Глишиќ е избран за демонстратор по стручно-уметничките предмети полифонија и хармонија на Факултетот за музичка уметност - Скопје. Во 2003 година, тој е избран во звањето помлад асистент, а во 2006 година во звањето асистент по група наставни предмети од областа на теоријата на музиката. Во 2009 година е реизбран во истото звање, функција која ја извршува и денес. Поради недостигот на професорски кадар во академските 2007/08 и 2008/09 година, м-р Т. Јовиќ, покрај вежбите, се јавува и како предавач на стручно-уметничките предмети вокална полифонија и инструментална полифонија на Вокално-инструменталниот оддел на ФМУ, а од академската 2008/09 година и како предавач по стручно-уметничкиот предмет полифонија 1, 2 на Одделот за музичка теорија и педагогија, при што покажа подготвеност и самостојност во извршувањето на обврските кои произлегуваат од програмата на предметите хармонија и полифонија.

Во 2012 година тој ги подготвува предметните програми за новите стручно-уметнички предмети на ФМУ, теорија на музиката со солфеж 1, 2 и хармонија на популарната музика 1, 2.

Покрај основната педагошка дејност, кандидатот во 1996 година работел и како музички соработник во Македонската радио-телевизија. Истата година бил ангажиран и за наставник по музичка култура во Средното медицинско училиште *Д-р Панче Караѓозов* во Скопје.

Во рамките на наставно-образовниот процес, тој изведувал и консултативни активности по предметите полифонија и хармонија со цел подобрување на индивидуалните резултати на студентите, за изработка на семинарски работи на студентите, како и подготовка на ученици за приемните испити на ФМУ во Скопје.

**НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

Научноистражувачката дејност на кандидатот м-р Тихомир Јовиќ е насочена пред сѐ кон истражувањата на полето на полифонијата во современото светско уметничко музичко творештво, вклучително и кон македонската професионална музика. Интересот на кандидатот за полифонијата и полифоните форми може да се

забележи уште од насловот на неговиот магистерски труд, како и од насловот на темата за неговата докторска дисертација. Во прилог на горенаведеното се и трудовите кои го расветлуваат начинот на примената на полифониот слог како принцип на организација на музичката материја, како и пристапот на композиторите кон традиционалните полифони форми, кои тој ги презентира на следните научни конференции и научно-стручни собири:

1. 2010. *Полифонијата во фугата на тема D S C H + B A C H (hommage à D S C H) од Властимир Николовски*, на музичката научна манифестација *Струшка музичка есен*, Струга: СОКОМ.
2. 2011. Polyphony in the Composition *Passacaglia for a Hero* by Tomislav Zografski in: *Culture and Music*, International conference. Skopje: IRAM & ISPPI.
3. 2011. *Полифонијата во композицијата CONCERTO GROSSO од Томислав Зографски*, на музичката научна манифестација *Струшка музичка есен*, Струга: СОКОМ.
4. 2012. *Полифоните форми во необарокот*, на музичката научна манифестација *Струшка музичка есен*, Струга: СОКОМ.

Во научната дејност на кандидатот се вбројуваат и следниве објавени трудови во научно/стручни списанија и зборници:

1. 2010. *Полифонијата во фугата на тема D S C H + B A C H (hommage à D S C H) од Властимир Николовски*, во ***МУЗИКА***, год.13, бр.16, стр.23-44, , Скопје.
2. 2011. *Полифонијата во композицијата Пасакаља за еден херој од Томислав Зографски*, труд објавен во дигиталната библиотека на ИРАМ, Скопје. http://mmc.edu.mk/IRAM/Conferences/XVIIConf/TJovic.pdf
3. 2011. *Полифонијата во композицијата CONCERTO GROSSO од Томислав Зографски*, во ***МУЗИКА***, год.14, бр.17, стр.75-86, , Скопје.
4. 2011. *Полифонијата во македонското музичко творештво*, во *Годишен зборник*, год.2, бр.2, стр. 69-78, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Факултет за музичка уметност.

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатот м-р Тихомир Јовиќ се јавува и како автор на две композиции за соло вокал и хор, а има остварено и настап како диригент со хорот на Факултетот за музичка уметност - Скопје:

1. 2010. *Залез* за соло сопран и женски хор, на текст од Матеја Матевски (композицијата е премиерно изведена на XX меѓународен хорски фестивал ТЕХО во Тетово, во 2011 година, од страна на женскиот младински хор МКЦ - Скопје, диригент: Сашо Татарчевски, солист: Марија Наумовска - сопран).
2. 2011. *Господи воззвах*, за соло баритон и мешан хор (неизведено дело).
3. 1995. MUSICA VIVA. Концерт со хорот на ФМУ во студиото М-1 на МРТВ, Скопје.

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

М-р Тихомир Јовиќ има остварено разновидни активности кои се однесуваат на стручно-апликативната дејност. Во 2011 година тој се јавува како еден од рецензентите на учебникот за деветгодишното основно музичко образование *СОЛФЕЖ 1 со елементарна теорија на музиката* од авторите м-р Милица Василеска-Калајџиеска, Златица Жантевска-Пејиќ и Данијела Весиќ.

Забележително е и неговото учество во промотивните активности на Факултетот за музичка уметност - Скопје на Деновите на образование и кариера во 2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012 година, каде што учествува во презентацијата на студиските програми на факултетот.

Во периодот април-мај 2011 година, кандидатот во неколку наврати се јавува како член на жири-комисија за хорски и оркестарски натпревари на ниво на основните и средните училишта во град Скопје.

Во 2011 година, м-р Тихомир Јовиќ е ангажиран како член на Комисија за вештачење по предмет на Основен суд Скопје 2 - Скопје.

Во 2012 година, кандидатот се јавува и како член на Конкурсна комисија за прием на кандидати за запишување на прв циклус студии на ФМУ-Скопје.

## ЗАКЛУЧОК

Од прегледот на биографските податоци, наставно-образовната, научно-истражувачката, стручно-уметничката, стручно-апликативната дејност и дејностите од поширок интерес на кандидатот м-р Тихомир Јовиќ, можеме да констатираме дека тој во целост ги исполнува условите на распишаниот конкурс за наставник во сите звања по група наставни предмети од областа хармонија и полифонија со анализа и теорија на музиката, на Факултетот за музичка уметност во Скопје. По разгледувањето на документите, Комисијата ги констатираше следниве параметри:

- континуирано образовно усовршување кое резултираше со стекнување на степен магистер на музички науки;
- повеќе годишно педагошко искуство како асистент по предметите хармонија и полифонија со анализа и постигнатите резултати со студентите од додипломските студии на Одделот за музичка теорија и педагогија и Вокално - инструменталниот оддел;
- посветеност, трудољубивост, одговорност и подготвеност во извршувањето на наставата и консултациите;
- придонесот во подготовката на програмите на одредени наставни предмети;
- придонесот во подготовката на наставната материја по предметите хармонија, полифонија 1 и теорија на музиката;

- интерес за научно - истражувачка дејност, како и учеството на научни трибини со свои трудови;
- залагањето и дејноста во афирмацијата на Факултетот за музичка уметност - Скопје.

Согласно со горенаведеното, како членови на Рецензентската комисија, предлагаме тој да биде избран во звањето ДОЦЕНТ.

**Членови на рецензентската комисија**

**Проф. Стојан Стојков с.р.**

**Проф. Живоин Глишиќ с.р.**

**Вонр. проф. м-р Јана Андреевска с.р.**

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
**м-р Тихомир Зоран Јовиќ**

**Институција:**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Факултет за музичка уметност - Скопје**

**Научна област:**
**група наставни предмети од областите полифонија и хармонија со анализа и теорија на музиката**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на вежби на 1. циклус студии по предметите хармонија и полифонија во 2003/04 година (2 семестра x 18 часа неделно) | 16.2 |
| 2 | Одржување на вежби на 1. циклус студии по предметите хармонија и полифонија во 2004/05 година (2 семестра x 18 часа неделно) | 16.2 |
| 3 | Одржување на вежби на 1. циклус студии по предметите хармонија и полифонија во 2005/06 година (2 семестра x 18 часа неделно) | 16.2 |
| 4 | Одржување на вежби на 1. циклус студии по предметите хармонија и полифонија во 2006/07 година (2 семестра x 18 часа неделно) | 16.2 |
| 5 | Одржување на вежби на 1. циклус студии по предметите хармонија 1,2,3,4 и полифонија 1,2 во 2007/08 година (2 семестра x 18 часа неделно) | 16.2 |
| 6 | Одржување на вежби на 1. циклус студии по предметите хармонија 1,2,3,4 и полифонија 1,2 во 2008/09 година (2 семестра x 18 часа неделно) | 16.2 |
| 7 | Одржување на вежби на 1. циклус студии по предметите хармонија 1,2,3,4 и полифонија 1,2 во 2009/10 година (2 семестра x 18 часа неделно) | 16.2 |
| 8 | Одржување на вежби на 1. циклус студии по предметите хармонија 1,2,3,4 и полифонија 1,2 во 2010/11 година (2 семестра x 18 часа неделно) | 16.2 |
| 9 | Одржување на вежби на 1. циклус студии по предметите хармонија 1,2,3,4 и полифонија 1,2 во 2011/12 година (2 семестра x 16 часа неделно) | 14.4 |
| 10 | Подготовка на предметна програма за предметот теорија на музиката со солфеж 1,2, 2012 година | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | Подготовка на предметна програма за предметот хармонија на популарната музика 1,2, 2012 година | 1 |
| | **Вкупно** | 146 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** *Полифонијата во фугата на тема D S C H + B A C H (hommage à D S C H) од Властимир Николовски*, во ***МУЗИКА***, год.13, бр.16, стр.23-44, 2010, Скопје. | 2 |
| 2 | *Полифонијата во композицијата CONCERTO GROSSO од Томислав Зографски*, во ***МУЗИКА***, год.14, бр.17, стр.75-86, 2011, Скопје. | 2 |
| 3 | *Полифонијата во композицијата Пасакаља за еден херој од Томислав Зографски*, труд објавен во дигиталната библиотека на ИРАМ, 2011, Скопје. http://mmc.edu.mk/IRAM/Conferences/XVIIConf/TJovic.pdf | 2 |
| 4 | *Полифонијата во македонското музичко творештво*, во *Годишен зборник*, год.2, бр.2, стр. 69-78, 2011, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Факултет за музичка уметност. | 2 |
| 5 | **Учество на научни/стручни собири со реферат** 10-12.09.2010. *Полифонијата во фугата на тема D S C H + B A C H (hommage à D S C H) од Властимир Николовски*, на музичката научна манифестација *Струшка музичка есен*, Струга: СОКОМ. | 1 |
| 6 | Секциско учество на научен/стручен собир со реферат: 21-22.01.2011. Polyphony in the Composition *Passacaglia for a Hero* by Tomislav Zografski in: *Culture and Music*, International conference. Skopje: IRAM & ISPPI. | 2 |
| 7 | 16-18.09.2011. *Полифонијата во композицијата CONCERTO GROSSO од Томислав Зографски*, на музичката научна манифестација *Струшка музичка есен*, Струга: СОКОМ. | 1 |
| 8 | Пленарно предавање на научен/стручен собир: 15-16.09.2012. *Полифоните форми во необарокот*, на музичката научна манифестација *Струшка музичка есен*, Струга: СОКОМ. | 2 |
| 9 | **Апстракти објавени во зборник на конференција** 2010. *Полифонијата во фугата на тема D S C H + B A C H (hommage à D S C H) од Властимир Николовски*, во зборникот на музичката научна манифестација *Струшка музичка есен*, Струга: СОКОМ | 0.5 |
| 10 | 2011. Polyphony in the Composition *Passacaglia for a Hero* by Tomislav Zografski in: *Culture and Music*, International | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | conference. Skopje: IRAM & ISPPI. http://mmc.edu.mk/IRAM/Conferences/XVIIConf/CultureandMusic.html | |
| 11 | 2011. *Полифонијата во композицијата CONCERTO GROSSO од Томислав Зографски,* во зборникот на музичката научна манифестација *Струшка музичка есен,* Струга: СОКОМ | 0.5 |
| 12 | 2012. *Полифоните форми во необарокот,* во зборникот на музичката научна манифестација *Струшка музичка есен,* Струга: СОКОМ | 0.5 |
| | **Вкупно** | 16.5 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | 5.5.1995. Диригирање со хорот на ФМУ. MUSICA VIVA, концерт во студиото М-1 на МРТВ, Скопје. | 4 |
| 2 | 15. 5.2011. Премиерна изведба на композицијата ***Залез*** за соло сопран и женски хор, текст: Матеја Матевски, XX меѓународен хорски фестивал ТЕХО, Тетово. Изведба: женскиот младински хор МКЦ - Скопје, диригент: Сашо Татарчевски, солист: Марија Наумовска - сопран. | 4 |
| 3 | **Создадено неизведено дело** 2011. *Господи воззвах,* за соло баритон и мешан хор. | 2 |
| | **Вкупно** | 10 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | 2011. Рецензент на учебникот за деветгодишното основно музичко образование *СОЛФЕЖ 1 со елементарна теорија на музиката* од авторите м-р Милица Василеска-Калајџиеска, Златица Жантевска-Пејиќ и Данијела Весиќ | 0.5 |
| 3 | 13.4.2011. Член на жири-комисија за хорски и оркестарски натпревари, Скопје | 1 |
| 4 | 15.4.2011. Член на жири-комисија за хорски и оркестарски натпревари, Скопје | 1 |
| 5 | 20.4.2011. Член на жири-комисија за хорски и оркестарски натпревари, Скопје | 1 |
| 6 | 11.5.2011. Член на жири-комисија за хорски и оркестарски натпревари, Скопје | 1 |
| 7 | 2011. Вештачење по предмет на Основен суд Скопје 2 - Скопје | 1 |
| | **Вкупно** | 5.5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 146 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 16,5 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 10 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 5,5 |
| **Вкупно** | 178,02 |

**Членови на рецензентската комисија**

**Проф. Стојан Стојков с.р.**

---

**Проф. Живоин Глишиќ с.р.**

---

**Вонр. проф. м-р Јана Андреевска с.р.**

---

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИНАРСТВО ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ВИНАРСТВО ПРИ ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ**

Согласно со Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.35/2008), Законот за научноистражувачка дејност (Сл.весник на РМ бр.46/2008), Статутот на УКИМ, член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Земјоделскиот институт во Скопје и врз основа на одлуката бр. 02-793/1 донесена на 38. редовна седница одржана на 16. X 2012 година, избрана е Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања од областа на винарството на Земјоделскиот институт во Скопје, во состав: д-р Звонимир Божиновиќ, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Михаил Петков, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Боримир Војноски, редовен професор, во пензија, на Земјоделскиот институт во Скопје.
На конкурсот објавен во весниците „Дневник " и „ Koha" од 29.IX 2012 година, за избор во наставно-научно звање-редовен професор од научната област винарство во Одделението за винарство се пријавила само кандидатката д-р Ана Серафимовска, вонреден професор на Земјоделскиот институт при Универзитетот „ Св.Кирил и Методиј " во Скопје. По разгледувањето на приложените материјали и врз база на личното познавање на кандидатката, имаме чест на научниот совет на Институтот да му го доставиме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

## 1.БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката д-р Ана Стефан Серафимовска, вонреден професор на Земјоделскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, е родена на 28.IV 1957 година во с.Ранковце - Крива Паланка. Основно и средно образование (гимназија) завршила во Скопје. Во учебната 1977/78 година се запишала на Земјоделскиот факултет во Скопје, лозароовоштарска насока, а дипломирала во 1986 година со просечна оценка 8,84.

По дипломирањето, од 1.II 1988 година се вработила во РЕ Институт за лозарство и винарство - Скопје, Одделение за винарство, како помлад асистент по винарство.

Во учебната 1988/89 година се запишала на постдипломски студии, група: лозарско производство, на Земјоделскиот факултет во Скопје, предвидените испити ги положила со просечна оценка 8,70, а магистерскиот труд со наслов „Влијание на сортата и начинот на ферментација врз квалитетот на белите вина во Тиквешко виногорје" го одбранила на 31.III 1995 година, со што се стекнала со степенот магистер на земјоделски науки.

Докторската дисертација под наслов „Утврдување на резидуи во шира и вино и можности за нивно намалување" ја одбранила на 20.III 2002 година на Земјоделскиот факултет во Скопје, со што се стекнала со научен степен - доктор на земјоделски науки.
Во звањето асистент е избрана на 13.X 1995 година, во звањето научен соработник е избрана на 27.IX 2002 година и во звањето виш научен соработник е избрана на 28.VI 2007

година во Одделението за винарство во ЈНУ Земјоделски институт-Скопје. Раководител е на Одделението за винарство и член е на Институтската управа на Земјоделскиот институт во Скопје.

Има остварено повеќе престои на неколку странски универзитети и институти: тринеделен студиски престој на тема „Agricultural development and Farm management", во организација на Египетскиот интернационален центар за земјоделство во Каиро- Египет, едномесечен студиски престој во Consorcio per la tut' ela dell' Asti и C.R.A-Instituto Sperimental'e per L'enologia di Asti –Italy, во рамките на проектот „Creation of Vineyard Monitoring and Management system (VMMS ), еднонеделен студиски престој во Институтот за винарство во Софија – Р. Бугарија, еднонеделен студиски престој во Zavod za vinogradarstvo i vinarstvo, Agronomski fakultet во Загреб- Р.Хрватска, во насока на нејзино научно и стручно усовршување.

Има учествувано и на повеќе научни и стручни конференции, конгреси, симпозиуми, семинари и други собири во земјава и во странство. Активно се служи со англискиот јазик.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката д-р Ана Серафимовска, во досегашниот период, успешно ја изведува наставата на постдипломските студии на програмата енологија на Земјоделскиот институт во Скопје, како вонреден професор по предметите: анализа на вино, анализа на јаки алкохолни пијалаци и менаџмент и контрола на квалитет на вино. Кандидатката д-р Ана Серафимовска, наставно-образовниот процес на постдипломските студии го реализира на завидно ниво. Во наставно-образовниот процес вклучува интерактивна настава, изработка на семинарски работи, како и внесување на позитивни искуства стекнати од нејзината научноистражувачка и апликативна работа, но и практични искуства од соработката со стопанските субјекти и институции во земјата и во странство.

Д-р Ана Серафимовска била член во следниве комисии: Комисија за одбрана на докторската дисертација „Влијание на методите на винификација врз полифенолниот состав и квалитет кај црвените вина", пријавена и изработена од м-р Даниела Раичевиќ, стручна Комисија за оцена на подобност на темата и оспособеност на кандидатот за научна работа - докторска дисертација под наслов „Влијание на кислородот врз зреење на виното", пријавена од м-р Дане Јованов , Комисија за оцена и одбрана на магистерска теза под наслов „Влијание на коинокулација со чиста култура со јаболчно млечна бактерија врз квалитетот на виното од сортата вранец", пријавена и изработена од дипл. инж. Лазар Плетварски, Рецензентска комисија за избор во наставно-научно звање од областа лозарство на д-р Климе Белески (избор во звањето виш научен соработник ), Рецензентска комисија за избор на помлад асистент, за научна област аналитичка хемија, на м-р Милена Тасеска Ѓорѓијевски.

## 3. НАУЧНА И СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Д-р Ана Серафимовска, во периодот од вработувањето до денес, активно е вклучена во научноистражувачката и апликативната дејност на Институтот. Имено, кандидатката како соработник - истражувач или како раководител–главен истражувач била ангажирана во научноистражувачките тимови во повеќе научно-истражувачки и апликативни проекти од областа на винарството и лозарството, како и во експертски активности во утврдувањето на квалитетот на виното и јаките алкохолни пијалаци.

По изборот во звањето виш научен соработник, д-р Ана Серафимовска учествувала во изработка и реализација на следниве проекти:

1.International technical project for Spirit drink-Grape Brandy,National wine and spirituous beverages research institute-Sofia, Bugaria.( 2oo7)-учесник.

2. Technical project WRD-01/2008, Interlaboratory comparision between laboratories in testing physicochemical parameters in wine-red dry, National wine and spirituous beverages research institute-Sofia, Bugaria.( 2oo8)-учесник.

3. EU funded project „ Creation of Vineyard Monitoring and Management system ( VMMS ), (Italija 2006-2008 )- учесник.

4. Quality and Regulatory Infrastructure Development for Food Safety and Quality in South East Europe-Macedoniae. (SWEDAC, 2009-2011) –учесник

5.Карактеризација и определување на географското потекло на македонските вина со примена на хемиски методи и методи на стабилни изотопи-МОН ( 2010-2011 )-учесник.

6.Ефекти од различни ампелотехнички мерки врз полифенолниот состав кај некои црвени вински сорти –МЗШВ ( 2010 )-учесник.

7. Технологија на производство и фенолен состав во грозјето и виното кај црвени вински сорти и клонови во Р Македонија-МЗШВ ( 2010 ) -носител

8. Појава на охратоксин А( ОТА ) во Македонските вина и негова детерминација со помош на реверзно фазна течна хтоматографија ( HPLC) проследено со флуересцентна детекција- МОН (2010 ) –учесник.

До изборот за виш научен соработник (вонреден професор ), д-р Ана Серафимовска како автор или коавтор има објавено повеќе научни и стручни трудови. Имено, трудовите (1- 18) се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, при изборот за асистент, бр. 642 од 28.VI 1995 година, при изборот за научен соработники бр.808 од 15. VII 2002 година, при изборот за виш научен соработник, бр.923 од 28.VI 2007 година.

По изборот за виш научен соработник (вонреден професор ), д-р Ана Серафимовска објавува четири научни труда.

**Куса анализа на трудовите објавени по изборот за виш научен соработник**

Ќе дадеме приказ на трудовите што кандидатката д-р Ана Серафимовска ги објавила по изборот за виш научен соработник ( вонреден професор ).

1. Боримир Војноски, Ана Серафимовска, Горан Миланов, Виолета Димовска, Климе Белески (2009 ): Лозарството и винарството во Република Македонија-состојби и трендови. Јубилеен годишен зборник на Земјоделски институт, Скопје. Том XXVI/XXVII.75-76.

Авторите во овој труд ја претставуваат состојбата на лозарството и винарството во Република Македонија, како и мерките и активностите за во иднина. Авторите забележуваат дека белите вински сорти имаат висок процент на застапеност (50%), иако генерално повеќето од виногорјата имаат услови за одгледување на црвени вински сорти. Исто така, трпезните сорти во одредени виногорја каде што има предност за нивно одгледување во однос на поволните климатски фактори, недоволно се застапени. За успешно и стабилно лозарство и винарство во иднина, според авторите, неопходно е да се изврши климатско зонирање и правилен распоред на сортите според лозарските единици. Потребно е да се изврши ревитализација на автохтоните и локалните сорти со формирање на матични насади со сертифициран саден материјал. На тој начин ќе се придонесе за

создавање на автентичност на македонските вина и формирање на тип македонско вино, со што ќе биде препознатливо на светскиот пазар.

2. Ана Серафимовска, Б.Војноски, С.Маркоска (2009):Влијанието на сортата и виногорјето врз содржината на тешки метали во шира. Јубилеен годишен зборник на Земјоделски институт, Скопје.Том XXVI/XXVII.249- 261.

Испитувано е влијанието на сортата и виногорјето врз содржина на тешки метали во шира во период од три последователни години ( 1996,1997 и 1998 ). Одредена е содржината на потоксични тешки метали ( Pb, Cu, Fe, Zn, As i Cd ) во шира од вински сорти: смедеревка, шардоне, италијански ризлинг, вранец, мерло и бургундец црн, одгледувани во скопско, велешко, овчеполско, кумановско,битолско, охридско и тиквешко виногорје. Агроеколошките услови кои постојат во определено виногорје имаат определени влијанија врз одгледувањето на виновата лоза и присуството на резидуи (тешки метали и остатоци од пестициди) во грозјето, ширата и виното, и тие биле предмет на истражувањата. Кај испитуваната шира од сортите: смедеревка, шардоне, италијански ризлинг, вранец, мерло и бургундец црн, содржината на шеќер, вкупни киселини и pH е во границите на сортни особини ( технолошка зрелост ) и ги задоволува критериумите за производство на квалитетни вина. Содржината на железо ( Fe ) во испитуваните шири е повисока во однос на тешките метали ( Pb, Cu, Zn, As i Cd ). Во ширата од сортата смедеревка од кумановското виногорје е утврдена повисока содржина на железо (Fe) од 10795 $\mu g/dm^3$, пониска просечна содржина на арсен (As) од 1,00 $\mu g/dm^3$ утврдено во ширата од сортата шардоне од тиквешкото виногорје. Авторите препорачуваат перманентно следење на содржината на тешки метали во ширата, и во зависност од зголемената содржина на одредениот тежок метал потребно е да се примени соодветен третман на ширата за негово намалување или целосно отстранување.

3. Violeta Dimovska; Violeta Ivanovska; Ana Serafimovska; Borimir Vojnoski; Fidanka Ilieva (2011): COMPARISION OF FOUR MERLOT CLONAL SELECTIONS FROM SKOPE'S VINEYARD REGION, R MACEDONIA. Food science, engenering and technologies Prosseding. Vol. LVIII, Issue 2 ; 43-48.

Проучувани се четири клона од сортата мерло ( 181,184,346 и 348 ) кои во Р. Македонија се увезени од Италија и Франција, во услови на скопското виногорје во текот на 2006/2008 година. Цел на авторите била компаративно испитување на агробиолошките и технолошките карактеристики на клоновите од сортата мерло одгледувани во исти агроеколошки услови. Добиените резултати се должат на генетската специфичност на одделните клонови. Во текот на испитуваниот период, приносот е најстабилен кај мерло клон 181 со коефициент на варирање од 17,58, а најголемо варирање од 32,01 е утврдено кај мерло клон 348. Највисоки приноси од 9569 кг/ха се добиени кај клонот 184, а најниски приноси од 8809 кг/ха кај клонот 181, просечната содржина на шеќер во ширата се движи од 242 г/дм$^3$ кај клонот 181 до 259 г/дм$^3$ кај клонот 346. Вкупните киселини во ширата и нивните просечни вредности во испитуваниот период се ниски за сортата и се движат од 6,0 г/дм$^3$ кај ширата од клонот 346, до 6,4 г/дм$^3$ во ширата од клоновите 181 и 348. Испитуваните вина во однос на содржината на алкохол се доволно јаки, а кој се движи од 12,25 вол% во виното од клонот 181 во 2007 година, до 14,38 вол% кај клонот 184 во 2008 година. Антоцијаните во виното се движат од 205,3 мг/л кај клонот 348 до 382,4 мг/л кај клонот 181 во 2008 година на испитување. Вкупната дегустациона оценка на виното се движи од 17,6 поени кај клонот 184 до 17,9 поени кај клонот 181 и 348.

4. Violeta Dimovska; Klime Beleski;Krum Boskov; Violeta Ivanovska: Ana Serafimovska: Fidanka Ilieva; Elenica Sofijanova; Petar Kletnikoski ( 2012); Compariosn of three Chardonnay clones( Vitis vinifera L.), growing in Skopje'vineyard region, R.Macedonija. I

International symposium and XVII Scientific conference of agronomists of Republika Srpska. March 19-2o, Trebinje, Agroznanje, Agro-knowledge Journal,University of Banjaluka, Fakulty of Agriculture, vol 13, br.1- 2012 god..

Во периодот 2006- 2008 година, кај три француски клона ( 95, 124 и 277 ) од сортата шардоне вршени се испитувања на агробиолошките и технолошките карактеристики. Авторите утврдиле дека приносот како поважна агробиолошка карактеристика зависи од агроеколошките услови, супстрактот, но најмногу од генетскиот потенцијал на клонот. Повисок принос е добиен кај клонот 95 ( 3.840 кг/лоза), кај клонот 277 е добиен принос од 3.830 кг/лоза, а понизок принос кај клонот 124 ( 3.620 кг/лоза ).

Содржината на шеќер и вкупни киселини во ширата и нивниот сооднос се важен показател за одредување на квалитетот на испитуваниот клон. Содржината на шеќер кај испитуваните клонови се движела од 219 г/л (клон95) до 224 г/л (клон 227), што овозможува добивање на средно јаки вина. Свежината на виното зависи од содржината на вкупни киселини, која се движи во граница од 6,9 г/л (клон 124) до 7,5 г/л (клон 277). Алкохолот во виното кај испитуваните клонови е во граници од 12,88 вол% (клон 124) до 13,95 вол% (клон95).

Во периодот на испитување (2006-2008), просечна содржина на сув екстракт во вината изнесува 20,2 г/л клон 124 до 21,3 г/л кај виното од клоновите 95 и 277. Виното од клон 124 при органолептичкото оценување е оценето со просечна дегустациона оценка од 17,3 поена , а со 17,97 поени е оценето виното од клонот 277.

Врз база на добиените резултати за содржината на шеќер и вкупни киселини во ширата, алкохолот, сувиот екстракт и органолептичката оценка на виното за време на испитувањето, шардоне клон 277 и 95 се со повисок квалитет во однос на клон 124, па од тој аспект авторите препорачуваат во Р.Македонија од овие два клона ( 277 и 95) да се произведуваат бели вина со примена на соодветна технологија.

Во изминатиот период, кандидатката учествувала во меѓународни научно-истражувачки проекти, а исто така учествувала и во национални проекти финансирани од МОН и МЗШВ. Својата научноистражувачка работа кандидатката ја презентира во различни списанија, а исто така и на различни симпозиуми и конференции во земјата и во странство.

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Д-р Ана Серафимовска е раководител на Одделението за винарство при УКИМ - Земјоделски институт во Скопје. Врши стручна контрола и сертификација на квалитет на вино и јаки алкохолни пијалаци наменети за извоз во ЕУ и трети земји. Д-р Ана Серафимовска, како истакнат стручњак од областа на винарството, соработува со сите винарски визби во Република Македонија. Кандидатката учествувала во работата на различни комисии и тела на Институтот, МЗШВ и др.

## 5. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија високо и ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Ана Серафимовска во областа на винарството.

Имајќи ја предвид севкупната активност на д-р Ана Серафимовска од последниот избор до денес, а според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, имаме чест и задоволство да му предложиме на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, д-р Ана Серафимовска, досегашен вонреден професор, да биде избрана во звањето редовен професор во научната област винарство.

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Звонимир Божиновиќ, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.

2. Д-р Михаил Петков, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје,с.р.

3. Д-р Боримир Војноски, редовен професор, во пензија на Земјоделскиот институт во Скопје, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат: **д-р Ана Стефан Серафимовска**

(име, татково име и презиме)

Институција: **УКИМ, Земјоделски институт - Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

Научна област: **винарство**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Настава на 2. циклус студии: анализа на вино ( 3+3), 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 (ЗИ) | 9 |
| 2. | Вежби на 2. циклус студ<br>Ред. број \| Назив на активноста:<br>ии: анализа на вино ( 3+3), 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 (ЗИ) | 5,4 |
| 3. | Консултации со студенти по предметот анализа на вино | 0,24 |
| 4. | Семинарски труд | 0,36 |
| 5. | Настава 2. циклус студии: анализа на јаки алкохолни пијалаци (3+3 ), 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 | 9 |
| 6. | Вежби на 2. циклус студии: анализа на јаки алкохолни пијалаци (3+3), 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 | 5,4 |
| 7. | Консултации со студенти по предметот анализа на јаки алкохолни пијалаци | 0,8 |
| 8. | Семинарски труд | 0,12 |
| 9. | Настава на 2. циклус студии: менаџмент и контрола на квалитет на вино ( 3+2), 2011/2012 | 2,25 |
| 10. | Вежби на 2. циклус студии: менаџмент и контрола на квалитет на вино ( 3+2 ), 2011/2012 | 0,9 |
| 11. | Семинар: Општи барања за компетентност на лабораториите за испитување и лабораториите за калибрирање, GCS-Global certification Services-Macedonia EN/ ISO 17025: 2005, Скопје, 3-5. X 2007 год, (учесник) | 1 |
| 12. | Семинар: Ароматични компоненти во грозје и вино и методи за нивна анализа, Неготино, 21.X 2008 год. –учесник | 1 |
| 13. | Семинар: Третман на шира и вино со енолошки средства од програмата на ERBSLOH, Неготино, 15. VI 2010 год. (учесник) | 1 |
| 14. | Семинар: NOBLESSE , Specifican inaktivni kvasac / LALLEMAND/; RP 15 Saccharomyces cerevisiae /ENOFERM/ , Vranje 07.05-08.05.2010год (учесник) | 1 |
| 15. | Семинар: Енофорум 2011 , Обзор 31.V-3.VI 2011 год.(учесник) | 1 |
| 16. | Семинар: Ефективна лабораторна биобезопасност, Софија, 28-30.III 2012 год. ( учесник) | 1 |
| 19. | Стручно предавање: Новости во преработка на модерни бели и црвени вина; УКИМ- Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје, 30.VI | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2009 год. (учесник) | |
| 20. | Подготовка на нов предмет: анализа на вино, за едногодишни програми | 1 |
| 21. | Подготовка на нов предмет: анализа на јаки алкохолни пијалаци, за едногодишни програми | 1 |
| 22. | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистратура: „Влијание на коинокулација со чиста култура со јаболчно млечна бактерија врз квалитетот на виното од сортата вранец", изработена од дипл.инж. Лазе Плетварски, Скопје, 2012 год | 0,3 |
| 23. | Член на Комисија за одбрана на докторат: „Влијание на методите на винификација врз полифенолниот состав и квалитет кај црвените вина", изработена од м-р Даниела Раичевиќ, Скопје, 2011 год. | 0,5 |
| 24. | Член на Стручна комисија за оцена на подобност на тема и оспособеност на кандидатот за научна работа, тема: „Влијание на кислородот врз зреење на виното", предложена од м-р Дане Јованов, Скопје, 2011 год. | 0,5 |
| | **Вкупно** | 43,05 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Creation of Vineyard Monitoring and Management system .EU funded project ( 2006-2008 ) –учесник. | 5 |
| 2. | International technical project for Spirit drink-Grape brandy. National wine and spirituous bevarages research institute-Sofia, Bugarija.(2007)-учесник. | 5 |
| 3. | Quality and Regulatory Infrastrure Development for food safety and Quality in Sauth East Europe –Macedonia.SWEDAK ( 2009-2010 )-учесник. | 5 |
| 4. | Tehnikal project WRD-01/2008, Interlaboratory comparision between laboratories in testing physicochemical parameters in wine-red dray,. National wine and spirituous bevarages research institute-Sofia, Bugarija.(2008)-учесник. | 5 |
| 5. | Карактеризација и определување на географското потекло на македонските вина со примена на хемиски методи и методи на стабилни изотопи-МОН(2010-2012),-учесник. | 3 |
| 6. | Violeta Ivanova, Goran Milanov, Ana Serafimovska, Borimir Vojnoski, Klime Beleski, Marina Stefova, Trajce Stafilov ( 2008 ): HPLC determination of organic acids in Macedonian wines. XX Congress of chemists and technologists of Macedonia, 17-19 September, Ohrid. Book of abstracts ACE-05-E. | 1 |
| 7. | Ана Серафимовска, Боримир Војноски, Снежана Маркоска (2009): Влијание на сортата и виногорјето врз содржината на тешки метали во шира. Јубилеен годишен зборник на Земјоделски институт, Скопје. Том XXVI/XXVII.249-261. | 1,8 |
| 8. | Боримир Војноски, Ана Серафимовска, Горан Миланов, Виолета Димовска, Климе Белески (2009): Лозарство и винарство во Република Македонија-Состојби и трендови. Јубилеен годишен зборник на Земјоделски институт, Скопје. Том XXVI/XXVII. 75-79. | 1,2 |
| 9. | Violeta Dimovska, Violeta Ivanovska, Ana Serafimovska, Borimir Vojnoski, Fidanka Ilijeva (2011): COMPARISON OF FOUR MERLOT CLONAL SELECTIONS FROM SKOPJ'S VINEYARD REGION, | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | R.MACEDONIA.Food science, engineering and technologies. Prosseding.vol.LVIII, Issue2, 43-48. | |
| 10. | Violeta Dimovska, Klime Beleski, Krum Boskov, Violeta Ivanova, Ana Serafimovska, Fidanka Ilieva, Elenica Sofijanova, Petar Kletnikovski.( 2012): Compariosn of tree clones ( Vitis vinifera L.), growing in Skopje vineyard region, R.Macedonia. I International symposium and XVII Scientific conference of agronomists of Republika Srpska, 19-22 March, Trebinje, Bos Agroznanje, Agro-knowledge Journal, University of Banjaluka, Faculty of Agriculture, vol 13, br.1-2o12god. | 1,8 |
| | **Вкупно** | 30,6 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Раководител на лабораторија , 2007-2009 год. | 1 |
| 2. | Раководител на Одделение за винарство-УКИМ - Земјоделски институт, 2009 год. | 3 |
| 3. | Менаџер за квалитет во акредитирана енолошка лабораторија 2009/2010 год. | 3 |
| 4. | Член на Комисија за оцена на квалитет на вино на Агрофуд –Скопје, 2008 год | 1 |
| 5. | Член на Комисија за оцена на квалитет на вино на Тиквешки гроздобер-Кавадарци, 2008 год. | 1 |
| 6. | Експертски активности: Вештачење по барање на МВР ПС Кочани ОИД-53/2011 | 1 |
| 7. | Експертски активности: Вештачење по барање на МВР ПС Битола К бр. 324/2008 | 1 |
| 8. | Експертска активност: Издавање на рецепт за плаво бистрење на вино и негова контрола, 2007 год. | 3 |
| 9. | Експертска активност: Издавање на рецепт за плаво бистрење на вино и негова контрола, 2008 год. | 5 |
| 10. | Експертска активност: Издавање на рецепт за плаво бистрење на вино и негова контрола, 2009 год. | 7 |
| 11. | Експертска активност: Издавање на рецепт за плаво бистрење на вино и негова контрола, 2010 год. | 6 |
| 12. | Експертска активност: Издавање на рецепт за плаво бистрење на вино и негова контрола, 2011 год. | 3 |
| 13. | Член на уредувачки одбор за издавање на Библиографија на УКИМ-Земјоделски институт –Скопје | 0,5 |
| 14. | Член на уредувачки одбор за издавање на Монографија на УКИМ - Земјоделски институт –Скопје | 0,5 |
| 15. | Член на Комисија за избор на д-р Климе Белески во звање - вонреден професор | 0,2 |
| 16. | Член на Комисија за избор на м-р Милена Тасеска Ѓоргијевски во звање –асистент | 0,2 |
| 17. | Член на Комисија за избор на директор на Земјоделски институт | 0,2 |
| 18. | Рецензија на научен труд: „Влијание на климата врз фенолошкиот развој на виновата лоза и содржина на шеќер и вкупни киселини во ширата“ од авторите Виолета Димовска, Климе Белески и Крум Бошков. | 1 |
| 19. | Отворање нова енолошка лабораторија во состав на Одделението за | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | винарство при УКИМ - Земјоделски институт - Скопје | |
| **Дејност од поширок интерес** | | |
| 20. | Изготвување и пријавување на научен /образовен национален проект: Ефекти од различни ампелотехнички мерки врз полифенолниот состав кај некои црвени вински сорти, МЗШВ (2010)-учесник. | 0,5 |
| 21. | Изготвување и пријавување на научен национален проект: Технологија на производство и фенолен состав во грозјето и виното кај црвени вински сорти и клонови во Р.Македонија. МЗШВ (2010 ) –носител. | 1 |
| 22. | Изготвување и пријавување на научен национален проект: Појава на охратоксинА (ОТА) во македонски вина и негова детерминација со помош на реверзно фазна течна хроматографија (HPLC) проследено со флуересцентна детекција МОН (2010) –учесник. | 0,5 |
| 23. | Член на Институтска управа на УКИМ - Земјоделски институт-Скопје. | 1 |
| 24. | Студиски престој во странство: октомври 2009 год., престој во Националниот институт за вино и алкохолни пијалаци, Софија-Р.Бугарија. | 0,5 |
| 25. | Студиски престој во странство: ноември 2008 год, престој во Zavod za vinogradarstvo i viarstvo, Agronomski fakultet во Загреб-Р.Хрватска. | 0,5 |
| 26. | Тренинг курс (обука ) на тема „Подготовка на лаборатории за акредитација согласно со ISO 17025", 16-20.III 2009 год., SWEDAC Svedska. | 1 |
| 27. | Учество во изработка на анализи на вино и јаки алкохолни пијалаци наменети за извоз во ЕУ и трети земји, 2007 год. | 1,8 |
| 28. | Учество во изработка на анализи на вино и јаки алкохолни пијалаци наменети за извоз во ЕУ и трети земји, 2008 год. | 3,6 |
| 29. | Учество во изработка на анализи на вино и јаки алкохолни пијалаци наменети за извоз во ЕУ и трети земји, 2009 год. | 3,6 |
| 30. | Учество во изработка на анализа на вино и јаки алкохолни пијалаци наменети за извоз во ЕУ и трети земји, 2010 год. | 3,6 |
| 31. | Учество во изработка на анализи на вино и јаки алкохолни пијалаци наменети за извоз во ЕУ и трети земји, 2011 год. | 3,6 |
| 32. | Учество во изработка на анализи на вино и јаки алкохолни пијалаци наменети за извоз во ЕУ и трети земји, 2012 год. | 1,8 |
| | **Вкупно** | 64,2 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 43,05 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 30,6 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 64,2 |
| **Вкупно** | 137,85 |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Звонимир Божиновиќ, редовен професор, претседател,с.р.

2. Д-р Михаил Петков, редовен професор, член, с.р.

3. Д-р Боримир Војноски, редовен професор, во пензија, член, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО "ОРАЛНА БИОХЕМИЈА"**
**од група автори**

Врз основа на чл. 19 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на УКИМ во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на XXVI седница одржана на 12.9.2012 година, донесе одлука за одредување рецензенти за пишување на рецензија за печатење на учебно помагало под наслов "Орална хигиена", во состав:
- проф. д-р Киро Ивановски
- проф. д-р Миле Царчев
- проф. д-р Мира Јанкуловска.

Во врска со оваа одлука, во својство на рецензент, го поднесувам следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Учебното помагало ОРАЛНА ХИГИЕНА е прво издание од ваков вид учебни помагала, со комплексна содржина која дава теоретски знаења за оралната хигиена, изготвено на 133 страници А4формат.

Учебното помагало е изготвено од автори кои долго време се занимаваат со оваа научна дисциплина.

Автори на учебникот се:
1. проф. д-р Поповска Мирјана
2. проф. д-р Накова Марија
3. асс д-р Радојкова-Николовска Вера
4. проф. д-р Белазелкоска Златанка

Учебното помагало "Орална хигиена" е наменето за следниве студиските програми:
1. доктори по дентална медицина
2. стручни забни техничари
3. стручни стоматолошки сестри

Учебното помагало "Орална хигиена" е во согласност со содржината на предметните програми, и тоа за: предметот орална хигиена за доктори по дентална медицина се слуша во IV семестар; предметот орална хигиена за стручни забни техничари се слуша во IV семестар, предметот Орална хигиена на студиската програма за стручни стоматолошки сестри се слуша во IV, V и VI семестар.

Фондот на часови и бројот на ЕКТС-кредити за овие предметни програми, според студиските програми се следните:
1. предметот орална хигиена за доктори по дентална медицина има вкупно 45 часа, од кои 15 теоретска и 30 практична настава. Овој предмет носи 3 ЕКТС-кредити.

2. предметот орална хигиена за стручни забни техничари има вкупно 45 часа од кои - 30 теоретска и 15 практична настава. Овој предмет носи 4-ЕКТС кредити.
3. предметот орална хигиена (I, II и III) за студентите од студиската програма за стручни стоматолошки сестри е со вкупно 17 ЕКТС-кредити.

Целта на подготовката на ова учебно помагало е да се сублимира научната мисла во врска со значењето на оралната хигиена на усната празнина. Во последните декади во светот, но и кај нас, се направени бројни истражувања со кои науката дојде до огромен број на сознанија кои дадоа широк теоретски, но и практичен опис за улогата на оралната хигиена во превенцијата на оралните заболувања. Следејќи ги тие созанија, се создаде потреба од создавање на едно современо учебно помагало преку кое студентите на лесен и разбирлив начин ќе можат да ја совладаат предметната содржина. Вакво современо учебно помагало целосно ја опфаќа предметната содржина и досега не е издаден на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Материјалот е распределен на 10 практични методски единици. Во сите методски единици се користи универзалната класификација што му дава инзвонредна прегледност на изнесениот материјал, овозможувајќи го согледувањето на целината и нејзините вклучени поодделни компоненти. Сите поглавја се илустрирани со бројни прилози: табели, слики и графикони што го олеснуваат разбирањето и прифаќањето на материјалот. Тие се нумерирани во согласност со поглавјето кон кое припаѓаат.

Учебното помагало содржи "Предговор" во кој авторите ја објаснуваат намената на учебното помагало.

Содржината на учебното помагало "Орална хигиена" е следна:

Вежба 1. Основи на оралната хигиена

Вежба 2. Историја и преглед на болниот

Вежба 3. Меки и тврди наслаги

Вежба 4. Одредување статус на орална хигиена

Вежба 5. Одржување орална хигиена во домашни услови

Вежба 6. Одржување орална хигиена во амбулантски услови

Вежба 7. Отстранување меки наслаги и полирање

Вежба 8. Одржување орална хигиена кај пациенти со ортодонтски, протетски надоместоци и дентални импланти

Вежба 9. Одржување орална хигиена кај лица со посебни потреби

Вежба 10. iTOP концепт-одржување орална хигиена

Предлози за потребни корекции нема.

Материјалот е разработен детално и е надополненет со корисни илустрации кои се интегрирани во дидактичко-методското обликување на учебното помагало. Напишано е на литературен македонски јазик. Стилот на изразување е јасен и концизен што ќе овозможи студентите не само полесно, туку и подобро да ја совладаат наставната материја. Користената литература е од понов датум.

Бидејќи целосно го опфаќа наставниот материјал согласно со студиските програми за студентите на дентална медицина и студентите на програмите за стучни стоматолошки сестри и стручни забни техничари при Стоматолошкиот факултет, овој материјал во ракопис треба да биде категоризиран во учебно помагало по предметот орална хигиена.

Значењето на ова учебно помагало по орална хигиена на македонски јазик ќе биде мошне големо за студентите по медицина, стоматологија и другите природни науки, а ќе биде корисен и за веќе дипломираните стоматолози од сите специјалности за потсетување на важноста на оралната хигиена за превенцијата на оралните заболувања. Стоматолошкиот факултет со ова учебно помагало ќе добие мошне корисно градиво во бројните додипломски, постдипломски индивидуални и групни дејности.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесеното, задоволство ми е овој ракопис да го поддржам и предложам да се отпечати како учебно помагало по предметот орална хигиена од авторите проф. д-р Поповска Мирјана, проф. д-р Накова Марија, ас. д-р Радојкова-Николовска Вера и проф. д-р Белазелкоска Златанка, пред се за студентите на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Рецензент

Проф. д-р Мира Јануловска с. р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО "ОРАЛНА БИОХЕМИЈА"**
**од група автори**

Врз основа на чл. 19 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на УКИМ во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на XXVI седница одржана на 12.9.2012 година, донесе одлука за одредување рецензенти за пишување на рецензија за печатење на учебно помагало под наслов "Орална хигиена", во состав:
- проф. д-р Киро Ивановски
- проф. д-р Миле Царчев
- проф. д-р Мира Јанкуловска.

Во врска со оваа одлука, во својство на рецензент, го поднесувам следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Учебното помагало ОРАЛНА ХИГИЕНА е прво издание од ваков вид учебни помагала, со комплексна содржина која дава теоретски знаења за оралната хигиена, изготвено на 133 страници А4формат.

Учебното помагало е изготвено од автори кои долго време се занимаваат со оваа научна дисциплина.

Автори на учебникот се:
1. проф. д-р Поповска Мирјана
2. проф. д-р Накова Марија
3. асс д-р Радојкова-Николовска Вера
4. проф. д-р Белазелкоска Златанка

Учебното помагало "Орална хигиена" е наменето за следниве студиските програми:
1. доктори по дентална медицина
2. стручни забни техничари
3. стручни стоматолошки сестри

Учебното помагало "Орална хигиена" е во согласност со содржината на предметните програми, и тоа за: предметот орална хигиена за доктори по дентална медицина се слуша во IV семестар; предметот орална хигиена за стручни забни техничари се слуша во IV семестар, предметот Орална хигиена на студиската програма за стручни стоматолошки сестри се слуша во IV, V и VI семестар.

Фондот на часови и бројот на ЕКТС-кредити за овие предметни програми, според студиските програми се следните:
1. предметот орална хигиена за доктори по дентална медицина има вкупно 45 часа, од кои 15 теоретска и 30 практична настава. Овој предмет носи 3 ЕКТС-кредити.

2. предметот орална хигиена за стручни забни техничари има вкупно 45 часа од кои - 30 теоретска и 15 практична настава. Овој предмет носи 4-ЕКТС кредити.
3. предметот орална хигиена (I, II и III) за студентите од студиската програма за стручни стоматолошки сестри е со вкупно 17 ЕКТС-кредити.

Целта на подготовката на ова учебно помагало е да се сублимира научната мисла во врска со значењето на оралната хигиена на усната празнина. Во последните декади во светот, но и кај нас, се направени бројни истражувања со кои науката дојде до огромен број на сознанија кои дадоа широк теоретски, но и практичен опис за улогата на оралната хигиена во превенцијата на оралните заболувања. Следејќи ги тие созанија, се создаде потреба од создавање на едно современо учебно помагало преку кое студентите на лесен и разбирлив начин ќе можат да ја совладаат предметната содржина. Вакво современо учебно помагало целосно ја опфаќа предметната содржина и досега не е издаден на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Материјалот е распределен на 10 практични методски единици. Во сите методски единици се користи универзалната класификација што му дава инзвонредна прегледност на изнесениот материјал, овозможувајќи го согледувањето на целината и нејзините вклучени поодделни компоненти. Сите поглавја се илустрирани со бројни прилози: табели, слики и графикони што го олеснуваат разбирањето и прифаќањето на материјалот. Тие се нумерирани во согласност со поглавјето кон кое припаѓаат.

Учебното помагало содржи "Предговор" во кој авторите ја објаснуваат намената на учебното помагало.

Содржината на учебното помагало "Орална хигиена" е следна:

Вежба 1. Основи на оралната хигиена

Вежба 2. Историја и преглед на болниот

Вежба 3. Меки и тврди наслаги

Вежба 4. Одредување статус на орална хигиена

Вежба 5. Одржување орална хигиена во домашни услови

Вежба 6. Одржување орална хигиена во амбулантски услови

Вежба 7. Отстранување меки наслаги и полирање

Вежба 8. Одржување орална хигиена кај пациенти со ортодонтски, протетски надоместоци и дентални импланти

Вежба 9. Одржување орална хигиена кај лица со посебни потреби

Вежба 10. iTOP концепт-одржување орална хигиена

Предлози за потребни корекции нема.

Материјалот е разработен детално и е надополненет со корисни илустрации кои се интегрирани во дидактичко-методското обликување на учебното помагало. Напишано е на литературен македонски јазик. Стилот на изразување е јасен и концизен што ќе овозможи студентите не само полесно, туку и подобро да ја совладаат наставната материја. Користената литература е од понов датум.

Бидејќи целосно го опфаќа наставниот материјал согласно со студиските програми за студентите на дентална медицина и студентите на програмите за стучни стоматолошки сестри и стручни забни техничари при Стоматолошкиот факултет, овој материјал во ракопис треба да биде категоризиран во учебно помагало по предметот орална хигиена.

Значењето на ова учебно помагало по орална хигиена на македонски јазик ќе биде мошне големо за студентите по медицина, стоматологија и другите природни науки, а ќе биде корисен и за веќе дипломираните стоматолози од сите специјалности за потсетување на важноста на оралната хигиена за превенцијата на оралните заболувања. Стоматолошкиот факултет со ова учебно помагало ќе добие мошне корисно градиво во бројните додипломски, постдипломски индивидуални и групни дејности.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесеното, задоволство ми е овој ракопис да го поддржам и предложам да се отпечати како учебно помагало по предметот орална хигиена од авторите проф. д-р Поповска Мирјана, проф. д-р Накова Марија, ас. д-р Радојкова-Николовска Вера и проф. д-р Белазелкоска Златанка, пред се за студентите на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Рецензент

Проф. д-р Мира Јануловска с. р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО „ОРАЛНА ХИГИЕНА-ПРАКТИКУМ"
# ОД ГРУПА АВТОРИ

| | |
|---|---|
| **Наслов** | Орална хигиена-практикум |
| **Автори** | проф. д-р Поповска М., проф. д-р Накова М., ас. д-р Радојкова-Николовска В., проф. д-р Белазелковска З. |
| **Студиска програма** | Содржините во учебното помагало се основна литература за студентите од студиската програма за доктори по дентална медицина, но исто така ќе послужат како дополнителна литература за студентите од студиските програми за стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри. |
| **Се однесува на предметната програма** | Орална хигиена |
| **Покриеност на наставниот материјал** | Со учебното помагало се опфатени сите предвидени наставни содржини за практична настава. |
| **Семестар** | Предметот орална хигиена на студиската програма за доктори по дентална медицина се слуша во IV семестар.<br>Предметот орална хигиена на студиската програма за стручни забни техничари се слуша во IV семестар.<br>Предметот орална хигиена на студиската програма за стручни стоматолошки сестри се слуша во IV, V и VI семестар. |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** | Предметот орална хигиена за доктори по дентална медицина е со вкупно 45 часа (15+30). Бројот на ЕКТС-кредити е 3.<br>Предметот орална хигиена за студентите од студиската програма за стручни забни техничари е со вкупно 45 часа (30+15). Бројот на ЕКТС-кредити е 4.<br>Предметот орална хигиена (I, II и III) за студентите од студиската програма за стручни стоматолошки сестри е со вкупно 17 ЕКТС-кредити. |
| **Усогласеност со наставата** | Содржината на учебното помагало одговара со наставната програма за практична настава на соодветните предмети на првиот циклус студии. |
| **Време и акт на назначување на рецензентите** | Со одлука за одредување на рецензенти за пишување на рецензија за печатење на учебник-учебно помагало донесена на 26. редовна седница на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, одржана на 12.9.2012 година. |
| **Издание** | прво издание |

| | |
|---|---|
| **Ревидирани сегменти од претходно издание** | нема |
| **Исто или сличено учебно помагало на факултетот** | нема |
| **Општи податоци за учебното помагало** | Учебното помагало „Орална хигиена-практикум" содржи 133 страници А4 формат, со огромен број на илустрации, табели и графички прикази. |
| **Содржина** | Вежба 1. Основи на оралната хигиена<br><br>Вежба 2. Историја и преглед на болниот<br><br>Вежба 3. Меки и тврди наслаги<br><br>Вежба 4. Одредување статус на орална хигиена<br><br>Вежба 5. Одржување орална хигиена во домашни услови<br><br>Вежба 6. Одржување орална хигиена во амбулантски услови<br><br>Вежба 7. Отстранување меки наслаги и полирање<br><br>Вежба 8. Одржување орална хигиена кај пациенти со ортодонтски, протетски надоместоци и дентални импланти<br><br>Вежба 9. Одржување орална хигиена кај лица со посебни потреби<br><br>Вежба 10. iTOP концепт-одржување орална хигиена |
| **Предлози за корекции** | Во материјалот нема потреба од корекции во квантитетот и квалитетот на содржината, начинот на уредувањето на текстот, како и потреба од дополнување или исклучување на одделен текст. |
| **Категоризација** | Учебно помагало |
| **Општа педагошка оцена** | Методските единици се напишани на осмислен начин и секоја методска единица претставува посебна целина која се надоврзува на претходната, така што сите заедно се вклопуваат во постојната програма за практична настава по предметот орална хигиена. |

| | |
|---|---|
| | Авторите ја изнесуваат материјата концизно, стручно и разбирливо. Овој текст е поддржан со графички и шематски прикази, што материјалот го прави полесно разбирлив за студентот. Според тоа, општата педагошка оцена за ова учебно помагало е дека наполно соодветствува за едукација на студентите. |
| **Заклучок** | Ракописот содржи материјал што треба да послужи како учебно помагало за студентите на студиската програма за доктори по дентална медицина при Стоматолошкиот факултет во Скопје. По обемот и содржината, тој во целост одговара на програмата на Стоматолошкиот факултет. Стилот на пишувањето е разбирлив и лесен за усвојување од страна на студентите за кои учебното помагало е наменето. Во учебното помагало се застапени доволен број илустрации, табели и шеми што придонесуваат за подобар квалитет.<br>Според тоа, задоволство е да се биде рецензент на ваково учебно помагало, кое ќе им овозможи на студентите и на сите оние на кои им претставува поле на интерес, успешно изучување на содржината.<br>Од наведеното, мојот заклучок е дека ова учебно помагало заслужува да биде позитивно рецензирано и затоа предлагам да биде објавено на Стоматолошкиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", како „Орална хигиена - практикум ". |

Рецензент
Проф. д-р Ќиро Ивановски с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ОРАЛНА ХИГИЕНА–ПРАКТИКУМ ОД ГРУПА АВТОРИ

| | |
|---|---|
| **Наслов** | Орална хигиена-практикум |
| **Автори** | проф. д-р Поповска М., проф. д-р Накова М., ас. д-р Радојкова-Николовска В., проф. д-р Белазелковска З. |
| **Студиска програма** | Содржините во учебното помагало се основна литература за студентите од студиската програма за доктори по дентална медицина, но исто така ќе послужат како дополнителна литература за студентите од студиските програми за стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри. |
| **Се однесува на предметната програма** | Орална хигиена |
| **Покриеност на наставниот материјал** | Со учебното помагало се опфатени сите предвидени наставни содржини за практична настава. |
| **Семестар** | Предметот орална хигиена на студиската програма за доктори по дентална медицина се слуша во IV семестар.<br>Предметот орална хигиена на студиската програма за стручни забни техничари се слуша во IV семестар.<br>Предметот орална хигиена на студиската програма за стручни стоматолошки сестри се слуша во IV, V и VI семестар. |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** | Предметот орална хигиена за доктори по дентална медицина е со вкупно 45 часа (15+30). Бројот на ЕКТСкредити е 3.<br>Предметот орална хигиена за студентите од студиската програма за стручни забни техничари е со вкупно 45 часа (30+15). Бројот на ЕКТСкредити е 4.<br>Предметот орална хигиена (I, II и III) за студентите од студиската програма за стручни стоматолошки сестри е со вкупно 17 ЕКТСкредити. |
| **Усогласеност со наставата** | Содржината на учебното помагало одговара со наставната програма за практична настава на соодветните предмети на првиот циклус студии. |
| **Време и акт на назначување на рецензентите** | Со одлука за одредување на рецензенти за пишување на рецензија за печатење на учебник-учебно помагало донесена на 26. редовна седница на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, одржана на 12.9. 2012 година. |
| **Издание** | прво издание |

| | |
|---|---|
| **Ревидирани сегменти од претходно издание** | нема |
| **Исто или сличено учебно помагало на факултетот** | нема |
| **Општи податоци за учебното помагало** | Учебното помагало „Орална хигиена-практикум" содржи 133 страници А4 формат, со огромен број на илустрации, табели и графички прикази. |
| **Содржина** | Вежба 1. Основи на оралната хигиена<br><br>Вежба 2. Историја и преглед на болниот<br><br>Вежба 3. Меки и тврди наслаги<br><br>Вежба 4. Одредување статус на орална хигиена<br><br>Вежба 5. Одржување орална хигиена во домашни услови<br><br>Вежба 6. Одржување орална хигиена во амбулантски услови<br><br>Вежба 7. Отстранување меки наслаги и полирање<br><br>Вежба 8. Одржување орална хигиена кај пациенти со ортодонтски, протетски надоместоци и дентални импланти<br><br>Вежба 9. Одржување орална хигиена кај лица со посебни потреби<br><br>Вежба 10. iTOP концепт-одржување орална хигиена |
| **Предлози за корекции** | Во материјалот нема потреба од корекции во квантитетот и квалитетот на содржината, начинот на уредувањето на текстот, како и потреба од дополнување или исклучување на одделен текст. |
| **Категоризација** | Учебно помагало |
| **Општа педагошка оцена** | Методските единици се напишани на осмислен начин и секоја методска единица претставува посебна целина која се надоврзува на претходната, така што сите заедно се вклопуваат во постојната програма за практична настава по предметот орална хигиена. |

| | |
|---|---|
| | Авторите ја изнесуваат материјата концизно стручно и разбирливо. Овој текст е поддржан со графички и шематски прикази, што материјалот го прави полесно разбирлив за студентот. Според тоа, општата педагошка оцена за ова учебно помагало е дека наполно соодветствува за едукација на студентите. |
| **Заклучок** | Ракописот е напишан на лесен наративен стил кој ќе го поедностави неговото совладување и содржи материјал што треба да послужи како учебно помагало за студентите на студиската програма за доктори по дентална медицина при Стоматолошкиот факултет во Скопје. По обемот и содржината, тој во целост одговара на наставната програмата на Стоматолошкиот факултет. Во учебното помагало се застапени доволен број илустрации, табели и шеми што придонесуваат за подобар квалитет.<br>Врз основа на изнесеното ми претставува чест и задоволство што сум рецензент на ова учебно помагало, кое ќе им овозможи на студентите и на сите оние на кои им претставува поле на интерес, успешно да ги совладат презентираните содржи што ќе резултира во стекнување нови знаења и вештини.<br>Мојата позитивна рецензија на приложениот ракопис истовремено претставува и препорака ова учебно помагало да биде објавено на Стоматолошкиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", како „Орална хигиена - практикум ". |

Рецензент
Проф. д-р Миле Царчев с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР-ПРИЕМ НА ДВА АСИСТЕНТА ОД ОБЛАСТА СЕИЗМОЛОГИЈА ВО СЕИЗМОЛОШКАТА ОПСЕРВАТОРИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 1.11.2012 г., а по предлог на Сеизмолошката опсерваторија при Факултетот, донесе одлука бр. 07-1846/3 од 5.11.2012 г., со која сме избрани за членови Рецензентската комисија за избор-прием на два асистента од областа на сеизмологијата во Сеизмолошката опсерваторија при Факултетот.

На конкурсот за избор-прием на два асистенти од областа на сеизмологија во Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, објавен во весниците *Дневник* и *Коха* (Скопје) на 29.9.2012 г., се пријавија кандидатите м-р Катерина Дрогрешка и м-р Јасмина Најдовска, волонтери во Опсерваторијата.

По разгледувањето на целокупната документација приложена од кандидатите, како и со оглед на нашето лично познавање и долгогодишен увид во стручното и научното профилирање на кандидатите, на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, во пропишаниот рок, му го поднесуваме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

### 1.1. М-р Катерина Дрогрешка

Кандидатката м-р Катерина Дрогрешка е родена во Скопје, на 15.8.1973 г. По завршувањето на основното и гимназиското образование во Скопје, со одличен успех, се запишала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на студии по физика, насока: метеорологија со геофизика, поднасока геофизика, каде што во февруари 2005 година дипломира со просечна оценка 8,13, стекнувајќи се со стручниот назив *дипломиран геофизичар*. Дипломскиот труд со наслов *`Сизмичност на Вардарска сеизмогена зона`* го изработила под менторство на д-р Лазо Пекевски со одличен успех.

Во февруари 2008 година завршила втор циклус на студии – студиска програма: геологија, Катедра за геологија и геофизика, насока: применета геофизика, со одличен успех по предметите од програмата и изработката и одбраната на магистерскиот труд *`Методата на рефлексија во дефинирање на структурниот модел на депресија`*, кој е работен под менторство на проф. д-р Тодор Делипетров. Со тоа го стекнува звањето *магистер на технички науки*.

Освен работата во фирмата "Импер Комерц" ДООЕЛ – Скопје од 2007 година наваму, од јануари 2009 година до сега волонтира и во Сеизмолошката

опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Во текот на ова волонтирање, м-р Катерина Дрогрешка се стекнува со подетални теоретски познавања од сеизмологијата и со соодветна практика во сеизмолошката служба – анализа на инструменталните сеизмолошки и макросеизмички податоци, изработка на сеизмолошки билтени, каталози и карти на изосеисти.

Во јуни 2012 година, Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје ја одобрува изработката на нејзината докторска дисертација под наслов `*Примена на теоријата на дислокации во дефинирањето на епицентралните подрачја и тектонските услови на територијата на Република Македонија*`, на којашто кандидатката сериозно работи, користејќи го своето познавање на областа на истражување и соодветната литература.

**1.2. М-р Јасмина Најдовска**

Кандидатката м-р Јасмина Најдовска е родена на 12.7.1980 г. во Скопје. Откако ги завршила сновното и гимназиското образование во Скопје, со одличен успех, се запишала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на студии по физика, насока: метеорологија со геофизика, поднасока: геофизика Студиите ги завршила во 2005 година со одбрана со одличен успех на дипломската работа под наслов `*Сеизмичност на охридското сеизмогено подрачје*`, работена под менторство на д-р Лазо Пекевски. со што се стекнала со звањето *дипломиран геофизичар.*

Вториот циклус на студии – студиска програма: геологија, Катедра за геологија и геофизика, насока: применета геофизика го завршила во февруари 2008 година, со одличен успех по предметите од програмата и изработката и одбраната на магистерскиот труд со наслов `*Методата на рефракција во дефинирањето на структурниот модел на руптурните структури*`, работен под менторство на проф. д-р Тодор Делипетров. Со тоа се стекнува со научниот назив *магистер на технички науки.*

Од 15.6.2009 до 25.10.2009 г. волонтира и е работно ангажирана во ИПУТД "Сончев зрак" од Скопје, каде што станува во редовен работен однос на 26.10.2009 г., кој трае до 4.10.2010 г. Од 5.10.2010 г. до денес е во редовен работен однос во Институтот ГАПЕ од Скопје, основан од ИПУТД "Сончев зрак" од Скопје.

Почнувајќи од јануари 2009 година, покрај горенаведените работни обврски, волонтира и во Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Во текот на ова волонтирање се стекнува со многу подетални теоретски познавања од областа на сеизмологијата. како и со соодветна практика во сеизмолошката служба - анализа на инструменталните сеизмолошки и макросеизмички податоци, изработка на сеизмолошки билтени, каталози и карти на изосеисти.

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, во јуни 2012 година, ја одобрува изработката на нејзината докторска дисертација под наслов `*Примена на сеизмолошки методи во определувањето на брзинскиот модел на Земјината кора под територијата на Република Македонија*`. Кандидатката сега интензивно работи на оваа дисертација.

## 2. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Двете кандидатки, м-р Катерина Дрогрешка и м-р Јасмина Најдовска учествувале официјално во апликативниот проект на Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје под наслов: *`Сеизмички мониторинг на брана Лисиче–Велес и одржување на сеизмолошка станица во 2010 година`*, а вршеле анализи и за други минати апликативни проекти на Опсерваторијата.

Како резултат на нивните стекнати подетални стручни познавања од областа на сеизмологијата, објавена е следнава статија:

Дрогрешка, К., Најдовска, Ј., 2011, Најсилните земјотреси во светот и во Македонија во 2009 и 2010 година, *Астрономски алманах* број 10:53–62.

Кандидатките м-р Катерина Дрогрешка и м-р Јасмина Најдовска се вклучени во новодоговорениот апликативен проект на Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје под наслов *`Сеизмичко набљудување за следење на сеизмичката активност – индуцирана сеизмичност на браната „Кнежево“ и одржување на сеизмолошка станица*

Двете кандидатки во многу наврати учествувале и во повремената наставно-популаризаторска дејност на Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје за ученици и студенти.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатките м-р Катерина Дрогрешка и м-р Јасмина Најдовска во текот на 2006 година учествувале во ТЕМПУС – проектот *`Геомагнетните мерења и стандарди за квалитет`*, на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје.

При тоа, двете кандидатки завршиле тримесечна обука за мерење на геомагнетното и електромагнетното поле, стекнувајќи се со соодветен сертификат:

*`Сертификат за стручно знаење од областа на геомагнетните и електромагнетните мерења и стандарди за квалитет`*, Рударско–геолошки факултет – Штип, Универзитет „Св. Кирил и Методиј “ – Скопје, 2006.

Двете кандидатки се вклучени во научноистражувачките тимови на Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје кои работат на проблеми од примената на теоријата на дислокации во истражувањето на конкретни земјотресни жаришта, епицентрални подрачја и сеизмогени зони, како и на проблеми од примената на сеизмолошки методи во определувањето на брзинскиот модел на Земјината кора под територијата на Република Македонија. Се очекува сознанијата што кандидатките ќе ги стекнат при овие истражувања успешно да ги вклучат и да ги заокружат во своите докторски дисертации.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од изложеното погоре може да се заклучи дека кандидатките м-р Катерина Дрогрешка и м-р Јасмина Најдовска со својата досегашна ангажираност во стручната, научноистражувачката и наставната дејност од областа на сеизмологијата и, пошироко, геофизиката, покажуваат постојан напредок. Тие се одговорни кон работата, трудољубиви, професионални и со коректно однесување кон своите колеги.

Досегашното волонтирање на кандидатките во Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, имено нивната вклученост во секојдневната сеизмолошка служба, во апликативните проекти, научните истражувања и повремената наставно-популаризаторска дејност на Опсерваторијата, како и нивната интензивна работа на одобрените за изработка докторски дисертации од областа на сеизмологијата - упатуваат на тоа дека тие ќе се развијат во солидни сеизмолози.

Согласно со наведеното, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да одобри избор-прием на м-р Катерина Дрогрешка и м-р Јасмина Најдовска за асистенти од областа сеизмологија во Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Скопје, 5.11.2012 г.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1) Насл. доц. д-р Вера Чејковска с.р

2) Науч. соработник д-р Драгана Черних Анастасовска с.р

3) Науч. советник во пензија д-р Лазо Пекевски с.р

# И С П Р А В К А

Во Рефератот за избор на наставник по група предмети од областа на биофизиката и општата физика, на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, бр. 1041 од 01.11.2012 година, стр. 53, се прави исправка во насловот: Се бришат зборовите **„по група предмети од областа на биофизиката и општата физика„** и истиот гласи „Реферат за избор на наставник по група предмети од областа на оптика и спектроскопија, методика на наставата по физика и општа физика на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје„.

Во се друго текстот на Рефератот останува ист.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „НАСЕЛЕНИЕ И ЕКОЛОШКА КРИЗА – ПОСЕБЕН ОСВРТ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р РЕЗАК ЈАКУПИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Со решение бр. 02-1034/1 од 18.6.2012 година, Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација „ **Население и еколошка криза – посебен осврт за Република Македонија** “, во состав: проф. д-р Јорде Јаќимовски, проф. д-р Виолета Чачева, проф. д-р Љубица Чонева, проф. д-р Ружица Цацаноска и проф. д-р Славејко Сасајковски.

Комисијата во горниот состав ја прегледа и ја оцени докторската дисертација на кандидатот и на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на кандидатот м-р Резак Јакупи под наслов **„Население и еколошка криза – посебен осврт за Република Македонија“**, содржи девет разработени поглавија во обем од 247 страници.

Во првото поглавје целосно се разработени актуелноста на темата, методолошкиот пристап, односно јасно се дефинирани предметот, целите, хипотезите и методолошките постапки на истражувањето.

Во второто поглавје, авторот на јасен и концизен начин ги објаснува теориите за населението и животната средина. Сложеноста и разноликоста на демографските движења придонесуваат за различно дефинирање на населението, па оттука во овој дел се изведени и голем број на дефиниции. Понатаму следува теоретската разработка на односот на човекот кон животната околина.

Во третото поглавје се истражувани и обработени светските демографски движења, природното и механичкото движење, структурата на населението и прогнозата. Според сценариото на Обединетите нации, според високата стапка на раѓање се предвидува бројот на населението во 2150 година да изнесува 25 милијарди, додека со умерената стапка на раѓање, со 2 деца се очекува бројот на населението во 2150 година да изнесува 10,8 милијарди. Од друга страна, авторот се задржува на импликациите од стареењето на населението кои се појавуваат во развиените општества. Според него овие општества ќе се соочат со недостиг на работна сила и поголеми издвојувања за здравствени и социјални услуги.

Четвртото поглавје ги обработува структурата, промените и движењето на населението во Република Македонија, како и факторите кои влијаат врз демографската структура.

Во петтото поглавје е направена анализа на факторите кои ја загрозуваат животната средина и на преземените мерки за намалување на еколошката криза.

Во шестото поглавје, авторот на јасен и концизен начин се осврнува на економската сотојба на македонското општество.

Во седмото поглавје е извршена анализа на демографските фактори комбинирани со сиромаштијата и еколошката деградација.

Во осмото поглавје, авторот се задржува на позначајните состојби и промени на животната средина во Република Македонија.

Авторот во деветтото поглавје, преку ставовите на населението во општина Маврово и Ростуше го анализира односот кон природното богатство.

Во заклучните согледувања се изнесени најзначајните резултати од истражувањето, при што е дадено одговор на главните развојни

предизвици и димензии на одржливиот развој како што се демографската динамика, сиромаштијата, населбите, животната средина и природните ресурси.

Вкупната состојба на животната средина во Република Македонија е на незадоволително ниво. Тоа се однесува подеднакво на состојбите на водите и водните ресурси, состојбата на воздухот, биодиверзитетот, состојбата со шумите и на почвата.

Во вкупната елаборација кандидатот доаѓа до констатација дека сиромаштијата е често придружена со изложеност на еколошки ризици. Сиромаштијата е исто така поврзана со несоодветна дистрибуција на популацијата, неодрживо користење и неурамнотежена дистрибуција на природните ресурси како што е земјиштето и води кон сериозна еколошка деградација. Потребно е конкретно насочување кон намалувањето на сиромаштијата, остварување на економскиот напредок, подобрување на еколошката заштита и намалување на неодрживите шеми на потрошувачката. Трајниот економски под во контекст на одржливиот развој е важен за искоренување на сиромаштијата.

Проучувањето на населението и еколошката криза произлезе од желбата да се изврши објективна, научна и општествена валоризација не само на конкретните проблеми што се одбрани во истражувањето и нивното практично решавање, туку и проверка на постојните теоретските сознанија за детерминација на процесите во економски и социјален развој. Теоретското значење на истражувањето се состои во формирањето на нови теоретски сознанија за населението и животната средина, за механизмот на интеракцијата на појавите и улогата на централната и локалната власт во имплементирање на ефективни популациони и еколошки политики во контекст на одржливиот развој.

Во користењето на библиографијата, м-р Резак Јакупи се определил за автори чии ставови се неделиви од пошироката теоретска мисла и во таа смисла нема сомневање дека нивните поими и ставови се атрибут на универзалност и можат да послужат во конципирање на моделите за имплементација на одржливиот развој.

Резултатите од дисертацијата се заклучните согледувања каде што авторот го резимира генералниот став кој се совпаѓа со основните

тематски целини: имплементирање на политики за намалување на неодржливите шеми за потрошувачка и производството и адресирање на еколошките последици од промените во бројот на населението во нејзината концентрација и дистрибуција, особено во еколошки осетливите подрачја и урбаните средини; преземање на мерки насочени кон намалување на сиромаштијата, со посебен акцент на програми за создавање на приходи и вработување наменети за оние што живеат во рамките на осетливите екосистеми. Факт е дека најизложени на негативни ефекти на загаденоста на животната средина всушност се најсиромашните слоеви. Треба да се преземат мерки за партиципација на сите социјални групи на сите нивоа на популационо и еколошко одлучување во врска со постигнувањето одржливо управување со природните ресурси.

## ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација **„Население и еколошката криза – посебен осврт за Република Македонија“** е солидно изработен труд со карактеристики на научен приод во проучувањето на предметот на истражувањето. Тоа се изразува во поставените цели и предметот на истражувањето и во неговата структурираност. Оттаму произлегува и неговиот придонес во развојот на истражувањата на популацијата и животната средина воопшто, а посебно во истражувањето на демографските фактори комбинирани со сиромаштијата, недостигот на пристап до ресурсите и притисокот врз животната средина. Докторската дисертација нуди решенија во кои се нагласува интегрирање на демографските фактори во проценките на влијанијата врз животната средина и другите процеси на планирањето и одлучувањето насочени кон постигнувањето на одржлив развој.

Врз основа на изнесеното, Комисијата за оцена на докторската дисертација, на Научниот совет на Институтот му предлага да ја прифати

позитивната рецензија за докторската дисертација насловена **„Население и еколошката криза – посебен осврт за Република Македонија“** , од м-р Резак Јакупи.

**Комисија**

1. Проф. д-р Јорде Јаќимовски с.р.

2. Проф. д-р Виолета Чачева с.р.

3. Проф. д-р Љубица Чонева с.р.

4. Проф. д-р Ружица Цацаноска с.р.

5. Проф. д-р Славејко Сасајковски с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО ЕКОНОМСКИ НАУКИ ПО ПРЕДМЕТИТЕ МАКРОЕКОНОМИЈА И ДРЖАВНА РЕГУЛАЦИЈА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одредбите од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со објавениот конкурс во весникот „Нова Македонија" на 5 октомври 2012 год, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 26.10.2011 година, донесе одлука со која сме определени за членови на Комисијата за избор на помлад асистент по економски науки по предметите макроекономија и државна регулација. По разгледувањето на доставените материјали, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс се пријавија двајца кандидати. Тие ги исполнуваат општите и посебните услови содржани во конкурсот. Во продолжение, даваме осврт на биографските податоци за кандидатите.

### Биографски податоци за кандидатите

М-р Маја Парнарџиева-Змејкова е родена на 21.8.1976 година во Скопје. Од септември 2009 год. е директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Дипломирала во 2000 година со просечна оценка од 9,50 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје на отсекот макроекономија (финансии и банкарство). На истиот Факултет магистрирала со просек 9,11 во 2008 година со јавна одбрана на магистерскиот труд под наслов „Државните хартии од вредност во функција на управувањето со јавниот долг", со што се здобила со академскиот степен магистер на економски науки од областа на монетарната економија. Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на 16.12.2011 година го усвои Извештајот за оцена на подобноста на темата за изработка на докторска дисертација на м-р Маја Парнарџиева-Змејкова под наслов: „Проблеми и предизвици во системот на финансирање на здравствено осигурување, со посебен осврт на Република Македонија".

Првото вработување на кандидатката Маја Парнарџиева-Змејкова е во 2000 година во Министерството за развој, како раководител на Одделението за европски интеграции, а по припојувањето на Министерството за развој кон Министерството за финансии подоцна истата година, започнува да работи во Секторот за финансиски системи, кадешто од 2002 година ја зазема позицијата раководител на Секторот. Во 2004 година е назначена за проект-координатор во Министерството за креирање на функциите управување со јавниот долг во Република Македонија и за емисија на државни хартии од вредност. Во 2005

година, со формирањето на Секторот за управување со јавниот долг, станува раководител на Секторот. Во декември 2006 година добива дополнителна активност во Министерството како национален координатор за акредитација на ИПА-структурите на Република Македонија, а од 2008 година е унапредена во државен советник, највисоката професионална позиција во државната администрација, за финансискиот систем, управувањето со јавниот долг, меѓународните финансии и ЕУ-хармонизација и децентрализираното управување со ЕУ-ИПА фондовите во РМ.

Исто така, во 2002 година кандидатката учествувала во стручниот превод на книгата „Меѓународната економија: Теорија и политика" од авторите Кругман и Обсфилд. Во пријавата кандидатката укажува дека одлично говори англиски јазик, како и базичен германски и француски јазик и има познавање од работа со компјутери. Има објавено научни и стручни трудови во Билтенот на Министерството за финансии.

Кандидатката има учествувано на повеќе обуки и семинари од областа на банкарството, пазарот на капитал, финансиските пазари, јавниот долг, ЕУ-фондовите, управување со проекти, развој на менаџерски вештини, здравствено осигурување, пензиските и социјалните реформи, државните хартии од вредност, меѓународните финансиски пазари, комуникација со медиумите, антикорупција и финансиска измама, реформи во здравствениот менаџмент и финансирање на здравството, како и подолготрајни обуки и едукации во САД, Австрија и Франција.

Кандидатката Катерина Фотова е родена на 21.11.1986 година. Од 15.6.2010 година е вработена е во „НЛБ Тутунска банка АД-Скопје", на работното место банкарски комерцијалист во деловна мрежа. Претходно, во 2008 година, како практикант има стекнато двомесечно искуство во индустриската и трговска комора на Саарланд, Германија. Високото образование го стекнала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје. Дипломирала на департманот маркетинг во јули 2009 година, со просечен успех 9,19. Во истата година своето образование го продолжила на постдипломските студии по монетарна економија, финансии и банкарство, каде што се стекнала со акедемскиот степен магистер на економски науки. Предвидените испити ги положила со просечна оценка 8,83. Наведува дека одлично говори англиски и германски јазик. Ги познава и ги користи стандардните компјутерски апликации за обработка на текст, подготовка на презентации и табели. Во коавторство има објавено два труда во зборник на трудови кој е годишна публикација на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, од областа на финансиите и банкарството.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ:

Врз основа на поднесените пријави, Комисијата се определи за кандидатката м-р Маја Парнарџиева-Змејкова. Во однос на другиот кандидат, таа остварила повисок просечен успех на додипломските и постдипломските студии. Исто така, со највисока оценка (десет) ги положила предметите за кои се пријавува на конкурсот, додека кандидатката Катерина Фотова воопшто не ги

имала во наставниот план на отсекот на кој студирала. Кандидатката Маја Парнарџиева-Змејкова поседува богато работно искуство од областа на макроекономијата и финансиите. Истовремено, кандидатката постојано посетувала бројни семинари и обуки со што го надградувала своето знаење во областите за кои конкурира. Трудовите и професионалните ангажмани на кандидатката го потврдуваат нејзиниот интерес и нејзиното активно стручно и научно ангажирање за истражување на повеќе теми од областа на финансиите и економијата, како и на актуелните сегашни случувања во националната и светската економија.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, кандидатката м-р Маја Парнарџиева-Змејкова да биде избрана за соработник по економски науки по предметите макроекономија и државна регулација во звањето помлад асистент.

Скопје, 1.11.2012 година

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

1. Проф. д-р Трајко Славески, с.р.

2. Проф. д-р Таки Фити, с.р.

3. Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ НА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНАТА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ

Врз основа на член 64 и член 131 и 135 од Законот за високото образование (Сл. весник на Р. Македонија бр. 35/08, 103/08. 26/09, 83/09, 115/10, 17/11 и 51/11) и член 34 од Правилникот за критериумите за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 173/11), а во врска со објавениот конкурс во весникот „Нова Македонија" на 5.10.2012 за избор на помлад асистент на група предмети од областа на меѓународната економија на Економскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, со одлука бр. 0202 – 3796/4, на седницата одржана на 26.11.2012 година, нѐ избра за членови на Рецензентската комисија.

По проучувањето на пријавите и приложената докуменатција од пријавените кандидати, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс за избор на помлад асистент на група предмети од областа на меѓународната економија на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се пријавија три кандидатки:

1. Марина Арсовска – магистер на економски науки – надворешна трговија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет во Скопје;
2. Мартина Крстевска - магистер на економски науки – европски студии, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет во Скопје;
3. Елена Макревска - магистер на деловна администрација – корпоративни финансии и банкарство, Универзитет „Американ колеџ" - Скопје, Факултет за деловна економија и организациони науки.

Сите три кандидатки поднесоа уредна документација од која се гледа дека во целост ги исполнуваат законски пропишаните услови. По разгледувањето на пријавите, Рецензентската комисија го констатира следното:

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ, НАСТАВНО-НАУЧНИ И СТРУЧНИ КВАЛИФИКАЦИИ

1. Кандидатката м-р Марина Арсовска е родена во Куманово на 28.4.1978 година. Основното и средното образование го оформила во родниот град. Во 2000 година дипломирала на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, насока: царина и шпедиција со успех 9,66, со што се стекнала со звањето *дипломиран менаџер по царина и шпедиција*.

   Во 2010 година магистрирала на постдипломските студии од надворешен промет на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на тема под наслов „Кластерите и кластерската политика во функција на подобрување на конкурентноста на Република Македонија" (просечен успех од положените испити на постдипломски студии – 9,56).

   Во 2011 година пријавила доктороска теза под наслов „Кластерите и кластерската политика во функција на локалниот и регионалниот економски развој на Република Македонија" на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

   Од приложената потврде се гледа дека кандидатката м-р Марина Арсовска одлично го говори англискиот јазик.

   Во моментот е вработена како советник во Секторот за меѓународна соработка и евроинтеграции во општина Куманово, каде што веќе стекнала работно искуство од година и половина, а претходно работела во Министерството за економија во Скопје. Кандидатката се стекнала и со работно искуство во САД каде што живеела и работела веднаш по дипломирањето, а оттаму поминала извесен

период и на Блискиот Исток каде што била ангажирана на владин проект за поддршка на Армијата на САД во Ирак.

М-р Марина Арсовска е ангажирана и како советник во Секторот за локален економски развој во општина Куманово во спроведувањето на Проектот за фромирање на кластер во чевларската индустрија, како член на повеќе различни групи за изработка на стратешки документи во областа на локалниот економски развој, а учествувала и на повеќе конференции, обуки, семинари и работилници во земјата и во странство од областа на бизнис-етиката, логистиката, проектниот менаџмент, ЕУ-програмите за користење на претпристапните инструменти и фондови и сл.

За одбележување е и фактот што таа вложила дополнителен напор и својата магистерска теза ја објавила како книга со истиот наслов во издание на ГРАФОТЕКС-Куманово веднаш по одбраната во 2010 година.

2. Кандидатката м-р Мартина Крстевска е родена на 11.5.1985 година во Куманово. По завршувањето на средното образование, во 2004 година се запишала на Економскиот факултет во Скопје на насоката надворешна трговија, каде што дипломирала во 2008 година со просечен успех 8,58. Во 2009 година се запишала на втор циклус студии – европски студии на Економскиот факултет во Скопје, каде што предвидените испити ги положила со просечен успех 9,38. Во 2011 година магистрирала на тема „Политиките на поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и претприемништвото во Европската унија“.

   Во 2011 пријавила докторат на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на тема: „Можности за користење на искуствата на Европската унија во поддршка на малите и средните претријатија и претприемништвото во Република Македонија“.

   Кандидатката м-р Мартина Крстевска во својата пријава најавила дека одлично ги говори англискиот и српскиот јазик, а успешно се служи и со францускиот и италијанскиот јазик.

Во периодот 2.2-9.4.2012 била ангажирана како експерт-обучувач по претприемништво во рамките на ИПА-проект, компонента-2, под наслов „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени."

Во периодот од октомври 2008 до јули 2009 работела како банкарски комерцијалист во НЛБ Тутунска банка во Скопје.

Во моментот е невработена.

3. Кандидатката м-р Елена Макревска е родена на 21.6.1984 година во Скопје. По завршување на средното образование во учебната 2003/2004 година се запишала на Економскиот факултет во Скопје, на насоката надворешна трговија. Дипломирала во 2007 година со просечен успех 9,26.

   Веднаш по дипломирањето, во 2007 година се запишала на постдипломски студии на Универзитетот „Американ колеџ" во Скопје на програмата за деловна администрација, каде што избрала да се специјализира во областа на банкарството и финансиите. Предвидените испити (вкупно 14) според оваа програма ги завршила со просечен успех А- (каде што А е максимална оценка). Во 2010 година магистрирала на тема под наслов „360 степени поглед на светската економска криза".

   Во 2011 година пријавила докторска теза под наслов „Влијанието на еврото врз надворешнотрговската размена на Европската унија" на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

   Кандидатката м-р Елена Макревска пријавила дека ги говри германскиот и англискиот јазик.

   Во периодот од ноември 2007 до јуни 2012 работела како асистент по предметите од областа на макроекономијата и финансиите на Универзитетот „Американ колеџ" во Скопје. Во моментот е вработена во Сојузот на стопански комори на Република Македонија.

   Во текот на својот ангажман како асистент учествувала на две летни школи што се одржале едната во Романија, а другата во Германија,

на семинар од областа на Европската интеграција во организација на Универзитетот за политички науки во Белград, Србија и на БАСФ-настан во Хајделберг, Германија. Во периодот 4.-27.1.2012 година остварила студиски престој на Универзитетот во Манхајм, Германија.

М-р Елена Макревска ја објавила својата магистерска теза како книга под англиски наслов "360 Degrees Look at the World Economic Crisis", во издаваштво на ЛАМБЕРТ-академската издавачка куќа од Сарбрукен, Германија, а ги објавила и следниве трудови:

- 29.9.2012 – „Компаративна предност или софистицирана бариера за меѓународната трговија на ЕУ", Колеџ за меѓународен менаџмент „Глобус", Приштина и Албански центар за ризик, Тирана (коавтор);
- 30.5.2012 – „Несигурноста во креирањето на макроекономската политика: знаење, умеење, храброст", Конференција на Економски институт, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (коавтор);
- 17..5.2012 – „Зачувување на конкурентноста на ЕУ", Седма меѓународна конференција на Универзитетот „Американ колеџ" во Скопје (автор);
- 19-21.5.2011 – „Подобрен процес на секјуритизација" Меѓународна конференција за меѓународен бизнис, Солун, публикувано во Journal of Economics and Business, (автор);
- 19.5.2011 – „Отпорноста на еврото", Шеста меѓународна конференција на Универзитетот „Американ колеџ" во Скопје (автор);
- 15-16.4.2011 – „Прилагодување на македонската монетарна политика кон монетарната политика на ЕУ", Универзитет Овидиус, Констанца, Романија (коавтор);
- 15-16.4. 2011 – „Депресијација на македонскиот денар, воведување на нов режим на девизен курс или воведување на еврото", Универзитет Овидиус, Констанца, Романија (коавтор);

- 20.5.2009 – „Влијанието на економската криза врз девизните курсеви на земјите од Централна и Источна Европа", Четврта меѓународна конференција на Универзитетот „Американ колеџ" во Скопје (коавтор);
- 19.5.2008 – „Синхронизација на монетарната политика на Република Македонија кон ЕМУ", Трета меѓународна конференција на Универзитетот „Американ колеџ" во Скопје (коавтор).

Кандидатката била ангажирана и во изготвувањето на Кварталниот извештај за македонската економија во 2011 и 2012 година, како и во изготвувањето на Извештајот за надворешна трговија на Република Македонија за 2011 година во издание на Министерството за економија на РМ и Универзитетот „Американ колеџ" во Скопје.

## ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

По проучувањето на приложената документација, Рецензентската комисја заклучи дека сите три пријавени кандидатки на конкурсот формално ги исполнуваат законските и конкурсните услови за избор во звањето помлад асистент. Сепак, со оглед на веќе стекнатото работно искуство како асистент и изборот на областа за избраното научно истражување во магистерската и во докторската теза, Комисијата е едногласна во ставот дека предноста при изборот во звањето помлад асистент на група предмети од меѓународната економија треба да и биде доделена на кандидатката м-р Елена Макревска.

Имајќи го сето ова предвид, а во согласнот со одредбите на Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, **Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, кандидатката м-р Елена Макревска да биде избрана за помлад асистент на група предмети од областа на меѓународната економија.**

## РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Ирена Кикеркова, с. р.
2. Проф. д-р Билјана Секуловска – Габер, с. р.
3. Проф. д-р Љубица Костовска, с. р.

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКОТО ПРОЕКТИРАЊЕ НА ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на 40. седница одржана на 6.9.2012 година, донесе одлука со која сме избрани за членови на Рецензентската комисија за избор на:
- асистент за група предмети од областа на архитектонското проектирање во Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје.

На распишаниот конкурс објавен во весникот „Дневник" од 17.8.2012 се пријавија два кандидата:
пријава бр. 04 - 190/1 од 21.8.2012, од м-р Саша Тасиќ, дипл.инж.арх., досегашен асистент и
пријава бр. 04 - 190/2 од 24.8.2012, од Александра Шекутковска, дипл.инж.арх.

По прегледот на поднесената документација, до Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет го доставуваме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Врз основа на прегледот на поднесената документација и врз основа на условите од Законот за високото образовани и Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, член 24 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно - научни, научни, наставно - стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и други акти на Универзитетот, Комисијата утврди дека кандидатката Александра Шекутковска не ги исполнува критериумите за избор во асистентско звање заради што понатаму не е влезена во валоризација за избор за асистент.

**М-р Саша Тасиќ, дипл.инж.арх:**
**I. Биографски податоци и работно искуство**

М-р Саша Тасиќ, дипл.инж.арх., е роден на 2.8.1972 година. Основно и средно образование (ГУЦ „Здравко Цветковски") завршил во Скопје. Со високо образование се стекнал на Архитектонскиот факултет во Скопје во 1999 година, каде што ја одбранил дипломската работа „Едносемејна станбена куќа", под менторство на проф. д-р Зорица Блажевска.

На 1.9.2000 година се вработил како помлад асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје, по предметите: проектирање на станбени згради и проектирање на објекти за колективно домување како и по предметите од продлабочената настава: архитектонско проектирање и социологија на домувањето, на кое работно место е и денес.

Постдипломски студии по архитектура и урбанизам запишал на Архитектонскиот факултет во Скопје во 2001 година.

На 17.7.2009 година го одбрани магистерскиот труд на тема „Модели и постапки за осовременување на станбените целини од периодот на Модерната на примерот

на Скопје (1945-1965)", под менторство на проф. д-р Зорица Блажевска, на Архитектонскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", и се стекна со научен степен магистер по архитектура и урбанизам.

Во 2009 година ја пријави докторската дисертација на тема „Прототипови на домување за интегрирани животни стилови", под менторство на д-р Зорица Блажевска, редовен професор, на Архитектонскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј".

Работата на кандидатот до изборот за асистент на Факултетот е рецензирана и претставена во рефератот објавена во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 755 од 13.4.2000 година, Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 833 од 15.7.2003 година и во Билтенот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје бр. 975 од 1.12.2009 година.

## II. Наставно - образовна дејност

Во периодот по изборот за асистент во 2009 година, м-р Саша Тасиќ продолжува активно да учествува во наставата по предметите во Институтот за архитектонско проектирање.

Стар наставен план:
проектирање на станбени згради, проектирање на објекти за колективно домување како и по предметите од продлабочената настава: архитектонско проектирање и социологија на домувањето.

Нов наставен план:
Архитектонско проектирање 3; Архитектонско проектирање 7/3; Архитектонско студио1,2; Архитектонско студио 5/1, 6/1; Архитектонско студио 7/1, 8/1; Интегративно студио 9.

Континуираната работа со студентите ги сублимира неговите потенцијали и активности, претставувајќи го како личност што поседува педагошки квалитети, методолошка јасност и професионално знаење. Неговиот потикнувачки однос кон студентите, темелноста, иновативноста и отвореноста го прават посакуван асистент од страна на студентите. Особено е вредно за внимание учеството на м-р Саша Тасиќ во дефинирањето на содржините и методите на работа во архитектонските студија заедно со проф. д-р Зорица Блажевска, проф. д-р Минас Бакалчев и проф. д-р Митко Хаџи Пуља:

**2010/11**
Продлабочена настава: Облакодери, за онтологијата на вертикалата, Скопје/Вардарска долина (проф. д-р Минас Бакалчев, проф. д-р Митко Хаџи Пуља).

**2009/2010, 2010/2011, 2011/2012**
Архитектонско студио 1, 2 (проф. д-р Митко Хаџи Пуља)
Архитектонско студио 5/1, 6/1,( проф. д-р Зорица Блажевска)
Архитектонско студио 7/1, 8/1 (проф. д-р Минас Бакалчев)
Интегративно студио ( проф. д-р Зорица Блажевска, проф. д-р Минас Бакалчев).

## III. Научно-истражувачка дејност

Кандидатот м-р Саша Тасиќ во научноистражувачката дејност го продолжува тематскиот интерес кон прашањата на домувањето и градот, елаборирани во ма-

гистерскиот труд „Осовременувањето на повеќесемејните станбени згради од периодот на Модерната".

Појдовната претпоставка дека архитектурата како дејствување на постојната физичка и материјална супстанција не треба да разградува туку да гради и да ги репроцесира нашите животни околини ја продлабочи и на современата плуралистичка социјална ситуација преку темата на докторатот „Прототипови на домување за интегрирани животни стилови". Во таа смисла, истражувачките архитектонски проекти од интегративните студија на Архитектонскиот факултет: Следно домување, Нови станбени типологии за Маџир маало, Скопје (2011) и Тактики за трансформирање на станбената текстура, Нова колективна форма за Ново мало, Скопје(2012), се сфатени како платформа за истражување на современите модели на домувањето и интегрираните животни стилови.

Покрај работата на докторската дисертација тој учествува во низа предавања и изложби кои ја дефинираат теоретската рамка на неговото дејствување.

**2011**
Изложба/презентација: „A Personal Manuel for Making Architecture", Gallery MC / Macedonian Center of NY (автор: Метамак - Архитектонски Колектив), Њујорк, 2011.

**2012**
Предавање на тема: Архитектура на секојдневниот живот, 16. БИМАС - Биенале на македонската архитектура МГС - Музеј на град Скопје, 2012.

**2012**
Изложба: „Architecture in the Mirror: Everyday and Sublime", национално претставување на 12. Меѓународна архитектонска изложба La Biannale Di Venezia (куратори: С.Тасиќ, А. Радевски), Венеција, 2012.

## IV. Стручно-уметничка дејност

Архитектонското творештво на м-р Саша Тасиќ, изразено преку изработка на идејни, основни, конкурсни проекти и изложби, претставува значаен сегмент од неговото професионално дејствување. Проектите се вистински медиум за проверка на теориските знаења, личните ставови и аспирации за архитектурата како форма на мислење. Тие селективно и хронолошки се претставени во периодот од 2009 до 2012.

**2009**
Идеен и основен архитектонски проект „Православен храм, црква Св. Илија", локација: Говрлево - Скопје, инвеститор: црковен одбор - Говрлево, 2008 – (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, Н. Стрезовски), (во градба).

**2009**
Учество на архитектонско-урбанистички конкурс „Хотел со пет ѕвезди во Скопје", локација: Центар – Мал Ринг (парцела 7,2) Скопје, инвеститор: Министерство за транспорт и врски (автори: М. Бакалчев, М.Хаџи Пуља, С.Тасиќ, А. Радевски, Н.Стрезовски), 2009 – откуп

**2010**
Учество на архитектонски конкурс „Пешачки мост на река Вардар", локација: Центар - Скопје, инвеститор: град Скопје (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, Н. Стрезовски, Д. Момировски), 2010

**2010**
„Learning Architecture", јавно претставено дело, национално претставување на 12. Меѓународна архитектонска изложба La Biannale Di Venezia (куратор: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља), Венеција, 2010

**2010**
Учество на архитектонско-урбанистички конкурс „Административен објект на локалната самоуправа, Карпош", локација: Карпош 3, Скопје, инвеститор: општина Карпош (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, Н. Стрезовски, Д. Момировски), 2010 – втора награда.

**2010**
Учество на архитектонско-урбанистички конкурс „Катна Гаража", локација: ул. Даме Груев, Скопје, инвеститор: град Скопје (автори: М. Бакалчев, М.Хаџи Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, Н. Стрезовски, Д. Момировски), 2010.

**2010**
Учество на архитектонско-урбанистички конкурс „Катна Гаража", локација: ул. Мито Хаџивасилев Јасмин, Скопје, инвеститор: град Скопје (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, Н. Стрезовски, Д. Момировски), 2010 – прва награда, изработка на Идеен, основен и изведбен архитектонски проект (во градба).

**2010**
Учество на архитектонско-урбанистички конкурс „Изработка на типски идејни архитектонски решенија за згради за колективно домување кои би се применувале на повеќе локации во Република Македонија и изработка на нацрт – предлог синтезен план за архитектонско урбанистичко решение за една локација", инвеститор: Министерство за одбрана на Р. Македонија, (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, М. Зиноски, Н. Стрезовски, Д. Момировски) 2010 – втора награда (прва награда не е доделена).

**2011**
Идеен и основен архитектонски проект „Семејна куќа – Вила Стојковски", локација: ул. Лазар Димитров б.б, Скопје, 2011 – (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, Н. Стрезовски, Д. Момировски), изведен објект.

**2011**
Учество на архитектонско-урбанистички конкурс „Ревитализација на Скопската тврдина Кале", инвеститор: Министерство за култура Р. Македонија (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, А. Радевски, Н. Стрезовски, Д. Момировски), 2011 – втора награда.

**2011**
Учество на архитектонско-урбанистички конкурс „Телкомуникациска кула на Водно, Скопје", инвеститор: Агенција за електронски телекомуникации (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С.Тасиќ, А. Радевски, Н.Стрезовски, Д. Момировски), 2011.

**2011**
„A Personal Manuel for Making Architecture", јавно претставено дело, национално претставување Gallery MC / Macedonian Center of NY (автор: Метамак – Архитектонски колектив ), Њујорк, 2011.

**2012**
Идеен и основен архитектонски проект за „Склад за царинска стока“, локација: општина Илинден, Скопје, 2012 – (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, Д. Момировски), изведен објект.

**2012**
„Architecture in the Mirror: Everyday and Sublime“, јавно претставено дело, национално претставување на 12. Меѓународна архитектонска изложба La Biannale Di Venezia (куратори: С.Тасиќ, А. Радевски), Венеција, 2012.

Групно јавно претставување на архитектонски дела на „АСК 2009“, МГС - Скопје, 2009; „НИЕ, 60 години Архитектонски факултет“, Скопје, Музеј на град Скопје, 2009; „15. БИМАС“ Културен центар - Мала Станица, Скопје, 2010; „АСК 2010“, МГС - Скопје, 2010; „16. БИМАС - Биенале на македонската архитектура“ на тема: Архитектура на секојдневниот живот, МГС - Музеј на град Скопје, 2012.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на приложените референци и високиот квалитет на покажаните резултати во наставно-образовната дејност, научно-истражувачката дејност и стручно-уметничката дејност, наградите, признанијата и другите дејности од пошироко значење за професијата, како и врз основа на личното познавање на кандидадот, Комисијата го изразува своето длабоко уверување дека м-р Саша Тасиќ се потврдува како личност со високи педагошки, научноистражувачки и творечки способности кој во целост ги исполнува конкурсните услови за избор во асистент.

На планот на наставно-образовната дејност, м-р Саша Тасиќ претставува личност посветена на педагогијата на архитектонскиот проект, еден од стожерите на учењето на проектот на Архитектонскиот факултет во Скопје. На планот на научноистражувачката дејност, м-р Саша Тасиќ го продлабочува дискурсот на архитектонското истражување во редефинирањето на соодносот на физичката и социјалната структура преку новите модели на интегрирано домување. На планот на стручно-уметничката дејност укажува на архитектурата како на сложен соднос и континуиран дијалог на практиката и теоријата, на занаетот и уметноста, на структурата и слободата.

Ценејќи ги покажаните вредности на кандидадот и постигнатите резултати во наведените области, Комисијата смета дека кандидатот според Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, целосно ги исполнува условите и критериумите за избор во звањето асистент. Врз основа на тоа, Комисијата има чест и големо задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, кандидадот м-р Саша Тасиќ, дипл. инж. арх., да биде избран за асистент во областа на архитектонското проектирање во Институтот за архитектонско проектирање.

Рецензентска комисија

Д-р Минас Бакалчев, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Зорица Блажевска, редовен професор, член, с.р.
Д-р Тихомир Стојков, редовен професор, член, с.р.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје
Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје

| Име и презиме на кандидатот | Наслов на прифатениот магистерски труд |
|---|---|
| Синиша Ацевски | „Застапеност на бруцелозата во популацијата на диви свињи во Република Македонија" |
| Sinisa Acevski | „Prevalence of Brucellosis in wild boar population in R. Macedonia" |

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО ШПАНСКА КНИЖЕВНОСТ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата триесетта редовна седница одржана на 7.9.2012 година, ѝ избра за членови на Рецензентската комисија за избор на еден асистент по шпанска книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

На конкурсот објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 25.8.2012 година, се пријавија кандидатите м-р Сања Михајловиќ – Костадиновска и м-р Тања Јордановска. По прегледувањето на материјалите што кандидатите ги доставија во законски утврдениот рок за пријавување на конкурсот, Рецензентската комисија го доставува до Наставно – научниот совет на Филолошкиот факултет следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Кандидат: м-р Сања Михајловиќ-Костадиновска**

**Биографски податоци:**

М-р Сања Михајловиќ - Костадиновска е родена на 9.8.1982 во Скопје. Во 2006 година ги завршила студиите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ со просечен успех 9,64 и се стекнала со стручен назив – дипломиран професор по италијански јазик и книжевност со шпански јазик и книжевност. Во текот на студирањето е корисник на стипендии и учествувала на повеќе семинари и курсеви како што се: (2004) како стипендист на шпанската влада посетувала едномесечен курс по шпански јазик во Хака, организиран од Универзитетот во Сарагоса, Шпанија; (2004) учествувала на семинар по методика организиран од италијанската влада и Универзитетот во Бриндизи; (2005) учествувала во Темпус-проект и остварила едносмесечен престој во Бари, Италија; (2005) како стипендист на италијанската влада посетувала едносмесечен курс по италијански јазик и култура во Перуџа, Италија; (2007) учествувала на едномесечен курс по шпански јазик и култура во Академија Контакто, Аликанте, Шпанија.

Во периодот 2006 - 2008 година следела мастер студии и се стекнала со мастер диплома по современа шпанска култура при Универзитетот Алкала де Енарес, во организација на виртуелниот центар Лисеус. Оваа диплома нема официјален карактер бидејќи е специфична диплома издадена од Универзитеот во Алкала.

Во периодот 2009 – 2010 година добила стипендија од шпанската влада за постдипломски студии и едногодишен престој во Мадрид, Шпанија. Се стекнала со мастер диплома по книжевни студии при Универзитетот Комплутенсе во Мадрид. Испитите ги положила со средна оценка 9,36 од максималната оценка 10. Министерството за образование и наука на Република Македонија со своето решение бр 14 – 2504/2 од 9.7.2012 година, дипломата што м-р Сања Михајловиќ ја стекна на Универзитетот Комплутенсе ја признава како документ за завршен втор циклус магистерски студии и стекнат научен степен магистер на филолошки науки од областа на општа и компаративна книжевност.

Во текот на нејзините студии од прв и втор циклус, како и во текот на нејзиниот ангажаман како демонстратор и стручњак од практиката на Филолошкиот факултет,

таа зема активно учество во организацијата и во изведбата на шпанските вечери и на театарска работилница во соработка со лекторите по шпански јазик на Филолошкиот факултет, учествува во подготовката на театарски претстави, перформанси и превод на драмски дела.

Добитник е и на втората награда за расказ на конкурсот објавен од Citybooks.

Сања Михајловиќ-Костадиновска, освен познавањето на шпанскиот јазик за кое има добиено меѓународно уверение за положен испит ДЕЛЕ на ниво C1 – C2, има исто така и значајни познавања на италијанскиот и на англискиот јазик.

**Наставно-образовна дејност**

М-р Сања Михајловиќ-Костадиновска била анагажирана на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" на Катедрата за романски јазици и книжевностти во учебните 2004/05, 2005/06, 2006/07, 2007/08, 2008/09 година како демонстратор и во учебната 2010/2011 година како стручњак од практиката.

Како демонстратор изведувала вежби по предметот современ шпански јазик 1, 2, 3 и 4, а како стручњак од практика ги изведувала вежбите по современ шпански јазик 1 и 2.

Исто така, во периодот од 2004 до 2012, м-р Сања Михајловиќ била наставник по шпански и по италијански јазик во повеќе приватни училишта за странски јазици.

**Научноистражувачка дејност**

Во текот на мастер студиите по шпанска култура при Универзитетот Алкала де Енарес, м-р Сања Михајловиќ ги положила испитите по следниве предмети: 1.*Стариот поредок. 1808-1875. Амадео де Сабоја и Првата Република; 2.Од враќањето на монархијата до егзилот на Алфонсо XIII; 3.Од Втората Република до денес; 4. Политички институции и уредувањето на автономните општини; 5. Економска историја на Шпанија и меѓународните односи; 6. Социјални структури и идентитети; 7. Урбан свет – рурален свет. Имиграција; 8. Големиот и малиот екран. Кино и медиуми; 9. Театар, танц и музика; 10. Сликарство и големите шпански музеи; 11. Скулпторство и архитектура; 12. Усна литература; 13. Поезија и роман; 14. Испанска литература на другите официјални јазици*. Завршниот труд на овие мастер студии го изработува на тема "Минатото, меморијата и идентитетот во првите два романи на А.М. Молина: *Беатус иле* и *Зимата во Лисабон*." Во овој труд кандидатката ги споредува двете дела на Молина преку анализа на односот помеѓу главните машки и женски ликови. Притоа се прави обид, во отсуството на женскиот лик, при прекинатиот дијалог со неа и поради односот кон споменот за неа (негирање или фетишизирање) да се препознае алузијата на прекинатиот дијалог меѓу сегашноста и минатото. Минатото свесно се потиснува и постои табуизирање на колективната меморија врзана со поствоениот период. Ваквиот прекин на дијалогот со жената кај главните машки ликови резултира со самотија, несигурност, губење на идентитетот, а кај два лика тоа е ескплицитно прикажано, при што настанува целосна замена на идентитетот. Женскиот лик и во двата романа е прикажан како идеализирана "фатална жена", "жена-дух" која, исто како и историјата и личното минато, може да се спаси од заборавот ако продолжи да постои во фикцијата. Во овие два романа отсуствува идеолошкиот дискурс типичен за поствоените романи и, иако не припаѓа на некое далечно минато, тој добива одредена митска димензија.

Во текот на мастерот по книжевни студии на Универзитетот Комплутенсе во Мадрид, м-р Сања Михајловиќ ги слушала и ги полагала следниве испити: *1. Теорија и структура на литературниот јазик (Семинарска работа на тема од романот*

*"Цудита" од каталонскиот автор Франсеск Трабал и критика на романот "Вертикално патување" од шпанскиот автор Вила-Матас); 2. Компаративна книжевност: принципи и методи (Семинарска работа: споредба помеѓу шпанскиот роман "Жолтиот дожд" од Хулио Љамасарес и "Последните селани" од П.М. Андреевски); 3. Примери од книжевната теорија и критика; 4. Литературата и пластичните уметности: од Средниот век до XVIII век (Семинарска работа на тема рецепцијата на Дон Кихот низ вековите преку анализа на илустрациите во различни изданија); 5. Шпанската литература и жените (Семинарска работа за романот "Ништо" од шпанската авторка Кармен Лафорет); 6. Литература и филм (Семнарска работа. Анализа на романот "Зимата во Лисабон" од шпанскиот автор Антонио Муњос Молина преку споредба со неговата филмска адаптација и други филмски дела); 7. Патувањето и неговите текстови; 8. Читања и надтекстови на грчко-латинската литература; 9. Споредени книжевности на Иберијскиот полуостров (Семинарска работа: обработка на романот "Плоштадот на дијамантот" од каталонската авторка Мерсе Родореда); 10. Библиски теми и мотиви во европските литератури (Семинарска работа на тема: Егзилот и ветената земја во шпанскиот роман "Гласовите од Теснецот").* Завршниот труд на овие мастер студии Михајловиќ го изработува на тема "Миграции Исток-Запад, од периферијата кон центарот и од центарот кон периферијата. Обликот на градот Мадрид во романот *Бугарските љубовници* и на градот Скопје во романот *Снегот во Казабланка.*" Во овој магистерски труд кандидатката поаѓа најпрвин од симболичката граница што ги дели Западна и Источна Европа на две Европи - едната богата, раскошна и полна можности, а другата сиромашна и заостаната, како и од двете стереотипни претстави кои за себе ги имаат жителите на едниот и другиот "блок". Овие стереотипи во двата романа отпрвин се потрдуваат, за потоа да се релативизираат и демистифицираат. Двата романа зборуваат за миграцискиот феномен кон новата "ветена земја" – Западот. Иако се посветуваат поглавја и на имаголошкиот аспект во двата романи, односно на перцепцијата на "другиот" и автоперцепцијата под влијание на некои скаменети претстави на "другиот", главната анализа и споредба на овие два романа тргнува од просторот како категорија и се служи главно со терминот на Марк Ауже за постомодерното "не-место". Притоа авторката настојува да покаже дека и во двата романа сликата за урбаниот простор е фрагметирана и во неа ликот, кој е во постојано движење, не успева да го изгради својот идентитет.

Во 2010 година м-р Сања Михајловиќ се запишала на трет циклус докторски студии на Универзитетот Комплутенсе во Мадрид и има пријавено докторска теза на тема: "Градот Мадрид како мултикултурен простор низ наративни и филмски текстови" под менторство на проф. Еухениа Попеанга и ко-менторство на проф. Соња Стојменска Елсезер од Институтот за македонска литература.

М-р Сања Михајловиќ-Костадиновска учествувала на следниве семинари, симпозиуми и конгреси:

2011 - учество со свој реферат на семинарот "Ибероафрикански литератури" на Филолошкиот факултет "Блаже Конески", и организатор и координатор на истиот семинар;

2010 - учество со есејот *Преку езерото - од физички до (не)човечки бариери* на Меѓународниот конгрес на тема *Просторите и текстовите во прогонство,* организиран од мастерот за книжевни студии на Универзитетот Комплутенсе во Мадрид;

2010 – учество на семинарот организиран од мастерот за книжевни студии при Универзитетот Комплутенсе во Мадрид на тема *Патувањето низ градот: ликови и гласови на урбаното;*

2010 - сертификат за присуство како слушател на Меѓународниот конгрес за популарна литература и масовна култура, организиран од Центарот за општествени и социјални науки, Мадрид;
2007- учество на еднодневна конференција за шпанската авангардна уметност и литература во соработка со лекторите по шпански јазик при Катедрата за романски јазици и книжевности, Филолошки факултет.

М-р Сања Михајловиќ-Костадиновска ги има објавено и следниве трудови:

1. MIHAJLOVIK KOSTADINOVSKA, Sanja (2011): "Madrid: centro, periferia, subterráneo. Desmitificando una ciudad desde la mirada clandestina" [en línea]. Во елктронското списание: *Ángulo Recto. Revista de estudios sobre la ciudad como espacio plural,* vol. 3, núm. 1, pp. 117-133. http://www.ucm.es/info/angulo/volumen/Volumen03-1/varia03.htm. ISSN: 1989-4015.
2. MIHAJLOVIK KOSTADINOVSKA, Sanja (2012) "Centros, periferias. Migraciones inter/intraurbanas en la literatura", Editorial Académica Española, ISBN 978-3-8473-5667-7.

**Стручно-апликативна дејност**

М-р Сања Михајловиќ-Костадиновска е исто така автор и на повеќе преводи како што се: (2011) преведувач и координатор на Работилницата за превод на македонска поезија на шпански јазик организарана од македонскиот ПЕН-центар; (2009) превод на македонско-шпански разговорник за издавачката куќа „Топер"; (2008) превод на македонско-шпански разговорник во издание на „Просветно дело"; (2007) превод од шпански на македонски на *Основен атлас на водата* за издавачката куќа „Просветно дело".

Од 2006 година наваму, таа е и овластен судски преведувач и се занимава и со консекутивен и симултан превод на конференции, семинари и деловни средби од кои би спомелале само некои: (2010) симултан превод на Генералното собрание на АКТЕ, во организација на Конгресен сервисен центар; (2008) консекутивен превод од македонски на шпански и обратно на семинар на тема "Имотно оданочување"; (2007) симултан превод од македонски на шпански и обратно на семинар во организација на ОБСЕ, на тема "Искуствата на Омбудсманот со лицата лишени од слобода и правата на жената" итн.

Во 2011 година следи предавања и добива сертификат за присуство од Светскиот виртуелен конгрес на професори по шпански јазик во организација на Институтот Севантес.

Во 2010 година ја следи и обуката во „Алгоритам центар" на тема „Современи и креативни методи во наставата".

**Кандидат: м-р Тања Јордановска**

**Биографски податоци:**

М-р Тања Јордановска е родена на 10.9.1974 година. Во 1998 година дипломирала на Филозофскиот факултет во Скопје при Институтот за историја на уметност со археологија и се стекнала со стручен назив - дипломиран историчар на уметноста. Во 2004 година се стекнала со уверение за положени испити за втор главен предмет - шпански јазик под „Б" (тригодишни студии) коишто ги слушала и ги полагала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески". Во 2009 година на Институтот за педагогија

(насока: образование на возрасни) при Филозофскиот факултет го одбрани магистерскиот труд на тема „Практична обука во средните стручни училишта со четиригодишно траење“ и се стекнала со научен степен-магистер на педагошки науки според кредит-системот со средна оценка 9,50. Ги владее и следниве јазици: англиски јазик (писмен и устен), шпански јазик (писмен и устен), италијански јазик (писмен) и во моментов го изучува албанскиот јазик.

**Наставно-образовна дејност:**

М-р Тања Јордановска има остварено значајно наставно и професионално искуство, и тоа: наставник по историја на уметност во ПЕКСНАС; наставник по драмска и театарска уметност во истиот проект; наставник по шпански јазик во неколку школи за странски јазици.

Од 2004 започнува нејзиниот наставен ангажман во QSI Интернационално училиште во Скопје, а во периодот од септември 2006 до јули 2011 година била ангажирана како професор по шпански јазик во истото училиште. Таа ги извршувала следниве работни задачи: професор по шпански јаик на групи од петгодишна возраст до четврта година средно образование; наставник-асистент во трето, четврто и петто одделение; наставник на група предмети, пред сé, од областа на општествените науки. Поседува сертификат за завршена професионална обука во училиштето QSI.

**Научноистражувачка дејност:**

М-р Тања Јордановска е коавтор (заедно со Огнена Никуљски) на првиот учебник по шпански јазик за средно стручно училиште:

- *¡Hablemos español!1* (учебник за шпански јазик со вежби за пишување)/ Огнена Никуљски, Тања Јордановска - Скопје: Просветно дело, 2004.

Кандидатката е исто така автор и на две лексикографски изданија:

- *Македонско-шпански разговорник: со изговор = Macedonio-español guía de conversación: con pronunciación*/составувач Тања Јордановска. – Штип: Венеција, 2002.
- *Español-macedonio macedonio-español diccionario:con gramatica* = Шпанско-македонски македонско-шпански речник: со граматика/ Тања Јордановска. – Штип, Венеција, 2003.

**Стручно-апликативна дејност:**

М-р Тања Јордановска учествувала на повеќе семинари и обуки:

- завршен еднодневен семинар „Самостоен маркетинг за вработување и генерирање идеи за започнување на сопствен бизнис“, во авторизираниот центар за Образование по менаџмент МОТИВА;
- учество на семинар CLIL (Content and language Integrated learning), организиран од Британскиот совет;
- учество на работилницата „Како да се спречи злоупотребата врз децата“ во ОУ „ Дане Крапчев“ во Скопје;
- учество на трибини со наслов „Заштита на елчектронски податоци“ и „Емоционална интелегенција“, одржани во општина Гази Баба.

Кандидатката Јордановска исто така извршила превод на книги од англиски на македонски јазик за „Арс студио“ во периодот од јануари до октомври 2011 година во рамките на проектот на Владата за превод на 1000 стручни книги. Ги превела книгите: *Trade and Payments*, E. Kejvs, Jeffrey A. Frankel, Roland Tues Jones; *Introducing Anthropology*, Michael Alan Park; *Building environment*, Vaughn Bradshaw, P.E; *Heating, Cooling, Lighting*, Norbet Lecher.

М-р Јордановска е, исто така, овластен судски преведувач од македонски на англиски и шпански јазик и обратно.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесените податоци и сознанијата до кои дојде Рецензентската комисија при прегледувањето на конкурсните материјали, може да се заклучи дека кандидатката м-р Сања Михајловиќ ги исполнува условите пропишани според конкурсот за прием на еден асистент по шпанска книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Таа има завршено во Шпанија академски студии од втор циклус од соодветното научно подрачје – филолошки науки/наука за книжевноста и има долгогодишно работно искуство како демонстратор и како стручњак од практиката во високообразовна институција. Таа е, исто така, запишана и на докторски студии на Универзитетот Комплутенсе во Мадрид со прифатена тема за изработка на докторската дисертација во која се применуваат културолошкиот, поетичкиот и интермедијалниот пристап. Нејзините објавени научни трудови во странски списанија, како и рефератите и прилозите со кои таа учествувала на меѓународни научни собири, јасно укажуваат на нејзиниот научен интерес во доменот на шпанската книжевност и култура, како и на едно настојување да практикува компаративен истражувачки приод помеѓу делата на шпанската и на македонската литература.

Кандидатката м-р Тања Јордановска своите академски студии од втор циклус ги реализирала во доменот на педагошките науки, а не во доменот на филолошките науки. Иако поседува значајно наставно искуство, нејзиниот научен и стручно-апликативен интерес оди во насока на лексикографски и наставно-методолошки истражувања и остварувања од областа на шпанскиот јазик. На тој начин, таа во ниту еден сегмент не го изведува своите истражувања во доменот на шпанската книжевност.

Врз основа на сето погоре изнесено, членовите на Рецензентската комисија имаат чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да ја избере кандидатката Сања Михајловиќ-Костадиновска за асистент по шпанска книжевност на Катедрата за романски јазици и книжевности при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Петар Молов, доцент, с.р.
   Универзитет во Софија (Р. Бугарија)

2. Д-р Лидија Капушевска-Дракулевска, редовен професор, с.р.
   на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје

3. Д-р Елисавета Поповска, вонреден професор, с.р.
   на Филолошкиот Факултет„Блаже Конески“ во Скопје

Скопје, 28.9.2012

REPORT

FOR SELECTION OF ASSISTANT OF SPANISH LITERATURE

AT "BLAZHE KONESKI"FACULTY OF PHILOLOGY

"Ss. CYRIL AND METHODIUS" UNIVERSITY IN SKOPJE

The Scientific and Teaching Council of "Blazhe Koneski" Faculty of Philology at "Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje, during its thirtieth regular session, held on 07.09.2012, elected us to be members of the Peer Review Commission for the selection of one assistant of Spanish Literature at "Blazhe Koneski" Faculty of Philology, Skopje.

The candidates MA Sanja Mihajlovikj-Kostadinovska and MA Tanja Jordanovska applied to the competition announced in the daily newspaper "Nova Makedonija" on 25.08.2012. After reviewing the documents submitted by the candidates, within the legally determined deadline, for the competition, the Peer Review Commission submits the following report to the Scientific and Teaching Council of the Faculty of Philology

**REPORT**

**Candidate: MA Sanja Mihajlovikj-Kostadinovska**

**Biographical data:**

MA Sanja Mihajlovikj-Kostadinovska was born on 09.08.1982 in Skopje. In 2006 she finished her studies at the "Blazhe Koneski" Faculty of Philology with GPA score of 9.64 and acquired the professional title – graduated professor of Italian Language and Literature with Spanish Language and Literature. During the studies she was beneficiary of a scholarships and participated in several seminars and courses, such as: (2004) participated as a scholarship holder of the Spanish government in a one-month course for Spanish language in Haka, organized by the University of Saragosa, Spain; (2004) participated in a methodology seminar organized by the Italian government and the University of Brindizi; (2005) participated in a Tempus project and followed one month stay in Bari, Italy; (2005) participated as a scholarships holder of the Italian government in a one-month course for Italian language and culture in Perugia, Italy; (2007) participated in a one-month course for Spanish language and culture in Academia Contact, Alicante, Spain.

In the period 2006-2008 she followed master studies and acquired the MA diploma in Modern Spanish Culture at the University of Alcalá de Henares in the organization of the virtual centre Liseus. This diploma is not of official character, because it is a diploma issued by the University of Alcalá.

In the period 2009-2010, she was granted scholarship by the Spanish government for graduate studies and one-year stay in Madrid, Spain. She obtained MA diploma in Literature studies at the University of Complutense in Madrid. She passed her exams with GPA score of 9.36 out of 10. The Ministry of Education of the Republic of Macedonia with its decision No. 24-2504/2 from 09.07.2012, recognized the diploma, acquired at the University of Complutense, of MA Sanja Mihajlovikj as a document for completed second cycle of master studies and acquired scientific degree of MA in Philology in the area of General and Comparative Literature.

During her studies from first and second cycle, as well as during her contract as Junior Teaching Assistant and Expert Practitioner at the Faculty of Philology, she actively participated in the organization of the Spanish Evenings and Theatre Workshop, and with lectors of Spanish language at the Faculty of Philology participated in the preparation of theatre plays, performances and translation of theatre works.

She is winner of 2nd prize for short story competition published by Citybooks.

Sanja-Mihajlovikj-Kostadinovska, apart from knowledge of Spanish language, for which she has obtained international certificate for passed DELE exam with C1-C2 level, has knowledge of Italian and English language.

**Teaching and Educational activity**

MA Sanja Mihajlovikj-Kostadinovska worked as a Junior Teaching Assistant at the "Blazhe Koneski" Faculty of Philology for the period 2004/2005, 2005/2006, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, and as a Expert Practitioner for the Academic year 2010/2011.

As a Junior Teaching Assistant she held practical exercises for the subject Spanish language 1,2,3, and 4, and as a Expert Practitioner she held practical exercises for Spanish language 1 and 2.

In the period 2004-2012, MA Sanja Mihajlovikj was, also, Spanish and Italian Language teacher at several private schools for foreign languages.

**Research work**

During her master studies of Spanish Culture at the University of Alcalá de Henares, MA Sanja Mihajlovikj passed the following exams: 1.*The Old Order 1808-1875. Amadeo de Saboya and the First Republic;* 2. *From the Return of Monarchy to the Exile of Alfonso XIII;* 3. *From the Second Republic until Today;* 4. *Political Institutions and the Regulation of the Autonomous Municipalities;* 5. *Economic History of Spain and International Relations;* 6. *Social Structures and Identities;* 7. *Urban World – Rural World. Immigration;* 8. *The Big and Small Screen. Cinema and Media;* 9. *Theatre, Dance and Music;* 10. *Painting and the Great Spanish Museums;* 11. *Sculpture and Architecture;* 12. *Oral Literature;* 13. *Poetry and Novel;* 14. *Hispanic Literature of the Other Official Languages.* The final paper of these master studies is on topic: "Past, Memory and Identity of the First Two Novels of A.M. Molina: *Beatus Ille and Winter in Lisbon.*" The candidate, in this paper, compares the two works of Molina via analysis of the behavior between the male and female protagonists. In absence of female character during the interrupted dialogue with her and the relation of the memory toward her (negation and fetishism), there is an effort to recognize allusion of the interrupted dialogue of the past and present. The past is consciously suppressed and there is tabooing of the collective memory related to the postwar period. This interruption of the dialogue with the female results with solitude, insecurity, lost of identity with the two male characters, whereas with the female characters this is explicit. Therefore, this is causing complete switch of identity. In both novels the female characters is shown as romanticized "fatal woman", "woman-spirit". She can be saved from oblivion, as in history and personal past, if it continues to exist in the fiction. In these two novels, there is absence of the ideological discourse typical for the postwar novel. Even though, it is not part of a distant past, it acquires certain mythical dimension.

During her master of Literary Studies at the University of Complutense in Madrid, MA Sanja Mihajlovikj followed and passed the following exams: *1. Theory and Structure of the Literary Language (Seminar paperwork from the novel "Judita" by the Catalan writer*

*Francesc Trabal and critics of the novel "Vertical Journey" by the Spanish author Vila-Matas); 2. Comparative Literature: Principles and Methods (seminar paperwork: comparison between the Spanish novel "Yellow Rain" by Julio Llamazares and the novel "The Last Villagers" by P.M. Andreevski); 3.Examples of the Literary Theory and Critics; 4. The Literature and the Plastic Arts: From Medieval Age to XVIII century (seminar paperwork on "The reception of Don Quixote throughout the centuries via analysis of the illustrations in different editions"); 5. The Spanish Literature and the Women (seminar paperwork on the novel "Nada" by the Spanish writer Carmen LaForet); 6. Literature and Film (seminar paperwork on the novel "Winter in Lisbon" by the Spanish writer Antonio Muñoz Molina. Analysis of the novel via comparisons of his film version with the versions of other film works); 7. Travelling and its Texts; 8. Readings and Supratexts of the Greek and Latin Literature; 9 .Comparative Literatures at the Iberian peninsula (seminar paperwork: elaboration of the novel "The Diamond Square" by the Catalan writer Mercè Rodoreda); 10.Biblical Themes and Motives in the European Literatures (seminar paperwork on topic "The Exile and the Promised Land in the Spanish Novel 'The Voices of the Strait' ".* The final paper of Mihajlovikj, for these master studies, is on topic: "East-West Migrations, from the periphery to the centre, and from the centre to the periphery; The shape of the city of Madrid in the novel *Bulgarian Lovers* and the shape of Skopje in the novel *The Snow in Casablanca.* The candidate in this master thesis as a starting point uses the symbolical border that divides Western and Eastern Europe – one rich, glittering and full of possibilities, whereas the other poor and rudimentary, as well as the two stereotypes by the residents of the two "blocks". In the beginning, these stereotypes, in both novels, are confirmed, for later to be relativized and demystified. Both novels describe the migration phenomenon towards the new "promised land"-the West. The main analysis and comparison of these two novels starts from the space as a category and mainly uses the term of Marc Augé for the postmodern "not-place". There are, also, chapters dedicated to the imagological aspect of both novels, i.e. the perception of the "other" and the autoperception under the influence of several fixed images of the "other". The author makes efforts to show that in both novels the picture of the urban area is fragmented, and in it, the character, which is in permanent movement, fails to create its identity.

In 2010, MA Sanja Mihajlovikj enrolls in third cycle doctorate studies (PhD studies) at the University of Complutense in Madrid and submitted PhD thesis on topic "The City of Madrid as Multicultural Place via narrative and film texts" under the mentorship of Prof. Eugenia Popeanga and co-mentorship of Prof. Sonja Stojmenska Elsezer of the Institute for Macedonian Literature.

MA Sanja Mihajlovikj-Kostadinovska participated on the following seminars, symposia and congresses:

2011 – Participation in the seminar "Iberian and African Literatures" at "Blazhe Koneski" Faculty of Philology with her paper, as well as coordinator and organizer of the seminar.

2010 – Participation in the International Congress on topic *Areas and Texts in Exile,* organized by the Master of Literary Studies at the University of Complutense in Madrid, with the essay *Across the Lake – from physical to (in)humane barriers.*

2010 – Participation in the seminar organized by the Master of Literary Studies at the University of Complutense in Madrid on topic *Journey through the city: figures and voices of the urban.*

2010 – Certificate for attendance at the International Congress on Famous Literature and Popular Culture, organized by the Centre for Human and Social Sciences, Madrid.

2007- Participation in the one-day conference on Spanish Avant-garde Art and Literature in cooperation with the Spanish language lectors of the Department for Romance Languages of the Faculty of Philology.

MA Sanja Mihajlovikj-Kostadinovska has published the following works:

1. MIHAJLOVIK KOSTADINOVSKA, Sanja (2011): "Madrid: centro, periferia, subterráneo. Desmitificando una ciudad desde la mirada clandestina" [en línea]. Во елктронското списание: *Ángulo Recto. Revista de estudios sobre la ciudad como espacio plural,* vol. 3, núm. 1, pp. 117-133. http://www.ucm.es/info/angulo/volumen/Volumen03-1/varia03.htm. ISSN: 1989-4015
2. MIHAJLOVIK KOSTADINOVSKA, Sanja (2012) "Centros, periferias. Migraciones inter/intraurbanas en la literatura", Editorial Académica Española, ISBN 978-3-8473-5667-7

**Professional and application activity**

MA Sanja Mihajlovikj-Kostadinovska is also author of several translations, such as: (2011) Translator and coordinator of the workshop for translation of Macedonian poetry into Spanish, organized by the Macedonian P.E.N.-Centre; (2009) translation of the Macedonian-Spanish phrase book for the publishing company "Toper"; (2008) translation of the Macedonian-Spanish phrase book fro the publishing company "Prosvetno Delo"; (2007) translation from Spanish into Macedonian of the *Basic Atlas for Water* for the publishing company "Prosvetno Delo".

From 2006, she is authorized court translator. She also works as consecutive and simultaneous interpreter at conferences, seminars, business meeting. The following interpretations are just a few of them. (2010) Simultaneous interpreter at the General Assembly of AKTE, organized by Congress Service Centre; (2008) Consecutive interpreter from Macedonian into Spanish and vice verse at a seminar on "Property Taxation"; (2007) Simultaneous interpreter from Macedonian into Spanish and vice versa at a seminar organized by OSCE on "Ombudsman experience of the people deprived of freedom and women's rights", and etc.

In 2011, she followed lectures and obtained certificated for attendance at the World Virtual Congress of professors of Spanish language, organized by Cervantes Institute.

In 2010, she follows the training in Algoritam Centre on "Modern and Creative Methods in Teaching".

**Candidate: MA Tanja Jordanovska**

**Biographical data:**

MA Tanja Jordanovska was born on 10.09.1974. In 1998, she graduated at the Faculty of Philosophy in Skopje at the Institute of History of Art with Archaeology, and acquired a professional title – graduated Historian of Art. In 2004, she acquired certificate for passed exams of Second Major subject – Spanish language as B-Language (three-year studies). She followed the studies and passed exams at "Blazhe Koneski" Faculty of Philology. In 2009, at the Institute of Pedagogy (module, Adult Education), from the Faculty of Philosophy, she defended her Master thesis on "Practical Education in the Four-year Vocational High Schools". According to the credit system, she acquires the title Master in Pedagogical Sciences with GPA score of 9.5. She also is fluent in the following languages: English

(written and spoken), Spanish (written and spoken), Italian (written and spoken), and she is in the process of studying the Albanian language.

**Teaching and Educational Activity:**

MA Tanja Jordanovska has obtained significant teaching and professional experience: History of Art teacher at PEKSNAS; Drama and Theatre Art teacher at PEKSNAS; Spanish language teacher for several schools for foreign languages.

From 2004, she started her teaching employment in QSI, International school in Skopje, and from 2006 to 2011 was employed as Spanish language professor at the same school. As a professor, she performed the following tasks: Spanish language professor of groups from 5 years to 4th grade in high school; teaching assistant in third, fourth and fifth grade; teacher of group of subjects in the area of human sciences. She has a certificate for completed professional training in QSI School.

**Research Work:**

MA Tanja Jordanovska is co-author (with Ognena Nikuljski) of the first textbook of Spanish language for vocational high school:

- *¡Hablemos español!1* (textbook for Spanish language with writing exercises)/ Ognena Nikuljski and Tanja Jordanovska – Skopje: Prosvetno Delo, 2004.

The candidate is also author of two lexicographical editions:

- *Macedonian-Spanish phrase book with pronunciation = Macedonio-español guía de conversación: con pronunciación/*author Tanja Jordanovska – Shtip: Venecija, 2002.
- *Español-macedonio macedonio-español diccionario:con gramatica* = Spanish-Macedonian, and Macedonian-Spanish dictionary with grammar/Tanja Jordanovska – Shtip, Venecija, 2003.

**Professional and application activity:**

MA Tanja Jordanovska participated in several seminars and trainings:

- She completed one-day seminar on "Individual marketing for employment and generating ideas for starting own business", in the authorized centre for Management Education, "MOTIVA";
- She participated in the seminar CLIL (Content and Language Integrated Learning) organized by British Council;
- She participated in the workshop "How to prevent child abuse?" in Primary School "Dane Krapchev" in Skopje;
- She participated in the forum on "Electronic Data Protection" and "Emotional IQ" supported by the Municipality of Gazi Baba.

In the period January – October 2011, within the government project "Translation of 1000 scientific books", the candidate Jordanovska translated books from English into Macedonian for Ars Studio. She translated the books: *Trade and Payments*, E. Kejvs, Jeffrey A. Frankel, Roland Tues Jones; *Introducing Anthropology*, Michael Alan Park; *Building environment*, Vaughn Bradshaw, P.E; *Heating, Cooling, Lighting*, Norbet Lecher.

MA Jordanovska is, also, authorized court translator from Macedonian into English and Spanish, and vice versa.

## CONCLUSION AND PROPOSAL

On the basis of the previously stated data and findings, obtained by the Peer Review Commission, and during the process of reviewing the competition documents, it can be concluded that the candidate MA Sanja Mihajlovikj meets the conditions stipulated by the competition for hiring an assistant of Spanish Literature at "Blazhe Koneski" Faculty of Philology in Skopje. She has completed second cycle academic studies in Spain in the appropriate scientific field – philological sciences/science of literature and has a long standing experience as Junior Teaching Assistant and as Expert Practitioner in a tertiary education institution. She is, also, enrolled in doctorate studies (PhD studies) at the University of Complutense in Madrid, with approved thesis for the preparation of the PhD dissertation, where the cultural, poetic and intermedia approach is applied. Her published works in foreign magazines, as well as papers and appendices with which she has participated in international scientific meetings, clearly points to her scientific interest in the field of the Spanish literature and culture, as well as endeavor to practice comparative research approach between the works of the Spanish and Macedonian literature.

The candidate MA Tanja Jordanovska completed her second cycle academic studies in the field of the pedagogical sciences, and not in the field of the philological sciences. Although, she has significant teaching experience, her scientific and professional application interest is in the area of lexicographical, and teaching and methodological research and accomplishments from the field of Spanish language. Thus, her research in no segment is performed in the field of Spanish literature.

On the basis of the abovementioned, the members of the Peer Review Commission have the honor and pleasure to propose to the Scientific and Teaching Council of the Faculty of Philology to select the candidate Sanja Mihajlovikj-Kostadinovska as Assistant to Spanish Literature at the Department of Romance Languages and Literatures, at "Blazhe Koneski" Faculty of Philology in Skopje.

PEER REVIEW COMMISSION

1. PhD Petar Molov, Assistant Professor
   from Sofia University (Republic of Bulgaria)

   ____________________
2. PhD Lidija Kapushevska-Drakulevska, Full-time Professor
   at the Faculty of Philology, Skopje

   ____________________
3. PhD Elisaveta Popovska, Associate Professor
   at the Faculty of Philology, Skopje

   ____________________

Skopje, 28.09.2012

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО НАСТАВНАТА ДИСЦИПЛИНА АКТЕРСКА ИГРА СО ПОЗНАВАЊЕ НА ТУРСКИ ЈАЗИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

На конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник", од 15 јуни 2012 година, за избор на еден наставник во сите звања по наставната дисциплина актерска игра со познавање на турски јазик на ФДУ, како единствен кандидат се пријави досегашниот вработен на наведениот предмет, вонр.проф.м-р Елјеса Касо.

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на 32. седница одржана на 15.10.2012 година со одлука број 0202-622/2-2 одреди Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања по наставната дисциплина актерска игра со познавање на турски јазик, во состав:

1. **ред. проф. м-р Рефет Абази**
2. **ред. проф. Јорданчо Чевревски**
3. **ред. проф. д-р Јелена Лужина.**

Врз основа на приложената документација на кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ

Елјеса Касо е роден 1961 година во Гостивар, каде што завршил основно и средно образование. На Одделот за драмски актери при Факултетот за драмски уметности се запишал во учебната 1980/81 година. Дипломирал на 29 јуни 1985 година со просечна оценка 8,81, во класата на проф. Владимир Милчин.

Како студент настапувал во претстави на Турската драма при театарот на народностите и на Драмата на Македонскиот народен театар. Бил член на алтернативната Театарска работилница ФФ и на театарската група „Пралипе", со кои учествувал на низа фестивали во земјата и во странство.

Како стипендист на Турската драма, Елјеса Касо добил редовен ангажман во тој ансамбл во кој, главно, ја реализира својата успешна актерска кариера. Учествувал во осумдесетина премиерни изведби, најчесто во главни улоги, во режија на реномирани режисери од Македонија, од поранешните јужнословенски републики и од Турција. При гостувања на реномирани режисери од Турција (Јуџел Ертен, Кенан Ишик), освен тоа што играл главни улоги, Елјеса Касо бил и асистент на режијата, што претставувало можност за продлабочување на неговите знаења за театарот.

Учебната 1987/88 година Елјеса Касо ја поминал на специјализација на сценскиот говор на Државниот конзерваториум за театарска уметност во Анкара.

Актерските остварувања на Елјеса Касо наидуваат на позитивни одгласи кај критиката и публиката и тој израсна во водечки актер на ансаблот на Турската драма и еден од водечките актери од неговата генерација кај нас.

Првата награда Касо ја добил на Театарските игри „Војдан Чернодрински", Млад актер за 1991 година, за улогата на Дервишот во „Картонска кутија" од И. Бељур, во режија на Бранко Брезовец. За Рогожин во „Идиот" од Достоевски, во режија на Бранко Ставрев, Елјеса Касо добил награда за најдоброто актерско остварување на Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински" во 1998, а за Ибрахим во „Лудиот Ибрахим" од Т. Офлазоглу, во режија на Владимир Милчин, наградата за најдобро актерско остварување на Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински" во 1999 година.

## УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Од дипломирањето до сега има одиграно некаде околу осумдесетина улоги на сцените на НУ турски театар-Скопје, Драмски театар-Скопје, Армиски театар-Софија, Битолски театар, Театар Лимунае во Фиренца–Италија, Театар Турски во Марсилја-Франција, од кои повеќето му се главни и централни улоги: Аслан, „Мостот на честа" од Хасан Мерџан, режија: Н.Пановски, 1984; Затвореник, „Проклета авлија" од Иво Андриќ, режија: Љ.Ѓеоргиевски, 1985; Тонко, „Чешел" од Фадил Хаџич, режија: Ацо Алексов, 1985; Шерифот, „Том Соер", од Марк Твен, режија: Шерафетин Неби, 1985; Ќани 1, „Рашела" од

Шерафетин Неби, режија: Н.Пановски, 1985; Виктор Горбов, „Пипа-Ритам" од В.Плавевски, режија: Р.Бурхан, 1986; Јалчин, „Малите големи љубови" - Б.Беговска, Д.Христов, 1986; Јованка, „Протекција" од Б.Нушиќ, режија: Б.Ставрев, 1986; Маскиран маж, „Јерма" од Ф.Г.Лорка, од Б.Ѓорчев, 1986; Млад инкасатор, „Убиј ме, душичке" од А.Несин, режија: С.Билал, 1986; Оливер Тимиди, „Капетан Џон Пиплфокс" од Д.Радович, режија: К.Ангеловски, 1987; Стојан, „Коштана" од Б.Станкович, режија: Ќ.Лила, 1987;Ибн Теваб, „Дневник на стравот" од Џеват Карахасан, режија: А.Сопи, 1988; Ленокс „Магбет" од В.Шекспир, Р.Бурхан, 1988; Мирза „Белото Циганче" од В. Подгорец, режија: А.Алексов, 1989; Клемент, „Клементовиот пад" - Д.Јанчар, режија: Ќ.Лила, 1989; Писателот „Кавкаски круг со креда" - Б.Брехт, Ј.Ертен, 1989, и помошник на режисерот; Мажот, „Клинч" - Г. Стефановски, режија: колективна, 1989; Затвореник, „Живко живее, не живее" - А.Несин, режија: Ќ.Ишик, 1990, и помошник на режисерот; Џон „Остров" - А. Фугард, режија: Ј.Ертен, 1990; Дервиш, „Картонска кутија" - И.Белур, режија: Б. Брезовец, 1991; Јунус Емре, „Јунус Емре" - Р.Билгинер, режија: Р.Алниачик, 1991; Полифон, „Смртта на Питија" М.Стеванович, 1992; Фаз'л, „Мајка Елиф" - Т.Офлазоглу, режија: Ќ.Лила, 1992; Џон, „Зошто" од Ш.Спасе, режија: Серафин Фанко, 1992; Сатилмиш, „Стари фотографии" Д.Сумер, Д.Наумовски и помошник на режисерот, 1992; Ахмет III, „Ве молиме, не допирајте" од Х. Танер, режија: И.Хурмузлу и помошник на режисерот, 1993; Сликар, Продавач на плочи, Хамлет, режисер: „Шабан спасител на татковината" Х.Танер, режија: З.Сипахи, 1993; Елјеса, „Дас капитал" - Б.Димитров и С.Миленковски, режија: С.Миленковски, 1993; Кореографот, Продавачот, Докторот, Газдата „Балерината" - В.Плавевски, режија: Б.Брезовец, 1994; Војдан, „Тетовирани души" - Г.Стефановски, режија: В.Христов, 1994; Ќелавиот Мехмет, „Ќелавиот Мехмет" - У.Тамер, режија: Ќ.Лила, 1994; Кочкарјов, „Женидба" - Н.Гогол, А.Алексов, 1994; Султанот, „Будење" - Б.Беговска, режија: Д. Наумовски, 1994; Хамлет, „Кралот Хамлет" - Шекспир, од Виткијевич и Плавевски, режија: Б.Брезовец, 1995; Али, „Празна колевка" - Н. Џумали, С. Билал, 1996; Ахмет Фехим, „Итрата жена на улавиот маж" - Х. Танер, режија: З. Сипахи, 1996; Човекот, „Како да се спаси Асие", 1996; Жонглер со синџири, „Луна парк" - У.Ајваз, режија: Ќ.Лила, 1997, и помошник на режисерот; Метин „Прекрасен подарок", 1998; Парфјон Рогожин „Идиот" Ф.М.Достоевски, Б.Ставрев, 1998; Робеспјер „Р.Р.Р." Ј.Плевнеш, режија М.Улусој, 1999); Султанот Ибрахим, „Лудиот Ибрахим" - Т.Офлазоглу, режија: В.Милчин, 1999; Зганарел „Дон Жуан" Ж.П.Б.Молиер, Д. Станковски, 2000; Мирза „Курбан" Г.Дилмен, режија: З.Сипахи, 2000; Принцот Мустафа, „Хурем султан" од Орхан Асена режија: Ќ.Лила, 2001; Управник „Бунт во домот за старци" од Венко Андоновски, режија: Д.Станковски, 2001; Ергаст „Искрените" - Мариво, режија: В.Милчин, 2002; Прв делегат „Куќа на граница" С.Мрожек, режија: Ј.Ертен, 2002, и помошник на режија; Тиресиа, слепиот претскажувач, водител на Хорот „Антигона" - Софокле, режија К.Коџатурк, 2002; Виџдани, „Замижувам за да

сработам“ - Х.Танер, режија: З.Сипахи, 2003; Гилгамеш, „Гилгамеш“, режија: Д.Пројковски, 2004; Едип, „Цар Едип“ - Софокле, Љ.Ѓорѓиевски, 2004; Фердинанд, „Бура“ - Шекспир, А.Поповски, 2004; Имамот, Султанот и Авторот, „Азизнаме“ - А.Несин, 2005; Алќибијад, „Тимон од Атина“ - Шекспир, Б.Брезовец, 2005; Тартиф, „Тартиф“ - Ж.Б.П.Молиjер, Д.Пројковски 2006; Сијах Калем, Султанот Џем, „Сијах Калем“ - И.Емин и Ј.Плевнеш, режија: В.Цветановски, 2009; Помошник на режисерот на претставата „Игра на слободата“, 2005 и на „Азизнаме“, 2005; Бабуш, „Жени во парламент“ од Аристофан, режија: Ј. Ертен, 2009, помошник на режисерот; Ѓаволот, „И јас Орхан Памук“ од Орхан Памук, режија: В.Цветановски, 2010; Јунус Емре, Дервишот и Зердушт, „Мевлана“ од Тургај Нар, режија: Б.Сечкин, 2011; Али Риза „Кога лисјата паѓаат“ од Решат Н. Ѓунтекин, режија: С.Билал, 2012.

Освен горенаведените театарски претстави има одиграно и во следните телевизиски проекти: образовните емисии „Еурека“, В.Плавевски, режија: Димитар Христов; телевизискиот филм „Бог да ги бие шпионите“, В.Плавевски, режија: А. Алексов; „Збогум румелија“, мегатурска серија од 76 епизоди, улогата капетанот Џезми, режија: Сердар Акар; „Балканска свадба“, 6 епизоди, улогата Владимир, режија: Доган У. Караџа.

Ги издвојуваме следниве награди:

Наградата **„Трајко Чоревски“ за најдобар млад актер** на МТФ „Војдан Чернодрински“, за улогата на ДЕРВИШОТ во „Картонска кутија“, Прилеп, 1991;

Наградата за **најдобро актерско остварување** на МТФ „Војдан Чернодрински“ – Прилеп, за улогата на РОГОЖИН во претставата „Идиот“, 1998, награда за улогата на ИБРАХИМ во претставата „Лудиот Ибрахим“, 1999 и за улогата на СИЈАХ КАЛЕМ во претставата „Сијах Калем“, 2009.

## ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Педагошката активност Елјеса Касо ја започна во учебната 1995/96 година, како асистент по сценски говор со техника на гласот на првата генерација студенти запишани на Одделот за драмски актери кои посебно-стручните предмети ги слушаа и ги полагаа на турски јазик.

Како педагог, Елјеса Касо ги покажува истите квалитети со кои се одликува неговата актерска дејност. Тој е одговорна и студиозна театарска личност, вљубеник во професијата, кооперативен и комуникативен со своите студенти, исто колку и со своите колеги. Темелната подготовка секогаш им претходи на неговите остварувања. Посветеноста на професијата се темели на цврсти етички постулати за театарот како колективна уметност, во која индивидуата може да расте само доколку индивидуализмот не значи егоцентричност и затвореност кон другиот.

## ЗАКЛУЧОК

Знаењето, искуството, ентузијазмот и сите други претходно наведени квалитети претставуваат гаранција за натамошната успешна педагошка дејност на Елјеса Касо, како наставник по предметот актерска игра. Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности да го избере Елјеса Касо за наставник по предметот актерска игра со познавање на турски јазик во звањето редовен професор.

**Рецензентска комисија**

**Ред. проф. м-р Рефет Абази, с.р.**

**Ред. проф. Јорданчо Чевревски, с.р.**

**Ред. проф. д-р Јелена Лужина, с.р.**

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Елјеса Рамадан Касо
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Факултет за драмски уметности - Скопје
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** актерска игра

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Актерска игра 6 (летен семестар 2006) часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 2. | Актерска игра 7 (зимски семестар 2006) часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 3. | Актерска игра 8 (летен семестар 2007) часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 4. | Актерска игра 6 (лет. сем. вежби 2006) часа 4 x 15 x 0, 03 | 1, 80 |
| 5. | Актерска игра 7 (зим. сем. вежби 2006) часа 6 x 15 x 0, 03 | 2, 70 |
| 6. | Актерска игра 8 (лет. сем. вежби 2007) часа 6 x 15 x 0, 03 | 2, 70 |
| 7. | Актерска игра 1 (зимски семестар 2007) часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 8. | Актерска игра 2 (летен семестар 2008) часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 9. | Актерска игра 3 (зимски семестар 2008) часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 10. | Актерска игра 4 (летен семестар 2009) часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 11. | Актерска игра 5 (зимски семестар 2009) часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 12. | Актерска игра 6 (летен семестар 2010) часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 13. | Актерска игра 7 (зимски семестар 2010) часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 14. | Актерска игра 8 (летен семестар 2011) часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 15. | Актерска игра 1 (зим. сем. вежби 2007) часа 4 x 15 x 0, 03 | 1, 80 |
| 16. | Актерска игра 2 (лет. сем. вежби 2008) часа 4 x 15 x 0, 03 | 1, 80 |
| 17. | Актерска игра 3 (зим. сем. вежби 2008) часа 4 x 15 x 0, 03 | 1, 80 |
| 18. | Актерска игра 4 (лет. сем. вежби 2009) часа 4 x 15 x 0, 03 | 1, 80 |
| 19. | Актерска игра 5 (зим. сем. вежби 2009) часа 4 x 15 x 0, 03 | 1, 80 |
| 20. | Актерска игра 6 (лет. сем. вежби 2010) часа 4 x 15 x 0, 03 | 1, 80 |
| 21. | Актерска игра 7 (зим. сем. вежби 2010) часа 6 x 15 x 0, 03 | 2, 70 |
| 22. | Актерска игра 8 (лет. сем. вежби 2011) часа 6 x 15 x 0, 03 | 2, 70 |
| 23. | Актерска игра 1 (зимски семестар 2011) часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 24. | Актерска игра 2 (летен семестар 2012) часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 25. | Актерска игра 1 (зим. сем. вежби 2011) часа 4 x 15 x 0, 03 | 1, 80 |
| 26. | Актерска игра 2 (лет. сем. вежби 2012) часа 4 x 15 x 0, 03 | 1, 80 |
| | **Вкупно** | **89, 40** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: Јавно изведено или претставено уметничко дело во облик познат во јавноста – ОДИГРАНИ УЛОГИ | Поени |
|---|---|---|
| | **Главни улоги во театарски претстави** | |
| 1. | 2009 – *СИЈАХ КАЛЕМ* – „Сијах Калем" – И.Емин и Ј.Плевнеш – реж. В. Цветановски – НУ Турски театар - Скопје | 4 |
| 2. | 2009 – *БАБУШ* – „Жени во парламент" – По мотивите на Аристофан – Јуцел Ертен – реж. Ј. Ертен – НУ Турски театар - Скопје | 4 |
| 3. | 2009 – „Жени во парламент" – помошник на режисерот | 4 |
| 4. | 2010 – *ЃАВОЛОТ, СТАРЕЦОТ* – „И јас сум Орхан" – Драматизација од делата на Орхан Памук: В. Цветановски и В. Ѓорески – реж. В. Цветановски – НУ Турски театар - Скопје | 4 |
| 5. | 2011 – *ЈУНУС ЕМРЕ, ДЕРВИШОТ И ЗЕРДУШТ* – „Мевлана" – Т. Нар – реж. Б. Сечкин – НУ Турски театар Скопје | 4 |
| 6. | 2012 – *АЛИ РИЗА* – „Кога лисјата паѓаат" – Р. Гунтекин – реж. С. Билал – НУ Турски театар - Скопје | 4 |
| | **Споредни улоги во меѓународни тв-серии** | |
| 7. | 2007 – *КАПЕТАНОТ ЦЕЗМИ* – „Збогум румелија" – *сцен. Али Џан Јараш – реж. Сердар Акар – продукција АДАМ ФИЛМ – Р. Турција –* ***16 епизоди*** | 16 |
| 8. | 2008 – *КАПЕТАНОТ ЦЕЗМИ* – „Збогум румелија" – *сцен. Али Џан Јараш – реж. Сердар Акар – продукција АДАМ ФИЛМ – Р. Турција –* ***39 епизоди*** | 39 |
| 9. | 2009 – *КАПЕТАНОТ ЦЕЗМИ* – „Збогум румелија" – *сцен. Али Џан Јараш – реж. Сердар Акар – продукција АДАМ ФИЛМ – Р. Турција –* ***21 епизоди*** | 21 |
| 10. | 2009 – *ВЛАДИМИР* – „Балканска свадба" – *сцен. Али Џан Јараш – реж. Доган У. Караџа - продукција АДАМ ФИЛМ – Р. Турција –* ***6 епизоди*** | 6 |
| | **Вкупно** | **106** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: ГОСТУВАЊА НА ФЕСТИВАЛИ, жири и дејности од поширок интерес | Поени |
|---|---|---|
| 1. | 2009 –**„Сијах Калем“**, реж. Владо Цветановски - гостување на фестивалот МТФ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“ во Прилеп | 1 |
| 2. | 2009 – **„Жени на власт“**, реж. Јуџел Ертен - гостување на фестивалот НАЦИОНАЛНА СЦЕНА НА ПРИШТИНА во Приштина | 2 |
| 3. | 2010 – **„Сијах Калем“, реж.** Владо Цветановски - гостување на фестивалот ОХРИДСКО ЛЕТО во Охрид | 1 |
| 4. | 2010 – **„Сијах Калем“**, реж. Владо Цветановски - гостување на фестивалот ИСТАНБУЛ - ГРАД НА КУЛТУРАТА во Истанбул | 2 |
| 5. | 2011 – **„Сијах Калем“**, реж. Владо Цветановски - гостување на фестивалот „4. ЕДЕН ЗДИВ ЕДЕН ГЛАС“ во Конја | 2 |
| | **Учество на неговите студенти во промотивни активности на Факултетот со испитни претстави** | |
| 6. | 2006 – *„Убавицата од дното“* – Интернационален студентски фестивал СКОМРАХИ | 0, 5 |
| 7. | 2009 – *„Лулашки“* - Интернационален студентски фестивал СКОМРАХИ | 0, 5 |
| 8. | 2010 - *„Живко живее, не живее“*- Интернационален студентски фестивал СКОМРАХИ | 0, 5 |
| 9. | 2011 – *„Долго патување во ноќта“* – МТФ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“ – Прилеп | 0,5 |
| | **Вкупно** | 10 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 89,40 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 106,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 10,00 |
| **Вкупно** | 205,40 |

**Членови на Комисијата**

**Ред. проф. м-р Рефет Абази, с.р.**

**Ред. проф. Јорданчо Чевревски, с.р.**

**Ред. проф. д-р Јелена Лужина, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА УЧЕБНИКОТ „**ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ – ПРИБИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА - ДИЗАЈНИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА (ТЕОРИЈА,МЕТОДИ,СОБИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ)**"
ОД АВТОРОТ **Д-Р ИЛИЈА АЦЕСКИ**

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет со одлука бр.12-2110/ 2 од 29.10.2012 година, ме определи за рецензент на ракописот на проф. д-р Илија Ацески под „**Истражувачки проект – прибирање и обработка на податоци на социјалните истражувања - Дизајнирање на социјалните истражувања (теорија, методи, собирање и обработка на податоци)**".

Изразувајќи благодарност за укажаната доверба, а по проучувањето на ракосписот имам задоволство и чест до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да го поднесам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

1. **Општи податоци за трудот**

**Обем, содржина и структура на делото.** Трудот е во обем од 565 страници, структуриран во девет дела (и 29 глави) и библиографија обработени на начин којшто на студентите и на другите истражувачи и корисници ќе се запознаат со основните проблеми кои се јавуваат во истражувањата на социјалните феномени, од почетокот на поставувањето истражувачки прашања, па сè до завршните активности кои се поврзани со подготовка на извештајот од истражувањето, што е крајна цел на секое истражување. Значи, основната идеја која е проследена во оваа книга е да се следи реализацијата на емпириското истражување, во сите фази од истражувачкиот процес, пред, за време и по неговата реализација. На тој начин, таа на студентите и другите корисници ќе им овозможи основни информации за методологијата на социјалните истражувања и посебно за истражувачкиот дизајн. На тој начин таа добива функција студентите и другите корисници да имаат практичен водич со кој се запознаваат со дизајнирањето на социјалните истражувања што се својствени за социјалните науки, особено социологијата.

Покрај основниот текст, трудот е проследен со голем број прилози (илустрации, шеми, табели) кои се во функција за полесно совладување на материјата. Исто така, во него се користени поголем број одбрани едноставни примери во функција на илустрација и за полесно разбирање на определени поими. Некои од нив се од реализирани истражувања чија задача е на поедноставен начин, да се објаснат дел од сложените методолошки содржини, со што се зголемуваат прегледноста и визуелноста, како и другите педагошки и дидактички вредности на трудот.

Содржината на трудот претставува јасна мисловно логична целина.

**Стуктурата на трудот** е поделена во девет дела, а одделни подрачја се расправаат во посебни глави. Првиот дел се однесува на онтолошките и епистемолошките основи на социјалните истражувања, при што посебно е разработена природата на социјалните истражувања (теорија и методи ), како и дизајнот на социјалните истражувања.

Теориските основи на истражувањето треба да му обезбедат на корисникот на овој учебник да се запознае со основните поими и аспекти на теоријата, посебно онтолошките и епистемолошките основи на науката и истражувањето, кои се и дел од проблемите што непосредно се поврзани со различните димензии на квалитативните и квантитативните пристапи.

Во овој дел се расправа за природата на социјалните истражувања и истражувачкиот дизајн, поконкретно со начинот на дизајнирање на социјалните истражувања, во смисла на поврзување на теориските и емпириските елементи во заедничка целина, која е во функција на отелотворување на методите при собирање на податоци од социјалната реалност. На тој начин е постигната целта на излагањето, да се нагласи улогата на теоријата во истражувањето.

Во вториот дел се обработени фазите, целите, варијаблите, хипотезите и обработката на податоци на квантитативните истражувања. Посебно внимание е посветено на обработката на квантитативни податоци од секундарни и примарни извори. Потоа се прикажани основите на обработката на податоци во социолошките истражувања, посебно подготовка на податоците за обработка, анализата на податоци со две варијабли и овој дел е завршен со еден пример од факторската анализа.

Третиот дел е посветен на стратегиите за собирање податоци и особено на карактеристики на интервју од квалитативен тип. При подготовката на емпириско истражување, неопходно е јасно да се дефинираат и разработат основите ориентации и конкретни дизајни. Тие претпоставуваат јасни цели, хипотези и стратегии за собирање податоци. Имено, за социјалните емпириски истражувања, собирањето и обработката на податоците претставува фаза кога доаѓа до израз квалитетот и коректноста на она што е направено во претходните фази, во подготовките кои се однесуваат на развивање на теориските основи и разработката на дизајнот на истражувањето, во смисла на јасно и прецизно дефинирање на поимите, хипотезите и истражувачките прашања, како и нивната емпириска операционализација. Анализата консеквентно ја следи основната концепција на книгата за интегрален пристап, во која собирањето и обработката на податоците се разгледуваат во контекст на пристапот на истражувањето, во зависност од неговиот карактер, од една страна, и специфичноста на методот, од друга страна.

Четвртиот дел е посветен на проблемите поврзани со примерокот и премеркувањето, како и со дилемите за квалитативен и квантитативен примерок. Во таа смисла се укажува на значењето и потребата од јасно разграничување на основните типови истражувања, што се неопходни за секој истражувач за да создаде чувство и да поседува знаење за соодветен избор и примена на методите во истражувањето, за да може да се препознае дали станува збор за квалитативен или квантитативен дизајн.

Петтиот дел е посветен на обработка на податоци од квалитативни истражувања, со посебен акцент на конверзациската анализа, втемелената теорија и дизајнот на истражувањето. Истражувачите можат да научат за типот на варијаблите, нивната меѓусебна поврзаност (вкрстување), нивната операционализација, мерењето и слично, што, пак, е поврзано со останатите аспекти на истражувачкиот процес, со индикаторите и хипотезите, но и со посложените операции, поврзани со мултиваријантната и факторска анализа.

Шестиот дел е посветен на теренското истражување, на набљудувањето, критичката етнографија и на набљудувањето и прибирањето податоци. Претставувањето на основните методи и техники во истражувањето, со елементи на повеќе различни начини на обработка на податоците, има за цел да го комплетира пристапот и да укаже на сложеноста на појавите, кои претпоставуваат различни пристапи во нивното проучување, но и развиени теориски позиции.

Во седмиот дел е расправата за квантитативното и квалитативното мерење, посебно за мешовитата методологија и триангулацијата. Совладувањето на

елементарните правила, кои се својствени за еден метод, треба да биде доволен поттик за понатамошни напори кон совладување на методологијата на социјалните истражувања, особено кај оние што се на почетокот во совладување на тајните на научноистражувачкиот процес и во неговата емпириска манифестација.

Осмиот дел е посветен на анализата на содржината, фокус-групите, историско-компаративниот метод, студијата на случај, метаанализата и акциското истражување. Истражувањето на социјалните феномени е сложен процес кој претпоставува, од една страна, солидно познавање на теоријата и на методите на истражувањето, но и на многу правила што произлегуваат од нивната примена, особено во собирањето и обработката на податоците, од друга страна.

И на крајот во деветтиот дел се етичките прашања во социјалните истражувања и завршува со пишувањето на завршниот извештај за реализираното истражување. Последната фаза во реализацијата на процесот на дизајнирање на социјалните истражувања се однесува на презентацијата на резултатите во форма на извештај, најчесто, во писмена форма. Пишувањето на извештајот (студијата) е финален производ на истражувачкиот процес и, во тој контекст, потребно е совладување на елементарните правила кои овозможуваат полесно и поефективно комуницирање со оние за кои е наменет, со стручната и пошироката јавност.

**Оригиналност на трудот.** При изготвувањето на трудот „Истражувачки проект – прибирање и обработка на податоци на социјалните истражувања - Дизајнирање на социјалните истражувања (теорија, методи, собирање и обработка на податоци)" е консултирана значајна научно-релевантна домашна и странска литература од областа на методологијата на истражување на социјалните појави, посебно, општествените науки и на соцологијата. Сознанијата од тие респективни трудови се втемелени во основата на книгата, се разбира, поткрепени и вкрстени со оригинални погледи и мисловни концепти на авторот и со повлекување на паралели за истражувањето на социјалните појави, посебно методологијата на социологијата, односно социолошките науки пошироко.

Социјалните појави се сложени, динамични и тешко предвидливи. Можат да имаат и катастрофални последици, доколку благовремено не се пристапи кон нивно соодветно научно, институционално и практично третирање. Во таа насока, сознанијата, знаењата и вештините стекнати со предметната програма истражувачки проект-обработка и анализа на податоци се придонесува во настојувањата да се зајакне улогата на науката која треба да ги открива законитостите на современите социјални појави, да ги анализира, да го предвидува нивниот тек и развој, едноставно, да го олесни патот до вистината за општествените појави, а сознанијата да бидат основа за креирање на посакуваниот амбиент во општеството.

Во македонскиот високообразовен простор, понудата на литература од областа на методологијата е скромна, а за методолошката литература за социјалните појави и скоро да нема. Бројот на изданијата што се занимаваат со методологијата на истражувањето на општествените и психолошките феномени можат да се избројат на една рака, тие се поврзани со изданијата на Тодор Пеливанов, Виолета Петровска-Бешка, Ванче Стојчев, Лилјана Баткоска и Цане Т. Мојаноски, кои објавија трудови за истражување на правните, политичките, воените, научноистражувачката работа и на безбедносните науки, при што едно издание од безбедносните науки е посветено на истражувачката постапка. Но, овој труд е меѓу ретките во областа на социолошките науки и е сериозен зафат.

**Степен на соодветност на текстот со програмата**. Книгата „Истражувачки проект – прибирање и обработка на податоци на социјалните истражувања - Дизајнирање на социјалните истражувања (теорија, методи, собирање и обработка на податоци)" е наменета како учебник за студентите на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет, за предметната програма по истражувачки проект - обработка и анализа на податоци. Изложените содржини соодветствуваат на

предметната програма и ќе претставуваат неопходен материјал за совладување на знаењата од предметот истражувачки проект-обработка и анализа на податоци.

**Методичко-дидактички вредности.** Поаѓајќи од основната намена на трудот, може да се констатира дека авторот успеал:

*Прво*, содржините кои се предмет на обработка се научно засновани, што значи, изнесените ставови, констатации, аргументи и други факти се поткрепени со релевантни сознанија од домашна и странска научна литература од соодветната област.

*Второ*, избраните содржини да се однесуваат на најзначајните основни и практични прашања за методологијата на научноистражувачката работа, посебно за знаењата за истражувачкиот проект, дизајнирањето на социјалните истражувања, односно за теоријата, методите, начинот на собирање и обработка на податоците.

*Трето*, сознанијата изнесени во трудот се карактеризираат со висок степен на систематизираност, разграниченост, логична поврзаност прегледност, визуелност - изразена низ бројните прегледи, графикони, шеми и голем број прилози (илустрации, шеми, табели), кои ја потврдуваат и методичко дидактичката ориентација на авторот. Ваквиот пристап реално овозможува студентите мисловно да проникнат во значењето на методологијата и на дизајнирањето на истражувачкиот проект, за развојот на науката, но и да се оспособат за користење на различните методолошки алатки во сите фази на истражувањето, како нужен критериум за досегнување до вистината.

## 2. Мислење и предлог

Врз основа на изложениот преглед и ставови во овој извештај, како рецензент се стекнав со уверување дека трудот „**Истражувачки проект – прибирање и обработка на податоци на социјалните истражувања -Дизајнирање на социјалните истражувања (теорија, методи, собирање и обработка на податоци)**“, од авторот **проф. д-р Илија Ацески,** методолошки е коректно изготвен и има своја неоспорна научно- стручна и педагошко-дидактичка вредност, па затоа со задоволство на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултетот му предлагам, трудот да го **објави** и да го **издаде како постојан универзитетски учебник** за предметната програма истражувачки проект-обработка и анализа на податоци на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет.

Рецензент
Проф. д-р Цане Мојаноски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНИКОТ *ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ - ПРИБИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА - ДИЗАЈНИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА (ТЕОРИЈА, МЕТОДИ, СОБИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ)* ОД АВТОРОТ **Д-Р ИЛИЈА АЦЕСКИ**

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет на својата редовна XXX-та седница, одржана на 24.10. 2012 година, ме избра за рецензент на учебникот - ***Истражувачки проект - прибирање и обработка на податоци на социјалните истражувања - Дизајнирање на социјалните истражувања (теорија, методи, собирање и обработка на податоци),*** предложен од авторот **д-р Илија Ацески**, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

Постапувајќи според **Одлуката** бр. 12-2110/12 од 29.10. 2012, донесена од Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, откако претходно го примив и проучив текстот на предложениот учебник, имам чест пред Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да го поднесам следниов

## *ИЗВЕШТАЈ*

### 1. Основна цел и опис на трудот

Главната намена на трудот под наслов ***Истражувачки проект-прибирање и обработка на податоци на социјалните истражувања - Дизајнирање на социјалните истражувања (теорија, методи, собирање и обработка на податоци),*** од проф. д-р Илија Ацески, е да биде учебник за предметот истражувачки проект - обработка и анализа на податоци, кој во студиската програма на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет се изучува како изборен предмет во осмиот семестар со неделен фонд од 2+1 часа и носи 4 ЕКТС кредит-поени. Како реализатор на овој наставен предмет, проф. д-р Илија Ацески има понудено, главно, две основни студии. Но, согледувајќи ја огромната потреба од литература која на соодветен начин ќе ја покрие предложената студиска програма, тој сторил сериозен напор да го подготви првото издание на книга од ваков вид и токму со овој наслов, каква што досега, колку ми е познато, не се има појавено во Република Македонија. Со ова наставно средство студентите ќе треба да се запознаат со главните цели и проблеми на социјалните истражувања и тоа во сите фази - од поставувањето на истражувачките прашања, поставувањето на хипотезите, па се до завршните активности поврзани со подготвувањето на завршниот извештај од целокупниот истражувачки потфат.

Трудот е изложен на вкупно 565 страници, печатарски обликуван текст со формат 20X25, од кои 556 е самиот текст, додека останатите 10 страници ја опфаќаат содржината и библиографијата. Документирањето на цитираната литература е спроведено во самиот текст. Библиографијата опфаќа 103 единици на релевантни научни и стручни книги и статии, и тоа на македонски, српски, хрватски и англиски јазик.

## 2. Структура на трудот

Книгата ***Истражувачки проект-прибирање и обработка на податоци на социјалните истражувања - Дизајнирање на социјалните истражувања (теорија, методи, собирање и обработка на податоци),*** предложена за учебник од авторот проф. д-р Илија Ацески, во својата структура ги опфаќа следниве содржини:

*Предговор,* во кој авторот ги дефинира на јасен и прецизен начин целите, мотивите и начините на кои е реализиран овој негов потфат. Главната поента на трудот авторот ја согледува во стремежот да се достигне највисокиот можен степен на единство на емприско истражување со неговите теориски основи.

*Првиот дел* е посветен на изложувањето на основните поими и принципи на теоријата на социјалните истражувања. Стретегиски исправно, авторот го воведува читателот - иден истражувач во најопштите аспекти на оваа дејност, запознавајќи го со онтолошките и епистемолошките основи на социјалните истражувања.

*Вториот дел* претставува детална анализа на квантитативните методи кои се користат во истражувањата. Овде се започнува со елементите на истражувањата, а се завршува со еден пример на техниките на мултиваријационата анализа или факторската анализа, која е особено корисна во социолошките истражувања. Овој дел го сочинуваат шест поглавја: 1) квантитативни истражувања (фази, цели, варијабли, хипотези, обработка на податоци); 2) обработка на квантитативни податоци од секундарни и примарни извори; 3) основи на обработката на податоците од социолошките истражувања; 4) подготовка на податоците за обработка; 5) анализа на податоци со две варијабли; 6) факторска анализа - еден пример.

*Третиот дел* дава детална елаборација на алатките за собирање на податоци, и го сочинуваат две поглавја: 1) стратегии за собирање на податоци; и 2) карактеристики на интервју од квалитативен тип.

*Четвртиот дел* е посветен на темата: избор на примерок. За него детелно се расправа во двете поглавја: 1) примерок; 2) квалитативен и квантитативен примерок.

*Петтиот дел* е посветен на обработката и анализата на податоците од квантитативните истражувања. Тој содржи четири поглавија: 1) обработка на податоци од квалитативни истражувања; 2) наративна анализа; 3) конверзациска анализа; 4) втемелена теорија - дизајн на истражување.

*Шестиот дел* се однесува на теренското истражување, и го сочинуваат следниве три поглавја: 1) теренско истражување; 2) критичка етнографија; 3) набљудување и прибиранање на податоци.

*Седмиот дел* се занимава со различните видови мерни скали и односите помеѓу квалитативните и квантитативните мерења. Тој е изложен во поглавјата: 1) квантитативни и квалитативни мерења; 2) мешовита методологија и триангулација.

*Осмиот дел* го сочинува изложувањето на неколкуте поважни техники на собирање и анализа на податоци, кои се користат во социолошките истражувања. Овде тие детелно се презентирани во следниве шест поглавја: 1) анализа на содржината; 2) фокус-групи; 3) историско-компаративен метод; 4) студија на случај; 5) метаанализа; 6) акциско истражување.

*Деветтиот дел* ја заокружува оваа студија со учебнички облик низ анализата посветена на презентацијата на резултатите од истражувањата, како и на етичките прашања на самото истражување. Тоа е сторено во двете поглавја: 1) етички прашања на социјалните истражувања; 2) пишување на завршен извештај на реализираното истражување.

### 3.Оцена и предлог

Текстот на книгата ***Истражувачки проект-прибирање и обработка на податоци на социјалните истражувања - Дизајнирање на социјалните истражувања (теорија, методи, собирање и обработка на податоци)***, предложен од проф. д-р Илија Ацески, како учебник по универзитетскиот курс за предметот истражувачки проект - обработка и анализа на податоци, се одликува со следниве карактеристики:

1. Трудот поседува висок степен на оригиналност и претставува единствен труд од ваков обем и карактер во високообразовните институции на Република Македонија. Авторот консултира значајна релевантна литература и на свој оригинален начин ја распоредува и систематизира граѓата во единствен и средена целина.

2. Предложениот текст на учебникот со својот обем и карактер во голема мера ги надминува содржините и обемот на курсот по предметот за кој е наменет. Тој содржи низа елементи неопходни за социологот-истражувач, па затоа можам слободно да го препорачам и за вишите степени: на постдипломските и докторските студии.

3. Содржините на трудот и начинот на нивната презентација - нивото и дозирањето, го чинат педагошко-дидактички подобен за постојан учебник не само по овој предмет, туку и за други студии од сферата на општествените науки.

Врз основа на изложениот опис и карактеристиките на трудот, можам да го донесам заклучокот дека тој ги поседува сите потребни вредности да биде објавен како учебник по споменатиот предмет.

Имам чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му предложам овој труд на проф. д-р Илија Ацески **да го објави како постојан универзитетски учебник** за предметната студиска програма истражувачки проект - обработка и анализа на податоци.

Скопје, Рецензент

8.11.2012 Проф. д-р Мирко Ѓошевски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

## „ПРИДОНЕС ВО РАЗВОЈОТ НА МЕТОДИТЕ И МЕРНИТЕ ТЕХНИКИ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ВЛИЈАТЕЛНИТЕ ФАКТОРИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ТОПОГРАФИЈАТА НА ПОВРШИНИТЕ"

ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р МИТЕ ТОМОВ, ДИПЛ.МАШ.ИНЖ., ПРИЈАВЕНА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 02-2857/2 од 25.10.2012 година, донесена на седницата на Наставно- научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, именувани сме за членови на Комисијата за одбрана на докторската дисертација со наслов: **„Придонес во развојот на методите и мерните техники за истражување на влијателните фактори за идентификација на топографијата на површините"**, изработена од кандидатот м-р Мите Томов, дипл.маш.инж.

Врз основа на изведениот преглед на доставената докторска дисертација, Комисијата го донесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Основа за давање аргументирано образложение за оправданоста на реализираните научни истражувања опфатени во докторската дисертација претставуваат сознанијата на кандидатот м-р Мите Томов, дипл.маш.инж., добиени како резултат на неговите досегашни искуства и изведената анализа на бројните литературни извори во областа на метрологијата за површините, поточно во развојот на методите и мерните техники кои се користат за идентификација на геометриските карактеристики на површината од површинскиот слој.

Имено, кандидатот м-р Мите Томов во докторската дисертација јасно ја истакнува присутната полемика и констатација дефинирана во облик на заклучоци од страна на голем број научни истражувачи, а која се однесува на присуството на големите разлики во добиените резултати при мерењето на рапавоста како дел од топографијата на површината. Токму оваа констатација всушност претставува главна причина за реализација на истражувањата дефинирани во докторската дисертација.

По спроведената научна анализа на досегашните истражувања врз основа на литературниот преглед, во докторската дисертација на јасен и еднозначен начин се дефинирани целите и областа на реализираните истражувања, како и научните тези.

Достигнувањата од реализираните научни аналитичко-експериментали истражувања во докторската дисертација се сублимирани и систематски презентирани преку заклучоци од осознавачки, мериторен и утилитарен карактер.

Заклучоците со осознавачки карактер ја отсликуваат општата состојба во доменот на реализираните експериментални и аналитички истражувања, изразена преку неколку согледувања и констатации презентирани во докторската дисертација. Заклучоците со мериторен карактер имаат суштествено значење и тие на меродавен начин го искажуваат постигнувањето, односно нивото на реализација на поставените научни тези. Заклучоците со утилитарен карактер го покажуваат степенот на практична употребливост на добиените сознанија од реализираните аналитичко-експериментални истражувања во насока на нивна директна применливост во индустриската практика.

Докторската дисертација содржи вкупно петнаесет (15) поглавја и еден (1) прилог со резултати од изведените истражувања, напишани на 187 страници, илустрирани со 131 слика, цртежи, шеми и дијаграми, 11 табели; содржина; листа на

употребени симболи и означувања и список на релевантни библиографски единици со 143 наслови.

**Во првото поглавје (1. Вовед)** е посочено значењето на метрологијата за површините како единствена „алка" која овозможува поврзување помеѓу конструирањето (проектирањето), производството, условите и ефектите од експлоатацијата на машинските делови. Наведена е поделбата на геометриските отстапувања на површината од површинскиот слој според BS 1134-1, BS 1134-2 и DIN 4760 и според нив е набележана припадноста на рапавоста како дел од отстапувањата на површините на микроплан. Исто така, набележан е растечкиот интерес на научно и апликативно ниво за метрологијата за површините. Потенцирана е констатацијата која се однесува на присуството на големите разлики во добиените резултати при мерењето на рапавоста како дел од топографијата на површината, со наведување на некои од причините за таквата состојба. Посочено е дека научен и апликативен придонес кон развојот на методите и мерните техники за истражување на влијателните фактори за идентификација на топографијата на површините е возможен само преку истражување на највлијателните фактори кои учествуваат во определувањето на рапавоста и топографијата на површините.

Во **второто поглавје (2. Преглед на методите и мерните техники за истражување на топографијата на површините)** на прегледен начин е направен приказ на постојните методи и техники кои се користат за истражување на топографијата на површините. Набележани се повеќе начини на класификација на разгледуваните методи ( за добивање на: профили z(x), и за добивање на топографска слика за површината z(x,y) или z(x) како функција од y, како и за пресметка само на нумерички вредности на одреден број параметри на површината) и техники (контактни профилометарски инстументи со и без лизгач, безконтактни профилометарски инстументи, скенирачка микроскопија, инструменти со лизгач наменети само за пресметка на параметри, и инструменти за пресметка на осреднети површински параметри) кои се од суштествено значење за систематскиот приод во понатаможните истражувања содржани во докторската дисертација. Наведени се основните метролошки карактеристики и области на примена на разгледуваните техники. Нивната меѓусебна споредба, пред сè, е базирана на соодносот мерно подрачје/резолуција и ограничувањата кои произлегуваат од принципите (начините и физиката) на остварување на нивната функција. Подетални разгледувања на метролошките карактеристики и градба (составните делови) се презентирани за контактните мерни инструменти како најчесто користени типови на инструменти во истражувањата на топографијата на површините. Направена е систематизација на типовите еталони наменети за калибрација на контактните мерни системи, со набележување на нивните метролошки карактеристики, подрачјето и начинот на нивна примена. Заклучено е дека постојат различни приоди при калибрација на контакните мерни системи, посочувајќи ги основните карактеристики (предности и недостатоци) на елементарната, модуларната и севкупната калибрација.

**Во третото поглавје (3. Анализа на факторите кои учествуваат во процесот на мерење на топографијата на површините)** е спроведена продлабочена научна анализа на сите фактори кои директно учествуваат во процесот на мерење на топографијата на површините. Спроведената анализа го следи стандардизираниот начин на разгледување на топографијата на површините, групирајќи ги сите влијателни фактори на: фактори кои учествуваат во процесот на добивање на вкупниот профил (поставување на координатниот мерен систем, позиционирање на читачот врз мерената површина, влијанија од лизгачот како механичка референца, влијанија од метролошките карактеристики на мерната игла, деформација на мерената површина, влијанија од мерната брзина, влијанија од големините на елементарната мерна должина, вкупната мерна должина и семплирачкото растојание и влијанија од карактеристиките на применетиот трансформатор и A/D конверзијата), и фактори кои учествуваат во процесот на

добивање на примарниот профил, профилот на рапавост и брановидност (определување на референтни линии со користење на различни методи). Наведени се стандардизираните параметри со кои се карактеризираат примарниот профил, профилот на рапавост и брановидност.

**Во четвртото поглавје (4. Софтверско филтрирање во процесите на добивање на примарниот профил, профилот на рапавост и брановидност),** кандидатот на егзактен начин, со користење на шематски илустрации го систематизира и го прикажува софтверското филтрирање како алатка за добивање на референтни линии кои се основа за одделување на примарниот профил, профилот на рапавост и брановидност од вкупниот профил, посочувајќи го постоењето и карактеристиките на М и Е-системот на филтрација. Исто така, наведени се карактеристиките на најчесто употребуваните Гаусов и 2RC профил-филтер, со посебен акцент на нејзините предности и недостатоци. Посебно внимание е посветено на постојните стандардизирани начини на елеминирање на недостатоците на Гаусовиот профил-филтер. Наведени се и новите профил-филтри воведени со ISO/TS 16610 серија на интернационални стандарди.

Имајќи ја предвид обемноста и специфичноста на тематиката која ја третира докторската дисертација, во **петтото поглавје (5. Научна анализа на досегашните истражувања врз основа на литературниот преглед)** е реализирана научна анализа на досегашните истражувања врз основа на литературниот преглед, систематизирана во три дела. Првиот дел се однесува на промените во метрологијата за површините настанати како резултат на појавата на инструменти (мерна опрема) за квантитативно определување на карактеристиките на топографијата на површините, каде што е констатирано дека денес во областа на метрологијата за површините не станува збор за недостаток на соодветна мерна опрема како за истражувачки цели така и за индустриски апликации, туку недостасува знаење за нивна правилна (најсоодветна) примена со цел веродостојно (најблиску до вистинското) определување на геометриските карактеристики на површината од површинскиот слој. Кандидатот, потпирајки се на литературни извори, во вториот дел ќе констатира дека радикални промени, кои во целост ќе го променат пристапот во изучувањето на топографијата на површините, ќе предизвикаат примена на дигиталните методи во истражувањето на топографијата на површините. Промените особено ќе бидат најмногу изразени во начинот на определување на параметрите за карактеризација на профилите и начините на определување на референтните линии. Во третиот дел е набележано дека истовременото симнување на податоци од топографијата на површината за отстапување од обликот, примарниот профил, профилот на рапавост и брановидност уште еднаш фокусот на истражување го насочува кон точното определување на референтните линии кои се основа за нивно разграничување и определување. Во сите три дела видлива и јасна е констатацијата дека недостасува пристап за определување на мерна постапка и процедура која вклучува адекватна мерна апаратура и најсоодветни методи за определување на референтни линии во зависност од карактеристиките на топографијата (профилите од топографијата) што се истражува, не земајќи го предвид постојниот квалитативен начин на систематизација на профилите на периодични и непериодични, што се покажа како недоволен и несоодветен особено при софтверската филтрација и при изборот на најсоодветен профил филтер.

Резултатите од реализираните сопствени аналитичко-експериментални истражувања кандидатот м-р Мите Томов, на систематизиран начин, ги има претставено во поглавјата 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12.

Во **шестото поглавје (6. Цел, научни тези и област на истражувањето)** се поставени целите, научните тези и областа на истражувањата во докторската дисертација. Врз база на спроведената научна анализа на литературните извори, како и сопствените искуства на кандидатот стекнати преку аналитичко-експерименталните истражувања реализирани во периодот на изработка на докторската дисертација,

констатирано е дека од посебен интерес за метрологијата за површините е неопходно продлабочено истражување на влијателните фактори кои учествуваат во обработката на снимените податоци, поточно неопходно е продлабочено истражување на методите со кои се определуваат средишните референтни линии. Оттука, како цели во дисертацијата се поставени:

- Потребата од реализација на експериментални истражувања на софтверската филтрација со користење на стандардизираниот Гаусов профил-филтер за профили добиени со мерење на еталон површини-претставници на повеќе обработки со симнување на материјал и реални површини. Според кандидатот, овие експериментални истражувања треба да овозможат јасно и недвосмислено определување (издвојување) на облиците на профилите кај кои можат да дојдат до израз негативностите на филтер средната линија определена со користење на стандардизираниот Гаусов профил филтер.

- Реализација на аналитичко-експериментални истражувања на постојните методи за карактеризација кои треба да овозможат изнаоѓање на квантитативен механизам (параметар, коефициент и сл.) кој ќе послужи за добивање на дополнителна информација за состојбата (обликот) на профилите кај кои е утврдено дека се можни недостатоци на филтер средната линија определена со користење на Гаусовиот профил-филтер.

- Постигнувањето на главната цел, која треба да овозможи придонес во развојот на методите и мерните техники за истражување на влијателните фактори за идентификација на топографијата на површините, ќе се реализира преку интеграција на претходно поставените цели и практична имплементација на заклучоците и придобивките од нивната реализација.

Со реализација на поставените цели, кандидатот очекува да се потврдат научните тези:

-Примената на статистичките методи како квантитативни методи (дисперзиона анализа, регресионата анализа и сл.), по претходна проверка на исполнетоста на некои статистички постулати (хипотези), има одлучувачко влијание врз зголемувањето на точноста на определувањето на средната референтна линија за профилот на рапавост, и непосредно влијае врз зголемувањето на точноста и адекватноста на определувањето на параметрите на рапавоста.

-Воведувањето на методите за карактеризација на комплексните профили кои се независни од повлекување на средна линија (коефициент на детерминираност, учество на случајната компонента, автокорелационата функција, Beta-функцијата, хистограмот на распределба на амплитудите на профилот и сл.), се предуслов за воведување на нова класификација на геометриската структура на површината од површинскиот слој и се основа за изработка на препораки со примена на математички формулации за зголемување на точноста на опишување на топографијата на површината.

Горенаведените цели и научни тези, кандидатот ги реализира преку дефинираната област на истражување, која вклучува мерење на реални и еталон површини-претставници на поголем број на обработки со симнување на материјал со користење на софистицирана мерна опрема, користење на можностите на програмскиот пакет Matlab (R2009b) и Microsoft Office Excel, и анализа на постојните методи за класификација и карактеризација на профилите.

Во **седмото поглавје (7. Мерна опрема и предмет на мерење)** се дадени неопходните информации за користената мерна опрема и површините од кои се добиени примарните профили во понатамошните истражувања. Мерењата се реализирани со користење на компјутеризираниот контактен мерен систем MarSurf XR20 (без лизгач), кој како механичка референца користи водилка од реномираниот производител Mahr GmbH-Germany, со информации за начинот на негова калибрација. Акцентот во овие експериментални истражувања е ставен на облици на вкупни профили кои се претставници на повеќе видови обработки, кои припаѓаат во групата на обработки со симнување на материјал. Така, истражувани се еталон

површини-претставници на обработките: стружење, рендисување, челно глодање, валчесто глодање, вкрстено рамно брусење со челната страна на точилото, лачно рамно брусење со челната страна на точилото, кружно брусење, рамно брусење со периферната страна на точилото, полирање, леповање и супер финиш. Реалните површини се конституирани со обработките: стружење, челно глодање, радијално брусење, рамно брусење со периферната страна на точилото и хонување.

Во **осмото поглавје (8. Процес на софтверска филтрација)** е извршено практично определување на вкупните и примарните профили, како и филтер средните референтни линии за примарните профили со користење на Гаусовиот и 2RC профил-филтрите. Номиналниот облик од вкупните профили е отстранет со користење на методот на најмали квадрати, додека софтверската филтрација е извршена со користење на можностите на програмскиот пакет Matlab (R2009b) и метролошките карактеристики на Гаусовиот и 2RC профил-филтрите. На крајот од оваа поглавје, кандидатот донесува заклучоци за релизираната софтверска филтрација. Една од позначајните констатации во донесените заклучоци е тоа што Гаусовите филтер средни линии кај поголемиот број разгледувани примарни профили поминуваат низ средишниот дел на нерегуларностите, односно нејзините облици не покажуваат недостатоци во однос на соодветните примарни профили, со што се потврдува и оправдува најчестото користење на Гаусовиот филтер во истражувањата на топографијата на површините. Исто така, во заклучоците се наведени примарните профили (нејзините облици) кај кои филтер средната линија определена со користење на Гаусовиот филтер има одредени недостатоци, што беше и една од поставените цели.

Научна анализа и истражување на постојните методи за карактеризација и класификација на примарните профили е спроведена во **деветтото поглавје (9. Истражување на постојните методи за карактеризација и класификација на примарните профили е спроведена во деветото поглавје)**. Опфатени се постојните методи за класификација и карактеризација на профилите како што се: определување на автокорелационата функција; определување на учеството на случајната компонента и определување на коефициентот на детерминираност, исцртување на хистограмот на распределба на амплитудите на профилот и определување на Beta-функцијата. Донесените заклучоци во ова поглавје посочуваат дека практична примена за карактеризација и класификација на примарните профили, независно од процесот на конституирање на топографијата, може да најдат автокорелационата функција и хистограмот на распределба на амплитудите.

Сепак, практичното определување на автокорелационата функција и хистограмот на распределба на амплитудите за разгледуваните примарни профили, реализирано во **десеттото поглавје (10. Определување на автокорелационата функција и хистограмот за рапределба на амплитудите за разгледуваните примарни профили)**, ќе покаже дека дополнителните информации што ги даваат наведените методи за обликот на примарните профили не се доволни и, што е најважно, не се еднозначни за да можат да се користат како механизам за откривање на облиците на профилите кај кои се очекуваат недостатоци на филтер средната линија определена со Гаусов филтер, и за потврдување на зацртаните научни тези.

Во продолжение на докторската дисертација, во **единаесеттото поглавје (11. Воведување на нов параметар на стастистичка еднаквост на елементарни должини)**, кандидатот предлага и воведува нов параметар кој го нарекува параметар на стастистичка еднаквост на елементарни должини, означувајќи го како *SE*, притоа описно и шематски елаборирајќи го начинот на негово определување. Поради тоа што новиот параметар е квантитативен параметар, дадени се и математичките равенства за негова пресметка. Верификацијата на воведениот нов параметар на стастистичка еднаквост на елементарни должини е реализирана на разгледуваните примарни профили. Притоа донесените заклучоци покажуваат дека во целост се оправдани очекувањата од параметарот *SE* да ја покаже состојбата на примарниот профил во однос на натрупувањето на нерегуларностите околу средната линија, или, со други

зборови ,да ги покаже статистичките еднаквости помеѓу самите елементарни должини и елементарните должини и вкупниот примарен профил. Покажано е дека вредноста на параметарот *SE* се зголемува во случај кога доаѓа до зголемување на растурањето на нерамнините околу средната линија. Како критична вредност на параметарот *SE* е вредноста еден, која ја нагласува кандидатот во истражувањата од аспект на софтверска филтрација. Посочено е дека доколку вредноста на параметарот *SE* е помала од еден, тогаш не треба да се очекува средната филтер-линија определена со Гаусовиот филтер да нема никакви недостатоци во однос на примарниот профил, и обратно, кога вредноста на параметарот *SE* се приближува кон еден, или е поголема од еден, тогаш е можна појава на недостатоци на средната филтер-линија определена со користење на Гаусовиот профил-филтер.

Во **дванаесеттото поглавје (12. Имплементација на параметарот *SE* во постапките за мерење на рапавоста на површините)** е предложен алгоритам со кој се врши проширување на постапката за добивање на примарниот профил, профилот на рапавост и брановидност, со директно вклучување на параметарот *SE*. Практичната имплементација на предложениот алгоритам недвосмислено покажува и создава услови за поеднозначно дефинирање на постапката за определување на примарниот профил, профилот на рапавост и брановидност, што резултира со отстранување на негативностите на филтер средните линии определни со Гаусовиот филтер.

Во **тринаесеттото поглавје (13. Завршни заклучоци)** се донесени заклучоци со осознавачки, мериторен и утилитарен карактер, како и посочени се насоки за понатамошни истражувања. Иако од особено значање се сите наведени завршни заклучоци, сепак за нагласување се донесените заклучочи со мериторен карактер од кои јасно се гледа дека кандидатот во целост ги има реализирано поставените цели во истражувањата во овој труд, како и во целост ги потврдува поставените научни тези.

Во **четринаесеттото поглавје (14. Листа на објавени трудови од сопствени истражувања кои се однесуваат на докторската дисертација),** кандидатот дава преглед на објавени научни трудови, вкупно десет, кои се резултат на неговите аналитичко-експериментални истражувања, тесно поврзани со реализацијата на неговата докторска дисертација и претставуваат воедно и нивна меѓународна верификација.

Во **петнаесеттото поглавје (15. Литература)** е даден списокот на литературни извори, вкупно 143 референции, кои се користени од кандидатот при изработка на докторската дисертација.

На крај, како составен дел од докторската дисертација, е даден **прилог** во кој се претставени добиените резултати од изведените експериментално-аналитички истражувања.

## 2. МЕРИТОРНА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Од претставената содржина на докторската дисертација, се гледа дека кандидатот м-р Мите Томов, дипл.маш.инж., на комплексен начин ги анализирал прашањата значајни за развојот на методите и мерните техники за истражување на влијателните фактори за идентификација на топографијата на површините.

Комплексноста на истражувањето (аналитичко-експериментално) е многу важна карактеристика во трудот, бидејќи овозможи добивање на основани и значајни резултати, неопходни за правилно разбирање и решавање на задачата содржана во поставените цели.

Постоењето на научни тези (претпоставки) во докторската дисертација е особено значаен елемент за истакнување, и тој овозможува методолошки пристап и тек на истражувањата, притоа водејќи кон добивање на резултати со кои се овозможи научен

придонес во разгледуваната област, особено со високото ниво на реализираност на поставените научни тези.

Вредно за одбележување е и тоа што кандидатот предлага воведување на нов параметар (параметар на статистичка еднаквост на елементарни должини) во истражувањата на топографијата на површините, поточно профилите добиени од површините. Новиот параметар *SE* овозможува создавање на алгоритам за проширување и уточнување на постапката за добивање на примарниот профил, профилот на рапавост и брановидност. Новина е и тоа што кандидатот во новопредложениот алгоритам предлага воведување на повратни врски во процесот на реализација на мерењата на топографијата на површините, што досега не е случај.

## 3. ОЦЕНА НА МЕТОДОЛОШКИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Посебно внимание заслужува применетиот методолошки пристап за реализација на поставените цели и научните тези во докторската дисертација. Станува збор за грижата на кандидатот м-р Мите Томов да обезбеди веродостојни услови за изведување на експерименталните истражувања, насоки и резултати за адекватно решавање на поставените цели, научни тези и задачи, преку:

- анализа на 143 наслови, тесно поврзани со разгледуваната проблематика;
- проучување на можностите на современата мерна опрема за истражување на рапавоста на површините, вклучувајќи го нејзиниот хардверски и софтверски дел;
- проучување на 27 меѓународни ISO-стандарди и 4 национални (ASME, BS, DIN) стандарди во кои се набележани препораки поврзани со истражувањата во докторската дисертација, а особено на условите за изведување на мерењата;
- анализа на можностите на повеќе постоечки софтвери за анализа и истражување на топографијата на површините;
- соработка, размена на мислења и резултати со експерти од областа на метрологијата за површините;
- верификација на етапно постигнатите резултати од истражувањата во докторската дисертација со учество на меѓународни конференции, објавување на трудови во зборници на трудови на тие конференции, како и објавување во меѓународни и странски списанија. Кандидатот ја набележува следнава листа на објавени трудови:


[1]. M.Kuzinovski, **M.Tomov**, P.Cichosz: Effect of sampling spacing upon change of hybrid parameters values of the roughness profile. Journal of Production Engineering. University of Novi Sad. Faculty of Technical Sciences. Department of Production Engineering. Novi Sad, Serbia. UDK 621, ISSN 1821-4932, Volume 12, No 1, 2009, pp. 23-27.

[2]. **M. Tomov**, M. Kuzinovski, P. Cichosz: General effect of total data points number on material ratio change of the roughness profile. Journal of Production Engineering. University of Novi Sad. Faculty of Technical Sciences. Department of Production Engineering. Novi Sad, Serbia. UDK 621, ISSN 1821-4932, Volume 12, No 1, 2009, pp.41-46.

[3]. **M. Tomov**, P. Cichosz, M. Kuzinovski, N. Trajčevski: Investigation of the function and influence of Gaussian and 2RC filters to determine the roughness profile in real periodic surfaces. IV Konferencja Naukowa, Szkola Obrobki Skrawaniem nt. Wspolczesne problemy. Lodz, 06-08.09.2010 r., Polska. ISSBN 83-920269-3-4, pp. 245-252.

[4]. **M. Tomov**, P. Cichosz, M. Kuzinovski, N. Trajčevski: Analysis of the possible influence in determining of the roughness profile in real non-periodicals surfaces with the application of Gaussian and 2RC filters. XXXIII Naukowa Szkola Obrobki Sciernej. Lodz, 8-10.2010 r., Polska. ISSBN 83-920269-4-2, pp. 359-368.

[5]. **M. Tomov**, M. Kuzinovski, N. Trajčevski: Function on Gaussian and 2RC filters to determine the roughness profile in real non-periodic and periodic surfaces. 14th International Research/Expert Conference "Trends in the Development of Machinery and Associated Technology" TMT 2010, Mediterranean Cruise, 11-18 September 2010. ISSN 1840-4944, pp.9-12.

[6] Kuzinovski, M., **Tomov, M.**, Cichosz, P. Investigation of Gaussian and 2RC filtration in surface roughness measurement from the standpoint of ambiguities in standards. Part I-Theoretical Analysis. 11-th International Scientific Conference MMA 2012 - Advanced production technologies, Novi Sad, 20-21 September 2012, ISBN 978-86-7892-419-4, pp. 145-148.

[7] **Tomov, M.**, Kuzinovski, M., Cichosz, P. Investigation of Gaussian and 2RC filtration in surface roughness measurement from the standpoint of ambiguities in standards. Part II-Experimental Analysis. 11-th International Scientific Conference MMA 2012 - Advanced production technologies, Novi Sad, 20-21 September 2012, ISBN 978-86-7892-419-4, pp. 187-191.

[8] **Mite Tomov**, Mikolaj Kuzinovski, Piotr Cichosz. Analysis of methods for primary profiles characterization in investigation of the surfaces topography. VI Konferencja Naukowa, Szkola Obrobki Skrawaniem Nt. Efektywne Wytwarzanie. Ladek Zdroj, 17-19.09.2012 r., Polska. ISSBN 978-83-917677-7-1, pp. 381-390. (Исто така објавен и во Journal „Mechanik" No.8-9/2012, PL ISSN 0025-6552).

[9] **Mite Tomov**, Mikolaj Kuzinovski, Piotr Cichosz: Application of methods for primary profiles characterization with deterministic characteristics in terms of software filtration. VI Konferencja Naukowa, Szkola Obrobki Skrawaniem Nt. Efektywne Wytwarzanie. Ladek Zdroj, 17-19.09.2012 r., Polska. ISSBN 978-83-917677-7-1, pp. 391-400. (Исто така објавен и во Journal „Mechanik" No.8-9/2012, PL ISSN 0025-6552).

[10] **Mite Tomov**, Mikolaj Kuzinovski, Piotr Cichosz: Application of methods for primary profiles characterization with stochastic characteristics in terms of software filtration. XXXV Naukowa Szkola Obrobki Sciernej. Ladek Zdroj, 19-21.09.2012 r., Polska. ISSBN 978-83-917677-6-4, pp. 151-160. (Исто така објавен и во Journal „Mechanik" No.8-9/2012, PL ISSN 0025-6552).

Во претставената докторска дисертација, докторандот покажа солидно познавање во областа на примената на принципите, алатките и методите, компјутерски потпомогнати, за обезбедување на услови за добивање на квалитетни научно-истражувачки резултати, на научната обработка на резултатите и нивното графичко претставување, како и извлекување на умесни заклучоци. Сето ова нѐ ополномоштува кандидатот м-р Мите Томов да го вброиме во редот на специјалисти од областа на метрологијата за површините во обработките со симнување на материјал со солидна подготовка од областа на информатиката.

## 4. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ги предвид позитивните елементи од оцената на докторската дисертација, пред сѐ нејзината комплексност, добиените резултати од изведените експериментални научни истражувања кои се однесуваат на развојот и создавањето на услови за поеднозначно дефинирање на методите и мерните техники кои се користат за идентификација на геометриските карактеристики на површината од површинскиот слој, конституиран при обработка со симнување на материјал (преку истражување на софтверската филтрација со користење на Гаусовиот филтер, научна анализа на постоечките методи за карактеризација и класификација на профилите, воведувањето на нов параметар на статистичка еднаквост на елементарните должини и алгоритам за проширување на постапката за добивање на примарниот профил, профил на рапавост и брановидност), адекватниот методички пристап, примената на софтверските пакети при решавање на научните задачи, вредните, во значителен степен оригинални,

резултати од истражувањето и мерењата, нивната правилна обработка, прифатениот пристап за верификација на добиените резултати од истражувањата преку објавување на научни трудови на конференции и во научни списанија, актуелноста на опфатената тематика во докторската дисертација, сериозните познавања на кандидатот во областа на метрологијата за површините и техниките, неговата проникливост и педантност, Комисијата смета дека докторската дисертација со наслов:

**„ПРИДОНЕС ВО РАЗВОЈОТ НА МЕТОДИТЕ И МЕРНИТЕ ТЕХНИКИ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ВЛИЈАТЕЛНИТЕ ФАКТОРИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ТОПОГРАФИЈАТА НА ПОВРШИНИТЕ",**

изработена од м-р Мите Томов, дипл.маш.инж., претставува оригинален научен труд кој дава значаен научен придонес и во целост ги исполнува критериумите и барањата поставени пред докторските дисертации. Комисијата со особено задоволство предлага Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје да го прифати овој извештај и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација.

**Комисија:**

1. Проф. д-р Миколај Кузиновски, Машински факултет, Скопје, с.р.
2. Проф. д-р Павел Ковач, Факултет за технички науки, Нови Сад, с.р.
3. Проф. д-р Валентина Гечевска, Машински факултет, Скопје, с.р.
4. Проф. д-р Зоран Пандилов, Машински факултет, Скопје, с.р.
5. Вонр. проф. д-р Никола Тунески, Машински факултет, Скопје, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „НАРОДНИТЕ ПРЕДАНИЈА КАЈ ТУРЦИТЕ ОД КОСОВО И ОД МАКЕДОНИЈА“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЕТЕМ БАЈМАК, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ ВО СКОПЈЕ

Во мај 2011 година, Научниот совет на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје му одобри на кандидатот **м-р Етем Бајмак** работа на докторската дисертација со наслов **„Народните преданија кај Турците од Косово и од Македонија“**, за чиј ментор беше избран проф. д-р Севим Пиличкова. По предавањето на завршната верзија на дисертацијата, на состанокот на Научниот совет на Институтот за фолклор одржан на 15.10.2012 година, беше формирана Комисија за нејзина оцена, во состав: **проф. д-р Севим Пиличкова, проф. д-р Ермис Лафазановски, проф. д-р Изаим Муртезани, проф. д-р Ирфан Морина и проф. д-р Клеанти Ановска.** По прегледувањето на наведената дисертација, Комисијата има чест да го достави следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Трудот на **м-р Етем Бајмак** со наслов **„Народните преданија кај Турците од Косово и од Македонија“** започнува со **Вовед** по кој следуваат 4 општи поглавја. Во **воведот** се изнесуваат причините за потребата од проучување на оваа материја, како и кус преглед на релацијата на преданијата со другите прозни народни творби: митови, легенди, епски творби и приказни. При изработката на трудот како теориско-методолошки пристап, вклучувајќи ја техниката на работа со сите видови извори за податоци: директна нарација и соодветни записи на теренската граѓа како база на истражувањето, користена е анализата на комбинирана методологија при нивното стручно-научно проучување: историскиот метод, културно-етнографскиот, анкетниот и компаративниот метод. За време на истражувањето, користени се следниве извори: а) објавени извори за темата која се обработува во дисертацијата; б) сопствени теренски истражувања во однос на темата во трудот.

Првото поглавје **„Толкување на преданијата“** се однесува на основните обележја на народните преданија, како и прашањата во однос на терминологијата на овие умотворби, во зависност од размислувањата на истражувачи од разни земји.

Второто поглавје, **„Досегашни проучувања на преданијата“**, претставува обид за согледување на резултатите од досегашните проучувања на преданијата, во трудот распределени во три групи: *Проучувања на преданијата во светот, Проучувања на преданијата во Република Турција, Проучувања на преданијата во Република Македонија.*

Третото поглавје, **„Класификација на преданијата“**, ги разгледува досегашните обиди за класификација и типологизација на преданијата, исто така

низ нивна распределба во три групи: *Класификација на преданијата во светот, Класификација на преданијата во Република Турција, Класификација на преданијата во Република Македонија.*

Четвртото поглавје, **„Видови народни преданија“**, го опфаќа главниот дел од трудот во кој се содржи анализата на текстовите од преданијата, застапеноста на мотивите во нив, како и обид за утврдување на нивното потекло. Во ова поглавје, кое зафаќа најголем обем, според тематската застапеност, преданијата се распределени во седум општи групи и подгрупи во рамки на некои од нив:

1. Првата општа група ги разгледува ***космогониските преданија*** кои се третираат како најстари по своето потекло, со обработка на мотиви за создавањето и исчезнувањето на светот, потоа за човекот и неговото потекло. Оттука, во многу преданија кои зборуваат за појавите во природата, се среќаваат заеднички, интернационални мотиви-општи за различни културно-јазични средини. Во нивната содржина се присутни бројни слоеви во однос на времето кое е синтетизирано во нив, а најстарото јадро се состои од митски слој, одразен во народните верувања: постоењето на пет свети елементи - оган, железо, земја (култот кон планини, пештери, камења), вода (култот кон реки, езера, мориња) и божество - заштитник на „светата вода“. Според расположливиот изворен материјал, најчести мотиви коишто се среќаваат во преданијата од оваа група се: *создавањето на светот, крајот на светот (потопот), создавањето на мажот и жената, значењето на огнот и огништето.*

2. Втората општа група разгледува ***митолошки преданија*** кои, исто така, се третираат како стари народни умотворби, со оглед на тоа што во нивната сижетна структура се одразени народни верувања уште од докласното општество. Тематиката на групата преданија за митолошки суштества и сили е свртена кон такви прашања какви што се судбината, демоните на болеста и болните, смртта, престојот на оној свет; за духови на природата и на населени места, самовили, наречници, вампири, ѓаволи, џинови. аждаји, нечисти сили и привидувања, за луѓе надарени со натприродна, односно магиска сила и моќ. Материјалот во оваа група преданија се разгледува распределен на седум подгрупи. <u>Првата подгрупа</u> се однесува на преданијата за самовили и разни духови, односно верувањето во *предодреноста на судбината* кое во минатото било масовно раширено, оставајќи свои трагови и денес во психата на човекот. Основата на умотворбите со мотиви на детерминативниот фатализам има прастари, историски условени корени. Присуството на митолошките елементи се забележува уште на почетокот од нарацијата која започнува со информацијата за заминувањето на мажите на планина, иницирано од конкретен недостаток. Заминувањето го симболизира оддалечувањето од *својот простор*, а *планината,* како и *пештерата,* го симболизираат туѓиот простор кадешто јунакот од творбата живее со претставник од тој простор - самовилата. Сижетот во овие преданија најчесто продолжува со мотивот *јунакот е непрепознатлив* за претставниците од својот простор, бидејќи *е променет,* односно наликува на претставниците од туѓиот простор. Во сижетната

основа на преданијата од <u>втората подгрупа</u> се забележуваат пагански елементи комбинирани со елементи од исламската верска практика, со најчеста застапеност на мотивот за *скаменувањето* кој се среќава речиси во сите прозни умотворби кадешто овој вид метаморфоза доаѓа поради различни причини: скаменувањето настанува како казнување на ликовите од сижетот, а во други творби тоа претставува спасување од последиците поради претходно преземено дејство; потоа до скаменување доаѓа и поради барање на самите ликови (со молитви упатени до Алах) кои во тоа го наоѓаат излезот поради одредена опасност, или изречена клетва. Најчестите причини кои доведуваат до состојба на скаменување се прекршување на одредена забрана при престојот на човекот во светот на натприродните суштества, како на пример: прекршување на *правилото за молчење* во тој простор, потоа *погледнување зад себе*. <u>Третата подгрупа</u> се однесува на преданијата со мотивот за *чудесни камења*. Во разработката на овие сижети се присутни митолошки елементи, во случајов манифестирани низ необичната моќ на каменот и неговата функција- разграничување на опозијата добро / лошо. Влезот во просторот од долниот свет во нарацијата се лоцира низ дупката во каменот кадешто лажниот јунак треба да ја докаже својата невиност, односно зрелост. <u>Четвртата подгрупа</u> се однесува на преданијата со мотивот за *промена на место на покојник* до кое доаѓа од различни причини. Според илустрациите, известувач за промените што настанале во просторот на жителите од *оној свет*-светот на умрените е покојникот (или болниот во постела), кој назначува медијатор задолжен да ја поправи сторената грешка. Медијаторот помеѓу настаните од *овој свет*-светот на живите и настаните од *оној свет*-светот на умрените, е припадник на просторот на живите луѓе. За да го реализира даденото ветување, на медијаторот му е дозволено да го отвори гробот, кој го симболизира подземниот простор. Иако гробот се третира како простор со света димензија кој не смее да се раскопува (бидејќи таквиот акт би предизвикал казнување од подземните натприродни сили), во овие творби до казнување не доаѓа, бидејќи даденото ветување го очекува покојникот, претставник на подземниот простор. <u>Петтата подгрупа</u> се однесува на преданијата со мотивот за *губење на маѓепсаност* до кое доаѓа на два начина: прво - без знаење на ликот од творбата, кога, нешто што е вредно се претвора во невредно, и второ: преданија во кои состојбата на маѓепсаност останува неразрешена тајна. Овие преданија започнуваат со информацијата на народниот раскажувач дека пристигнал евлија / светец престорен како питач. Оваа појава кога Господ или некој светец доаѓа на земјата преправен најчесто во питач и контактира со луѓето е со цел да се провери нивното однесување за време на различни состојби и ситуации во зависност од опозицијата *добро/лошо* однесување на луѓето со божествените суштества, следува *благослов* за благосостојба, *клетва* како казнување. И во сижетната основа на овие преданија се забележуваат наративни елементи со митолошко потекло комбинирани со исламски елементи, манифестирано низ присуството во просторот на живите - луѓето и просторот на натприродните суштества, во случајов *амбарот* кадешто се остварува чудото од

благодарниот евлија. Шестата подгрупа се однесува на преданијата со мотивот за *волшебниот сад.* Посебно се интересни кажувањата и верувањата кои се однесуваат на земјаните садови кои се оставале покрај покојникот, при што во такви случаи кажувањата содржеле одредени зарекувања или ветувања од страна на живите, во турскиот јазик познати со терминот „adak". Со тек на време, овие земјани садови биле украсувани со најразлични мотиви, својствени на посебни цивилизации во минатото. Поврзаноста на ваквите садови (при нивното потекло од иста популација во различни региони) се барала низ проучување на значењето на мотивите од украсените предмети. Начинот на украсувањето на земјаните садови, особено во формата на отворот и рачката укажало на постоење сличности во земјаните садови со потекло од Анадолија и оние од Балканот. Седмата подгрупа се однесува на верувањата во демони, односно натприродни суштества: духови, вампири, самовили, вештерки. Тие се поврзуваат со низа магиско-религиозни практики од предисламскиот период - шаманизмот кој оставил длабоки трагови распространувајќи се и во подоцнежната култура на живеење. Освен творбите во кои се спомнуваат вампирите, во турските народни преданија *пиењето човечка крв* се среќава и со друго значење. Станува збор за мотивот *казнување и одмаздување по пат на убиство,* при што пиењето од крвта на умрениот се сметало за најмоќно средство за одразување на одмаздата.

3. Во третата општа група ***Зоогенетски и фитогенетски преданија*** се објаснува како биле создадени одделни животни, птици или растенија, односно како добиле вакви или онакви, корисни или штетни својства (Зошто ластовичката има расчаталена опашка?; Зошто змијата се храни со крвта на жабата?; Зошто мачката никогаш не паѓа на грб?; Зошто нозете и клунот на еребицата се црвени?; Како магарето го уништува отровното дејство на змијата; Како е создаден волкот?; Зошто магарето има долги уши?; Како се создадени кукавицата и гугутката?; Потеклото на свилената буба, итн.) Овие преданија обработуваат мотиви за потеклото на животните и растенијата, како и често застапениот мотив на *метаморфозата.* Со тек на време, некогашните поимања за нивното настанување се трансформирале и во некои примери добиле ирационални објаснувања во кои доминира ставот на човековата симпатија или антипатија кон одредени животни. Така, на пример, бидејќи змијата го внела Ѓаволот во Рајот, Господ ја казнил да нема нозе и да се движи влечејќи се, а на луѓето им наредил да ја убијат кога ќе ја видат. Зависно обележјата на змијата, во преданијата се издвојуваат две општи категории: 1. Умотворби во кои ликот на змијата е претставен со позитивен однос кон луѓето; 2. Умотворби во кои ликот на змијата е претставен со негативен однос кон луѓето. Трагите од ваквите контрасни карактерни обележја кај змијата се евидентни и аргументирани во фолклорните и етнолошки изворни материјали: верувања и обредна практика, преданија, народни приказни, пословици, изреки. Сите тие претставуваат своевидни одгласи од некогашната активна обредна практика кога змијата се поврзувала со водата, како и со подземниот свет на мртвите, односно смртта, но, исто така, таа претставувала симбол на раѓање на нов

живот. Како посебно интересни за одбележување се јавуваат претставите кои се однесуваат на бесмртноста на душите, а посебно способноста за самораѓање. Потоа, интересно е и верувањето во однос на гавранот кого Пророкот го проколнал од бел да стане црн поради неговата непослушност кон Ное, а поради послушноста и исполнување на барањето на Ное (односно известувањето за повлекувањето на водите и носењето на маслинова гранка во клунот), гулабот добил благослов да живее во близина со луѓето.

4. Во четвртата општа група се обработени ***религиските преданија*** кои имаат значајно место во народното творештво, особено поради улогата што ја одиграле во религиозните претстави на широките народни маси. Преминувајќи во народното творештво по устен пат или преку текстовите од Куранот (или Библијата), овие преданија зборуваат за теми и мотиви од Стариот и Новиот завет, кои со тек на време трпеле значителни промени, односно тие најчесто се усогласувале со дотогашните народни верувања и сфаќања за одделни религиозни проблеми. Оттука, овие преданија не се многу стари и една од нивните компоненти е тоа што спаѓаат меѓу оние фолклорни творби што се потесно сврзани со писмената литература, па овозможуваат преку нив согледување на односите помеѓу литературата и фолклорот. Во овие преданија доминираат мистични верувања и погледи, но без оглед на тоа, решавањето на третираните проблеми во нив е со реалистичен пристап, бидејќи лицата во нив (Господ, светци, разни ангели) се претставени како обични луѓе и во секојдневни врски со човекот. Во преданијата од оваа група често се застапени разни предмети со волшебна моќ, како што е мотивот за *волшебната кошула* која во разни творби може да има различна моќ во однос на човекот. Според верувањата, овие кошули со волшебна моќ потекнуваат од најстари времиња, а во рамките на турската народна култура се верува дека првата таква кошула се спомнува во Kur'an-ı Kerim, во делот за личноста на Yusuf. Со текот на времето, текстот од Светата книга навлегува во усната традиција и се раскажува како народно предание.

5. Петтата општа група, ***Епонимиски (етногенетички) преданија,*** се однесува на потеклото на народите, најчесто апострифирајќи некоја карактеристична особеност на некои народи. Очигледни се блиските врски помеѓу етиолошките преданија и предубедувањата кај народот во однос на одредена популација (верска, национална и расна припадност). Во преданијата од оваа група посебно се третира расната припадност, со посебен акцент на црната боја која, инаку, е симбол на праисконската темнина и означува празнина, зло, темнина на смртта, срам, потиштеност, расипаност, јад, тага, понижување, одрекнување. Со овие митски стереотипи со кои се одликува црната боја, често пати биле вреднувани и етничките заедници кои се носители на оваа боја. Во народното творештво претставата за припадниците на овие заедници (црниот Арапин) е во спротивност со белата боја, која, од семиотичка гледна точка, асоцира на *овој свет*, на горе, живот, добро, чисто итн. Проекцијата на митскиот црн човек е производ на архаичната логика која оперира врз основа на бинарни опозиции и врз која се

зацврстува статусот на белиот човек. Оттука произлегува констатацијата дека луѓето живеат на овој свет во кој има светлина, односно сонце, а во другиот свет живее лик од црната боја која е асоцијација на темнината. Според тоа, и ликот на црниот Арапин во митските нарации се идентификува со *другиот*.

6. Во шестата општа група, ***ономастични преданија/преданија за места***, станува збор за потеклото на имињата на: градови, села, езера, планини, мостови, џамии, цркви. Според содржинската суштина на топонимиските преданија и врз основа на објектот што послужил за создавање на преданија, тие во трудот се разгледуваат групирани во неколку подгрупи: Преданијата од прва̲т̲а̲ ̲п̲о̲д̲г̲р̲у̲п̲а̲ - *за населени места (градови, села* и др.) обработуваат најразновидна тематика која се состои, главно, во објаснувањето на настанувањето на одредени населени места, нивните имиња (во врска со која личност или настан го добиле соодветното име). Исто така, во оваа група се вбројуваат и преданијата за разурнати населени места; Преданијата од втората подгрупа - *за водни површини* (езери, реки, извори, чешми, мостови) зборуваат за народните верувања, според кои со водните површини господари создавачот на светот - Господ, кој им ја дал водата на луѓето заради здравствени потреби: пиење, капење. Оттука, според верувањата водата е еден од светите елементи кои се третираат како божји подароци. Посебно се истакнува популарноста на преданијата за водни површини (езери, реки, извори, како и преданијата за чешми и мостови) кои најчесто се поврзуваат со верувањата во заштитничката улога на светците. Култот кон почитувањето на водата го симболизира животот, а води потекло од дамнешни времиња, со видливи трагови во денешните обреди и ритуали. За тоа сведочат големи број чешми изградени кон крајот на изминатиот век. Во третата подгрупа се разгледуваат - *преданијата за мостови*. Почнувајќи од половината на 14 век до почетокот на 20 век, османлиската архитектура почнала да се распространува во земјите од Балканот, па оттука и во Македонија и во Косово. За османлиското присуство во овие простори, сведочат градбите кои биле создадени поради разни потреби и цели: џамии, медреси, училишта, теќиња, амами, чаршии, чешми, шадрвани, патишта, ханови, кервансараи, сааткули, мостови, калиња и друго. Сите тие го одразуваат вкусот на класичниот османски стил. Речиси во сите преданија од оваа група, застапен е познатиот мотив „*Вградената невеста*", поточно „Вградување на жив човек во темели на градба" кој уште во 19 и 20 век ги фасцинирал некои од светските фолклористи. Преданијата од четвртата подгрупа се однесуваат на изградбата на *теќиња* за значајни личности од турската историја коешто во балканските и европските земји започнало со владеењето на Османлиската Империја. Во овие теќиња биле закопувани жртви кои војувале во верските војни за проширување на Османлиската Империја, претставници на разни религиозни секти, везири и паши. Во оваа подгрупа авторот разгледува некои теќиња во поголемите градови и во помалите места од Косово и од Македонија, меѓу кои, како позначајни од Косово се издвојуваат теќињата на: Sarı Saltuk, Sultan Murat и Gazi Mestan во близината на Приштина, како и на İshak Baba во Јанова, нешто подалеку од Приштина. Потоа,

постојат преданија за теќињата на Gül Baba, Halveti, Rufai, Hoşkadin од Митровица, на Murad Türbesi, Halveti, Şeyh Mehmed Kaderi, Haci Ali Efendi, Şeyh Salih, Mula Daniel, Kudduz Baba, во Приштина, турбето во селото Рогачица во околината на Ѓилан, на Şeyh Süleyman Aciz Baba, İsmail Dede, Ali Baba, Karabaş Efendi, Ömer Baba од Призрен и други. Посочени се теќиња и џамии и во повеќе региони во Македонија, како теќињата на: Şeh Osman, Ali Baba, Şükrü Baba во близина на Куманово, теќето Osman Baba во селото Матејче, теќето Harabati Baba во Тетово, теќето и турбето Halveti Tekkesi ve Türbesi во Гостивар, теќето Şeyh Kadri во Дебар, теќето Sinan Çelebi, теќето и турбето Haci Muhammed Hayati Halveti, теќињата Dalga Baba, Ak Baba, теќето Şeyh Taktuk Kaplan Baba во Охрид, џамијата и теќињата Hasan Baba и Тезверен Баба, како и теќето со гробницата Melami Tekesi ve Türbesi во Битола, теќето со турбето Sinan Baba Tekesi ve Türbesi во Струмица, во село Банско, Струмичко, теќето со турбето Hayati Tekkesi ve Türbesi и теќето Muhiddin Rumi во Штип и други. За сите посочени теќиња и турбиња се создале преданија кои во процесите на усната трансмисија претрпувале извесни промени што довело до проширување на нарацијата во која се вметнувале наративни елементи својствени за времето на живеење и афинитетот на интерпретаторот. Како најчесто застапени мотиви кои го раздвижуваат дејството во овие преданија авторот ги наведува мотивите за настани и личности со натприродни својства, меѓу кои, како најпопуларни и омилени се преданијата во кои е застапен мотивот за *„обезглавениот јунак"*; Петтата подгрупа содржи преданија во врска со градбите на *џамии и амами* со потекло од времето на Отоманската Империја и појавата на османлиското владеење на Балканскиот Полуостров. Следствено, во народната традиција се создавале многу преданија кои раскажувале за најразлични настани околу изградбата на овие објекти. Преданијата за џамии, главно, третираат тематика поврзана со верувањето на човекот во Господ, кај муслиманите прифатено како света должност, а оттука и третирањето на џамиите како свети храмови. Тие имаат улога на медијатори со функција овозможување комуникација на верниците со Господ - Алах. Тематиката во преданијата за изградба на џамии најчесто се поврзува со изградбата на амами како задолжителни придружни објекти. Наведени се и аргументи за култот кон водата и капењето што и денес се третира како една од божјите заповеди, кај муслиманската популација манифестирано низ обредната практика на ритуалното миење пред молитвата. Преданијата од шестата подгрупа се однесуваат на *градби според сонуван сон*. Заслужено внимание му е посветено и на верувањето во значењето и пораките на соновите, кое со своето древно потекло било застапено во нарациите на многу народи кај кои изобилуваат митолошки теми и мотиви. Во овие творби, сонот го сонува лик со препознатлива или дотогаш неоткриена дарба, а потоа, содржината на сонот ја толкуваат посебно надарени луѓе и се постапува според значењето на сонот. Доколку протолкуваното значење содржи негативна порака, луѓето преземале разновидни активности за спречување на лошите претпоставени случки, за која цел, често се читале молитви и се принесувале жртви поради успокојување

на лошите натприродни сили. Соништата и нивното толкување претставувале интерес и за исламските учени луѓе, а се спомнуваат и во Куранот. Ваквата верба постоела и во предисламскиот период, за што сведочат голем број легенди, преданија и епски творби во кои се застапени предисламски верувања и обичаи.

7. Во седмата општа група, ***Историски народни преданија,*** опфатени се творбите кои зборуваат за *историски настани* и *историски личности* кои имаат големо значење за турската популација, раскажани според доживувањата на народните информатори од различни историски периоди. Во историските народни преданија посебно значење има ставот на народот кон конкретен историски настан или личност, како и оцената на анонимниот раскажувач, кој секогаш се сообразува со колективните погледи и интереси. Понекогаш, овие народни умотворби не содржат голема историска вистина, бидејќи нивното раскажувачко дејство е исполнето со многу легендарни елементи, коешто е особено видливо во преданијата за историски личности, бидејќи во нив ликовите се значително идеализирани. Според илустрациите, смртта на некоја значајна личност за турската историја во поголемиот број преданија се јавува како резултат на саможртва до која доаѓа со цел да се заштити колективниот интерес на другите. Освен како учители, народниот раскажувач просветителите ги прикажува и како учесници во разните битки кадешто војувале поради заедничката возвишена цел: распространување на исламската вера. Преданијата од оваа група во трудот се разгледуваат според пет подгрупи. Првата подгрупа ги содржи творбите со широко распространетиот мотив за *Обезглавениот јунак,* кои со тек на време, како резултат на личните замисли, видувања и индивидулниот став на кажувачот, подоцна доживеале разновидни трансформации, создавајќи разни верзии. Еден дел од овие творби на време се запишани, друг дел се усни интерпретации од кои дел се објавени. Прегледот на распространетоста на општиот фонд народни умотворби со овој мотив покажува дека тие се среќаваат во усната традиција на турската популација од Средна Азија до балканските земји, со најконцентрирана застапеност во Анадолија и Балканот. Досегашните истражувања на творбите со мотивот *kesik baş moivi / обезглавениот јунак,* се движеле во насока на одредување на релацијата на сижетот и историските случувања, како и утврдување на потеклото на мотивот. Преданијата со овој мотив во трудот се поделени на две главни групи: а) преданија во кои главата се одвојува од трупот и понатаму во сижетот дејствува самостојно; б) преданија во кои трупот со пресечена глава продолжува со активностите во сижетот. Втората подгрупа ги содржи творбите со мотивот *Sarıkızlar / русите девојки* кој се среќава во прозната традиција на турската популација од разни земји и претставувал интерес како за турската, така и за светската наука. Во Македонија преданието за храброста на русите девојки е едно од најзастапените творби од овој вид. Освен мотивот за *Kesik Baş / обезглавениот јунак,* кој во оваа творба се однесува на девојката-војник, во сижетот е застапен и мотивот *преоблекување на јунакот.* Генезата на мотивот *девојка-војник* ја проучувале многумина светски истражувачи, според кои преовладува мислењето дека тој потекнува од времето на средновековието и

феудализмот. Како резултат на анализата на изворниот материјал кадешто е застапен мотивот *девојка-војник*, колку и да станува збор за историски настани кадешто се спомнуваат овие женски ликови кои заедно со мажите војувале против непријателската војска, со тек на време, во опишувањето на историските настани раскажувачите постепено вметнувале и натприродни елементи и ликови. Оттука, и женските ликови-јунаци во турските умотворби постепено преминувале во Kadın Evlıyalar / жени/евлии, (светци). Третата подгрупа ги содржи творбите кои зборуваат за *Косовската битка и Султан Мурат*. Во преданијата најчесто вниманието го привлекува мотивот за настани според *сонуван сон*, потоа мотивот *алал или арам*, кој често се среќава во турските прозни народни творби. Во текстовите од овие преданија, предмет на разгледување е *поимот за другиот* во однос на различни народи (во случајов, станува збор за турскиот народ наспроти српскиот народ, односно на различни религии: исламската наспроти православната религија). Четвртата подгрупа ги содржи творбите кои зборуваат за Ќороглу во турската и Марко Крале во македонската прозна традиција. Во разни историски епохи содржината на борбата на епските јунаци на разни народи била различна. Конкретниот повод за борба во народните творби на епскиот јунак Ќороглу е борбата против реално суштество. Со тек на време, во усните кажувања содржината на творбите се збогатила со додавање на митолошки и шаманистички елементи од претходните историски епохи. Оттука, физичката борба на епскиот јунак која во почетокот на создавањето на творбите за него била со противник - реална личност, во народните творби создадени подоцна, прераснала во борба со натприродно суштество. Анализата на некои мотиви говорат дека архаичната митолошка традиција оставила најсуштествени траги во епската фантастика што се одразено во претставите на *чудесното раѓање на јунакот*, потоа за *наречниците* и нивното позитивно или негативно влијание врз судбината на јунакот, појавата на добрите и лошите самовили, змејови, ламји и други чудовишта како противници на јунакот. Општо земено, илустрациите покажуваат дека сижетното дејство во оваа група преданија се одвива согласно со локализацијата на настаните: на *горниот свет* кадешто живее јунакот, на *долниот свет* кадешто живеат натприродните суштества и кадешто заминува јунакот. Во нарацијата од двете преданија, влезот во *долниот свет* се лоцира низ: бунар, камен, дупка, планина, пештера... Причината за заминување на двајцата јунаци во светот кадешто владеат хтоничните сили ја предизвикува појавата на мотивот *губење на силата на јунакот*, што е иницирано и поради настанатиот недостаток од неговиот свет: крај на дотогашниот модел на јунаштво и појава на нов модел на војување. Следствено, тоа резултира со различни причини за влез во *долниот свет* од почетокот на сижетното дејство и причините за влез во истиот простор неопходни на крајот од нарацијата. Петтата подгрупа ги содржи творбите кои зборуваат за личноста и делото на мисионерот *Сари Салтук*. Преданијата за Сари Салтук се широко распространети во турската прозна традиција од Косово и од Македонија. Според преданијата од овие региони, се раскажува дека мисионерот Sarı Saltuk својата мисионерска дејност ја спроведувал

трудејќи се да воспостави мирољубиви односи со месното население. Оттука, за прифаќањето и опстанокот на исламот и турската култура на живеење во балканските земји, од големо значење е улогата на дервишите како Сари Салтук, поради што во турската народна култура во овие земји и денес е популарно и живее неговото име. Анализата на материјалот покажува дека местата кадешто се наоѓаат теќињата на Сари Салтук во балканските простори, претставуваат култни места со потекло од поранешни историски периоди.

Текстуалниот дел од докторскиот труд завршува со **Заклучокот,** кадешто авторот во резимирана форма ги изнесува основните сознанија добиени од проучуваната материја, кои укажуваат на констатацијата дека според увидот и анализата, освен мотиви специфични за турскиот народ, во расположливата граѓа е забележливо присуството и на мотиви од меѓународен карактер кои постојат и на други места (во науката познато како независна појава на едни исти мотиви во народната традиција на разни народи). Некои од овие заеднички мотиви кои потекнуваат од паганизмот, потоа се менувале низ усната трансмисија и разните процеси на вертикална и хоризонтална дистрибуција, опстојувајќи во разните историски периоди заедно со мотивите од тие периоди. Така, со појавата на монотеистичките религии во преданијата се инкорпорирале мотиви со потекло од паганизмот и мотиви од исламската и христијанската религија.

Потоа следува визуелниот дел од трудот наречен **Прилози,** во кој некои текстуални илустрации од преданија се надополнети со соодветни фотографии. Докторскиот труд завршува со **Библиографија** која ја содржи цитираната и консултираната стручно-научна литература.

Трудот претставува обид низ разгледување и анализирање на преданијата да се презентира стремежот на носителите на народната традиција да ги изнесат своите видувања и размислувања за појавите, настаните и личностите кои ги опкружувале уште од најдревниот период на нивното живеење, па се до денес. Истакнувајќи го значењето на преданијата во рамките на турското народно творештво, како образложение за интересот кон проучување на овие творби со долгогодишното потекло, авторот наведува дека во посочените региони за нив е малку пишувано. Од друга страна, поради нивното несистематско собирање во минатото, денес тие, како и најголемиот дел од други усни кажувања, се сериозно загрозени од заборавање и одумирање.

Според изборот на илустрациите во рамките на општата концепција на докторскиот труд, потоа анализата на изворните материјали, како и нивното давање во двојазична форма - на турски и на македонски јазик, е од особено значење за потесни и пошироки научни проучувања на оваа материја. Посебно треба да се истакне дека ваквите трудови со примена на компаративни проучувања на народните умотворби од два (и повеќе) региона се третираат како особено значајни за науката. При изработката на трудот, целта на авторот била насочена кон согледување и проучување на наративните елементи во современите варијанти и излачување на соодветни сегменти наследени од различни историски периоди. Со

својата хоризонтална анализа на изворните материјали направен е обид за нивно вертикално согледување, кое овозможило откривање на наративните елементи наследени од паганизмот (одразено во народни верувања во моќта на претскажувањето, клетвите, благословите) кои, со тек на време, се преплетувале со религијата (одразено во комуникацијата на луѓето со Господ преку молитвите, односно верувањето во магиската сила на говорот). Овие општи обележја кои можат да се забележат во сеопштата народна култура кај многу народи, авторот ги прикажува низ конкретната специфика, отсликана во нарациите на турските преданија, во кои освен посочените општи макроелементи, се содржат наративни сегменти специфични за турската народна култура.

Како резултат на изложеното, долупотпишаната Рецензентска комисија констатира дека ракописот на кандидатот **м-р Етем Бајмак,** со наслов **„Народните преданија кај Турците од Косово и од Македонија“**, ги исполнува критериумите за докторска дисертација, поради што му предлагаме на Научниот совет на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, да ја прифати нашата рецензија и да ги обезбеди сите натамошни процедури во однос на нејзината одбрана.

Комисија

**Проф. д-р Севим Пиличкова** **с.р.**

____________________________

**Проф. д-р Ермис Лафазановски** **с.р.**

____________________________

**Проф. д-р Изаим Муртезани** **с.р.**

____________________________

**Проф. д-р Ирфан Морина** **с.р.**

____________________________

**Проф. д-р Клеанти Ановска** **с.р.**

____________________________

Скопје, октомври 2012 год.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ - ПРАКТИКУМ „МЕТОДИКА НА ФИЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ“, ЗА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА, ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р МАРЈАН МАЛЦЕВ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, бр.02-347/14 од 27.6.2012, бев избран за член на Рецензентската комисија за рецензирање на практикумот „ Методика на физичкото образование“ од доц. д-р Марјан Малцев, за студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, за предметот методика на физичкото образование, за студиската група одделенска настава на македонски наставен јазик.

По разгледувањето и анализата на ракописот за практикум „Методика на физичко образование“ од доц. д-р Марјан Малцев, имам чест до Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје да го поднесам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

1. **Назив на практикумот:**
   „Методика на физичкото образование“.
2. **Назив на предметната програма:**
   методика на физичкото образование.
3. **Назив на студиската програма:**
   Одделенска настава на македонски наставен јазик.
4. **Фонд на часови и ЕКТС-кредити:**
   методика на физичкото образование – 60 часа (VI семестар), 2+2+1 часа неделно, ЕКТС-кредити - 4.
5. Практикумот „Методика на физичко образование“ е напишан во согласност со наставниот план и програма за наведениот предмет за одделенска настава на македонски наставен јазик на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.
6. **Име на авторот:**
   доц. д-р Марјан Малцев
7. Со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, бр.02-347/14 од 27.6.2012, бев избран за член на Рецензентската комисија за рецензирање на практикумот „Методика на физичкото образование“ од доц. д-р Марјан Малцев, за студентите на Педагошкиот факултет „Св.

Климент Охридски“ во Скопје, за предметот методика на физичкото образование за студентите од одделенска настава, на македонски наставен јазик.

8. Се работи за прво издание на практикум.

9. **Општи податоци за практикумот:**
Ракописот опфаќа компјутерски текст со 60 страници пренесен на А4 - формат.

10. **Краток опис на практикумот:**

Тематските целини предвидени со наставната програма се опфатени во практикумот.

Во ВОВЕДОТ, авторот ги запознава студентите за начинот на успешно следење на содржините на предметот методика на физичкото образование. Објаснети се целите, тематските содржини, оценувањето, како и начинот на поставување на испитните прашања и текот на испитот, кои пак се во целост усогласени со наставната програма.

Вториот дел, ПОИМ, ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА МЕТОДИКАТА НА ФИЗИЧКОТО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ, ги дефинира и обработува термините од зададената област, описите на содржините и дефинирање на конкретните познавања на областа. Составен елемент на секој дел, па и на овој се испитните прашања кои се дадени во различни форми.

ОСНОВНИ ДИДАКТИЧКИ ПРИНЦИПИ ВО НАСТАВАТА ПО ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ, е третиот дел на практикумот кој се однесува на суштинските обележја на ФЗО, а сето тоа преку соодветно и конкретно селектирани (испитни) прашања.

Во четвртиот дел, ПЛАНИРАЊЕ НА НАСТАВАТА ПО ФЗО, презентирани се основните принципи од оваа научна област, како и современите согледувања во процесот на планирањето на наставата. Поставени се испитните прашања кои се предвидени со наставната програма.

Петтиот дел, СТРУКТУРА НА ЧАСОТ ПО ФЗО, преку добро одмерени и пласирани информации и (испитни) прашања, авторот им дава можност на студентите да се здобијат со дополнителни информации од оваа област, со новите – современи наставни технологии.

ОПТОВАРУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ НА ЧАС ПО ФЗО - е во согласност со современите сознанија од оваа област кои се применуваат во кинезиолошката наука.

ТИПОВИ НА ЧАС - во овој дел авторот во ракописот, преку соодветно избрани примери и конкретни задачи ги насочува студентите да ги прошируваат и утврдуваат своите сознанија од оваа област.

Осмиот дел, ОРГАНИЗАЦИОНИ ФОРМИ НА ФЗО, дефинирани се и обработени термините од зададената област, преку описите на содржините и дефинирање на конкретните познавања на областа, а презентирани се и соодветните (испитни) прашања кои се дадени во различни форми.

МЕТОДИ НА НАСТАВА ПО ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ, преку добро одмерени и пласирани (испитни) прашања, авторот овозможува информациите од оваа област да бидат коректно усвоени, со што на студентите им се овозможува овие знаења да ги применат во понатамошната работа.

Десеттиот дел, ИНТЕНЗИФИКАЦИЈА НА ЧАСОТ ПО ФЗО, презентира современи методски информации од оваа област кои се применуваат во кинезиолошката наука, а реализирани преку димензионирани и валоризирани (испитни) прашања.

Единаесеттиот дел, СЛЕДЕЊЕ, ВРЕДНУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ, опфаќа голем број на примери, техники и начини за успешно вреднување на учениковите постигања.

ЛИКОТ НА НАСТАВНИКОТ е дванаесетти дел во кој авторот претставува начини за самоевалуација преку соодветни испитни прашања.

На крајот е дадена користена и консултирана ЛИТЕРАТУРА.

**11. Предлози за потребни корекции:**

**12. Оцена на практикумот:**

Практикумот „Методика на физичкото образование“ од авторот доц. д-р Марјан Малцев е напишан на високо стручен, едноставен и истовремено разбирлив начин. Познавајќи ги испитните прашања и стекнатите знаења низ употребата на практикумот, на студентите им се овозможува да користат и дополнителна литература или други начини на стекнување на знаења, умеења и навики со што ќе се овозможи зголемување на квантумот на знаења и сознанија од оваа област. Стилот на пишување и поставените прашања во целост одговараат на намената на практикумот.

**13. Категоризација:** практикум.

**14. Заклучок:**

Врз основа на погоре изнесеното, имам чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, да му предложам да го прифати понудениот ракопис - практикум по „Методика на физичкото образование“ за студентите од одделенска настава на македонски наставен јазик од доц. д-р Марјан Малцев, оценувам дека ракописот ги задоволува основните критериуми за текстови од ваков тип и дека неговото печатење ќе претставува несомнен влог во совладувањето на предвидените наставни содржини.

Куманово,
16.8.2012 год.

Рецензент,
Проф. д-р Душан Тодоровски с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ - ПРАКТИКУМ „МЕТОДИКА НА ФИЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ", ЗА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА, ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р МАРЈАН МАЛЦЕВ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски" во Скопје, бр.02-347/14 од 27.6.2012, бев избран за член на Рецензентската комисија за рецензирање на практикумот „ Методика на физичкото образование" на доц. д-р Марјан Малцев, за студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, за предметот методика на физичкото образование, за студиската група одделенска настава на македонски наставен јазик.

По разгледувањето и анализата на ракописот за практикум „Методика на физичкото образование" од доц. д-р Марјан Малцев, имам чест до Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје да го поднесам следниов

# ИЗВЕШТАЈ

1. **Назив на практикумот:**
   „Методика на физичкото образование".
2. **Назив на предметната програма:**
   методика на физичкото образование.
3. **Назив на студиската програма:**
   одделенска настава на македонски наставен јазик.
4. **Фонд на часови и ЕКТС-кредити:**
   методика на физичкото образование – 60 часа (VI семестар), 2+2+1 часа неделно, ЕКТС-кредити - 4.
5. Практикумот „Методика на физичкото образование" е напишан во согласност со наставниот план и програма за наведениот предмет за одделенска настава на македонски наставен јазик на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.
6. **Име на авторот:**
   доц. д-р Марјан Малцев
7. Со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, бр.02-347/14 од 27.6.2012, бев избран за член на Рецензентската комисија за рецензирање на практикумот „Методика на физичкото образование" од доц. д-р Марјан Малцев, за студентите на Педагошкиот факултет „Св.

Климент Охридски“ во Скопје, за предметот методика на физичко образование за студентите од одделенска настава, на македонски наставен јазик.

8. Се работи за прво издание на практикум.

9. **Општи податоци за практикумот:**
Ракописот опфаќа компјутерски текст со 60 страници, пренесен на А4 - формат.

10. **Краток опис на практикумот:**

ВОВЕДОТ ги запознава студентите со начинот за успешно следење на содржините од предметот методика на физичкото образование. Објаснети се целите, тематските содржини, оценувањето, како и начинот на поставување на испитните прашања и текот на испитот, кои, пак, се во целост усогласени со наставната програма.

Вториот дел, ПОИМ, ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА МЕТОДИКАТА НА ФИЗИЧКОТО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ, ги дефинира и ги обработува термините од зададената област, описите на содржините и дефинирање на конкретните познавања на областа. Составен елемент на секој дел, па и на овој се испитните прашања кои се дадени во различни форми.

Третиот дел на практикумот, ОСНОВНИ ДИДАКТИЧКИ ПРИНЦИПИ ВО НАСТАВАТА ПО ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ, се однесува на дидактичките препораки на ФЗО, а сето тоа преку соодветно и конкретно селектирани (испитни) прашања.

Во четвртиот дел, ПЛАНИРАЊЕ НА НАСТАВАТА ПО ФЗО, презентирани се основните, како и современите начини за планирањето на наставата. Поставени се испитните прашања кои се предвидени со наставната програма.

СТРУКТУРА НА ЧАСОТ ПО ФЗО – авторот ја детерминира структурата на часот преку добро одмерени и пласирани информации и (испитни) прашања, авторот им дава можност на студентите да се здобијат со дополнителни информации од оваа област, со новите – современи наставни технологии.

Шестиот дел, ОПТОВАРУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ НА ЧАС ПО ФЗО, е во согласност со современите сознанија од оваа област кои се применуваат во наставната практика.

Во седмиот дел, ТИПОВИ НА ЧАС, авторот во ракописот, преку соодветно избрани примери и конкретни задачи ги насочува студентите да ги прошируваат и утврдуваат своите сознанија од оваа област.

Осмиот дел, ОРГАНИЗАЦИОНИ ФОРМИ НА ФЗО, дефинирани се и обработени содржините од наведената област, преку описи, а презентирани се и соодветните (испитни) прашања кои се дадени во различни форми.

МЕТОДИ НА НАСТАВА ПО ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ, преку добро одмерени и пласирани (испитни) прашања, авторот овозможува информациите од оваа област да бидат коректно усвоени, со што на студентите им се овозможува овие знаења да ги применат во понатамошната работа.

Десеттиот дел, ИНТЕНЗИФИКАЦИЈА НА ЧАСОТ ПО ФЗО, презентира современи методски и физиолошки информации од оваа област кои се применуваат во кинезиолошката наука, а реализирани преку правилно димензионирани (испити) прашања.

Единаесеттиот дел, СЛЕДЕЊЕ, ВРЕДНУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ, опфаќа голем број на примери, техники и начини за успешно вреднување на учениковите постигања.

ЛИКОТ НА НАСТАВНИКОТ е дванаесеттиот дел во кој авторот претставува начини за самоевалуација преку соодветни испитни прашања.

На крајот е дадена користена и консултирана ЛИТЕРАТУРА.

**11. Предлози за потребни корекции:**

**12. Оцена на практикумот:**

Практикумот „Методика на физичкото образование" од авторот доц. д-р Марјан Малцев е напишан на високо стручен и истовремено разбирлив начин. Практикумот во целост ги задоволува критериумите кои произлегуваат од ваков вид на ракописи. Познавајќи ги испитните прашања и стекнатите знаења низ употребата на практикумот, на студентите им се овозможува да користат и дополнителна литература или други начини на стекнување на знаења, умеења и навики со што ќе се овозможи зголемување на квантумот на знаења и сознанија од оваа област. Стилот на пишување и поставените прашања во целост одговараат на намената на практикумот.

**13. Категоризација:** практикум.

**14. Заклучок:**

Врз основа на погоре изнесеното, имам чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, да му предложам да го прифати понудениот ракопис - практикум „Методика на физичкото образование", за студентите од одделенска настава на македонски наставен јазик од доц. д-р Марјан Малцев, оценувам дека ракописот ги задоволува сите критериуми за текстови од ваков тип и дека неговото печатење ќе претставува несомнен влог во совладувањето на предвидените наставни содржини.

Скопје,
16.8.2012 год.

Рецензент,
Доц. д-р Бујар Саити с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ - ПРАКТИКУМ „МЕТОДИКА НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ“, ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р МАРЈАН МАЛЦЕВ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, бр.02-347/14 од 27.6.2012, бев избран за член на Рецензентската комисија за рецензирање на практикумот „Методика на физичкото воспитание“ на доц. д-р Марјан Малцев, за студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, за предметот методика на физичкото воспитание, за студиската група предучилишно воспитание на македонски наставен јазик.

По разгледувањето и анализата на ракописот за практикум „Методика на физичко воспитание“ на доц. д-р Марјан Малцев, имам чест до Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје да го поднесам следниов

# ИЗВЕШТАЈ

1. **Назив на практикумот:**
   „Методика на физичкото воспитание“.
2. **Назив на предметната програма:**
   методика на физичкото воспитание.
3. **Назив на студиската програма:**
   предучилишно воспитание на македонски наставен јазик.
4. **Фонд на часови и ЕКТС-кредити:**
   методика на физичкото воспитание – 60 часа (VI семестар), 2+2+1 часа неделно, ЕКТС-кредити - 4.
5. Практикумот „Методика на физичкото воспитание“ е напишан во согласност со наставниот план и програма за наведениот предмет за предучилишно воспитание на македонски наставен јазик на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.
6. **Име на авторот:**
   доц. д-р Марјан Малцев
7. Со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, бр.02-347/14 од 27.6.2012, бев избран за член на Рецензентската комисија за рецензирање на практикумот „Методика на физичкото воспитание“ од доц. д-р Марјан Малцев, за студентите на Педагошкиот факултет „Св.

Климент Охридски" во Скопје, за предметот методика на физичкото воспитание за студентите од предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик.

8. Се работи за прво издание на практикум.

9. **Општи податоци за практикумот:**
Ракописот опфаќа компјутерски текст со 60 страници пренесен на А4 - формат.

10. **Краток опис на практикумот:**

Сите тематски целини предвидени со наставната програма се опфатени во практикумот. Секоја целина има свои потцелини кои логички се усогласени со основната тематика.

Во првиот дел, ВОВЕД, авторот дава основа и овозможува студентите успешно да ја следат содржината на предметот, методика на физичкото воспитание. Објаснети се целите, тематските содржини, оценувањето, како и начинот на поставување на испитните прашања кои се содржани во практикумот и се во целост усогласени со теоретските пристапи во областа на кинезиолошката наука.

Вториот дел, ПОИМ, ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА МЕТОДИКАТА НА ФИЗИЧКОТО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ, ги дефинира и ги обработува термините од зададената област, описите на содржините и дефинирање на конкретните познавања на областа. Составен елемент на секој дел, па и на овој се испитните прашања кои се дадени во различни форми.

Третиот дел на практикумот, ОСНОВНИ ДИДАКТИЧКИ ПРИНЦИПИ ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ ПО ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ, се однесува на дидактичките препораки на ФЗО, а сето тоа преку соодветно и конкретно селектирани (испитни) прашања.

Во четвртиот дел, ПЛАНИРАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ ПО ФЗО, презентирани се основните, како и современите начини за планирањето на активноста. Поставени се испитните прашања кои се предвидени со наставната програма.

СТРУКТУРА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ ПО ФЗО – авторот ја детерминира структурата на активноста преку добро одмерени и пласирани информации и (испитни) прашања, авторот им дава можност на студентите да се здобијат со дополнителни информации од оваа област, со новите – современи технологии на воспитно-образовната работа.

Шестиот дел, ОПТЕОВАРУВАЊЕ НА ДЕЦАТА ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ ПО ФЗО, е во согласност со современите сознанија од оваа област кои се применуваат во практиката.

Во седмиот дел, ТИПОВИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА АКТИВНОСТ, авторот во ракописот, преку соодветно избрани примери и конкретни задачи, ги насочува студентите да ги прошируваат и утврдуваат своите сознанија од оваа област.

Осмиот дел, ОРГАНИЗАЦИОНИ ФОРМИ НА ФЗО, дефинирани се и обработени содржините од наведената област, преку описи, а презентирани се и соодветните (испитни) прашања кои се дадени во различни форми.

МЕТОДИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ ПО ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ - преку добро одмерени и пласирани

(испитни) прашања, авторот овозможува информациите од оваа област да бидат коректно усвоени, со што на студентите им се овозможува овие знаења да ги применат во понатамошната работа.

Десеттиот дел, ИНТЕНЗИФИКАЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ ПО ФЗО, презентира современи методски и физиолошки информации од оваа област кои се применуваат во кинезиолошката наука, а реализирани преку правилно димензионирани (испитни) прашања.

Единаесеттиот дел, ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ФОРМИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС, опфаќа голем број на примери, техники и начини за успешно реализирање на воспитно-образовниот процес.

ЛИКОТ НА ВОСПИТУВАЧОТ е дванаесетти дел, во кој авторот претставува начини за самоевалуација преку соодветни испитни прашања.

На крајот е дадена користена и консултирана ЛИТЕРАТУРА.

**11. Предлози за потребни корекции:**

**12. Оцена на практикумот:**

Практикумот „Методика на физичкото воспитание" е напишан на високо стручен и истовремено разбирлив начин. Стилот на пишување и поставените прашања во целост одговараат на намената на практикумот. Познавајќи ги испитните прашања на студентите им се овозможува да користат и дополнителна литература или други начини на стекнување на знаења, умеења и навики со што ќе се овозможи зголемување на квантумот на знаења и сознанија од оваа област.

**13. Категоризација:** практикум.

**14. Заклучок:**

Врз основа на погоре изнесеното, имам чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, да му предложам практикумот „Методика на физичкото воспитание" од доц. д-р Марјан Малцев да го прифати и оценувам дека ракописот ги задоволува предвидените критериуми за текстови од ваков тип и дека неговото печатење ќе претставува несомнен придонес во совладувањето на предвидените наставни содржини.

Куманово,
16.8.2012 год.

Рецензент,
Проф. д-р Душан Тодоровски с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ - ПРАКТИКУМ „МЕТОДИКА НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ", ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р МАРЈАН МАЛЦЕВ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, бр.02-347/14 од 27.6.2012, бев избран за член на Рецензентската комисија за рецензирање на практикумот „Методика на физичкото воспитание" на доц. д-р Марјан Малцев, за студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, за предметот методика на физичкото воспитание, за студиската група предучилишно воспитание на македонски наставен јазик.

По разгледувањето и анализата на ракописот за практикум „Методика на физичкото воспитание" од доц. д-р Марјан Малцев, имам чест до Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје да го поднесам следниов

# ИЗВЕШТАЈ

1. **Назив на практикумот:**
   „Методика на физичкотото воспитание".
2. **Назив на предметната програма:**
   методика на физичкото воспитание.
3. **Назив на студиската програма:**
   предучилишно воспитание на македонски наставен јазик.
4. **Фонд на часови и ЕКТС-кредити:**
   методика на физичкото воспитание – 60 часа (VI семестар), 2+2+1 часа неделно, ЕКТС-кредит - 4.
5. Практикумот „Методика на физичкото воспитание" е напишан во согласност со наставниот план и програма за наведениот предмет за предучилишно воспитание на македонски наставен јазик на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.
6. **Име на авторот:**
   доц. д-р Марјан Малцев
7. Со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, бр.02-347/14 од 27.6.2012, бев избран за член на Рецензентската комисија за рецензирање на практикумот „Методика на физичкото воапитание" од доц. д-р Марјан Малцев, за студентите на Педагошкиот факултет „Св.

Климент Охридски" во Скопје, за предметот методика на физичкото воспитание за студентите од предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик.

8. Се работи за прво издание на практикум.

9. **Општи податоци за практикумот:**
Ракописот опфаќа компјутерски текст со 60 страници, пренесен на А4 - формат.

10. **Краток опис на практикумот:**

Во првиот дел, ВОВЕД, авторот дава основа и овозможува студентите успешно да ја следат содржината на предметот методика на физичкото воспитание. Објаснети се целите, тематските содржини, оценувањето на студентите, како и начинот на поставување на испитните прашања, кои пак се во целост усогласени со теоретските пристапи во оваа научна област.

Вториот дел, ПОИМ, ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА МЕТОДИКАТА НА ФИЗИЧКОТО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ, ги дефинира и ги обработува термините од зададената област, описите на содржините и дефинирање на конкретните познавања на областа. Составен елемент на секој дел, па и на овој се испитните прашања кои се дадени во различни форми.

Третиот дел на практикумот, ОСНОВНИ ДИДАКТИЧКИ ПРИНЦИПИ ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ ПО ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ, се однесува на дидактичките препораки на ФЗО, а сето тоа преку соодветно и конкретно селектирани (испитни) прашања.

Во четвртиот дел, ПЛАНИРАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ ПО ФЗО, авторот ги запознава студентите со основните, како и со современите начини за планирањето на активноста. Поставени се испитните прашања кои се предвидени си наставната програма.

СТРУКТУРА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ ПО ФЗО – во овој дел е детерминирана структурата на активноста преку добро одмерени и пласирани информации и (испитни) прашања, со што дадена им е можност на студентите да се здобијат со дополнителни информации од оваа област, со новите – современи наставни технологии.

Шестиот дел, ОПТОВАРУВАЊЕ НА ДЕЦАТА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ ПО ФЗО, е во согласност со современите сознанија од оваа област кои се применуваат во практиката, а во согласност со детската возраст.

Во седмиот дел, ТИПОВИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА АКТИВНОСТ, преку соодветно избрани примери и конкретни задачи, се насочуваат студентите да ги прошируваат и утврдуваат своите сознанија од оваа област.

Осмиот дел, ОРГАНИЗАЦИОНИ ФОРМИ НА ФЗО, претставени се и обработени содржините од наведената област, исто така презентирани се и соодветните (испитни) прашања кои се дадени во различни форми.

МЕТОДИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ ПО ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ, преку добро одмерени и пласирани (испитни) прашања, авторот овозможува информациите од оваа област да бидат коректно усвоени.

Во десеттиот дел, ИНТЕНЗИФИКАЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ ПО ФЗО, преку современи модели на работа,

како и рационално поставени прашања, авторот ја доближува проблематиката до студентите, креирајќи притоа добро едуцирани воспитувачи.

Во единаесеттиот дел, ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ФОРМИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС, преку примери, техники, начини и испитни прашања авторот успешно ги води студентите во саканиот правец.

ЛИКОТ НА ВОСПИТУВАЧОТ е последен дел во кој авторот претставува начини за самоевалуација преку соодветни испитни прашања.

На крајот е дадена користена и консултирана ЛИТЕРАТУРА.

**11. Предлози за потребни корекции:**

**12. Оцена на практикумот:**

Практикумот „Методика на физичкото воапитание" од авторот доц. д-р Марјан Малцев е напишан на високо стручен и истовремено разбирлив начин. Познавајќи ги испитните прашања на студентите им се овозможува да користат и дополнителна литература или други начини на стекнување на знаења, умеења и навики со што ќе се овозможи зголемување на квантумот на знаења и сознанија од оваа област. Стилот на пишување и поставените прашања во целост одговараат на намената на практикумот.

**13. Категоризација:** практикум.

**14. Заклучок:**

Врз основа на погоре изнесеното, имам особена чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, да му предложам практикумот „Методика на физичкото воспитание" од доц. д-р Марјан Малцев да го прифати и оценувам дека ракописот ги задоволува сите критериуми за текстови од ваков тип и дека неговото печатење ќе претставува несомнен влог во совладувањето на предвидените наставни содржини.

Скопје,
16.8.2012 год.

Рецензент,
Доц. д-р Бујар Саити с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ОСНОВИ НА ФИЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ“ ЗА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р МАРЈАН МАЛЦЕВ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, бр.02-347/14 од 27.6.2012, бев избран за член на Рецензентската комисија за рецензирање на практикумот „Основи на физичко образование“ на доц. д-р Марјан Малцев, за студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, за предметот основи на физичкото образование, за студиската група одделенска настава на македонски наставен јазик.

По разгледувањето и анализата на ракописот за практикум „Основи на физичкото образование“ на доц. д-р Марјан Малцев, имам чест до Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје да го поднесам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

1. **Назив на практикумот:**
   „Основи на физичкото образование“.
2. **Назив на предметната програма:**
   основи на физичкото образование.
3. **Назив на студиската програма:**
   одделенска настава на македонски наставен јазик.
4. **Фонд на часови и ЕКТС-кредити:**
   основи на физичкото образование – 60 часа (V семестар), 2+2+1 часа неделно, ЕКТС-кредит - 4.
5. Практикумот „Основи на физичкото образование“ е напишан во согласност со наставниот план и програма за наведениот предмет за одделенска настава на македонски наставен јазик на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.
6. **Име на авторот:**
   доц. д-р Марјан Малцев
7. Со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, бр.02-347/14 од 27.6.2012, бев избран за член на Рецензентската комисија за рецензирање на практикумот „Основи на физичкото образование“ од доц. д-р Марјан Малцев, за студентите на Педагошкиот факултет „Св.

Климент Охридски“ во Скопје, за предметот основи на физичкото образование за студентите од одделенска настава, на македонски наставен јазик.

8. Се работи за прво издание на практикум.

9. **Општи податоци за практикумот:**
Ракописот опфаќа компјутерски текст со 55 страници, пренесен на А4 - формат.

10. **Краток опис на практикумот:**

Сите тематски целини предвидени со наставната програма се опфатени во практикумот. Секоја целина има свои потцелини кои логички се усогласени со основната тематика.

Во првиот дел, ВОВЕД, авторот дава основа и овозможува студентите успешно да ја следат содржината на предметот основи на физичкото образование. Објаснети се целите, тематските содржини, оценувањето, како и начинот на поставување на испитните прашања, кои, пак, се во целост усогласени со теоретските пристапи во областа на кинезиолошката наука.

ПРЕДМЕТ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ФИЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ е втор дел во кој се дефинирани и обработени термините од зададената област, описите на содржините и дефинирање на конкретните познавања на областа. Составен елемент на секој дел, па и на овој се испитните прашања кои се дадени во различни форми.

ИСТОРИСКИ АСПЕКТИ НА ФИЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ, е третиот дел на практикумот кој се однесува на историското поимање и развој на физичкото воспитание низ социолошки признатите периоди на општествено-економските формации. Во второто поглавје на овој дел, авторот не запознава со напредната граѓанска мисла, од педагошки аспект. Претставени се некои истакнати мислители од педагошката област и нивните согледувања за местото и улогата на физичкото образование, а сето тоа преку соодветно и конкретно селектирани (испитни) прашања.

ОСНОВНИ МЕТОДСКИ ПОИМИ ВО ФИЗИЧКОТО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ – е четвртиот дел во кој се презентирани основните поими од оваа научна област, како и испитните прашања што се предвидени со наставната програма

Во петтиот дел - АНАТОМСКО-ФИЗИОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИТКИ И ТЕЛЕСНИ ДЕФОРМИТЕТИ, преку добро одмерени и пласирани информации и (испитни) прашања, авторот им дава можност на студентите да се здобијат со дополнителни информации од оваа област, со што на студентите им се овозможува своите знаења да ги применат во понатамошната работа.

Поглавјето ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ И ДИНАМИКА НА БИОЛОШКИОТ РАСТ И РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА, е во согласност со современите сознанија од оваа област кои се применуваат во кинезиолошката наука.

ОСНОВНИ АПЛИКАТИВНИ ДВИЖЕЊА - во овој дел авторот во ракописот, преку соодветно избрани примери и конкретни задачи ги насочува студентите да ги прошируваат и утврдуваат своите сознанија од оваа област.

Осмиот дел, СТРУКТУРА НА ФИЗИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ, дефинирани се и обработени термините од зададената област, преку описите на содржините и дефинирање на конкретните познавања на областа, а

презентирани се и соодветните (испитни) прашања кои се дадени во различни форми.

СРЕДСТВА НА ФИЗИЧКОТО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ - преку добро одмерени и пласирани (испитни) прашања, авторот овозможува информациите од оваа област да бидат коректно усвоени, со што на студентите им се овозможува овие знаења да ги применат во понатамошната работа.

Во десетиот дел, СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА ФИЗИЧКИТЕ ВЕЖБИ И СТАВОВИ, презентирани се современи методски информации од оваа област кои се применуваат во кинезиолошката наука, а се реализирани преку димензионирани и валоризирани (испитни) прашања.

Последниот единаесетти дел, ЕЛЕМЕНТАРНИ, ШТАФЕТНИ И ДРУГИ ИГРИ, опфаќа голем број на примери на игри за развој на моторичките способности.

На крајот е дадена користена и консултирана ЛИТЕРАТУРА.

**11. Предлози за потребни корекции:**

**12. Оцена на практикумот:**

Практикумот „Основи на физичкото образование“ од авторот доц. д-р Марјан Малцев е напишан на високо стручен, едноставен и истовремено разбирлив начин. Познавајќи ги испитните прашања на студентите им се овозможува да користат и дополнителна литература или други начини на стекнување на знаења, умеења и навики со што ќе се овозможи зголемување на квантумот на знаења и сознанија од оваа област. Стилот на пишување и поставените прашања во потполност одговараат на намената на практикумот.

**13. Категоризација:** практикум.

**14. Заклучок:**

Врз основа на погоре изнесеното, имам чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, да му предложам практикумот „Основи на физичкото образование“ за студентите од Одделенска настава на македонски наставен јазик од доц. д-р Марјан Малцев, да го прифати понудениот ракопис, оценувам дека ракописот ги задоволува основните критериуми за текстови од ваков тип и дека неговото печатење ќе претставува несомнен влог во совладувањето на предвидените наставни содржини.

Скопје,
16.8.2012 год.

Рецензент,
Доц. д-р Бујар Саити с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ОСНОВИ НА ФИЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ", ЗА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА, ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р МАРЈАН МАЛЦЕВ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, бр.02-347/14 од 27.6.2012, бев избран за член на Рецензентската комисија за рецензирање на практикумот „Основи на физичкото образование" на доц. д-р Марјан Малцев, за студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, за предметот основи на физичкото образование, за студиската група одделенска настава на македонски наставен јазик.

По разгледувањето и анализата на ракописот за практикум „Основи на физичкото образование" на доц. д-р Марјан Малцев, имам чест до Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје да го поднесам следниов

# ИЗВЕШТАЈ

1. **Назив на практикумот:**
   „Основи на физичкото образование".
2. **Назив на предметната програма:**
   основи на физичкото образование.
3. **Назив на студиската програма:**
   одделенска настава на македонски наставен јазик.
4. **Фонд на часови и ЕКТС-кредити:**
   основи на физичкото образование – 60 часа (V семестар), 2+2+1 часа неделно, ЕКТС-кредит - 4.
5. Практикумот „Основи на физичкото образование" е напишан во согласност со наставниот план и програма за наведениот предмет за одделенска настава на македонски наставен јазик на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.
6. **Име на авторот:**
   доц. д-р Марјан Малцев
7. Со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, бр.02-347/14 од 27.6.2012, бев избран за член на Рецензентската комисија за рецензирање на практикумот „Основи на физичкото образование" од доц. д-р Марјан Малцев, за студентите на Педагошкиот факултет „Св.

Климент Охридски" во Скопје, за предметот основи на физичкото образование за студентите од одделенска настава, на македонски наставен јазик.

8. Се работи за прво издание на практикум.

9. **Општи податоци за практикумот:**
Ракописот опфаќа компјутерски текст со 55 страници пренесен на А4 - формат.

10. **Краток опис на практикумот:**

Тематските целини предвидени со наставната програма се опфатени во практикумот.

Во ВОВЕДОТ, авторот ги запознава студентите за начинот на успешно следење на содржините на предметот основи на физичкото образование. Објаснети се целите, тематските содржини, оценувањето, како и начинот на поставување на испитните прашања и текот на испитот, кои пак се во целост усогласени со наставната програма.

Вториот дел, ПРЕДМЕТ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ФИЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ, ги дефинира и ги обработува термините од зададената област, описите на содржините и дефинирање на конкретните познавања на областа. Составен елемент на секој дел, па и на овој се испитните прашања кои се дадени во различни форми.

ИСТОРИСКИ АСПЕКТИ НА ФИЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ, е третиот дел на практикумот кој се однесува на историското поимање и развој на физичкото воспитание низ социолошки признатите периоди на општествено-економските формации. Во второто поглавје на овој дел, авторот не запознава со напредната граѓанска мисла, од педагошки аспект. Претставени се некои истакнати мислители од педагошката област и нивните согледувања за местото и улогата на физичкото образование, а сето тоа преку соодветно и конкретно селектирани (испитни) прашања.

Во четвртиот дел, ОСНОВНИ МЕТОДСКИ ПОИМИ ВО ФИЗИЧКОТО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ, презентирани се основните поими од оваа научна област, како и испитните прашања кои се предвидени со наставната програма.

Петтиот дел, АНАТОМСКО-ФИЗИОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И ТЕЛЕСНИ ДЕФОРМИТЕТИ, преку добро одмерени и пласирани информации и (испитни) прашања, авторот им дава можност на студентите да се здобијат со дополнителни информации од оваа област, со што на студентите им се овозможува своите знаења да ги применат во понатамошната работа.

Поглавјето ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ И ДИНАМИКА НА БИОЛОШКИОТ РАСТ И РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА, е во согласност со современите сознанија од оваа област кои се применуваат во кинезиолошката наука.

ОСНОВНИ АПЛИКАТИВНИ ДВИЖЕЊА - во овој дел авторот во ракописот, преку соодветно избрани примери и конкретни задачи, ги насочува студентите да ги прошируваат и утврдуваат своите сознанија од оваа област.

Осмиот дел, СТРУКТУРА НА ФИЗИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ, дефинирани се и обработени се термините од зададената област, преку описите на содржините и дефинирање на конкретните познавања на областа, а

презентирани се и соодветните (испитни) прашања кои се дадени во различни форми.

СРЕДСТВА НА ФИЗИЧКОТО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ - преку добро одмерени и пласирани (испитни) прашања, авторот овозможува информациите од оваа област да бидат коректно усвоени, со што на студентите им се овозможува овие знаења да ги применат во понатамошната работа.

Десеттиот дел, СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА ФИЗИЧКИТЕ ВЕЖБИ И СТАВОВИ, презентира современи методски информации од оваа област кои се применуваат во кинезиолошката наука, а реализирани преку димензионирани и валоризирани (испитни) прашања.

Последниот дел, ЕЛЕМЕНТАРНИ, ШТАФЕТНИ И ДРУГИ ИГРИ, опфаќа голем број на примери на игри за развој на моторичките способности.

На крајот е дадена користена и консултирана ЛИТЕРАТУРА.

**11. Предлози за потребни корекции:**

**12. Оцена на практикумот:**

Практикумот „Основи на физичкото образование" на авторот доц. д-р Марјан Малцев е напишан на високо стручен, едноставен и истовремено разбирлив начин. Познавајќи ги испитните прашања на студентите им се овозможува да користат и дополнителна литература или други начини на стекнување на знаења, умеења и навики со што ќе се овозможи зголемување на квантумот на знаења и сознанија од оваа област. Стилот на пишување и поставените прашања во потполност одговараат на намената на практикумот.

**13. Категоризација:** практикум.

**14. Заклучок:**

Врз основа на погоре изнесеното, имам чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, да му предложам да го прифати понудениот ракопис, практикум по „Основи на физичкото образование" за студентите од одделенска настава на македонски наставен јазик од доц. д-р Марјан Малцев, оценувам дека ракописот ги задоволува основните критериуми за текстови од ваков тип и дека неговото печатење ќе претставува несомнен влог во совладување на предвидените наставни содржини.

Куманово,
16.8.2012 год.

Рецензент,
Проф. д-р Душан Тодоровски с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ОСНОВИ НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ“, ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р МАРЈАН МАЛЦЕВ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, бр.02-347/14 од 27.6.2012, бев избран за член на Рецензентската комисија за рецензирање на практикумот „Основи на физичкото воспитание“ на доц. д-р Марјан Малцев, за студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, за предметот основи на физичкото воспитание, за студиската група предучилишно воспитание на македонски наставен јазик.

По разгледувањето и анализата на ракописот за практикум „Основи на физичкото воспитание“ од доц. д-р Марјан Малцев, имам чест до Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје да го поднесам следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

1. **Назив на практикумот:**
   „Основи на физичкото воспитание“.
2. **Назив на предметната програма:**
   основи на физичкото воспитание.
3. **Назив на студиската програма:**
   предучилишно воспитание на македонски наставен јазик.
4. **Фонд на часови и ЕКТС-кредити:**
   основи на физичкото воспитание – 60 часа (V семестар), 2+2+1 часа неделно, ЕКТС- кредити - 4.
5. Практикумот „Основи на физичкото воспитание“ е напишан во согласност со наставниот план и програма за наведениот предмет за предучилишно воспитание на македонски наставен јазик на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.
6. **Име на авторот:**
   доц. д-р Марјан Малцев
7. Со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, бр.02-347/14 од 27.6.2012, бев избран за член на Рецензентската комисија за рецензирање на практикумот „Основи на физичкото воспитание“ од доц. д-р Марјан Малцев, за студентите на Педагошкиот факултет „Св.

Климент Охридски“ во Скопје, за предметот основи на физичкото восптание за студентите од предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик.

8. Се работи за прво издание на практикум.

9. **Општи податоци за практикумот:**
Ракописот опфаќа компјутерски текст со 50 страници пренесен на А4 - формат.

10. **Краток опис на практикумот:**

Практикумот е напишан во повеќе тематски целини. Секоја целина има свои потцелини кои логички се усогласени со основната тематика.

Првиот дел, ВОВЕД, дава основа и овозможува студентите успешно да ја следат содржината на предметот основи на физичкото воспитание. Објаснети се целите, тематските содржини, оценувањето, како и начинот на поставување на испитните прашања, кои пак се во целост усогласени со теоретските пристапи во областа на кинезиолошката наука.

Во вториот дел, ПРЕДМЕТ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ, дефинирани се и обработени термините од зададената област, преку описите на содржините и дефинирање на конкретните познавања на областа, преку соодветни (испитни)прашања кои се дадени во реазлични форми.

Третиот дел, ИСТОРИСКИ АСПЕКТИ НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ, се однесува на историското поимање и развој на физичкото воспитание низ социолошки признатите периоди на општествено-економските формации. Во второто поглавје на овој дел, авторот не запознава со напредната граѓанска мисла, од педагошки аспект. Претставени се некои истакнати мислители од педагошката област и нивните согледувања за местото и улогата на физичкото образование, а сето тоа преку соодветно и конкретно селектирани (испитни) прашања.

Четвртиот дел, АНАТОМСКО-ФИЗИОЛОШКИ КАРАКТЕРИСИТКИ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ, преку добро одмерени и пласирани (испитни) прашања, авторот дава информации од оваа област, со што на студентите им се овозможува овие знаења да ги применат во понатамошната работа.

Поглавјето ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ И ДИНАМИКА НА БИОЛОШКИОТ РАСТ И РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ, е во согласност со современите методски информации од оваа област кои се применуваат во кинезиолошката наука, а сето преку димензионирани и валоризирани (испитни) прашања.

Шестиот дел, насловен ОСНОВНИ АПЛИКАТИВНИ ДВИЖЕЊА, и во него преку соодветно избрани примери и конкретни задачи студентите имаат можност да ги прошируваат и утврдуваат своите сознанија од оваа област.

Во седмиот дел, СТРУКТУРА НА ФИЗИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ, дефинирани се и обработени термините од зададената област, преку описите на содржините и дефинирање на конкретните познавања на областа преку соодветни (испитни) прашања кои се дадени во различни форми.

СРЕДСТВА НА ФИЗИЧКОТО И ЗДРАВСТВЕНО ВОСПИТАНИЕ, преку добро одмерени и пласирани (испитни) прашања, авторот овозможува

информациите од оваа област да бидат коректно усвоени, со што на студентите им се овозможува овие знаења да ги применат во понатамошната работа.

Во деветтиот дел, СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА ФИЗИЧКИТЕ ВЕЖБИ И СТАВОВИ СО ДРАМАТИЗАЦИЈА, презентирани се современи методски информации од оваа област кои се применуваат во кинезиолошката наука, а се реализирани преку димензионирани и валоризирани (испитни) прашања.

Последниот десетти дел, КРЕАТИВНИ, ЕЛЕМЕНТАРНИ, ШТАФЕТНИ И ДРУГИ ИГРИ, опфаќа голем број на примери на игри за развој на моторичките способности.

На крајот е дадена користена и консултирана ЛИТЕРАТУРА.

**11. Предлози за потребни корекции:**

**12. Оцена на практикумот:**

Практикумот „Основи на физичкото воапитание" е напишан со високо стручен, едноставен и истовремено разбирлив начин. Стилот на пишување и поставените прашања во целост одговараат на намената на практикумот. Познавајќи ги испитните прашања на студентите им се овозможува да користат и дополнителна литература или други начини на стекнување на знаења, умеења и навики со што ќе се овозможи зголемување на квантумот на знаења и сознанија од оваа област.

**13. Категоризација:** практикум.

**14. Заклучок:**

Врз основа на погоре изнесеното, имам чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, да му предложам практикумот „Основи на физичкото воспитание" од доц. д-р Марјан Малцев да го прифати понудениот ракопис, оценувам дека ракописот ги задоволува основните критериуми за текстови од ваков тип и дека неговото печатење ќе претставува несомнен влог во совладување на предвидените наставни содржини.

Куманово,
16.8.2012 год.

Рецензент,
Проф. д-р Душан Тодоровски с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ОСНОВИ НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ“, ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р МАРЈАН МАЛЦЕВ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, бр.02-347/14 од 27.6.2012, бев избран за член на Рецензентската комисија за рецензирање на практикумот „Основи на физичкото воспитание“ на доц. д-р Марјан Малцев, за студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, за предметот основи на физичкото воспитание, за студиската група предучилишно воспитание на македонски наставен јазик.

По разгледувањето и анализата на ракописот за практикум „Основи на физичко воспитание“ од доц. д-р Марјан Малцев, имам чест до Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје да го поднесам следниов

# ИЗВЕШТАЈ

1. **Назив на практикумот:**
   „Основи на физичкото воспитание“.
2. **Назив на предметната програма:**
   основи на физичкото воспитание.
3. **Назив на студиската програма:**
   предучилишно воспитание на македонски наставен јазик.
4. **Фонд на часови и ЕКТС-кредити:**
   основи на физичкото воспитание – 60 часа (V семестар), 2+2+1 часа неделно, ЕКТС-кредити - 4.
5. Практикумот „Основи на физичко воспитание“ е напишан во согласност со наставниот план и програма за наведениот предмет за предучилишно воспитание на македонски наставен јазик на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.
6. **Име на авторот:**
   доц. д-р Марјан Малцев
7. Со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, бр.02-347/14 од 27.6.2012, бев избран за член на Рецензентската комисија за рецензирање на практикумот „Основи на физичкото воспитание“ од доц. д-р Марјан Малцев, за студентите на Педагошкиот факултет „Св.

Климент Охридски" во Скопје, за предметот основи на физичкото воспитание за студентите од предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик.

8. Се работи за прво издание на практикум.

9. **Општи податоци за практикумот:**
Ракописот опфаќа компјутерски текст со 50 страници пренесен на А4 - формат.

10. **Краток опис на практикумот:**

Сите тематски целини предвидени со наставната програма се опфатени во практикумот. Секоја целина има свои потцелини кои логички се усогласени со основната тематика.

Во првиот дел, ВОВЕД, авторот дава основа и овозможува студентите успешно да ја следат содржината на предметот основи на физичкото воспитание. Објаснети се целите, тематските содржини, оценувањето, како и начинот на поставување на испитните прашања, кои, пак, се во целост усогласени со теоретските пристапи во областа на кинезиолошката наука.

ПРЕДМЕТ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ е втор дел во кој се дефинирани и обработени термините од зададената област, описите на содржините и дефинирање на конкретните познавања на областа. Составен елемент на секој дел, па и на овој се испитните прашања кои се дадени во различни форми.

ИСТОРИСКИ АСПЕКТИ НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ, е третиот дел на практикумот кој се однесува на историското поимање и развој на физичкото воспитание низ социолошки признатите периоди на општествено-економските формации. Во второто поглавје на овој дел, авторот не запознава со напредната граѓанска мисла, од педагошки аспект. Претставени се некои истакнати мислители од педагошката област и нивните согледувања за местото и улогата на физичкото образование, а сето тоа преку соодветно и конкретно селектирани (испитни) прашања.

Во четвртиот дел, АНАТОМСКО-ФИЗИОЛОШКИ КАРАКТЕРИСИТКИ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ, преку добро одмерени и пласирани информации и (испитни) прашања, авторот им дава можност на студентите да се здобијат со дополнителни информации од оваа област, со што на студентите им се овозможува своите знаења да ги применат во понатамошната работа.

Поглавјето ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ И ДИНАМИКА НА БИОЛОШКИОТ РАСТ И РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ, е во согласност со современите сознанија од оваа област кои се применуваат во кинезиолошката наука.

ОСНОВНИ АПЛИКАТИВНИ ДВИЖЕЊА - во овој дел авторот во ракописот, преку соодветно избрани примери и конкретни задачи ги насочува студентите да ги прошируваат и утврдуваат своите сознанија од оваа област.

Во седмиот дел, СТРУКТУРА НА ФИЗИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ, дефинирани се и обработени термините од зададената област, преку описите на содржините и дефинирање на конкретните познавања на областа, а презентирани се и соодветните (испитни) прашања кои се дадени во различни форми.

СРЕДСТВА НА ФИЗИЧКОТО И ЗДРАВСТВЕНО ВОСПИТАНИЕ - преку добро одмерени и пласирани (испитни) прашања, авторот овозможува информациите од оваа област да бидат коректно усвоени, со што на студентите им се овозможува овие знаења да ги применат во понатамошната работа.

Во деветтиот дел, СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА ФИЗИЧКИТЕ ВЕЖБИ И СТАВОВИ СО ДРАМАТИЗАЦИЈА, презентирани се современи методски информации од оваа област кои се применуваат во кинезиолошката наука, а се реализирани преку димензионирани и валоризирани (испитни) прашања.

Последниот десетти дел, КРЕАТИВНИ, ЕЛЕМЕНТАРНИ, ШТАФЕТНИ И ДРУГИ ИГРИ, опфаќа голем број на примери на игри за развој на моторичките способности.

На крајот е дадена користена и консултирана ЛИТЕРАТУРА.

**11. Предлози за потребни корекции:**

**12. Оцена на практикумот:**

Практикумот „Основи на физичкото воапитание“ од авторот доц. д-р Марјан Малцев е напишан на високо стручен, едноставен и истовремено разбирлив начин. Познавајќи ги испитните прашања на студентите им се овозможува да користат и дополнителна литература или други начини на стекнување на знаења, умеења и навики со што ќе се овозможи зголемување на квантумот на знаења и сознанија од оваа област. Стилот на пишување и поставените прашања во целост одговараат на намената на практикумот.

**13. Категоризација:** практикум.

**14. Заклучок:**

Врз основа на погоре изнесеното, имам чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, да му предложам практикумот „Основи на физичкото воспитание“ од доц. д-р Марјан Малцев да го прифати понудениот ракопис, оценувам дека ракописот ги задоволува основните критериуми за текстови од ваков тип и дека неговото печатење ќе претставува несомнен влог во совладување на предвидените наставни содржини.

Скопје,
16.8.2012 год.

Рецензент,
Доц. д-р Бујар Саити с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ДИЈАГНОСТИЧКА ВРЕДНОСТ НА АНТИТЕЛАТА ПРОТИВ МОДИФИЦИРАНИОТ ЦИТРУЛИНИРАН ВИМЕНТИН КАЈ РЕВМАТОИДНИОТ АРТРИТИС И НИВНАТА АСОЦИРАНОСТ СО АКТИВНОСТА НА БОЛЕСТА" ОД М-Р ЉУБИНКА ДАМЈАНОВСКА-КРСТИЌ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот Факултет во Скопје, на својата редовна XIV седница одржана на ден 9.10.2012, на предлог на Научниот одбор на Медицинскиот факултет, во согласност со Законот за високото образование на Република Македонија, за оцена на докторскиот труд на ас. м-р Љубинка Дамјановска-Крстиќ, интернист ревматолог, под наслов **„Дијагностичка вредност на антителата против модифицираниот цитрулиниран виментин кај ревматоидниот артритис и нивната асоцираност со активноста на болеста"**, определи Рецензентска комисија во состав :

1. **проф. д-р Јордан Чаловски**
2. **проф. д-р Георги Божиновски**
3. **виш научен соработник д-р Тодор Груев**

Рецензентската комисија го разгледа изработениот докторски труд и врз основа на направените согледувања и консултации го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Доставениот докторски труд е изнесен на 144 страници поделени во неколку поглавја: вовед, мотив, цели, материјал и методи, статистичка обработка, резултати, дискусија, заклучок и литература.
Содржината на текстот е дополнета со 63 табели, 53 графикони и 3 слики. Во литературата се наведени 118 референци кои се правилно цитирани.

Во **воведниот дел** е прикажан развојот на антителата против цитрулинираните протеини и пептиди (АЦПА), со посебен осврт на антителата против цикличниот цитрулиниран пептид т.н. анти-ЦЦП антитела кои се детектираат со анти-ЦЦП ЕЛИСА тест од втора генерација, ЦЦП2.
Авторката нагласува дека анти-ЦЦП антителата имаат висока специфичност за ревматоиден артритис (РА). Нивната детекција е од големо значење во раната и прецизна дијагноза на РА, особено во

дијагнозата на серонегативните случаи, како и во прогнозата и стратификацијата на случаите со висок ерозивен потенцијал.
Бидејќи овие антитела се многу истражувани и веќе го достигнаа своето плато во дијагностиката на РА , повеќе истражувачи се свртеа кон детекција на нови автоантитела во серумот на пациентите со РА.
Во вториот дел на воведот авторката се осврнува на новооткриените автоантитела во серумот на пациентите со РА, меѓу кои најмногу внимание привлекуваат антителата кон модифицираниот цитрулиниран виментин (МЦВ).
Авторката прикажува дел од новите сознанија за виментинот, неговата цитрулинација и мутација, како и дел од историјатот на антителата кон цитрулинираниот виментин т.н. анти-Sa антитела.
Виментинот е омнипотентен интрацелуларен протеин кој е присутен во синовијата на пациентите со ревматоиден артритис. Модификацијата на виментинот се случува во макрофагите кои подлежат на апоптоза, под дејство на проинфламаторни сигнали. Потоа настапува цитрулинација на виментинот под дејство на ензимот пептидиларгинин деиминаза. Антителата против цитрулинираниот виментин се нарекуваат анти-Sa антитела според името на канадскиот пациент кај кого тие се за прв пат откриени.
Burmester и соработниците ги изолирале пречистените изоформи на виментин од синовијалната течност и фибробластите и ги карактеризирале со ЛЦ/МС спектроскопија, со што ги идентификувале цитрулинацијата и мутацијата. Тие генерирале рекомбинантен мутиран хуман виментин, направиле експресија на E.coli и in vitro го цитрулинирале пречистениот пептид.
Врз основа на овие сознанија е изработен анти-МЦВ есејот (МЦВ тест), од страна на Orgentech Dignostica Gmbh, Meinz, Germany, кој во досегашните студии покажал компарабилни дијагностички перформанси со анти-ЦЦП тестот од втора генерација. За потребите на овој докторски труд МЦВ тестот е за првпат воведен на Клиниката за ревматологија како нов дијагностички и прогностички тест за ревматоиден артритис.

**Мотивот** за изработка на овој труд произлегува од претходниот магистерски труд на кандидатката во кој се евалуира дијагностичката вредност на анти-ЦЦП антителата, како и од новите сознанија во литературата кои укажуваат дека анти-МЦВ антителата и МЦВ тестот имаат потенцијал да станат многу корисен маркер во дијагностиката на РА. Оттаму произлегува и хипотезата на авторката на овој труд дека анти-МЦВ тестот има слични карактеристики со ЦЦП2 тестот. Предноста на анти-МЦВ тестот може да биде повисоката сензитивност во однос на ЦЦП2 тестот, како и евентуалната асоцираност на анти-МЦВ антителата со активноста на РА.

Примарните **цели на трудот** се прецизно дефинирани: процена на дијагностичката вредност на анти-МЦВ антителата и МЦВ тестот (сензитивноста и специфичноста) кај пациентите со ревматоиден

артритис, споредба на дијагностичките перформанси на МЦВ тестот со перформансите на стандардните тестови ЦЦП2 и ревматоиден фактор (РФ), како и евалуација на потенцијалната адитивна вредност на комбинираната примена на двата односно трите теста.
Секундарните цели на трудот се исто така прецизно дефинирани: процена на преваленцата на анти-МЦВ антителата кај пациентите со други воспалителни ревматски болести, асоцираноста на позитивитетот и титарот на анти-МЦВ антителата со активноста на болеста и радиографските скорови.

Во поглавјето **Материјал и методи** е нагласено дека се работи за студија на пресек во која се испитани 220 пациенти. Испитуваниот примерок се состои од 95 пациенти кои ги исполнуваат критериумите за РА на American College of Rheumatology од 1987 година. Првиот контролен примерок се состои од 55 здрави контроли (ЗК), а вториот контролен примерок од 70 пациенти со други системски сврзно-ткивни болести и други воспалителни артропатии. (Нон-РА). Пациентите амбулантски и хоспитално се третирани на Клиниката за ревматологија во периодот од 2099 и 2010 година.
Авторката ги прегледала нивните досиеја и ги анализирала демографските податоци, лабораториски анализи како и радиографските наоди. Потоа извршила клинички преглед и го одредила бројот на болни и отечени зглобови, траењето на утринската вкочанетост и ја одредила болката според визуелната аналогна скала.
Авторката ја пресметала активноста на болеста со повеќе комбинирани индекси за мерење на активноста на болеста како ДАС28, CDAI и SDAI и направила процена на квалитетот на живот со помош на прашалник за процена на неспособноста и инвалидитетот.
Примероците од крв се земени од пациентите кои се лекуваат на Клиниката и веднаш се замрзнати на -20 степени, по добивање на претходна согласност од пациентите. За одредување на анти-МЦВ антителата користен е комерцијално достапен кит на Orgentech Dignostica Gmbh, Meinz, Germany, за одредување на анти-ЦЦП антителата комерцијално достапен кит на Euroimmun Germany, а за одредување на РФ латекс тест.

Резултатите се **статистички обработени** во SPSS верзија 19, како и софтверот MedCalc.
Одредени се специфичноста и сензитивноста на тестовите, позитивната и негативната предиктивна вредност за секој тест поединечно и во комбинација. Односот на специфичноста и сензитивноста е прикажан графички со Receiver Operating Curve Analysis (ROC крива) во MedCalc. Прецизноста на тестовите е прикажана со одредување на ареата под кривата. За утврдување на соодносот на одделни параметри применети се коефициентите за корелација и мултипна регресија. Добиените податоци се прикажани табеларно и графички. За сигнификантни се сметаат вредностите на p помали од 0,05.

Во делот **Резултати** нагласено е дека се испитани вкупно 220 пациенти (144 жени и 76 мажи), поделени во три групи: РА (95 пациенти), Нон-РА (75 пациенти) и ЗК (50). Најголем број од пациентите се од Скопје. Просечната возраст на пациентите во целата група изнесува 49,4 години, а просечното траење на РА 4,8 години. Четириесет и три пациенти (45,3%) имаат ран РА во траење од помалку од 2 години.

Најголем број пациенти со РА 49 од 95 (51,5%) се лекувани со метотрексат (МТХ). Дваесет и шест пациенти (27,4%) се лекувани со комбинирана (двојна) терапија со БМАРЛ. Од нив, 5 пациенти примале биолошки агенси. Просечната доза на метотрексат кај пациентите со РА изнесува 11+/- 2,9 мг. седмично, а се движи од 5 до 20 мг седмично. Просечната дневна доза на глукокортикоиди изнесува 7,5 +/- 2 мг на ден.

Пациентите со РА имаат умерена активност на болеста со просечен ДАС28 скор од 4,83 изразена утринска вкочанетост 1-2 часа и 5–6 отечени и болни зглобови. Четриесет и пет пациенти (47,4%) имаат висока активност на болеста, а 17 (17,8%) пациенти ниска активност на болеста или се во ремисија. Просечниот функционален скор кај пациентите изнесува 1,3, што покажува дека имаат сериозни тешкотии во секојдневното функционирање. Пациентите со РА имаат зголемена ЕСР 35 мм/Hg и ЦРП 29,6 mg/dl.

Кандидатката наведува дека користејќи го препорачаниот cut off на производителот (20 У/мл), пресметана е сензитивност на анти-МЦВ антителата односно на МЦВ тестот од 0,72 или 72%, и специфичност од 0,82 до 0,96 (82-96%) која варира во зависност од контролната група во однос на која е пресметана (Нон-РА, здрави контроли и Нон-РА + здрави контроли). Во однос на анти-ЦЦП тестот анти-МЦВ тестот има нешто пониска специфичност во однос на сите три испитувани групи. Сензитивноста на анти-МЦВ тестот е нешто повисока од сензитивноста на ЦЦП2 и РФ, но оваа разлика ја снемува при изедначување на специфичноста.

Ареата под кривата за МЦВ тестот изнесува 0,84 во однос на здравите контроли и 0,77 во однос на Нон-РА контролите респективно, што значи дека МЦВ тестот има добри дискриминациски способности за РА во однос на здравите контроли и во однос на другите ревматски болести. Во однос на двете контролни групи, ареата под кривата изнесува 0,81 или 81 %.

Постои статистички значајна висока согласност меѓу МЦВ и ЦЦП2 тестот и средна согласност меѓу МЦВ и РФ. Исто така постои умерена до висока позитивна статистички значајна корелација (0,5-0,77) меѓу сите три антитела. Само за анти- МЦВ позитивни биле 5 од 95 пациенти со РА (5,3%).

Анти-МЦВ позитивни биле 74% пациенти со ран РА. Анти-МЦВ антителата биле присутни кај 17,1% пациенти со други системски-сврзноткивни болести.

Кај анти-МЦВ позитивните и негативните пациенти постоела статистички значајна разлика во однос на седиментацијата на еритроцитите, ЦРП, бројот на тромбоцитите, титарот на анти-ЦЦП антителата, утринската вкочанетост, бројот на отечени зглобови, ДАС28 и SDAI, односно кај 8 од 19

параметри на активноста на болеста. Најголема поврзаност со параметрите на активноста на болеста покажал РФ, кој бил поврзан со 13 од 19 параметри за активност на РА.
Анти-МЦВ и РФ покажале ниска позитивна корелација со индексите за активност на болеста.

Во поглавјето **Дискусија** авторката се осврнува на состојбата на пациентите со РА во Република Македонија. Таа нагласува дека состојбата на пациентите со РА е слична на состојбата на пациентите со РА во Србија, Полска и Италија во 2007 година. Резултатите од оваа студија соодветствуваат на резултатите од повеќе европски студии кои прегледно се прикажани.
Во понатамошниот тек на дискусијата, а врз основа на резултатите од оваа студија, авторката дава неколку **препораки** во однос на следењето и третманот на пациентите со РА. Таа смета дека со имплементирање на овие препораки може да се подобри состојбата на пациентите со РА.
Потребно е да се зголеми бројот на пациенти кои се третираат со метотрексат и лефлуномид, да се зголеми просечната доза на метотрексат, почесто да се применува двојна и тројна комбинирана терапија, да се намали дневната доза на кортикостероиди, како и поинтензивно да се применува биолошката терапија кај пациентите кај кои е неопходна.
Неопходна е прецизна контрола на пациентите со РА со одредување на индексите на активност на болеста и функционална неспособност во период од 3 месеци, како и евалуација на РТГ снимките на шаките и стапалата еднаш годишно, со цел да се скрои терапијата според индивидуалните потреби на секој пациент.
Активноста на болеста освен со постојниот ДАС 28, може да се следи и со примена на новите индекси за процена на активноста на болеста како што се SDAI и CDAI кои се валидирани на македонската популација преку оваа студија и покажуваат скоро идентични резултати и висока позитивна корелација со ДАС28, но се поедноставни за секојдневна примена.
Радиографските параметри во секојдневието можат да се следат со Sharp van der Heijde скорот, но и со SENS скорот, кој одзема помалку време за евалуација, а има компарабилни карактеристики.
Во однос на анти-МЦВ антителата и МЦВ тестот, кандидатката во дискусијата нагласува дека тие се добар дијагностички маркер за ран и етаблиран РА со висока сензитивност и специфичност во однос на здравите контроли и пациентите со други ревматски болести.
Применливоста на МЦВ тестот во диференцијалната дијагноза на РА и Нон-РА пациентите е помала од таа на ЦЦП2 тестот, што се должи на неговата пониска специфичност. МЦВ тестот покажа приближно еднакви, но не и подобри перфоманси од ЦЦП2 и РФ во однос на детекцијата на ран РА
Во клиничката практика МЦВ тестот не може да го замени ЦЦП2 тестот, кој заедно со РФ е златен стандард за дијагноза на РА, но може да се примени како дополнение на овие тестови.

Во поглавјето **Заклучок,** авторката нагласува дека новиот МЦВ тест може да биде многу корисен тест во дијагностиката на пациентите со РА и ран РА. Потребни се понатамошни студии во кои подетално ќе се евалуира и утврди дијагностичката вредност на МЦВ тестот и ќе се стандардизира неговата понатамошна примена.

На крајот, во поглавјето **Литература** коректно се цитирани 118 референци од биомедицински научни списанија кои датираат од 2006 до 2012 година. Тие се наведени според редоследот на цитирање во текстот и се соодветно избрани така што целосно го покриваат истражуваното подрачје.

## ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА

Врз основа на севкупната анализа на докторскиот труд и досегашниот стручен развој на авторката, Комисијата заклучи дека изработената докторска дисертација под наслов:

**„ДИЈАГНОСТИЧКА ВРЕДНОСТ НА АНТИТЕЛАТА ПРОТИВ МОДИФИЦИРАН ЦИТРУЛИНИРАН ВИМЕНТИН И НИВНАТА АСОЦИРАНОСТ СО АКТИВНОСТА НА БОЛЕСТА"**

целосно ги задоволува критериумите за коректно изработен докторски труд. Овој докторски труд е извонредно актуелен и дава значаен научен придонес во ревматологијата и интерната медицина во Македонија, но и пошироко, бидејќи се однесува на релативно нов тест чија примена се уште се евалуира. Студијата на авторката истражува значајни прашања од раната дијагноза и диференцијалната дијагноза на ревматоидниот артритис и сигурно ќе придонесе поуспешно да се дијагностицираат, третираат и стратифицираат активните и агресивните форми на болеста.
Воведувањето на новиот тест во имунолошката лабораторија на Клиниката за ревматологија и имплементирањето на новите индекси за следење на активноста на болеста, како и примената на уште еден радиографски скор се од посебно практично значење за секојдневната клиничка работа.

Комисијата со задоволство заклучува дека докторскиот труд е солидно изработен, во целост ги задоволува критериумите за научно-истражувачка работа.
Комисијата има чест на да им предложи на Научниот одбор и Наставно-научниот совет да го прифатат извештајот на Рецензентската комисија и да ја одобрат одбраната на овој докторски труд.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **проф. д-р. Јордан Чаловски с.р.**
2. **проф. Д-р. Георги Божиновски с. р.**
3. **виш научен соработник д-р. Тодор Груев с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АМФИФИЛНИ НАНОНОСАЧИ ЗА НАСОЧЕНА АНТИКАНЦЕРОГЕНА ТЕРАПИЈА“, ИЗРАБОТЕНА ОД АС. М-Р МАЈА СИМОНОСКА ЦРЦАРЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 26. седница одржана на 9.11.2012 година, донесе решение бр. 02-641/3 за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Маја Цветковска, проф. д-р Ицко Ѓоргоски, доц. д-р Руменка Петковска, науч. сор. д-р Соња Кузмановска и проф. д-р Катерина Горачинова за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов „Амфифилни нано-носачи за насочена антиканцерогена терапија“ од кандидатката ас. м-р Маја Симоноска Црцаревска, работена под менторство на проф. д-р Катерина Горачинова. По прегледот на поднесената докторска дисертација, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација претставува самостоен научноистражувачки труд. Во содржинскиот концепт на дисертацијата се опфатени следниве поглавја: вовед и преглед на литература, цели, експериментален дел со материјали и методи, резултати и дискусија, заклучок, литература и преглед на објавени научни трудови поврзани со проблематиката опфатена во дисертацијата.

Во **воведот**, концизно и аргументирано се претставени основните постулати, мотиви и литературни сознанија, кои ги образложуваат целите на истражувањето и важноста на проблематиката поврзана со формулацијата на нанопартикулирани системи за насочено дејствување и контролирано ослободување на активни супстанции. Воведниот дел од докторската дисертација е поделен на 6 дела, и тоа: активно насочување, EPR-ефект: револуционерен приод, наносистеми за насочено и контролирано ослободување на лековити супстанции, влијание на процесни и формулациски параметри на особините на нанопартикулираните системи, поли (млечна-ко-гликолна киселина) (PLGA) и Pluronic – својства и улога во насочувањето и ослободувањето на лековити супстанции и иринотекан хидрохлорид. На почетокот кандидатката накусо се осврнува на канцерот како една од главните причини за смрт во поголемиот број развиени земји. Наведени се недостатоците на конвенционалниот пристап во третманот на ова заболување како причина за интензивните истражувања во областа на канцерот, со цел развој на нови алтернативни приоди во неговиот медицински третман. Кандидатката во овој дел наведува дека еден од ветувачките пристапи за поефикасен медицински третман на канцерот е целното насочување и контролираното ослободување на активната супстанција, т.е. активното насочување и пасивното насочување (EPR-ефектот). Во делот за активното насочување кандидатката ја објаснува стратегијата за насочување кон канцер-клетките и насочување кон туморниот ендотелиум. Во делот за EPR-ефект, кандидатката го опишува него наведувајќи дека станува збор за феномен на зголемена екстравазација на макромолекули од туморните крвни садови и

нивно задржување (ретенција) во туморното ткиво, појава која не е забележана кај нормалната васкулатура. Во овој дел кандидатката дава преглед на факторите од кои зависи пасивното насочување на лековитите супстанции, но и детален преглед на проблемите и можните решенија поврзани со EPR-ефектот.

Во третиот дел од воведот направен е опис и поделба на наносистемите за насочено и контролирано ослободување на лековити супстанции (неоргански нанопартикулирани системи, полимерни наносистеми, цврсти липидни нанопартикулирани системи, липозоми, нанокристали, нанотуби и дендримери).

Во четвртиот дел од воведот станува збор за влијанието на процесните и формулациски параметри врз особините на нанопартикулираните системи. Методите што се употребуваат за подготвка на наночестички се поделени во две групи (методи засновани на емулгирање и методи засновани на нанопреципитација), при што е даден преглед на основните принципи на формирање на наночестички за секој од наведените методи. За методите засновани на нанопреципитација, опишани се механичкиот принцип и принципот заснован на хемиската нестабилност на системот, додека кај методите за добивање на наночестички што се засновани на емулгирање, опишани се механичкиот принцип и принципот заснован на формирање на честичка од емулзиска капка. Потоа, кандидатката детално ги разработува преку направен литературен преглед, факторите што влијаат на физичко-хемиските и биофармацевтските особини на наночестичките (големина, зета-потенцијал, ефикасност на енкапсулација и брзина на ослободување на лековитата супстанца). Во овој дел, кандидатката систематски и детално, описно и со табеларни прикази, ги обработува факторите на влијание за секоја од наведените особини на наночестичките, и тоа поединечно за наночестичките подготвени со методите засновани на нанопреципитација и со методите засновани на емулгирање.

Со оглед на тоа дека во рамките на докторската дисертација кандидатката за подготовка на нанопартикулираниот систем за насочување и контролирано ослободување на лековити антиканцер-супстанции како полимери употребува PLGA и триблок амфифилен полимер Pluronic F127 (PEO-PPO-PEO), а како антиканцер лековита супстанција иринотекан хидрохлорид, во петтиот и шестиот дел на воведот кандидатката дава литературен преглед на нивната примена, особини, предности и недостатоци при формулацијата на нанопартикулирани системи со насочено и контролирано ослободување на лековити супстанции.

Во согласност со претходно изнесените литературни сознанија, кандидатката концизно и документирано, во делот **Цели на истражувањето,** ја образложува основната хипотеза на оваа дисертација, а тоа е врз основа на карактеристиките на заболувањето, особините на лековитата супстанција и полимерите, да се дизајнира и развие полимерна амфифилна нанопартикулирана формулација што ќе обезбеди зголемување на терапевтскиот потенцијал на системите со насочено дејствување на антинеопластични лековити супстанции која како резултат на своите физичко-хемиски и биофармацевтски карактеристики ќе обезбеди насочување, селективна контрола на концентрацијата на лековитата супстанца и нејзина дистрибуција во малигните клетки (комбинација на подобрување на EPR-ефектот и можност за надминување на отпорноста кон лековите). Кандидатката, потоа, ги наведува целите кои се насочени кон дизјанирање, формулација и оптимизација на нанопартикулирани системи за насочено

дејствување и контролирано ослободување на антинеопластични лековити супстанции со употреба на различни полимери (PLGA, PEO-PPO-PEO). Следната цел е избор и воспоставување на репродуцибилен фармацевтско-технолошки процес за подготовка и стабилизација на полимерните амфифилни наночестички. Кандидатката потоа ги наведува како следна цел физичко-хемиската и биофармацевтската карактеризација на подготвените наночестички, но и карактеризација на нивното однесување во in vivo услови со цел да се определи нивниот потенцијал за постигнување на EPR-ефект. Последната поставена цел на кандидатката во рамките на докторската дисертација е избор на оптимална формулација на нанопартикулиран систем што ќе обезбеди селективно насочување и контролирано ослободување на антинеопластични лековити супстанции и зголемување на можностите во третманот на малигните заболувања.

За реализација на поставените цели, користени се соодветни **материјали и методи**. Кандидатката дава детален опис на користените методи, реагенси и опрема. Опишани се следниве методи: подготовка на прелиминарни формулации, OPLS-статистичка анализа, подготовка на формулациите кај кои е направена поединечна варијација на формулациските варијабли, т.е. OFAT експерименти, при што како формулациски варијабли се користени растворувач на IR-HCl, концентрација на воден раствор на IR-HCl, волумен на раствор на IR-HCl, брзина на евапорација и односот на PLGA и PEO-PPO-PEO, експериментален дизајн и оптимизација на формулација. Од методите користени за карактеризација на нанопартикулираните системи опишани се: морфолошка анализа со примена на скенирачка електронска микроскопија (СЕМ), големина и дистрибуција по големина на нанопартикулираните системи, диференцијална скенирачка калориметрија (DSC), фурие трансформна инфрацрвена спектроскопија (FT-IR), содржина на иринотекан хидрохлорид во нанопартикулирани системи, in vitro постапка за определување на брзината на ослободување на иринотекан хидрохлорид од нанопартикулирани системи, количина на PEO-PPO-PEO во наночестички подготвени од бленда на PLGA и PEO-PPO-PEO и студии на атсорпција, зета-потенцијал и електрофоретска мобилност и атсорпција на протеини. За да се добие увид за однесувањето на наночестичките во in vivo услови и нивниот потенцијал за ефикасен антиканцер-третман, направени се студии на биодистрибуција и студии на ефикасност на клеточни култури на Caco-2 клетки кои всушност опфаќаат студии на инхибиција на раст на клетки. Наведена е и соодветна статистичка обработка на резултатите.

Во поглавјето **Резултати и дискусија**, прикажани се резултатите од реализираните испитувања во рамките на докторската дисертација. Резултатите и дискусијата се поделени во три дела. Во првиот дел се дадени резултатите и дискусијата од OPLS-статистичката анализа на резултатите за ефикасноста на енкапсулација добиени од две групи на експерименти, и тоа резултати за ефикасноста на енкапсулација добиени од експериментите од прелиминарните испитувања и резултати за ефикасноста на енкапсулација од т.н. OFAT-експерименти. Во вториот дел, заради обемноста и специфичноста, но и целта на т.н. OFAT-експерименти да се добие детален увид во физичко-хемиските и биофармацевтските особини на подготвениот нанопартикулиран систем, но и увид во неговиот потенцијал во однос на ефикасноста во терапијата на малигните заболувања, деталниот преглед на резултатите и дискусијата во однос на карактеризацијата на подготвените формулации што се дел од овие експерименти е прикажен како посебна целина. Во третиот дел се

прикажани резултатите и дискусијата што се однесуваат на применетиот експериментален дизајн и оптимизација на формулацијата на нанопартикулиран систем за насочено и контролирано ослободување на лековита супстанција.

Во првиот дел од резултатите и дискусијата даден е табеларен и графички приказ од OPLS-статистичката анализа на резултатите за ефикасноста на енкапсулација. Добиените вредности укажуваат дека моделот е интерпретабилен. Всушност, со помош на овие анализи кандидатката прави селекција на формулациските варијабли со најголемо влијание на ефикасноста на енкапсулација и нив ги употребува за дизајнирање и изведба на мала серија на структурирани експерименти каде што секој фактор (варијабла) е вариран поединечно, а сè со цел да се дефинираат границите на дизајн-просторот и да се рационализира и намали бројот на експериментите во применетиот централен композитен експериментален дизајн употребен за оптимизација на формулацијата.

Во вториот дел од резултатите и дискусијата дадено е објаснување и аргументирана е употребата на технолошката постапка на добивање на наночестичките. Подготвени се два вида на наночестички во кои е вграден со иринотекан хидрохлорид, PLGA/ PEO-PPO-PEO наночестички и PLGA/ PEO-PPO-PEO наночестички кај кои дополнително е атсорбиран PEO-PPO-PEO (PLGA/ PEO-PPO-PEO$^{PEO-PPO-PEO}$). Честичките се подготвени со примена на модифициран метод на нанопреципитација. Имено, во рамките на овој труд е направена уникатна и единствена модификација на стандардните методи за добивање на наночестички што се базирани на нанопреципитација. Со цел зголемување на ефикасноста на енкапсулирање на хидросолубилна лековита супстанција во хидрофобен полимерен матрикс што претставува голем и досега несоодветно решен проблем, во рамките на оваа докторска дисертација е направена модификација на стандардната постапка на нанопреципитација со употреба на брзо микромешање кое овозможува постигнување на побрза суперсатурација, агрегација на полимерот и формирање на наночестички со истовремено спречување на брзата дифузија на хидрофилната лековита супстанца во надворешната водна фаза, што финално резултирало со зголемување на ефикасноста на енкапсулација на лековитата супстанца. При тоа била потврдена и поставената хипотеза дека диспергирањето на раствор на лековитата супстанција во органскиот полимерен раствор (во кој лековитата супстанција не се раствора) пред фазата на нанопреципитација, може да го забави и намали партиционирањето на хидрофилната лековита супстанција во надворешната водна фаза. Било испитано и влијанието на физичко-хемиските особини (површински напон, вискозитет) на различни растворувачи на лековитата супстанција (вода, ацетонитрил, PEG 200 и етанол) и нивното диспергирање во органската полимерна фаза на особините на подготвените наночестички (ефикасност на енкапсулација, содржина на лековита супстанција, големина и дистрибуција по големина). Во овој дел е даден детален табеларен и графички приказ и детално објаснување на влијанието на секоја од испитуваните варијабли на физичко-хемиските особини на нанопартикулираните системи подготвени со експериментите кај кои е направена поединечна варијација на формулациските варијабли, т.е. OFAT-експериментите. Кандидатката наведува дека испитувањата со скенирачка електронска микроскопија укажуваат на наночестички со сферна и мазна површина со мала порозност.

Испитано е влијанието на видот на растворувачот на лековитата супстанција, концентрацијата и волуменот на водниот раствор на IR-HCl, брзината на евапорација на органскиот растворувач и односот на PLGA и PEO-PPO-PEO на физичко-хемиските и биофармацевтските особини на наночестичките. Статистичката анализа на резултатите укажала дека значајно влијание ($p<0,05$) на големината на наночестичките има растворувачот на иринотекан хидрохлорид и односот на PLGA и PEO-PPO-PEO. Статистички значајно влијание ($p<0,05$) на ефикасноста на енкапсулација била утврдена за следните формулациски варијабли: растворувач и волумен на растворот на иринотекан хидрохлорид, температура на отпарување на органскиот растворувач, како и односот на PLGA и PEO-PPO-PEO. Статистичката обработка на резултатите поврзани со содржината на лековита супстанција во наночестичките покажала дека значајно влијание ($p<0,05$) има растворувачот на иринотекан хидрохлорид, различната концентрација и волумен на воден раствор на иринотекан хидрохлорид, температурата на отпарување на органскиот растворувач, како и односот на PLGA и PEO-PPO-PEO. Кај формулациите подготвени со различна концентрација на воден раствор на иринотекан хидрохлорид, различна температура на отпарување на органскиот растворувач и варијации на односот на PLGA и PEO-PPO-PEO следена е брзината на ослободување на лековитата супстанција во in vitro услови и таа е соодветно карактеризирана. Моделирањето на податоците од дисолуцијата за формулациите подготвени со различен однос на PLGA и PEO-PPO-PEO е направено со DDSolver-софтверот, кое укажало дека дисолуцискиот профил може најдобро да се опише со моделот на Korsmeyer-Peppas.

Структурните информации за испитуваните нанопартикулирани системи биле добиени со DSC-анализи и FT-IR-спектроскопија. При тоа биле направени DSC и FT-IR-анализи на употребените полимери (PLGA и PEO-PPO-PEO), лековитата супстанција (иринотекан хидрохлорид), како и PLGA/ PEO-PPO-PEO наночестички, со и без лековита супстанција, при што резултатите укажале дека вградувањето на лековитата супстанција резултира со инхерентна молекуларна дисторзија на главните полимерни ланци на PEO-PPO-PEO и PLGA, менувајќи ја иницијалната молекуларна организација присутна во полимерниот матрикс на празните PLGA/ PEO-PPO-PEO наночестички.

Резултатите од испитувањето на количината на PEO-PPO-PEO во PLGA/ PEO-PPO-PEO наночестичките подготвени со различен однос на PLGA и PEO-PPO-PEO укажале дека повисока иницијална количина на PEO-PPO-PEO употребена за подготовка на PLGA/ PEO-PPO-PEO наночестичките резултира со похидрофилни честички. При тоа разликата во количината на PEO-PPO-PEO кај PLGA/ PEO-PPO-PEO$^{PEO\text{-}PPO\text{-}PEO}$ наночестичките во однос на PLGA/ PEO-PPO-PEO честичките укажала дека на помалку хидрофилни површини се адсорбира поголема количина на PEO-PPO-PEO, споредено со похидрофилните површини, што било во согласност со литературните податоци. PLGA/ PEO-PPO-PEO$^{PEO\text{-}PPO\text{-}PEO}$ наночестичките се карактеризирале со поголема големина во однос на PLGA/ PEO-PPO-PEO наночестички за приближно 40-50%. Резултатите од мерењето на зета потенцијалот и електрофоретската мобилност не покажале статистички значајна разлика меѓу испитуваните примероци. Резултатите од испитувањето на атсорпцијата на протеини укажале дека наночестичките со повисока количина на PEO-PPO-PEO се карактеризираат со помала атсорпција на протеини. Студиите на биодистрибуција укажале на продолжено време на престој во крвната циркулација на подготвените наночестички, при што кандидатката изведува аргументиран заклучок дека

слојот на PEO-PPO-PEO ефикасно ја намалил и блокирал атсорпцијата на плазма-протеините на површината на наночестичките, што резултирало со продолжување на нивното време на циркулација и со намалување на степенот на препознавање од ретикулоендотелниот систем. Со студиите на биоефикасност била направена споредба на ефикасноста на подготвените наночестички со раствор на иринотекан хидрохлорид. Тие биле изведени на Caco-2 клетки и покажале повисока *in vitro* биоефикасност на наночестичките т.е. поголем степен на инхибиција на растот на Caco-2 клетките, по што кандидатката наведува дека тоа најверојатно се должи на комбинацијата на неколку различни механизми како што се продолженото време на ослободување на иринотекан хидрохлорид и веројатната интернализација на наночестичките, што резултира со виртуелно поголемо клеточно превземање на енкаспулираната лековита супстанца.

Врз основа на резултатите од изведените експерименти, кандидатката аргументирано донесува заклучок дека физичко-хемиските и биофармацевтските особини на подготвените наночестички се во прилог на особините потребни да ги поседува еден нанопартикулиран систем наменет за пасивно насочување кон цврстите тумори и постигнување на посакуваниот EPR-ефект кој ќе овозможи продолжување на времето на престој во крвната циркулација, селективно насочување, контролирано ослободување на лековитата супстанција на местото на дејствување и зголемување на ефикасноста во терапијата на малигните заболувања.

Понатаму се оправдува изведувањето на прелимираните експерименти и експериментите кај кои селектираните варијабли од прелимираните испитувања биле варирани поединечно, од аспект на идентификација на главните фактори (варијабли) кои влијаат на физичко-хемиските и биофармацевтските особини на испитуваната формулација и определувањето на апроксимативните граници на дизајн-просторот, а примената на студиите на експериментален дизајн се рационализира од аспект на наоѓање на вредностите на испитуваните варијабли што би резултирало со добивање на формулација која ќе покаже оптимизиран, т.е. посакуван, очекуван или т.н. најдобар терапевтски ефект.

Во третиот дел од резултатите и дискусијата даден е детален табеларен и графички преглед на резултатите од централно композитниот експериментален дизајн каде што е следено влијанието на PEO-PPO-PEO/ PLGA-односот, односот на иницијално додадениот и дополнително адсорбираниот PEO-PPO-PEO, како и количината на IR-HCl на големината на честичките, ефикасноста на енкапсулација, дисолуцијата и тоа иницијално ослободената количина на лек (количина на лек ослободена по 1 час), како и количината на лек ослободена по 24 часа, количината на PEO-PPO-PEO во PLGA/ PEO-PPO-PEO нанопартикулираните системи, но и количината на атсорбиран PEO-PPO-PEO врз PLGA/ PEO-PPO-PEO$^{\text{PEO-PPO-PEO}}$ нанопартикулираните системи. Резултатите од експерименталниот дизајн се искористени за да се определи моделот што најдобро ги опишува влијанието и насоката на влијание на испитуваните варијабли врз следените одговори. Направената статистичка анализа, ANOVA, за избраните модели за сите испитувани одговори укажала дека сите предложени модели можат да се употребат за адекватна навигација во дизајн-просторот. Кандидатката ја аргументира примената на експерименталниот дизајн од аспект на добивање формулација која ќе има минимална големина на честичките, максимална содржина на лековита супстанција, минимално ослободување на лековитата

супстанција (иницијално и по 24 часа), како и максимална количина на PEO-PPO-PEO во PLGA/ PEO-PPO-PEO наночестички, но и максимална количина на дополнително атсорбиран PEO-PPO-PEO. При тоа се предложени 13 можни решенија, а дизајнот е потврден со вкрстена валидација. Подготвените формулации покажале многу мала грешка во предвидувањето на вредностите на посакуваните одговори.

Во **заклучокот** се сумирани согледувањата што произлегуваат од извршените испитувања и добиените резултати. Изнесени се генерални заклучоци што се однесуваат на дизајнирањето, формулацијата и оптимизацијата на нанопартикулирани системи за насочено дејствување и контролирано ослободување на антинеопластични лековити супстанции со употреба на соодветни биополимери. Од секој од изведените експерименти извлечени се значајни заклучоци за влијанието на испитуваните варијабли на особините на подготвените наночестички. Крајните заклучоци се однесуваат на оптимизацијата која покажала дека во смисла на посакуваните одговори со примена на модифицираната постапка на нанопреципитација може да се добијат PLGA/ PEO-PPO-PEO и PLGA/ PEO-PPO-PEO$^{\text{PEO-PPO-PEO}}$ нанопартикулирани системи со соодветна големина, содржина на лековита супстанција, дисолуциски профил и површински карактеристики кои поседуваат потенцијал за селективно насочување на лековитата супстанција, нејзино контролирано ослободување на местото на дејствување, зголемување на терапевтската ефикасност и намалување на несканите ефекти при терапијата на цврстите малигни заболувања.

Прегледот на користената **литература** е според азбучен редослед на авторите. Цитирањето на литературата во целиот текст на дисертацијата е направено преку наведување на името на првиот автор и годината на издавање на трудот.

## ЗАКЛУЧОК

По детална анализа на докторската дисертација со наслов „Амфифилни наноносачи за насочена антиканцерогена терапија", поднесена од ас. м-р Маја Симоноска Црцаревска, Рецензентската комисија заклучува дека студијата претставува самостоен научноистражувачки труд од областа на фармацијата.

Со дисертацијата, кандидатката покажува извонредни теоретски и практични познавања поврзани со дизајнот, формулацијата и оптимизацијата на нанопартикулирана формулација со насочено и контролирано ослободување на антиканцерогени лековити супстанции што овозможило квалитетен пристап во обработката на резултатите и постигнување на потребното научно ниво. При изработката на трудот, обработени се бројни литературни податоци, користени се рационален пристап и современа методологија, резултатите се јасно презентирани и толкувани, дискусијата е вешто водена, а заклучоците се конкретно и коректно изведени. Кандидатката, испитувајќи го влијанието на испитуваните варијабли врз физичко-хемиските и биофармацевтските особини на дизајнираниот нанопартикулиран систем, успешно врши формулација и оптимизација на амфифилни наноносачи со потенцијал за селективно насочување на лековитата супстанца, нејзино контролирано ослободување на местото на дејствување, зголемување на терапевтската ефикасност и намалување на несаканите ефекти при терапијата на цврстите малигни заболувања.

**Добиените резултати од оваа докторска дисертација претставуваат значаен научен придонес во ова поле, а можноста за искористување на резултатите во апликативни цели го задоволува критериумот на научни истражувања со можност за практична примена.** Трудот претставува значаен научен и практичен придонес и може да се користи како основа за стекнување со академски степен - доктор на науки.

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува докторската дисертација на ас. м-р Маја Симоноска Црцаревска под наслов „Амфифилни наноносачи за насочена антиканцерогена терапија“ и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје да ја прифати докторската дисертација и да ѝ овозможи на кандидатката својот труд јавно да го брани.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Проф. д-р Маја Цветковска с.р.

__________________________________

Проф. д-р Ицко Ѓоргоски с.р.

__________________________________

Доц. д-р Руменка Петковска с.р.

__________________________________

Науч. сор. д-р Соња Кузмановска с.р.

__________________________________

Проф. д-р Катерина Горачинова с.р.

__________________________________

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТЕРАПИСКИ КОНЦЕНТРАЦИИ И СЛЕДЕЊЕ НА ПРЕОД НА АНТИЕПИЛЕПТИЧНИ ЛЕКОВИ ОД КРВ ВО ПЛУНКА СО ПРИМЕНА НА HPLC - МЕТОДИ", ИЗРАБОТЕНА ОД АС. М-Р ЈАСМИНА ТОНИЌ РИБАРСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 26. седница одржана на 9. 11. 2012 година, донесе решение бр. 02-641/4 за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Љубица Шутуркова, проф. д-р Кристина Младеновска, н. сор. д-р Емилија Цветковска, доц. д-р Зоран Стерјев и проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов „Определување на тераписки концентрации и следење на преод на антиепилептични лекови од крв во плунка со примена на HPLC - методи" од кандидатката Јасмина Тониќ Рибарска, работена под менторство на проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска. По прегледот на поднесената докторска дисертација, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација претставува самостоен научноистражувачки труд. Дисертацијата се состои од следниве поглавја: Вовед, Цели, Материјали и методи, Резултати и дискусија, Заклучок, Литература и преглед на објавени оригинални научни трудови поврзани со проблематиката опфатена во дисертацијата.

Во **воведот**, кандидатката концизно ги претставува достапните литературни податоци и сознанија, со кои се потенцира важноста на проблематиката и воедно се образложуваат целите на истражувањето. На почетокот од воведниот дел е даден осврт на епилепсијата како хронично невролошко заболување и нејзината распространетост. Според литературните податоци, повеќе од 50 милиони луѓе во светот боледуваат од оваа болест. Во продолжение е даден кус преглед на можните етиологии за појавувањето на оваа болест и преглед на најновите класификации на епилептичните напади и синдромите поврзани со оваа хронична невролошка состојба.

Понатаму кандидатката ја наведува основната цел на третманот на епилепсија и дава осврт на антиепилептичните лекови и нивните различни механизми на дејство. Антиепилептичните лекови меѓу себе се разликуваат во клинички важни особини, како што се спектарот на дејствување, контраиндикации, несакани ефекти, фармакокинетски карактеристики, дозен режим, интеракции на лекови. Врз основа на обемниот литературен преглед, кандидатката потенцира дека во текот на терапијата со антиепилептичните лекови, важно е да се определи и следи концентрација на лекот во биолошки материјал. Кандидатката наведува дека

определувањето и следењето на концентрацијата на антиепилептичните лекови во биолошки материјал е потребно и за утврдување на соодветноста на избраниот лек, следење на метаболизмот и интеракцијата на лековите, за одредување на фармакокинетските параметри или во ситуации кога се очекува промена во фармакокинетиката (по додавање или отстранување на интерактивен лек), при појава на токсични ефекти, во студиите за биоеквиваленција, при политерапија, како и при определување на „индивидуална тераписка концентрација".

Во понатамошниот дел од воведот, кандидатката дава детален литературен преглед на причините за определување и следење на концентрациите на антиепилептичните лекови во тек на терапијата. Се наведува дека определувањето и следењето на концентрацијата на антиепилептичните лекови во тек на терапијата има за цел да го подобри терапискиот ефект, да се намалат токсичните ефекти и да се намалат трошоците за терапијата. Едни од главните причини за тераписко следење на овие лекови се значителните интер- и интраиндивидуални разлики во фармакокинетиката и интеракциите на лекови. Најчесто користен биолошки матрикс за следење на концентрацијата на антиепилептичните лекови е серумот или плазмата. Кандидатката изнесува податоци дека плунката како биолошки матрикс за определување на концентрацијата на антиепилептичните лекови, се користи од крајот на 80-тите години, но оваа метода не била прифатена во клиничката практика. Според литературните податоци, во последните години, зголемениот интерес за определување на концентрацијата на слободниот облик на лекот придонел да се обнови идејата за употреба на плунка како алтернативен биолошки матрикс за следење на концентрацијата на овие лекови. Кандидатката ги наведува предностите и недостатоците на употребата на плунка во оваа цел. Се истакнува дека преодот на лекот од крв во плунка зависи од физичко-хемиските особини на лекот, како што се молекулската маса, липосолубилноста, p*K*a и врзувањето за плазма - протеините, а главен физиолошки фактор кој влијае на дистрибуцијата на лекот во плунка е pH на плунката. Следува дел во кој е даден преглед на податоци од повеќе студии во кои се укажува на постоењето на корелација помеѓу концентрацијата во плунка и дозата на лекот и на корелација помеѓу концентрацијата во плунка и слободната плазматска концентрација на лекот. Во прилог на ова е и сè поголемиот број на достапни информации за подобро разбирање на фармакокинетските основи за дистрибуција на лекот во плунка. Кандидатката истакнува дека големо влијание врз испитувањето на можноста за употреба на плунка во следењето на концентрацијата на антиепилептичните лекови има и развојот на нови аналитички методи, што се карактеризираат со голема осетливост и специфичност, со можност точно и прецизно да се определат ниските концентрации на лекови што во висок процент се врзани за протеините (на пример, валпроинска киселина) и на активните метаболити на лековите (на пример, карбамазепин-10,11-епоксид), присутни во плунката.

На крајот од воведот, кандидатката се осврнува на двата најпропишувани и најчесто употребувани антиепилептични лека, карбамазепин и валпроинска киселина. Кандидатката дава детален преглед

на податоците за причините поради што е потребно следење на тераписките концентрации на овие лекови и на потребата за рутинска анализа на активниот метаболит, карбамазепим-10,11-епоксид, заедно со карбамазепинот. Следува преглед на студии во кои се опишани методи за определување на овие антиепилептични лекови во биолошки материјал, како и студии во кои се изведени испитувања за поврзаноста помеѓу концентрацијата во плунка и слободната, односно вкупната концентрација на карбамазепин и валпроинска киселина во плазма. Според резултатите и заклучоците од тие студии, кандидатката го истакнува фактот дека се потребни понатамошни испитувања за употребата на плунка како алтернативен биолошки матрикс за определување и следење на концентрацијата на антиепилептичните лекови, со цел оптимизирање на терапискиот третман на пациенти со епилепсија.

Врз основа на сите изнесени литературни сознанија, во делот **Цели на истражувањето,** кандидатката ја образложува основната хипотеза на оваа дисертација, а тоа е да се процени дали плунката како биолошки медиум може да послужи како сигурна алтернатива за определување и следење на концентрациите на испитуваните антиепилептични лекови во плазма, во тек на терапијата. За остварување на наведената цел и потврдување на поставената хипотеза, кандидатката ги поставува следните работни задачи: воспоставување и валидација на HPLC - методи за определување на концентрацијата на карбамазепин и неговиот активен метаболит, карбамазепин-10,11-епоксид и валпроинска киселина, во плазма (вкупна и слободна концентрација) и плунка, со примена на цврсто-фазна екстракција за подготовка на биолошкиот материјал за анализа; определување на корелација помеѓу концентрациите на испитуваните антиепилептични лекови во плазма и плунка; пресметување на фармакокинетските параметри на испитуваните антиепилептични лекови преку следење на нивната концентрација во плазма и плунка, и определување на корелација помеѓу истите; утврдување на можноста за индиректно определување на плазматската концентрација на испитуваните лекови и определување на нивните фармакокинетски параметри преку определување и следење на концентрацијата во плунка и воспоставување на апликативна метода за определување и следење на тераписките концентрации на карбамазепин, неговиот активен метаболит, карбамазепин-10,11-епоксид, и валпроинска киселина, во плунка, кај пациенти со епилепсија.

Во поглавјето **Материјали и методи**, даден е список на користени супстанции, реагенси и материјали и детален опис на сите методи и опрема користени при изработката на оваа докторска дисертација. Во истражувањето биле вклучени 50 пациенти (30 пациенти на терапија со карбамазепин и 20 пациенти на терапија со валпроинска киселина), со можност за прекин во кое било време во текот на студијата (согласно со Декалрацијата II од Хелсинки). Сите пациенти потпишале изјава за информираност и согласност за учество во студијата. Протоколот за истражување за оваа студија е одобрен од етички комитети при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Опишана е постапката на земање крв и добивање на примероци од плазма и постапката на собирање

на плунка од здрави доброволци и од пациенти со епилепсија. Кандидатката дава детален опис на HPLC - методите за определување на карбамазепин и неговиот активен метаболит, карбамазепин-10,11-епоксид, и на валпроинска киселина во плазма (вкупна и слободна концентрација) и во плунка. Валидацијата на методите е изведена согласно со барањата на Водичот за валидација на биоаналитички методи на Европската агенција за лекови (EMA). Детално е опишана постапката на цврсто-фазна екстракција применета за подготовка на биолошкиот материјал (плазма и плунка) за понатамошна анализа. За определување на слободната концентрација на испитуваните антиепилептични лекови во плазма, применета е рамнотежна дијализа со употреба на Spectra/Por Float – A – Lyzer® G2, системи за дијализа. Во ова поглавје, како последен дел, кандидатката ја изнесува постапката за определување на фармакокинетските параметри на испитуваните лекови.

Најобемен дел на докторската дисертација е поглавјето **Резултати и дискусија.** Во ова поглавје се прикажани резултатите од целокупните испитувања реализирани во рамките на докторската дисертацијата. Дискусијата е аргументирана, со соодветно толкување и споредба на добиените резултати од истражувањето со теоретските сознанија и литературните податоци од областа. Резултатите и дискусијата се поделени на две целини. Првата целина ги опфаќа испитувањата што се однесуваат на карбамазепин и неговиот активен метаболит, карбамазепин-10,11-епоксид, додека втората целина ги опфаќа испитувањата за валпроинска киселина. Секоја од овие две целини е поделена на пет дела. Во првиот дел, од двете целини, прикажани се резултатите добиени од развојот и валидацијата на SPE-HPLC методот за определување на испитуваните антиепилептични лекови во плазма (во првата целина истовремено определување на карбамазепин и карбамазепин-10,11-епоксид, а во втората целина определување на валпроинска киселина) и апликација на примероци од плазма добиени од пациенти. Валидацијата на методите е спроведена во согласност со барањата на Водичот за валидација на биоаналитички методи на Европската агенција за лекови и испитани се следните параметри: селективност, линеарност, точност и прецизност и стабилност на испитуваните примероци. Подготовката на биолошкиот материјал за анализа е изведена со цврсто-фазна екстракција и приносот на екстракција е определен во четири концентрациски нивоа од линеарниот концентрациски опсег. Добиените резултати се прикажани табеларно. Прикажани се и HPLC - хроматограмите добиени при раздвојување на аналитите во примероците од плазма. На јасен и концизен начин се образложени резултатите добиени од развојот и валидацијата на методите. Кандидатката аргументирано ја дискутира примената на воспоставените методи за определување на испитуваните антиепилептични лекови во примероци од плазма добиени од пациенти болни од епилепсија. Во дискусијата истакнува дека, согласно со добиените резултати, предложените биоаналитички методи се соодветни за веродостојно следење на тераписките концентрации на карбамазепин и неговиот активен метаболит, карбамазепин-10,11-епоксид, и на валпроинска киселина во

плазма, кај пациенти кои се под терапија со овие два лека, било како монотерапија или во политерапија со други антиепилептични лекови.

Во вториот дел, од двете целини, дадени се резултатите добиени со примена на воспоставените биоаналитички методи за определување на слободната концентрација на испитуваните лекови во плазма, по постапка на рамнотежна дијализа. Добиените резултати за слободната фракција и слободната концентрација на овие лекови во плазма, се прикажани табеларно. Кандидатката ги толкува добиените вредности и упатува дека тие се во согласност со литературните податоци за процентот на поврзување на овие лекови со плазматските протеини.

Третиот дел од ова поглавје се однесува на оптимизација и валидација на SPE-HPLC - методот за истовремено определување на карбамазепин и неговиот активен метаболит, карбамазепин-10,11-епоксид, во плунка (во првата целина) и оптимизација и валидација на SPE-HPLC - методот за определување на валпроинска киселина во плунка (во втората целина). Подготовката на примероците од плунка е изведена со цврсто-фазна екстракција и резултатите добиени по екстракција на примероци од плунка добиени од здрави доброволци и од пациенти кои се на терапија со испитуваните антиепилептични лекови, и тоа како монотерапија и/или во политерапија, се прикажани на соодветните хроматограми. Добиените резултати од валидацијата на методите кандидатката ги прикажува табеларно. Кандидатката јасно ги образложува резултатите добиени со примена на воспоставените методи за определување на испитуваните антиепилептични лекови во примероци од плунка добиени од пациенти болни од епилепсија. Согласно со добиените резултати, предложените биоаналитички методи се соодветни за веродостојно определување на тераписките концентрации на овие лекови во плунка, кај пациенти кои се под терапија со карбамазепин, односно валпроинска киселина, како монотерапија и во политерапија.

Во четвртиот дел од поглавјето „Резултати и дискусија", кандидатката ги прикажува резултатите добиени од определувањето на корелација помеѓу концентрациите на карбамазепин и неговиот активен метаболит, карбамазепин-10,11-епоксид, во плазма и во плунка кај пациенти болни од епилепсија (во првата целина) и од определувањето на корелација помеѓу концентрациите на валпроинска киселина во плазма и во плунка кај пациенти болни од епилепсија (во втората целина). Добиените резултати за концентрациите во плазма (вкупна и слободна концентрација и слободна фракција), концентрациите во плунка, односот помеѓу концентрацијата во плунка и вкупната, односно слободната концентрација во плазма, како и коефициентите на корелација помеѓу вкупната/слободната концентрација во плазма и во плунка, се јасно и концизно систематизирани и прикажани табеларно и графички. Дискусијата е успешно водена со аргументирано толкување за секој добиен резултат, поткрепено со литературни податоци. Кандидатката истакнува дека добиените резултати ги потврдуваат теоретските претпоставки, дека за базните лекови, концентрацијата во плунка е приближно еднаква или повисока од слободната плазматска концентрација, а за лековите што се слаби киселини, концентрацијата во плунка е пониска од слободната плазматска концентрација. Во овој дел е

дадено толкување на резултатите за добиената корелација помеѓу концентрациите во плазма и плунка. Добиени се високи вредности за коефициентот на корелација помеѓу концентрацијата на карбамазепин и неговиот метаболит во плунка и вкупната плазматска концентрација, како и помеѓу нивната концентрација во плунка и слободната плазматска концентрација. За валпроинската киселина е добиена слаба корелација помеѓу концентрацијата во плунка и вкупната, односно слободната плазматска концентрација. Кандидатката поставува регресиони равенки за индиректно определување на вкупната/слободната концентрација на карбамазепин, карбамазепин-10,11-епоксид и валпроинска киселина во плазма, преку нивните определени соодветни концентрации во плунка.

Во последниот дел од ова поглавје, прикажани се резултатите добиени од спроведените испитувања на фармакокинетските параметри на карбамазепин и валпроинска киселина кај групите на пациенти, и тоа: максимална плазматска концентрација (Cmax), време на постигнување на максимална плазматска концентрација (Tmax), константа на брзината на апсорпција, полувреме на апсорпција, константа на брзина на елиминација, полувреме на елиминација, површина под крива концентрација-време, волумен на дистрибуција и клиренс. Добиените резултати за концентрациите на карбамазепин (во првата целина) и за валпроинска киселина (во втората целина) во плазма и плунка во зависност од времето, нивната корелација и пресметаните фармакокинетските параметри се прикажани табеларно и графички. При тоа, прикажани се збирните резултати за фармакокинетската диспозиција на овие два антиепилептични лека во плазмата и плунката кај пациентите со епилепсија и поодделно за секој испитуван фармакокинетски параметар. Во дискусијата на резултатите, кандидатката се осврнува на добиената корелација помеѓу фармакокинетските параметри добиени со следење на концентрациите на испитуваните антиепилептични лекови во плазма и плунка. Поставени се регресиони равенки за определување на фармакокинетските параметри на испитуваните лекови преку фармакокинетските параметри добиени со следење на нивните концентрации во плунка. Со високо ниво на сигурност може да се пресметаат максималната концентрација во плазма и површините под концентрациските криви, упатувајќи дека биолошката еквиваленција на препарати со карбамазепин и валпроинска киселина би можела да се определи и врз основа на нивните концентрации во плунка.

Во **заклучокот** се сумирани согледувањата што произлегуваат од извршените испитувања и добиените резултати. Изнесени се заклучоците за секој дел од испитувањата и на крај се дадени генералните заклучоци изведени од севкупните резултати. Кандидатката изнесува дека воспоставените и валидирани биоаналитички SPE-HPLC - методи успешно се применети за определување на вкупната и слободна концентрација на испитуваните антиепилептични лекови во плазма и во плунка добиени од пациенти со дијагностицирана епилепсија. Врз основа на добиените резултати, кандидатката заклучува дека концентрацијата во плунка ја рефлектира слободната, фармаколошки активна концентрација на карбамазепин и неговиот активен метаболит во плазма и обезбедува сигурна проценка како на слободната, така и на вкупната плазматска

концентрација. Крајните заклучоци се однесуваат на поврзаноста на фармакокинетски резултати добиени преку следење на концентрациите на испитуваните антиепилептични лекови во плазма и плунка. Добиените резултати отвораат поле на широка истражувачка работа во правец на проценка на можноста да се определи индивидуалната тераписка доза на антиепилептичните лекови преку следење на нивната концентрација во плунка.

Прегледот на користената **литература** е според азбучниот ред на авторите. Цитирањето на литературата во целиот текст на дисертацијата е направено преку наведување на името на првиот автор и годината на издавање на трудот.

Во прилог, кандидатката приложува список на рецензираните оригинални научни трудови, поврзани со проблематиката на докторската дисертација.

Согласно со член 54 од Законот за научно-истражувачка дејност (Службен весник на Република Македонија бр. 46/08, 103/08, 24/11 и 80/12), докторскиот труд е проверен на плагијати. Извештајот за извршената проверка потврдува дека докторскиот труд не е плагијат.

## ЗАКЛУЧОК

По деталната анализа на докторската дисертација со наслов **"Определување на тераписки концентрации и следење на преод на антиепилептични лекови од крв во плунка со примена на HPLC - методи"**, поднесена од ас. м-р Јасмина Тониќ Рибарска, Рецензентската комисија заклучува дека студијата претставува самостоен научноистражувачки труд од областа на фармацијата.

Во изготвувањето на дисертацијата, кандидатката покажа извонредни теоретски и практични познавања од доменот на аналитичка и биоаналитичка хемија, техники за подготовка на биолошки материјал за анализа и инструментални методи, како и познавања поврзани со тераписко мониторирање на лекот и фармакокинетски аспекти на антиепилептичната терапија што овозможи квалитетен пристап во обработката на дисертацијата и постигнување на потребното научно ниво. При изработката на трудот, обработени се бројни литературни податоци, користен е рационален пристап и современа методологија, резултатите се јасно презентирани и толкувани, дискусијата е аргументирана, а заклучоците се конкретно изведени. Добиените резултати од спроведените биоаналитички анализи и фармакокинетските испитувања на антиепилептичните лекови во плазма и плунка, имплицираат на реалната можност за употреба на плунката како алтернативен биолошки материјал за тераписко мониторирање на антиепилептичните лекови.

Добиените резултати од оваа докторска дисертација претставуваат значаен научен придонес во ова поле, а можноста за искористување на резултатите во апликативни цели го задоволува критериумот на научни истражувања со можност за практична примена.

Трудот претставува значаен научен и практичен придонес и може да се користи како основа за стекнување со академски степен - доктор на науки.

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува докторската дисертација на ас. м-р Јасмина Тониќ Рибарска под наслов „Определување на тераписки концентрации и следење на преод на антиепилептични лекови од крв во плунка со примена на HPLC - методи“ и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје да ја прифати докторската дисертација и да ѝ овозможи на кандидатката својот труд јавно да го брани.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Проф. д-р Љубица Шутуркова с.р.

Проф. д-р Кристина Младеновска с.р.

Научен соработник д-р Емилија Цветковска с.р.

Доц. д-р Зоран Стерјев с.р.

Проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **ЗАСТАПЕНОСТ И МЕРЕЊЕ НА СИВАТА ЕКОНОМИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,** ОД **М-Р БЛАГИЦА НОВКОВСКА,** ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на својата седница одржана на 26. 10. 2012 година, не определи за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Благица Новковска** на тема: **ЗАСТАПЕНОСТ И МЕРЕЊЕ НА СИВАТА ЕКОНОМИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.**

По опстојното прегледување на трудот, Комисијата, пред членовите на Наставно - научниот совет, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Благица Новковска содржи вкупно 218 страници компјутерски среден текст, од кои 194 страници се основен текст и 24 страници користена литература.

Покрај вовед и заклучни согледувања, материјата во докторската дисертација е структурирана во пет глави, според следниов редослед:

- ***СИВА ЕКОНОМИЈА***
- ***ПРИМЕНА НА РАЗЛИЧНИ МЕТОДИ ЗА МЕРЕЊЕ НА СИВАТА ЕКОНОМИЈА ВО ОДДЕЛНИ ЗЕМЈИ***
- ***МЕРЕЊЕ НА СИВАТА ЕКОНОМИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
- ***МЕРЕЊЕ НА СИВАТА ЕКОНОМИЈА СО НОВИ МЕЃУНАРОДНО ПРИФАТЕНИ МЕТОДИ***
- ***МЕРКИ НА ЕКОНОМСКАТА ПОЛИТИКА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАСТАПЕНОСТА НА СИВАТА ЕКОНОМИЈА***

Во **првата глава на трудот,** кандидатката м-р Благица Новковска ги елаборира основните карактеристики и атрибути на сивата економија, како придружен феномен на современите пазарни стопанства. Тука, опстојно се анализирани различните пристапи при дефинирањето на сивата економија, проблемите со кои се соочуваат официјалните статистики на одделните национални економии при обидот да се специфицира сивата економија и да се определи нејзиниот опфат. Во овој контекст, кандидатката посебно ги диференцира и потенцира различните облици на манифестација на сивата

економија, кои обично се спецификуваат како дозволен облик на економска активност, но којашто не се извршува во рамките на постојните формално - правни регулативи, т.е. како економски легитимна, но правно илегална активност. Во продолжение, кандидатката м-р Благица Новковска прави јасна дистинкција помеѓу сивата и црната економија (последнава опфаќа незаконски трансакции), од една страна, и помеѓу сивата, црната и регуларната економија (последнава истовремено се покажува и како економски легитимна и како правно легална активност), од друга страна. Во оваа глава на трудот кандидатката дава и општ осврт за различните методи за мерење на застапеноста на сивата економија во современите национални економии (директни методи, индиректни методи и методи на моделирање) како и на нивните предности и недостатоци, т.е. силни и слаби страни.

**Втората глава на трудот** е посветена на мерењето на сивата економија во селектирани високоразвиени земји и во селектирани земји во транзиција. Ваквиот пристап е нужен и корисен, бидејќи сивата економија е застапена во сите национални економии без оглед на достигнатиот степен на економска развиеност. Во почетокот на оваа глава, м-р Благица Новковска дава приказ за застапеноста на сивата економија во земјите членки на ОЕЦД (вкупно 21 земја), за еден релативно долг временски период (1989 - 2003) Иако станува збор за високоразвиени земји, застапеноста на сивата економија во нивната економска структура е прилично висока, со тенденција на пораст во текот на деведесеттите години на минатиот век. Имено, ако процентот на просечна застапеност на сивата економија во 1989/1990 година во земјите - членки на ОЕЦД изнесувал 13, 2%, во 2002/2003 година тој се зголемил на 16,4%. Во продолжение е елаборирано мерењето на големината на сивата економија во три високоразвиени земји: Италија, САД и Словенија. Во овој контекст, кандидатката најпрвин укажува на проблемите при мерењето на сивата економија (кои во значаен дел се продуцирани од различните пристапи при нејзиното дефинирање и специфицирање на нивниот опфат, со напомена дека основната логика на третманот на сивата економија, сепак, останува кохерентен - легална економска активност, но во основа скриена и непријавена на властите), а потоа ги коментира различните методи за откривање на сивата економија употребувани во разгледуваните земји - методот MIMIC, методот на непријавени даночни приходи (даночно затајување), методот на потрошувачка на електрична енергија, методот на побарувачка на пари итн. Притоа, кандидатката дава јасна елаборација на суштината на разгледуваните методи (од квантитативен и квалитативен аспект), што придонесува да се воочат и предностите и слабостите на користените методи. Кандидатката м-р Благица Новковска слично пристапува и при елаборацијата на мерењето на сивата економија во избрани земји во транзиција - Полска, Бугарија и Романија, со посочување на користените методи (валутен метод, метод на физички инпут, MIMIC метод итн.) и добиените резултати. Анализата во овој дел на трудот е базирана на истражувањата на проминентни автори од областа во

одделните земји, како и на светски познати автори од областа кои вршеле мерење на сивата економија во различни национални економии.

**Третата глава на трудот** е посветена на мерењето на сивата економија во Република Македонија. Анализата во овој дел на трудот започнува со утврдување на генезата на проблемот, односно со диференцирање и потенцирање на основните причини и фактори кои детерминираат појава на сивата економија во Република Македонија и кои во основа се исти или слични со оние во другите земји со слично ниво на економска развиеност. Во тој контекст посебно се истакнуваат следниве фактори и причини: приватизација и реструктурирање на претпријатијата, релативно високо учество на малите бизниси во вкупната бизнис - популација на земјата, енормно високата инфлација во раните транзициони години, даночното оптоварување, високата стапка на невработеност и високото ниво на сиромаштија. Понатаму, кндидатката се осврнува на досегашните приоди во мерењето на застапеноста на сивата економија во Република Македонија кои главно се сведуваат на мерењата и пресметките на сивата економија што ги вршел Државниот завод за статистика (преку утврдување на ненабљудуваната, т.е. недекларираната економија врз основа на Прирачникот на ОЕЦД и табеларниот пристап на ЕВРОСТАТ, како и на одделни проминентни автори од областа (Шнајдер и др.) кои се занимаваат со мерење на сивата економија во земјите во транзиција. На крај, м-р Благица Новковска ги сумира резултатите од споменатите мерења на застапеноста на сивата економија во Република Македонија и ги споредува со оние во други земји на транзиција. Испитувањата потврдуваат дека во Република Македонија, просечната застапеноста на сивата економија, како процент во бруто -домашниот производ на земјата во периодот 1999 - 2007 година, според мерењата на Шнајдер и соработниците, изнесува 36,2%, што е приближно исто со Романија и Албанија, малку повисоко во однос на Хрватска и значајно повисоко во однос на Словенија. Кандидатката, исто така, укажува дека апсолутната застапеност на сивата економија во Македонија е блиска со истиот податок на Бугарија и Романија, а значајно повисока од состојбата во Полска. На крајот на главата кандидатката дава и споредба на застапеноста на сивата економија во Македонија и во низа високоразвиени земји за истиот период - меѓу високоразвиените земји најниска стапка на застапеност на сивата економија (под 9% во однос на нивниот БДП) е забележана во САД и Швајцарија, а највисока (над 25%) во Грција и Тајван.

**Четвртата глава на трудот** под наслов М***ерење на сивата економија со нови меѓународно прифатени методи*** има носечки карактер. Имено, една од основните цели на кандидатката м-р Благица Новковска при изработката на докторската дисертација беше да се изврши мерење на застапеноста на сивата економија во Република Македонија со користење на нови и релевантни математичко - статистички модели за целиот период на постоење на Република Македонија како самостојна држава. Во овој дел на трудот тоа е и направено, а мерењето на сивата економија го опфаќа периодот од 1991 до 2011 година, според методот на енергетски внес

(варијантата на потрошувачка на домаќинствата, метод на Лацко) и методот на латентна процена (во овој случај, методот DYMIMIC). За периодот за којшто има целосен збир на податоци со изедначен висок квалитет, главно од Државниот завод за статистика на Република Македонија и Датабанката на Светската банка, утврдено е дека резултатите добиени со двата метода се согласуваат до многу висок степен: обликот на временската зависност е, во суштина, ист, а апсолутните вредности се разликуваат за не повеќе од 4 процентни поени во целото подрачје на мерење. За детално проучување е употребена просечната вредност по двата метода, којашто не отстапува за повеќе од 2 процентни поена од одделните мерења за сите години. За споредба, м-р Благица Новковска презентира и пресметка по методот на енергетски внес, варијантата на Кауфман и Калиберда, и заклучува дека и покрај подобрувањата и приспособувањето на овој метод за потребите на Република Македонија, тој не дава соодветни резултати, односнио дека е применлив само за пократки временски серии - не подолги од 5 години. При споредбите на резултатите од овој труд со резултатите добиени од креаторите на овие методи (Марија Лацко и Фридрих Шнајдер), утврдено е дека коефициентите на двата модела пресметани во овој труд конкретно за Република Македонија се соодветни на коефициентите добиени во тие трудови за групи на земји. За повеќето коефициенти добиени во овој труд стандардните грешки се помали од оние за соодветните коефициенти во споменатите трудови, поради тоа што овде се разгледува една земја во подолг временски период, а во тие трудови повеќе земји во покус период. Овде посебно ќе потенцираме дека резултатите за просечната застапеноста на сивата економија во Македонија во периодот 1999 - 2007 година, според мерењата на Шнајдер и добиените резултати од страна на кандидатката Новковска, покажуваат висок степен на коенциденција - просекот за тој период за Република Македонија кај Шнајдер изнесува 36,2%, а кај Новковска пресметаниот просек е близок до таа вредност (32,3%), односно приближно еднаков во рамките на грешката на мерењата (околу ±2,5 процентни поени). Долгата временска серија на мерењата на сивата економија (1991 - 2011 год.) и овозможиле на кандидатката да ги утврди и пиковите (највисоките вредности) на застапеност на сивата економија во Македонија во текот на транзициониот период. Првиот пик коинцидира со блокадите и ембаргата во раните транзициони години, проследени со едновремена егзистенција на енормно висока инфлација. Вториот пик коинцидира со косовската бегалска криза во доцните деведесетти години и конфликтот од 2001 година. Третиот пик, кој е најмал, се совпаѓа со последиците од глобалната финансиска криза (кај нас тие пристигнаа со нужно временско задоцнување - time lag), а неговиот слаб интензитет кандидатката го објаснува со слабат интегрираност на македонската економија во меѓународните економски текови. Споменатите случувања во македонската економија, коишто во значајна мера беа предизвикани (во случајот на првите два пика) од дејството на неекономски фактори, меѓу другото, укажуваат на причините за нетипичното однесување на сивата економија кај нас, т.е. на причините за нејзиното позначајно отстапување, во одредени периоди, над базичниот тренд од околу 30%.

Во ***петтата глава на трудот*** м-р Благица Новковска ги сумира законитостите во пројавувањето на сивата економија во Република Македонија врз база на резултатите од квантитативната економска анализа поместена во трудот. Таа укажува на високата корелација помеѓу даночното оптоварување (и поврзано со него на даночната евазија) со застапеноста на сивата економија, со напомена дека даночната инциденца (оваа упатува на превалување на даночниот товар од едни кон други економски субјекти) е многу порелевантна од самото даночно оптоварување мерено според вообичаените стандарди. Фактички, во овој дел на трудот, кандидатката укажува на микроекономските ефекти на даноците, т.е. на нивното дејство врз поттиците на субјектите во економската активност - големото и несносливо даночно оптоварување, често пати, предизвикува ефект на "бумеранг" и резултира во зголемена даночна евазија и пораст на застапеноста на сивата економија во вкупната економска активност. Притоа, таа потенцира дека релациите помеѓу даночното оптоварување и сивата економија мораат да се анализираат и низ аспектот на последиците од евентуалното прениско даночно оптоварување врз благосотојбата на граѓаните. Применетите методи укажуваат и на влијанието на невработеноста врз сивата економија, иако тоа влијание во случајот на Македонија не коинцидира до крај со енормно високата и перзистентна невработеност кај нас. Ваквите резултати кандидатката ги "коригира" со квалитативна економска анализа и утврдува дека тие се поврзани со фактот што применетите методи не се во состојба да го квантифицираат значењето на т.н. обезхрабрени работници (феномен што е се поприсутен кај нас) на македонскиот пазар на труд. Во овој дел на трудот кандидатката, врз база на искуствата во многу земји во светот, укажува дека мерките на економската политика насочени кон намалување на сивата економија мораат посебно да бидат концентрирани во доменот на државната регулација (претераната државна регулација на бизнисите, исто така, предизвикува спротивен ефект, т.е. е фактор на пораст на сивата економија), посебно во даночната сфера и на пазарот на труд.

ОПШТА ОЦЕНА НА ДИСЕРТАЦИЈАТА И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Благица Новковка на тема ***ЗАСТАПЕНОСТ И МЕРЕЊЕ НА СИВАТА ЕКОНОМИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*** истражува вонредно значајна проблематика којашто е во фокусот на интерес на економската наука децении наназад и којашто има висока релевантност за македонската економија. Имено, сивата економија, којашто најгенерално се дефинира како дозволен облик на економска активност, којашто, меѓутоа, не се извршува во рамките на постојните формално - правни регулативи, т.е. како економски легитимна, но правно илегална активност, е феномен којшто егзистира во сите современи национални економии без оглед на достигнатиот степен на економска развиеност. Се разбира таа е помалку застапена во високоразвиените земји (на пример, САД и Швајцарија бележат учество на сивата економија во нивниот БДП од неполни 9%), а многу позастапена во земјите во развој и во земјите во транзиција. Во некои земји (Грузија, Азербејџан, Белорусија) таа

има енормно висока застапеност (над 50%) и е фактички поголема од официјалната, регуларната економија. Во Македонија и во земјите од поблиското опкружување (Албанија, Бугарија, Романија, па и Хрватска), мерењата на застапеноста на сивата економија во пократки временски серии покажуваат просечно ниво на застапеност на сивата економија од околу 35 - 36%. Долгорочната серија и мерења за застапеноста на сивата економија во Република Македонија за периодот 1991 - 2011 година, утврдени од страна на м-р Новковска, со примена на нови и релевантни методи, покажува базичен тренд од околу 30 - 31% итн. Од друга страна, некои од земјите членки на ЕУ имаат висока застапеност на сивата економија во вкупната економска активност (Шпанија, Португалија и Белгија над 22%), а Грција дури 30%. За економистите сивата економија е значаен феномен од различни аспекти: БДП на земјите не ги инкорпорира трансакциите во сивата економија и според тоа неговата фактичка вредност е поголема за износот на процентуалната застапеност на сивата економија во вкупната економска активност; економските субјекти вклучени во сивата економија не плаќаат даноци, царини, социјални придонеси и други давачки кон државата; сивата економија оневозможува реално да се утврди фактичката стапка на невработеност во економијата; во сивата економија учествуваат голем број на економски субјекти - граѓаните кои купуваат стоки и услуги без давачки можат да бенефицираат определен период, а државата тоа дури и да го толерира, но тоа предизвикува дисторзии во економскиот систем на земјата; постоењето на сивата економија, особено на нејзина висока застапеност, упатува на проблеми во доменот на одмереноста и опортуноста на даночниот товар, на проблеми во доменот на државната регулација на бизнисите, на егзистенција на неефикасна и корумпирана јавна администрација итн. итн. Споменативе аспекти на проблемот упатуваат и на релевантноста на испитуваната материја за Република Македонија.

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Благица Новковска посебно ги потенцира следниве квалитети на трудот и придонеси на кандидатката во испитувањето на оваа значајна проблематика: ***прво,*** овој е прв труд во Република Македонија којшто дава комплексно мерење на застапеноста на сивата економија кај нас во долга временска серија - практично за целиот период од осамостојувањето на земјата до денес, со користењето на релевантни, меѓународно признати и прифатени методи; ***второ***, употребените методи - методот на енергетски внес (варијантата на потрошувачка на домаќинствата според методот на Лацко) и методот на латентна процена (во овој случај, методот DYMIMIC), кои доаѓаат од проминентни автори од областа, бараа огромен труд и истражувачки напор на кандидатката за да се дојде до широка низа на релевантни, прочистени и квалитетни податоци за Македонија, задача којашто кандидатката, без сомнение, успешно ја завршила; ***трето,*** добиените резултати со примена на споменатите методи се релевантни и убедителни за што говори фактот дека резултатите добиени со двата метода се согласуваат до многу висок степен: обликот на

временската зависност е, во суштина, ист, а апсолутните вредности се разликуваат за не повеќе од 4 процентни поени во целото подрачје на мерење. Ова, до толку повеќе што и резултатите за просечната застапеноста на сивата економија во Македонија во периодот 1999 - 2007 година, според мерењата на еден од најголемите авторитети во областа (Шнајдер) и добиените резултати од страна на кандидатката Новковска, покажуваат висок степен на коенциденција - просекот за тој период за Република Македонија кај Шнајдер изнесува 36,2%, а кај Новковска пресметаниот просек е близок до таа вредност (32,3%), односно приближно еднаков во рамките на грешката на мерењата (околу ±2,5 процентни поени). ***Четврто,*** долгата временска серија на мерењата на сивата економија (1991 - 2011 год.) и овозможиле на кандидатката да ги утврди и пиковите (највисоките вредности) на застапеност на сивата економија во Македонија во текот на транзициониот период - првиот пик коинцидира со блокадите и ембаргата во раните транзициони години, проследени со едновремена егзистенција на енормно висока инфлација, вториот со косовската бегалска криза и конфликтот од 2001 година и третиот со последиците од глобалната финансиска криза. Ваквото однесување на сивата економија економистите интуитивно го насетуваат, но испитувањата на кандидатката Новковска дава квантитативна потврда на траектеријата на сивата економија, со што заклучоците добиваат во својата точност и извесност - сигурност; ***Петто,*** квантитативната економска анализа на сивата економија е проследена и со квалитативна економска анализа и економски резон на кандидатката, што придонесло таа да даде соодветно објаснување зошто добиените резултати, односно корелации помеѓу одделни анализирани варијабли, понекогаш, отстапуваат од очекувањата - на пример, случајот со несоодветноста на методот на Кауфман и Калиберда или, пак, случајот со невозможноста категоријата на обесхрабрени работници да се квантифицира и инкорпорира во применетите модели. ***Шесто,*** трудот е базиран на користење на обемна, модерна и релевантна литература од областа со што дополнително е зголемен квалитетот на истражувањето.

Се разбира дека определени дилеми и проблеми поврзани со истражувањето, а кои доаѓаат од комплексноста на материјата, остануваат недоволно потенцирани во трудот - на пример, дејството на фискализацијата врз обемот и застапеноста на сивата економија кај нас, дејството на промените во даночниот систем и даночната структура кај нас (по првата голема даночна реформа од 1993/1994, по воведувањето на ДДВ и рамниот данок и сл.), но без оглед на тоа, токму овој труд и неговите заклучоци даваат можност и поттик за дополнителни истражувања на оваа материја.

Комисијата е убедена дека станува збор за одлично структурирано истражување, со примена на математичко - статистички методи, коешто прави голем чекор напред кон разјаснувањето на проблемите и дилемите поврзани со застапеноста на сивата економија во Република Македонија. Комисијата, во овој контекст, е убедена дека кандидатката м-р Благица

Новковска во целина ги реализирала поставените цели и задачи предвидени со тезите и пријавата на докторската дисертација.

Врз основа на изнесените карактеристики на содржината и на квалитативните особености на трудот, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

- ***прво***, да го усвои извештајот за докторската дисертација на тема: ***ЗАСТАПЕНОСТ И МЕРЕЊЕ НА СИВАТА ЕКОНОМИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***, поднесена од кандидатката м-р Благица Новковска;

- ***второ***, да дозволи јавна одбрана на докторскта дисертација.

Скопје, ноември 2012 год.

Членови на Комисијата

1. Акад. Таки Фити с.р.
2. Проф. д-р Михаил Петковски с.р.
3. Проф. д-р Славе Ристески с.р.
4. Акад. Гоце Петрески с.р.
5. Проф. д-р Драге Јанев с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ **„НЕРАЗГРАДЛИВИ ОЛИГОСАХАРИДИ СО ПРЕБИОТСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ КАКО НОВИ КОМПОНЕНТИ ВО ФУНКЦИОНАЛНАТА ХРАНА“** ОД КАНДИДАТКАТА М-Р РУЖИЦА ЈОВАНОВИЌ-МАЛИНОВСКА ПРИЈАВЕНА НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет, донесена на XVII редовна седница одржана на 2.10.2012 година, именувани сме за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација **„Неразградливи олигосахариди со пребиотски карактеристики како нови компоненти во функционалната храна“** на кандидатката м-р Ружица Јовановиќ-Малиновска.

По разгледувањето на доставениот материјал го поднесуваме следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

## Основни податоци за трудот

Трудот е конципиран на класичен начин и е изложен на 180 страници, распределени во пет дела кои опфаќаат десет глави. Првиот дел ги содржи воведот (Глава 1) и литературниот преглед (Глава 2). Литературниот преглед се однесува на концептот за функционална храна, пребиотиците, нивната продукција и примена. Тука е прикажан преглед на главните карактеристики на фрукто-олигосахаридите, инулинот, рафинозните-олигосахариди, како и галакто-олигосахаридите кои се опфатени во експерименталните истражувања. Посебен акцент е ставен на продукцијата на олигосахаридите со директна екстракција, ултразвук и по ензимски пат. Вториот дел е претставен со Глава 3 која дава детален приказ на сите материјали и методи применети при експерименталните истражувања, како и при интерпретацијата на резултатите опфатени во оваа докторска дисертација. Резултатите од истражувањата во оваа докторска дисертација како и нивната дискусија се презентирани во третиот дел. Овој дел ги следи специфичните цели на дисертацијата и опфаќа 5 глави, од Глава 4 до Глава 8. Заклучоците од истражувањата се дадени во четвртиот дел (Глава 9), а последниот дел (Глава 10) претставува список на користената литература кој вклучува повеќе од 250 референци од кои најголем дел се публикувани во последните десетина години.

Резултатите од истражувањата во дисертацијата се преточени во трудови прифатени за објавување во списанија со фактор на влијание (2), објавени во рецензирани зборници од научни собири (3), реферирани и на научни собири (4) и подготвени за објавување (3).

Истражувањата во оваа дисертација се главно спроведени во лабораториите на Одделот за прехранбена технологија и биотехнологија, кој е дел од Институтот за органска технологија на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Експериментите поврзани со ензимската синтеза на пребиотиците се направени во Лабораторијата за биотехнологија и биоинженерство,

IBB, при Centre for Biological and Chemical Engineering, Instituto Superior Técnico, Universidade Técnica de Lisboa, во Португалија.

**Предмет на истражување**

Во оваа докторска дисертација е работено на продукцијата и примената на неразградливите олигосахаридите со пребиотски карактеристики како дел од функционалната храна.

Во согласност со трендовите на модерното општество и денешниот начин на живеење, прехранбената индустрија с□ повеќе вложува во развој на функционални производи со што нивната разновидност и број се во постојан пораст. Неразградливите олигосахариди играат важна улога во намалувањето на хроничните болести, како и во подобрувањето на општата здравствена состојба на луѓето. Покрај нивната физиолошка функција, тие, како состојки на функционалната храна, можат да ги модифицираат физичкохемиските карактеристики на храната и да го подобрат нејзиниот квалитет. Затоа и истражувањата на нови олигосахариди со функционални карактеристики се актуелни и полезни. Токму таквите истражувања се предмет на оваа дисертација. Тука спаѓаат селекцијата на соодветни извори за екстракција на олигосахариди, континуираното и ефикасно производство на олигосахариди, како и развој на нови стабилни функционални производи со пребиотски карактеристики.

Поставените задачи се опфатени во три тематски целини:

(1) продукција на олигосахариди, каде што се разработени три постапки, и тоа: (а) продукција на олигосахариди со конвенционална екстракција од природни извори, (б) продукција на олигосахариди со ултразвучна екстракција од селектирани природни извори и (в) продукција на олигосахариди со имобилизиран ензим од лактоза и сурутка;

(2) примена на олигосахариди за развој на нови функционални производи, каде што се опфатени свежата дуња и пекарските производи;

(3) процена на прифатливоста на пребиотиците како дел од функционалната храна од страна на потрошувачите во Р. Македонија.

**Резултати од истражувањето**

Првата група на резултати (Глава 4) се однесуваат на екстракцијата на пребиотиците, односно неразградливите олигосахариди (фрукто-олигосахариди и рафинозни-олигосахариди), како и инулинот од природни извори. Од сите 73 примероци на овошје и зеленчук кои кандидатката ги испитала било најдено дека белиот и младиот кромид содржат многу висока концентрација на фрукто-олигосахариди (ФОС), како и рафинозни олигосахариди (РОС), додека, пак, ерусалимската артичока, цикоријата и лукот содржат најмногу фруктани. Овие зеленчуци можат да бидат искористени како потенцијални извори за комерцијална екстракција на пребиотици, кои потоа би биле применети во некој нов функционален производ. Резултатите од ова истражување се добра основа за создавање на база на податоци за храна богата со олигосахариди која ќе биде од голема полза при планирањето на исхраната. Резултатите од овој дел од истражувањата се објавени во трудовите:

**Jovanovic-Malinovska Ruzica**, Kuzmanova Slobodanka, Winkelhausen Eleonora. Oligosaccharide profile in fruits and vegetables as sources of prebiotics and

functional foods. *International Journal of Food Properties*, 2012, во печат, DOI:10.1080/10942912.2012.680221.

**Jovanovic-Malinovska R.** Kuzmanova S., Winkelhausen E. *Determination of prebiotic oligosaccharides in common fruits and vegetables.* 7th International Congress of Food Technologist, Biotechnologist and Nutritionist, Opatija, Croatia, September 20-23, 2011, Proceedings, pp. 155-160.

Понатаму кандидатката пристапила кон подобрување на технолошкиот процес на екстракција на олигосахаридите, односно конвенционалната екстракција ја заменила со екстракција со помош на ултразвук, што е прикажано во Глава 5. Кандидатката ги оптимизирала условите за ултразвучна екстракција на олигосахаридите при што се потврдило дека зголемениот принос на олигосахаридите (фрукто-олигосахариди и рафинозни-олигосахариди), како и кусото време на екстракција се само неколку предности кои биле постигнати со овој метод. Овие резултати се од голема индустриска важност бидејќи со ултразвучната екстракција значително се намалува времетраењето на процесот, се работи на пониски температури, се применуваат помали концентрации на растворувачи, а воедно е едноставна и економична техника. Резултатите се опфатени во трудот:

**Jovanovic-Malinovska Ruzica**, Kuzmanova Slobodanka, Winkelhausen Eleonora. Application of ultrasound as a method for enhanced extraction of prebiotic oligosaccharides from selected fruits and vegetables (поднесен за објавување).

Главен недостаток на ензимската продукција на олигосахариди е тоа што се уште нема развиено техника за продукција на галакто-олигосахаридите (ГОС) со висок принос. Работата на оваа тема е поставена како цел во следниот чекор на докторската дисертација, а резултатите се дадени во Глава 6. За синтеза на ГОС ензимот β-галактозидаза од *Aspegillus oryzae* е имобилизиран на носачи од поливинил алкохол (ПВА) и на сол-гел од тетраметоксилан (ТМОС). Селектирајќи го поливинил алкохолот (ПВА) како погоден носач за имобилизација во понатамошните истражувања кандидатката разработува процес за континуирана продукција на галакто-олигосахариди и тоа од раствор на лактоза, како моделен систем, и во реален систем во кој како супстрат е искористена сурутката која е нус-производ од млечната индустрија. Континуираниот ензимски реактор покажал висока продуктивност и долго време ја зачувал стабилноста. Сето ова е објавено во трудовите:

**Jovanovic-Malinovska Ruzica**, Fernandes Pedro, Winkelhausen Eleonora, Fonseca Luis. Galacto-oligosaccharides synthesis from lactose and whey by immobilized β-galactosidase in PVA. *Applied Biochemistry and Biotechnology, Part A: Enzyme Engineering and Biotechnology*, 2012, во печат, DOI:10.1007/s12010-012-9850-1.

**Jovanovic-Malinovska R.**, Fernandes, P., Winkelhausen E. Fonseca, L. *PVA and sol-gel carriers for entrapment of β-galactosidase for production of galacto-oligosaccharides,* XIX International Conference on Bioencapsulation, Amboise, France, October 5-8, 2011, Proceedings pp. 126-127.

Втората тематска целина во оваа докторска дисертација ја опфаќа примената на олигосахаридите за формулирање нови производи со функционални карактеристики (Глава 7). Опфатени се различни видови производи. Во првиот дел од ова истражување е направено инкорпорирање на пребиотик во овошје (дуња) кој може да се консумира сув, како грицки или ужинка или како дел од нутритивни формулации. Во вториот дел од истражувањето се развиени пекарски производи и тоа

колачи и мафини со функционални карактеристики (пребиотски, пробиотски и синбиотски). Пребиотиците кои биле применети за развој на овие производи се галакто-олигосахаридите произведени со ензимската постапка прикажана во Глава 6. Дел од резултатите се објавени а другиот дел е во подготовка:

**Jovanovic-Malinovska R.**, Velickova E., Kuzmanova S., Winkelhausen E. Development of a quince snack enriched with inulin and stevia. 6th Central European Congress on Food CEFood-2012, Novi Sad, Serbia, May 23-26, 2012, Proceedings pp. 68-73.

**Jovanovic-Malinovska Ruzica**, Velickova Elena, Kuzmanova Slobodanka, Winkelhausen Eleonora. Prebiotic fortification of quince by vacuum impregnation (во подготовка).

**Jovanovic-Malinovska Ruzica**, Velickova Elena, Kuzmanova Slobodanka, Winkelhausen Eleonora. Prebiotics, probiotics and synbiotics as means for nutritional improvement of baked confectionery products (во подготовка).

Третата тематска целина на докторската дисертација ги опфаќа истражувањата кои се спроведени за да се осознаат познавањата на потрошувачите во Р. Македонија за функционалната храна и пребиотиците односно олигосахаридите. Од спроведената анкета е согледано дека потрошувачите имаат желба да купуваат пребиотиски производи иако перцепцијата за нив не им е сосема точна. Тие се свесни дека здравата исхрана е од големо значење за нивното здравје, но ќе треба повеќе да се едуцираат за да ги разберат придобивките на функционалната храна.

## Научен придонес на дисертацијата

Придонесот на оваа докторска дисертација е во следново:

1. Со идентификацијата и квантификацијата на олигосахаридите во 73 вида овошје и зеленчук се поставени основите за формирање База на податоци за храна богата со олигосахариди. Оваа база ќе овозможи оформување на диети во согласност со индивидуалните потреби на секој заинтересиран.
2. Согледано е кои видови овошје и зеленчук претставуваат потенцијални извори за комерцијална екстракција на пребиотски олигосахариди.
3. Најдено е дека ултразвучната екстракција доведува до драстично зголемување на екстракцијата на сите олигосахариди во споредба со конвенционалниот метод, што е од особено значење за работа во индустријата.
4. Поливинил алкохолот (ПВА) и сол-гел од тетраметоксилан (ТМОС) се за прв пат употребени како носачи за имобилизација на β-галактозидаза која што е исползувана за продукција на галакто-олигосахариди од лактоза и сурутка.
5. Покажано е дека олигосахаридите можат успешно да се применат во нови функционални производи, свежи и преработени, што има практично значење за фирмите што произведуваат прехранбени производи.
6. Проценето е дека потрошувачите имаат желба да купуваат пребиотиски производи, иако перцепцијата за пребиотиците не им е сосема точна. Тие се свесни дека здравата исхрана е корисна за нивното здравје, но ќе треба да се работи на нивна едукација за подобро да ги разберат придобивките од функционалната храна.

**Заклучок и предлог**

Имајќи ја предвид актуелноста на темата, докторската дисертација на кандидатката м-р Ружица Јовановиќ-Малиновска претставува значаен научен придонес. Резултатите од истражувањата презентирани во дисертацијата се верификувани и од поширокатa научна јавност, за што зборуваат петте објавени рецензирани научни трудови.

Оваа дисертација ги задоволува условите пропишани со Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на ТМФ да ја прифати рецензијата на дисертацијата „**Неразградливи олигосахариди со пребиотски карактеристики како нови компоненти во функционалната храна**" од кандидатката м-р Ружица Јовановиќ-Малиновска и да закаже нејзина јавна одбрана.

Скопје, 8.11.2012

**Комисија**

1. д-р Елеонора Винкелхаузен, ред. проф., ментор
2. д-р Слободанка Кузманова, ред. проф., член
3. д-р Ацо Димитровски, ред. проф., член
4. д-р Лидија Петрушевска Този, ред. проф., член
5. д-р Виктор Недовиќ ред. проф., член

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

ПРЕГЛЕД

НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО СКОПЈЕ

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| **Марија Алаѓозовска** | **„Мулти контекстни мобилни апликации“** | **проф. д-р Владимир Трајковиќ** |
| **Сања Дејановска** | **„Колона-ориентирано чување на податоци во аналитички системи“** | **доц. д-р Горан Велинов** |
| **Игор Кулев** | **„Алгоритми за препорака базирани на колаборативно филтрирање“** | **проф. д-р Владимир Трајковиќ** |
| **Игор Богоевски** | **„Препознавање на прикривањето кај веб страните“** | **академик проф. д-р Љупчо Коцарев.** |
| **Мартин Петревски** | **„Автоматско генерирање дескриптори на 3Д тела и нивна примена при споредба на полипептидни молекули“** | **доц. д-р Слободан Калајџиски** |
| **Владимир Апостоловски** | **„Систем за социјално означување и препорачување на содржини базирани на Linked Data“** | **проф. д-р Димитар Трајанов** |
| **Ѓорѓи Јосифов** | **„Шаблон за дизајн на софтвер: Simple/Complex DAO“** | **проф. д-р Сузана Лошковска** |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА - ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ, ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕТНОЛОГИЈАТА И СОЦИЈАЛНАТА И КУЛТУРНАТА АНТРОПОЛОГИЈА

Со одлука бр. 07-1242/2 од 31. 8. 2012 година, донесена од Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје на 6.8.2012 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија во врска со конкурсот објавен во весниците "Дневник" и „Коха" од 25.6.2012 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на етнологијата и социјалната и културната антропологија на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ во Скопје. Комисијата се заблагодарува за довербата и по разгледувањето на доставените документи, го доставува до Стручниот совет на Институтот и до Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весниците "Дневник" и „Коха" од 25.6.2012 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на етнологијата и социјалната и културната антропологија на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ во Скопје се пријави кандидатката **д-р Ана Ашталковска - етнолог, асистент на Институтот при Факултетот.** Кандидатката ги достави до Комисијата следниве документи:

1. Потврда за степен на образование;
2. Кратка биографија;
3. Список на објавени научни и стручни трудови;
4. Пополнет образец кон извештајот за избор во наставно-научно звање
5. Уверение за државјанство;
6. Копија од изјавата со прием од Комисијата за верификација на факти

**РЕЛЕВАНТНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОЦЕНА НА КАНДИДАТКАТА Д-Р АНА АШТАЛКОВСКА,** асистент на Институтот за етнологија и антропологија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

**1979**
Родена во Охрид.

**1997/98**
Се запишала на Природно-математичкиот факултет во Скопје на Заводот за етнологија при Институтот за географија.

**2002/03**
Дипломирала, се стекнала со стручно звање: *дипломиран етнолог.*

**2003/04**
Се запишала на постдипломски студии на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет.

**2006**
Ангажирана како демонстратор на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ.

**2008**
Одбранила магистерска теза со наслов „Озборувањето како механизам за социјална контрола во народната култура на Струшки Дримкол".
**2008**
Се вработила како помлад асистент на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ.
**2009**
Одобрена тема за изработка на докторска дисертација под наслов „Антропологија на интимноста во македонската народна култура" (Ментор проф. д-р Анета Светиева, Одлука на Наставно-научниот совет на ПМФ од седницата одржана на 10.9.2009).
**2011**
Избрана во асистент на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ.
**2012**
На 2.3.2012 година успешно јавно ја одбранила докторската дисертација и се стекнала со научно звање: *доктор на етнолошки науки.*

**Наставно-педагошка работа на додипломски студии**

**Вежби по предмети во периодот од 2006 до 2012 година:**
Етнологија на Македонци 2
Етнологија на Јужни Словени
Етнологија на балкански несловенски народи
Етнички процеси и културни ареали на Балканот
Историска антропологија
Материјална култура на балкански народи и етнички заедници
Теренска етнологија 3
Вовед во методологија на етнолошки истражувања
Етнолошки и антрополошки теории
Духовна култура на Македонци
Духовна култура на балкански народи и етнички заедници
Социјална култура на Македонци
Социјална култура на балкански народи и етнички заедници
Етнологија на Македонци-етнички процеси
Модерен милет систем во традициските култури
Вовед во етнологија и антропологија
Антропологија на етничност

**Теренска настава:**
Одржување теренска настава по предметот теренска етнологија III во академските 2007/2008, 2008/2009 и 2009/2010 година.

**Учество во подготовка на пакет материјали за предметите**: антропологија на етничност, етнички процеси и културни ареали на Балканот, етнолошки и антрополошки теории, вовед во етнологија, во академските 2008/2009, 2009/2010 и година.

**Член на комисија за оценка или одбрана на дипломска работа во периодот од 2008 до 2012:**
**2011**
Ивановски Горан, *Етнографија на колективизацијата за време на социјалистичкиот период во село Шишево.*

**2011**
Цветкоски Иван, *Етнолошко истражување на реалното аикидо, историјат и навлегување во Р. Македонија.*
**2011**
Милошевска Марина, *Етнолошко истражување на детството кај Македонците во Скопје и Скопско.*
**2010**
Николовски Дејан, *Верски и културен идентитет на фрањевскиот световен ред во Херцеговина.*
**2009**
Спасески Гоце, *Современа состојба и карактеристики на пентекосталната верска заедница во Македонија.*
**2009**
Ѓорѓиев Марјан, *Евтаназијата и народното сфаќање во Виничко.*
**2009**
Јовановска Ана, *Антропологија на вегетаријанството.*

**Професионални и други стручни активности**
**2011**
Уредник на ЕтноАнтропоЗум бр. 7
**Од 2010**
Оперативен менаџер на ЕтноАнтропоЗум, списание на ИЕА.
**2009**
Уредник и оперативен менаџер на зборникот трудови „Социјални и духовни аспекти на материјалната култура", главен и одговорен уредник: проф. д-р Анета Светиева, ИЕА ПМФ, УКИМ, Скопје.
Соработник во **изготвувањето и пријавувањето на 2 научни/образовни национални и 2 меѓународни проекта** од Институтот за етнологија и антропологија.

**БИБЛИОГРАФИЈА**

**Објавена монографија:**
**2009**
*Озборувањето како механизам за социјална контрола во народната култура на Струшки Дримкол*, ПМФ, Скопје (1-136).

**Објавени статии:**
**2011**
*Како нештата станаа комплицирани? - Некои методолошки и етички прашања околу истражувањето на озборувањето*, ЕтноАнтропоЗум бр. 7, стр. 11-65.
**2009**
*Јавното мислење и озборувањето како санкција во народната култура на Струшки Дримкол*, Етнолог бр. 12-13, Скопје, стр. 177-186.
**2009**
*„Statusy płci kulturowej wśród Macedońskojęzucznych Muzułmanów w regionie Struški Drimkol"*. Sąsiedztwo w obliczu konfliktu. Relacje społeczne i etniczne w zachodniej Macedonii, Warszawa, 33-41. (*Родовите статуси кај муслиманската популација со македонски мајчин јазик во Струшки Дримкол.* Соседството во конфликт. Социјални и етнички релации во западна Македонија - антрополошки рефлексии, Варшава, стр. 33 - 41.

**2008**
*Gossiping and speculating in the folk culture of Strushki Drimkol* достапно на: www.kula.si во: KULA, Revija Slovenskega etnoškega in antropološkega združenja, Ljubljana, 60-63.
**2006**
*Предбрачни сексуални односи во народната култура на Голо Брдо - табу тема и реална состојба,* Голо Брдо - живот на граница, Уредник Анета Светиева, Скопје, стр. 93 - 107.
**2005**
*Авторефлексивен пристап кон сродничките односи,* Етнолог бр. 11, Скопје, стр. 195 - 206.
**2005**
*Патријархатот е виновен за сѐ,* ЕтноАнтропоЗум, бр. 5, Скопје, стр. 170-187.
**2002**
*Предбрачни сексуални односи во народната култура на Порече - табу тема и реална состојба,* 70 години од истражувањата на Јозеф Обремски во Македонија, Прилеп, стр. 411 - 425.
**2001**
*Жената неротка и односот на традиционалната селска заедница кон неа,* ЕтноАнтропоЗум, бр. 1, Скопје, стр. 248 - 269.
**Трудови со оргинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание:**
**2004**
*Чекуш,* биографија; Слевање на маргините, градовите на Македонија, Охрид.
**2004**
*Баба Нада рибарката,* биографија; Слевање на маргините, градовите на Македонија, Охрид.
**2004**
*Охридски рецепти*; Слевање на маргините, градовите на Македонија, Охрид.
**2004**
*Охридски снаи*; Слевање на маргините, градовите на Македонија, Охрид.
**2002**
*Плет* – мултимедиално ЦД во рамките на проектот „Живо наследство", Скопје.
**1999**
*Обичаи при раѓање,* во рамките на проектот: „Мултикултурните и етничките особености на четири велешки села: Г. Врановци, Теово, Мелница, Ореше"; електронско издание:
http://www.iea.pmf.ukim.edu.mk/VELES/indexV_mak.htm

**Преводи од англиски на македонски јазик:**
**Стручни текстови:**
**2011**
**Шварц Џонатан** (Данска), *Анонимни информатори (АИ),* ЕтноАнтропоЗум бр. 7, Скопје.
**2011**
**Биеленин-Ленчовска Каролина** (Полска), *Мојата антропологија во Република Македонија,* ЕтноАнтропоЗум бр. 7, Скопје.
**2011**
**Језерник Божидар**, Црвеното и црното, ЕтноАнтропоЗум бр. 8, Скопје.
**2011**

**Новак Петра**, Функциите на фолклорот во легендите (приказни со христијанска содржина), ЕтноАнтропоЗум бр. 8, Скопје.

**Проекти:**

**Учество во национални научни проекти:**

**2004**

„Живо наследство во Порече" - проект на Етнолошки образовен истражувачки центар „Растеш" с. Растеш, општина Самоков, Р. Македонија; финансиски поддржан од Институтот отворено општество - Македонија.

**2002**

„Плет - Македонско народно музичко наследство – ЦД", проект на Македонското студентско етнолошко друштво; финансиски поддржан од Министерството за култура на Република Македонија.

**1999-2000**

„Мултикултурните и етничките особености на четири велешки села" - студентски истражувачки проект во организација на ИЕА, во соработка со Институтот за социологија во Скопје; финансиски поддржан од Институтот отворено општество - Македонија.

**Учество во меѓународни научни проекти:**

**2010**

„Обрасци и дилеми на етнокултурните идентитети помеѓу Европа и Азија. Етнографска анализа и споредби на претставите за просторот во Македонија и Словенија" – во организација на Институтот за етнологија и антропологија при УКИМ во Скопје и Одделението за етнологија и културна антропологија при Универзитетот во Љубљана, Словенија.

**2006**

„На македонската граница" - магистерска тема по визуелна антропологија на Vittoria Fiumi.

**2005**

„Миграција и етницитет" - проект организиран од Институтот за историја на Југоисточна Европа од Грац, Австрија.

**2003-2004**

„Живот на граница" – во организација на Македонското етнолошко друштво од Скопје, Македонија и Центарот за етнички проучувања од Тирана, Албанија. Спонзор: Институт отворено општество - Македонија. Раководител: проф. д-р Анета Светиева. Позиција: истражувач.

**Студиски престој**

**2006**

Универзитет Карл – Франценс во Грац, Австрија.

**Учество на семинари, конференции, предавања:**

**2010**

Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет на тема: *Како нештата станаа комплицирани - некои методолошки и етички прашања околу истражувањето на озборувањето,* на Универзитетот во Љубљана, Одделение за етнологија и културна антропологија.

***2006***

*Border Crossing: Balkans in the New Contexts,* конференција организирана од Институтот за етнологија и антропологија - Скопје; со трудот: *Патријархатот е виновен за сè,* Струга, Македонија.

**2004**
*Живот на граница - Голо Брдо,* во организација на Македонско етнолошко друштво и Центарот за етнички проучувања од Тирана; со труд под наслов: *Родовата култура во Голо Брдо,* Дебар, Македонија.
**2001-2002**
*Varietas Delectat* - проект на културниот центар „Медиа Артес" – Охрид, во партнерство со театарот „Кемал Ајдини" – Дебар; финансиски поддржан од Институтот отворено општество - Македонија (2001-2002). Театарска работилница со предавања од областа на етнологијата.
**2001**
*70 години од истражувањата на Јозеф Обрембски во Порече и народна култура на Порече*; со трудот: *Предбрачни сексуални односи во народната култура на Порече - табу - тема и реална состојба,* Самоков, Македонија.
**2000**
*Зимски балкански средби* на Југозападниот универзитет „Св. Неофит Рилски", на тема: Таа на Балканот, Банско, Р. Бугарија.

*
* *

Комисијата им посвети полно внимание и ги проучи доставените материјали. Во таа смисла, со должна одговорност го изнесува своето мислење согласно со наведениот редослед во извештајот.

НАСТАВНО-ПЕДАГОШКА РАБОТА
Комисијата е на мислење дека од самиот почеток на соработката на д-р Ана Ашталковска со ИЕА како демонстратор, а потоа како магистер - асистент во периодот 2006 - 2008, во целина ги оправдала очекувањата на професорите по однос на наставно-педагошката работа. Во тој период, кандидатката била ангажирана со вежби и други активности поврзани со едукацијата на студентите од додипломските студии и успешно ги совладувала сите проблеми поврзани со наставата по вежби. Во таа прилика дошла до израз нејзината стручност како резултат на солидната теориска подготовка и редовната емпириска практика, како и спремноста да им даде сесрдната помош на студентите во разјаснување на некои за нив недоволно јасни рааботи од содржината на вежбите, при подготовката на нивните семинарски и дипломски работи. Натаму, Комисијата ги процени податоците за наставно-педагошката работа наведени во доставените документи на кандидатката за периодот 2009 – 2012, при што утврди дека кандидатката одржувала вежби на додипломските студии од клучните предмети, како етнологија на Македонци 2, етнологија на Јужни Словени, етнологија на балкански несловенски народи, етнички процеси и културни ареали на Балканот, историска антропологија, материјална култура на балкански народи и етнички заедници, теренска етнологија 3, вовед во методологија на етнолошки истражувања, етнолошки и антрополошки теории, духовна култура на Македонци, духовна култура на балкански народи и етнички заедници, итн., како што е целосно наведено во тој дел. Согласно со планот и програмата за работа, кандидатката одржувала теренска настава по предметот теренска етнологија 3 во академските 2007/2008, 2008/2009 и 2009/2010 година. Д-р Ана Ашталковска активно учествувала во подготовка на пакет материјали за предметите: антропологија на етничност, етнички процеси и културни ареали на Балканот, етнолошки и антрополошки теории, вовед во етнологија. Согласно со институтските одлуки за формирање комисии за одбрана и оцена на дипломски работи во периодот 2008 -

2012, била ангажирана како член на комисија во оценката на дипломските работи на седум студенти на ИЕА. Комисијата процени дека од почетокот до денес, кандидатката се однесувала стручно и професионално и ги исполнувала прифатените обврски без услови, водена од идејата за унапредување на студиите по етнологија и антропологија, а на студентите несебично им помагала во извршување на нивните редовни обврски на домашен и меѓународен план. Водена од сопствената амбиција да се афирмира во својата професија и надвор од нашата земја, таа безрезервно ги пренесува своите искуства и на студенти кои секоја студиска година ја користат можноста дел од наставната програма да слушаат во друга универзитетска установа. Со иста посветеност ги дочекува и им помага и на студентите кои доаѓаат од други универзитети, за да следат дел од наставата на ИЕА. Оваа работа таа ја работела преку лични примери, со својот студиски престој на Универзитетот Карл – Франценс во Грац, Австрија и со редица други примери поврзани со активности на меѓународен план што се прецизно наведени во делот за научноистражувачката работа.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

Комисијата посебно ги вреднуваше квантитетот и квалитетот на научно-истражувачката работа на кандидатката д-р Ана Ашталковска, прикажана во доставената библиографија. По однос на квантитетот, може да се констатира дека кандидатката ги задоволува стандардите со оглед на фактот што во краток период, од 2001 до 2012 објавила девет (9) оригинални научни статии во домашни и меѓународни списанија, а како самостоен автор објавила една (1) монографија во 2009 година. Исто така се појавила како автор на пет (5) оригинални статии во стручно/научно популарни списанија. Активно партиципирала во седум (7) научноистражувачки проекти од интерен и меѓународен карактер и учествувала на шест (6) семинари, конференции и летни школи во земјата и во странство.

Д-р Ана Ашталковска успешно се движи во денешниот информатичко-комуникациски проширен свет на науката. Се покажува успешна во сложените теориски анализи, продлабочени и луцидни размисли, проценки на податоци и заклучоци по одредени теми од нејзиниот потесен научен интерес. Ако се суди според објавената монографија и статиите, во фокусот на нејзиниот интерес се одредени “жешки” теми, поврзани со статусот на жената во општеството, одржувањето или губењето на тој статус и механизмите со кои се обезбедува контрола на традицискиот модел. Комисијата истакнува дека во оваа смисла, посебно е провокативна темата за функцијата на озборувањето третирана во нејзината монографија, како механизам за социјална контрола што истовремено претставува нова и оригинална етнолошка и антрополошка тема воведена во нашата наука од страна на кандидатката. Карактеристично за д-р Ана Ашталковска е што таа храбро “влегува во дискусија” со неколку избрани автори кои придонеле со своите трудови да се создадат одредени научни заклучоци по однос на одредена научна тема. Во таа „виртуелна дискусија“, авторката убедливо го презентира своето теориско стојалиште поткрепено со обемно теориско познавање и сопствена емпириска документација за дискутабилната тема. Конкретно во монографијата *Озборувањето како механизам за социјална контрола во народната култура на Струшки Дримкол,* врз основа на анализите истакнува дека озборувањето ги потврдува вредностите на идеалниот модел на однесување и во тие граници претставува истовремено механизам за социјална контрола наспроти слободата на поединецот. Според оригиналното мислење на авторката, озборувањето претставува културен модел бидејќи освен регулативната функција поседува и редица други

квалитети и функции. Опусот на објавени текстови (монографија и статии) на д-р Ана Ашталковска спаѓа во ретките примери на пробивање „нови патишта“ со воведување несекојдневни и деликатни научни теми за чија обработка е потребна упорност, знаење, научничка интуиција и храброст. Во таа смисла, кандидатката спаѓа во групата македонски етнолози и антрополози кои на најдобар начин го афирмираат интелектуалниот потенцијал на нашата земја и ги презентираат пред светот сознанијата за идентитетот на традициската и современата македонска култура.

**ПРЕДЛОГ**

**Д-р Ана Ашталковска со својата досегашна активност во доменот на наставно-педагошката дејност и научноистражувачката работа, континуирано покажува исклучителни способности. Секојдневните задолженија ги совладува со голема енергија и ентузијазам. По однос на научните резултати, видливо е дека кандидатката напредува со брзи чекори. Нејзината афирмација како исклучително трудољубива и надарена претставува резултат на нејзините објавени статии во земјата и во странство, како и на високо оценетите тези обработени во магистерската и докторската теза. Нејзината афирмација значи истовремено и афирмација на македонската етнологија и социо-културна антропологија. Оваа констатација на Комисијата е поткрепена и со бројот на поените во образецот кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање.**

**Вез основа на изнесеното во извештајот, Комисијата смета дека д-р Ана Ашталковска ги задоволува бараните критериуми на објавениот конкурс по сите основи. Во таа смисла имаме чест да им предложиме на Стручниот совет на Институтот за етнологија и антропологија, како и на Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје, да биде избрана во наставно-научното звање ДОЦЕНТ по група предмети од областа на етнологијата и социјалната и културната антропологија.**

Скопје РЕЦЕНЗЕНТИ

20. 10. 2012

Д-р Анета Светиева, ред. проф. на ПМФ - Скопје (во пензија), с.р.

Д-р Љупчо Ристески, вонр. проф. на ПМФ – Скопје, с.р.

Д-р Илина Јакимовска, доцент на ПМФ – Скопје, с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Ана Коста Ашталковска
(име, татково име и презиме)

**Институција:** ПМФ-Институт за етнологија и антропологија
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** етнологија и антропологија

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Вежби по група предмети на студиите по етнологија и антропологија, во летниот семестар во академската 2011/2012 [10 часа x 8 недели x 0,03] | 2,4 |
| 2. | Вежби по група предмети на студиите по етнологија и антропологија, во зимскиот семестар во академската 2011/2012 [10 часа x 15 недели x 0,03] | 4,5 |
| 3. | Вежби по група предмети на студиите по етнологија и антропологија, во летниот семестар во академската 2010/2011 [10 часа x 15 недели x 0,03] | 4,5 |
| 4. | Вежби по група предмети на студиите по етнологија и антропологија, во зимскиот семестар во академската 2010/2011 [10 часа x 15 недели x 0,03] | 4,5 |
| 5. | Вежби по група предмети на студиите по етнологија и антропологија, во летниот семестар во академската 2009/2010 [10 часа x 15 недели x 0,03] | 4,5 |
| 6. | Вежби по група предмети на студиите по етнологија и антропологија, во зимскиот семестар во академската 2009/2010 [10 часа x 15 недели x 0,03] | 4,5 |
| 7. | Вежби по група предмети на студиите по етнологија и антропологија, во летниот семестар во академската 2008/2009 [12 часа x 15 недели x 0,03] | 5,4 |
| 8. | Вежби по група предмети на студиите по етнологија и антропологија, во зимскиот семестар во академската 2008/2009 [12 часа x 15 недели x 0,03] | 5,4 |
| 9. | Вежби по група предмети на студиите по етнологија и антропологија, во летниот семестар во академската 2007/2008 [10 часа x 15 недели x 0,03] | 4,5 |
| 10. | Вежби по група предмети на студиите по етнологија и антропологија, во зимскиот семестар во академската 2007/2008 [10 часа x 15 недели x 0,03] | 4,5 |
| 11. | Вежби по група предмети на студиите по етнологија и антропологија, во летниот семестар во академската 2006/2007 [10 часа x 15 недели x 0,03] | 4,5 |
| 12. | Вежби по група предмети на студиите по етнологија и антропологија, во зимскиот семестар во академската | 4,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2006/2007 [10 часа x 15 недели x 0,03] | |
| 13. | Одржување теренска настава во академските 2007/2008; 2008/2009; 2009/2010 | 7,2 |
| 14. | Консултации со студенти:<br>Летен семестар 2011/2012: 100 студенти x 0,002 (0,2)<br>Зимски семестар 2011/2012: 100 студенти x 0,002 (0,2)<br>Летен семестар 2010/2011: 105 студенти x 0,002 (0,21)<br>Зимски семестар 2010/2011: 105 студенти x 0,002 (0,21)<br>Летен семестар 2009/2010: 130 студенти x 0,002 (0,26)<br>Зисмки семестар 2009/2010: 115 студенти x 0,002 (0,23)<br>Летен семестар 2008/2009: 120 студенти x 0,002 (0,24)<br>Зимски семестар 2008/2009: 120 студенти x 0,002 (0,24)<br>Летен семетстар 2007/2008: 180 студенти x 0,002 (0,36)<br>Зимски семестар 2007/2008: 155 студенти x 0,002 (0,31)<br>Летен семестар 2006/2007: 170 студенти x 0,002 (0,34)<br>Зимски семестар 2006/2007: 155 студенти x 0,002 (0,31) | 3,11 |
| 14. | Член на комисија за оценка или одбрана на дипломска работа во периодот од 2008 до 2012 (7) | 0,7 |
| 15. | Учество во подготовка на пакет материјали за предметите: антропологија на етничност, етнички процеси и културни ареали на Балканот, етнолошки и антрополошки теории, вовед во етнологија. | 4 |
| | **Вкупно** | 68,71 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учесник во национален научен проект:<br>- „Живо наследство во Порече" - проект на Етнолошкиот образовен истражувачки центар „Растеш", с. Растеш, општина Самоков, Р. Македонија; финансиски поддржан од Институтот отворено општество - Македонија (2004).<br>- „Плет - Македонско народно музичко наследство – ЦД", проект на Македонското студентско етнолошко друштво; финансиски поддржан од Министерството за култура на Република Македонија (2002).<br>- „Мултикултурните и етничките особености на четири велешки села" - студентски истражувачки проект во организација на ИЕА во соработка со Институтот за социологија во Скопје; финансиски поддржан од Институтот отворено општество - Македонија (1999-2000). | 9 |
| 2. | Учесник во меѓународен научен проект:<br>- „Обрасци и дилеми на етнокултурните идентитети помеѓу Европа и Азија. Етнографска анализа и споредби на претставите за просторот во Македонија и | 20 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Словенија“ – во организација на Институтот за етнологија и антропологија при УКИМ во Скопје и Одделението за етнологија и културна антропологија при Универзитетот во Љубљана, Словенија (2010);<br>- „На македонската граница“ - магистерска тема по визуелна антропологија на Vittoria Fiumi (2006).<br>- „Миграција и Етницитет“ - проект организиран од Институтот за историја на Југоисточна Европа од Грац, Австрија (2005).<br>- „Живот на граница“ – во организација на Македонското етнолошко друштво од Скопје, Македонија и Центарот за етнички проучувања од Тирана, Албанија (2003 – 2004). | |
| | 3. | Монографија:<br>- **Ашталковска, Ана** (2009) *Озборувањето како механизам за социјална контрола во народната култура на Струшки Дримкол*, ПМФ, Скопје (1-136). | 8 |
| 4. | | Трудови со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание:<br>- **Ашталковска, Ана** (2011) *Како нештата станаа комплицирани? - Некои методолошки и етички прашања околу истражувањето на озборувањето*, ЕтноАнтропоЗум бр. 7, стр. 11-65.<br>- **Ашталковска, Ана** (2009) *Јавното мислење и озборувањето како санкција во народната култура на Струшки Дримкол*, Етнолог бр. 12-13, Скопје, стр. 177-186.<br>- **Aštalkovska, Ana** (2009) *„Statusy płci kulturowej wśród Macedońskojęzucznych Muzułmanów w regionie Struški Drimkol“*. Sąsiedztwo w obliczu konfliktu. Relacje społeczne i etniczne w zachodniej Macedonii, Warszawa, 33-41. (**Ашталковска, Ана** (2009) *Родовите статуси кај муслиманската популација со македонски мајчин јазик во Струшки Дримкол*. Соседството во конфликт. Социјални и етнички релации во западна Македонија - антрополошки рефлексии, Варшава, стр. 33 - 41.)<br>- **Ashtalkovska, Ana** (2008) *Gossiping and speculating in the folk culture of Strushki Drimkol* достапно на: www.kula.si во: KULA, Revija Slovenskega etnoškega in antropološkega združenja, Ljubljana, 60-63.<br>- **Ашталковска, Ана** (2005), *Авторефлексивен пристап кон сродничките односи*, Етнолог бр. 11, Скопје, стр. 195 - 206.<br>- **Ашталковска, Ана** (2005), *Патријархатот е виновен за сѐ*, ЕтноАнтропоЗум, бр. 5, Скопје, | 28 |

| | | |
|---|---|---|
| | стр. 170-187<br>- **Аштaлковска, Ана** (2001), *Жената неротка и односот на традиционалната селска заедница кон неа,* ЕтноАнтропоЗум, бр. 1, Скопје, стр. 248 - 269. | |
| 5. | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br>- **Аштaлковска, Ана** (2006). *Предбрачни сексуални односи во народната култура на Голо Брдо - табу тема и реална состојба,* Голо Брдо живот на граница, Скопје, стр. 93 - 107.<br>- **Аштaлковска, Ана** (2002). *Предбрачни сексуални односи во народната култура на Порече - табу тема и реална состојба,* 70 години од истражувањата на Јозеф Обремски во Македонија, Прилеп, стр. 411 - 425. | 6 |
| 6. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание:<br>- **Аштaлковска, Ана** (2004). *Чекуш,* биографија; Слевање на маргините, градовите на Македонија, Охрид.<br>- **Аштaлковска, Ана** (2004). *Баба Нада рибарката,* биографија; Слевање на маргините, градовите на Македонија, Охрид.<br>- **Аштaлковска, Ана** (2004). *Охридски рецепти;* Слевање на маргините, градовите на Македонија, Охрид.<br>- **Аштaлковска, Ана** (2004). *Охридски снаи;* Слевање на маргините, градовите на Македонија, Охрид.<br>- **Аштaлковска Ана** (2002). *Плет* – мултимедиално ЦД во рамките на проектот „Живо наследство", Скопје;<br>- **Аштaлковска, Ана** (1999). *Обичаи при раѓање,* во рамките на проектот: „Мултикултурните и етничките особености на четири велешки села: Г. Врановци, Теово, Мелница, Ореше"; електронско издание: http://www.iea.pmf.ukim.edu.mk/VELES/indexV_mak.htm. | 12 |
| 7. | Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет:<br>- *Како нештата станаа комплицирани - некои методолошки и етички прашања околу истражувањето на озборувањето* на Универзитетот во Љубљана, Одделение за етнологија и културна антропологија во 2010 година. | 3 |
| 8. | Учество на научен / стручен собир со реферат (усна презентација): | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | - *Border Crossing: Balkans in the New Contexts*, конференција организирана од Институтот за етнологија и антропологија - Скопје; со трудот: *Патријархатот е виновен за сè,* Струга, Македонија (2006).<br>- *Живот на граница - Голо Брдо,* во организација на Македонското етнолошко друштво и Центарот за етнички проучувања од Тирана; со труд под наслов: *Родовата култура во Голо Брдо,* Дебар, Македонија (2004).<br>- *70 години од истражувањата на Јозеф Обрембски во Порече и народна култура на Порече*; со трудот: *Предбрачни сексуални односи во народната култура на Порече - табу тема и реална состојба*, Самоков, Македонија (2001).<br>- *Зимски балкански средби* на Југозападниот Универзитет „Св. Неофит Рилски", на тема: Таа на Балканот, Банско, Р. Бугарија (2000). | |
| | **Вкупно** | 90 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учество во промотивни активности на факултетот/институтот:<br>- учество на Саемот за образование во периодот од 2007 до 2010 година;<br>- учество на Македонска телевизија во 2009 година. | 2,5 |
| 2. | Превод на статии:<br>- 2 статии од англиски на македонски за списанието ЕтноАнтропоЗум бр. 7;<br>- 2 статии од англиски на македонски за списанието ЕтноАнтропоЗум бр. 8. | 2 |
| 3. | Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри:<br>- *Varietas Delectat* - проект на културниот центар „Медиа Артес" – Охрид, во партнерство со театарот „Кемал Ајдини" – Дебар; финансиски поддржан од Институтот отворено општество - Македонија (2001-2002). Театарска работилница со предавања од областа на етнологијата. | 0,5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Уредник на научно/стручно списание:<br>- уредник на ЕтноАнтропоЗум бр. 7 (2011);<br>- оперативен менаџер на ЕтноАнтропоЗум, | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | списание на ИЕА (од 2010). | |
| 2. | Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир:<br>- уредник и оперативен менаџер на зборникот трудови „Социјални и духовни аспекти на материјалната култура“, главен и одговорен уредник: проф. д-р Анета Светиева, ИЕА ПМФ, УКИМ, Скопје (2009). | 1 |
| 3. | Студиски престој во странство:<br>- Универзитетот Карл – Франценс во Грац, Австрија (2006). | 0,5 |
| 4. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект:<br>- соработник во изготвувањето и пријавувањето на 4 проекти од Институтот за етнологија и антропологија. | 2 |
| 5. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект:<br>- соработник во изготвувањето и пријавувањето на 2 меѓународни проекта од Институтот за етнологија и антропологија. | 2 |
| 6. | Член на факултетска комисија:<br>- член на факултетска Комисија за попис 2008/2009, 2009/2010<br>- претстедател на Пописната комисија на ИЕА, 2010/2011;<br>- член на Уписна комисија на ИЕА, ПМФ, 2010/2011; 2011/2012;<br>- член на Комисија за јавни набавки на ИЕА, ПМФ, 2011/2012. | 3 |
| | **Вкупно** | 19,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 68,71 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 90 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 19,5 |
| **Вкупно** | 178,21 |

**Членови на Комисијата**

Д-р Анета Светиева, ред. проф. на ПМФ - Скопје (во пензија), с.р.

Д-р Љупчо Ристески, вонр. проф. на ПМФ – Скопје, с.р.

Д-р Илина Јакимовска, доцент на ПМФ – Скопје, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА НА ТЕМА "ФУНКЦИЈАТА, СИМБОЛИКАТА И ПРАГМАТА НА ПРИНЕСУВАЊЕ КРВНА ЖРТВА ВО МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА РЕЛИГИЈА", ПОДНЕСЕНА ОД ВЛАДИМИР БОЦЕВ, МАГИСТЕР НА ЕТНОЛОШКИ НАУКИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

**Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 19.6.2012 година, донесе Одлука бр.07-2247/9 од 3.7. 2012 година, со која сме избрани за членови на Рецензентската комисија за оцена на доставената докторска дисертација под наслов ФУНКЦИЈАТА, СИМБОЛИКАТА И ПРАГМАТА НА ПРИНЕСУВАЊЕ КРВНА ЖРТВА ВО МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА РЕЛИГИЈА, пријавена од Владимир Боцев, магистер на етнолошки науки, кустос - советник во Музејот на Македонија - Етнолошки музеј - Скопје. По извршениот преглед на доставениот ракопис, Комисијата го поднесува следниов**

## ИЗВЕШТАЈ

Ракописот на докторската дисертација на тема ФУНКЦИЈАТА, СИМБОЛИКАТА И ПРАГМАТА НА ПРИНЕСУВАЊЕ КРВНА ЖРТВА ВО МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА РЕЛИГИЈА, поднесена од м-р Владимир Боцев, опфаќа обем од вкупно 300 страници. Ракописот содржи апстракт на македонски и француски јазик, воведен дел, главен текстуален дел од 265 страници компјутерски подреден текст со новинарски проред (1,5), заклучок, резиме на македонски и француски јазик, библиографија (вкупно 173 библиографски единици), филмографија од пет (5) авторски етнолошки документарни филмови, што, покрај другото, ја зафаќаат и проблематиката на крвната жртва (курбан) и прилог: ЦД со авторски етнолошки филм со наслов: „Во името на Господ 2" на тема крвна жртва (курбан).

Рецензентската комисија истакнува дека докторската дисертација на кандидатот м-р Владимир Боцев претставува оригинален авторски труд што стручно и научно третира тема и проблематика што во македонската етнологија не е комплексно обработена иако, поради актуелноста во современи услови, стана провокативна како за македонската црковна мисла, така и за пошироката граѓанска јавност. Во таа смисла, индикативно е што во ниту една од тие дискусии по однос на крвната жртва, од страна на медиумите не е вклучена стручната и научната јавност од областа на етнологијата и социо-културната антропологија, иако според природата на работите, тоа се науките кои најсуштински се занимаваат со народната религија.

Содржината на докторската дисертација е конципирана во повеќе суштински поврзани делови - главни наслови и придружни поднаслови, и тоа: Вовед; 2. Теориски основи на истражувањето; 3. Крвната жртва во македонската народна религија според извори, литература и рецентни истражувања; 4. Видови крвна жртва кај Македонците од двете главни религии - православно христијанство и ислам; 5. Денови/празници/поводи кога се практикува крвна жртва кај Македонците од двете главни конфесии; 6. Религиски и прагматични основи на

практикувањето на крвна жртва кај Македонците од двете главни конфесии; 7. Функционална анализа на обредот на принесување на крвна жртва согласно со деновите/празниците/поводите кога се врши; 8. Семиолошка анализа на обредот на принесување крвна жртва - вербални и невербални симболи; 9. Практикувањето крвна жртва денес ; – Заклучок на крајот на текстуалниот дел и Прилог: ЦД со авторски етнолошки филм на тема крвна жртва (курбан), под наслов: "Во името на Господ 2" - материјал снимен во 2001 година, монтиран според барањата на докторската дисертација во 2011 година.

Теренскиот етнографски материјал од класичните емпириски истражувања, потоа сопственото искуство и партиципација на кандидатот м-р Владимир Боцев во текот на визуелните теренски истражувања како комплетен автор на етнолошки филмови (сценарио, камера и режија) - меѓу кои голем дел се однесува токму на религискиот феномен на крвната жртва, како и обемната теориска литература, му овозможиле успешно да размислува и да донесува заклучоци за проблемите од доменот на народната религија со посебен третман на крвната жртва.

Поаѓајќи од потребата од појаснување на теориските основи на истражувањето, кандидатот во дел 2. на трудот (Теориски основи на истражувањето), по деталниот преглед на македонската литература што на кој било начин ја допира темата, заклучил дека овој религиски феномен кај македонските истражувачи на народната религија не предизвикал големо внимание, а како резултат на тоа не постои тематска студија што би претставувала резултат на комплексно истражување. Оваа ситуација не се должи само на незаинтересираноста на етнолозите, туку и на фактот што во Македонија нема толку етнолози колку што има необработени етнолошки теми, а тоа се должи на непостоењето на етнолошки студии на Универзитетот во Скопје од 1953 до средината на 80-тите години. За вредно и посебно искуство, авторот ја истакнува соработката со научни кадри од Варшавскиот универзитет во 1994 година, кога бил активно вклучен во проектот „Жртвата во обредноста во обичаите кај Македонците". Сепаратни делови од овие истражувања што траеле до 2001 година, биле објавувани повремено, но проектот, за жал, не добил завршница, ниту пак била објавена посебна монографија. Од тие причини, кандидатот одлучил да продолжи со самостојни теренски истражувања со кои ги опфатил сите главни етнографски предели во Р. Македонија. Притоа, собирал и сеќавања за оваа обредна практика од Македонците доселени од егејскиот дел на етничка Македонија (денес во Р. Грција) и другите делови каде што живеат Македонци во своите етнографски предели - сега пограничја на соседните држави. Во овој дел од трудот, кандидатот детално ги објаснил своите ставови и техники на работа, при што се потпирал на сопственото искуство и стручност но и на искуствата кои произлегувале од сродни ситуации прикажани во странската литература, главно од западно потекло, како и на балканската и западната теориска литература од областа на културната и социјалната антропологија. Во дел 3. „Крвната жртва во македонската народна религија според извори, литература и рецентни истражувања", кандидатот направил рационален пресек на сите податоци поврзани со крвната жртва што ги собирал со години, како и детален преглед на содржините на објавените статии што ја третираат оваа тема. Посебно ги прикажал сознанијата од рецентните теренски истражувања со цел да се проследат промените во оваа обредна практика. М-р Владимир Боцев критички се осврнува на одредени тврдења во објавената литература за крвната жртва и на тој начин убедливо успева да

воспостави рамноправен однос меѓу себе и другите автори кои пишувале за темата. Во врска со прегледот на изворите и литературата, авторот заклучил дека станува збор за скромна активност во споредба со третманот на останатата обредност во народната религија на Македонците.

Во четвртата глава (4. Видови крвна жртва кај Македонците од двете главни религии - православно христијанство и ислам), кандидатот детално се посветил на видовите крвна жртва кај Македонците, при што врз основа на објавените стручни/научни статии и врз основа на сопствените емпириски материјали, потврдува дека постојат три групи крвна жртва, и тоа: на календарски денови/празници; денови „на премин“ од животниот циклус на човекот (раѓање - свадба - смрт), како и во пригодни ситуации (суша, зачестени несреќи во семејната куќа или пошироката заедница, градба на куќа и други поводи од сличен карактер). Посебно е обработена појавата на полова/родова обредност за време на крвна жртва, како и бројноста на главните учесници во смисла на поединци и групи. Во тој поглед кандидатот го дели мислењето дека принесувањето крвна жртва може да биде индивидуално и заедничко, но постојат и други видови класирање на курбанот според разни елементи поврзани со верувањата по однос на временската, просторната и содржинската димензија на обредот.

Во петтата глава (5. Денови/празници/поводи кога се практикува крвна жртва кај Македонците од двете главни конфесии), кандидатот м-р Владимир Боцев ги подредил и ги анализирал обредите на принесување крвна жртва согласно со народниот обреден календар, при што утврдил дека во периодот на промена на годишните сезони од зима во лето - на празникот Ѓурѓовден насекаде во Македонија, се уште, свесно или по навика, индивидуално или колективно, се практикува принесување крвна жртва - најчесто јагне. Според авторот, важен момент при колективните обреди на овој ден е јавното или затскриеното учество на црквата како испробан метод за освојување на народните обреди во доменот на светото време, светиот простор и светата приказна. Со оглед на фактот што народот очекува поддршка од попот, тој ја искажува поддршката со светење вода, благословување/опејување на казаните со јадење и со ред други благослови до насобраните за благосостојба и здравје. Авторот забележал дека во современи услови, попот во повеќето случаи се приклонува кон народот, иако се наоѓа под „лупа“ на повисоките црковни личности на Македонската православна црква, кои јавно се дистанцираат од курбаните и агитираат против оваа обредна практика. Освен обредното однесување на Ѓурѓовден поврзано со курбанот, во оваа најобемна глава од докторската дисертација (стр. 92 - 147), детално се обработени и сите други календарски празнични дни и поводи поврзани со курбанот, и во таа смисла, претставува вредна и незаобиколна база на податоци за конкретната обредна пракса и за карактеристиките на народната религија на Македонците во овој дел.

Во шестата глава (6. Религиски и прагматични основи на практикувањето на крвна жртва кај Македонците од двете главни конфесии), проследен е контроверзниот спој меѓу светото и световното во религијата, иако станува збор за два различни, наизглед неспоиви света. Авторот забележал дека народната религија доживеана и видена со очите на обичниот верник, честопати добива чудни димензии и по своите карактеристики почнува да добива нови особини и да се приспособува на барањата на секојдневниот живот. Во таа смисла, кандидатот

забележал искажувања за поедноставените разбирања за обредноста на крвната жртва, дека (за христијаните) тоа е должност да го даруваат светецот (денот на одржување) заради сопствена безбедност од немаштија, несреќи, болести итн., односно општо кажано - заради безбедност на имотот и животот. Или, како што со иронија вели Марк Мазовер (Балканот.., 2003, 88), ...„ваквата интерпретација ја сведува религијата на еден вид осигурување". Секако, ова тврдење донекаде ја отсликува народната религија на Балканот, но не може да се порекне дека се однесува и на секоја друга религија што во помала или поголема мера го содржи примарниот елемент на заштита на животот и имотот. Во конкретниот случај, кандидатот м-р Владимир Боцев забележал дека во обредот се појавуваат и редица прагматични одлуки, дејства и други појави што ги наметнувал животот - што на свој начин ги поткрепува претходно изнесените констатации за постоење на тенка линија меѓу светото и профаното. Авторот ги поделил во три групи: прагматично однесување условено од потребите на учесниците во обредот; прагматично однесување поради дејствувањето на црквата и прагматично однесување под притисок на власта. Кандидатот утврдил дека во сите случаи на спој меѓу светото и профаното, се создавале нови обредни форми и до појава на редуцирање на светото во корист на прагмата.

Во седмата глава (7. Функционална анализа на обредот на принесување крвна жртва согласно со деновите/празниците/поводите кога се врши), м-р Владимир Боцев ја испитал општествената функција на обредот што претставува неразделен дел на народните верувања. Во таа смисла, врз основа на примерите, утврдил дека на ниво на семејство, селска или градска (маалска) заедница, или на ниво на поединец, принесувањето крвна жртва или партиципацијата во тој обред создавало чувство на припадност, самодоверба и верба дека сите учесници ќе бидат заштитени од натприродната моќ на светецот/денот и дека, за возврат, сите рамноправно ќе ја поделат очекуваната повратна благодарност и среќа.

Во осмата глава (8. Семиолошка анализа на обредот на принесување крвна жртва - вербални и невербални симболи) - кандидатот ги класирал симболите кои се тесно поврзани со обредот и во таа смисла ги издвоил вербалните, како што се: благослови, тематски искази за курбанот/светецот, тематски извици/обраќања/покани, лицитации, тематски обредни песни, тематски преданија и легенди, тематски реалистични кажувања, тематски обредни формули, итн. Како составен дел на симболиката се третираат и невербалните симболи, како што е бојата на жртвуваното животно, постапките со крвта, обредната храна, симболиката на местото/просторот за жртвување, огнот/свеќите, водата/тн. „жива" (изворска) вода, крстот итн.

Во деветтата глава (9. Практикувањето крвна жртва денес), изнесени се констатираните промени кои настанале во современи услови, поврзани со обновената практика на принесување крвна жртва на одредени поводи и свети дни, некои нови елементи во организацијата на обредот итн. Како посебна појава е истакнато дека некои пусти села, денес се активни само за време на селската слава кога се практикува курбан и дека тоа претставува можност селото да функционира кратко како обредна заедница, и дека тој повод може да се третира како последна танка нишка што ги поврзува некогашните селани и нивните потомци со некогашниот активен селски живот. Исто толку значајна појава во современи услови претставува постепеното напуштање на обредот или ограничување на обредноста само на еден празничен ден, поради процесот на

напуштање на селата, како и поради губење на некое традиционално селско стопанство, како на пример овчарството.

Последниот значаен дел од докторската теза претставува авторскиот етнолошки документарен филм на кандидатот - „Во името на Господ 2", кој со визуелен јазик ја зафаќа проблематиката на крвната жртва (курбан) во македонската народна религија. Во случајот, темата на авторскиот филм што претставува составен дел од докторската теза, е практикувањето крвна жртва во народната религија во рамки на современата социјална култура на Македонците кои живеат или потекнуваат од македонските селски населби кои се целосно или делумно напуштени во текот на 20 век. Овој авторски филм претставува посебно значаен дел од докторската теза, бидејќи претставува документарен, нагледен дел на претходно изнесените согледувања на кандидатот. Истовремено, приложеното авторско дело претставува квалитетен уметнички придонес во македонската визуелна антропологија. Низ усогласени технички и уметнички вредности, прикажана е етнографијата на обредот, каде што сите учесниците ги објаснуваат своите гледишта за потребата и практиката на жртвување. Во таа смисла, свои мислења искажуваат непосредните учесници, потоа лица од поширокиот круг на учесници по потомци на некогашни локални жители - дојденци од поблиски и подалечни места на новото жителство, потоа свештени лица и други затечени на лице место. Оваа методолошки концепт што претставува вид потрага по „личните и колективните вистини" ги краси и другите дела од циклусот етнолошки филмови на колегата м-р Владимир Боцев, како познат автор и добитник на повеќе меѓународни признанија.

Во заклучокот на крајот, истакнати се клучните резимеа од главните наслови на трудот, опфатени во функционална целина, каде што врз основа на емпириските и теориските истражувања, како и врз основа на активниот авторефлексивен пристап на кандидатот, се докажува дека обредот на принесување крвна жртва има свој континуитет кај Македонците. Нагласен е отпорот на народот кон сите обиди на црквата во 19 и 20 век, како и денес, да го спречи со збор и дело одржувањето на обредот. Исто така, истакнато е дека обредот „ги преживеал" критичните периоди на забрани и закани за време на комунистичкиот атеизам, што го потврдува мислењето за отпорноста на народната религија како стара културна категорија. Проследени се и интервенциите на верниците со внесување на прагматични елементи преку кои обредот делумно се менувал или се редуцирал, но продолжил да опстојува во активниот религијски живот на населението. Посебно е истакната општествената функција на обредот во консолидирањето на селските и пределските заедници што во периодите кога Македонците немале своја држава, одиграл позитивна супститутска улога на микро и макро план. Слична е и современата улога на обредот, поради чувството на загрозеност заради демографските промени на просторот на Р. Македонија и други закани за животот и имотот на луѓето.

Со делот "Заклучок", како составен дел од докторската теза, скрупулозно и квалитетно е обработена проблематиката по однос на темата: ФУНКЦИЈАТА, СИМБОЛИКАТА И ПРАГМАТА НА ПРИНЕСУВАЊЕ КРВНА ЖРТВА ВО МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА РЕЛИГИЈА.

## ЗАКЛУЧОК

**Рацензентската комисија констатира дека докторската дисертација со наслов: ФУНКЦИЈАТА, СИМБОЛИКАТА И ПРАГМАТА НА ПРИНЕСУВАЊЕ КРВНА ЖРТВА ВО МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА РЕЛИГИЈА , од м-р ВЛАДИМИР БОЦЕВ, етнолог, се однесува на една релативно нова тема и проблематика во македонската етнологија и културна антропологија. Во поднесениот ракопис на докторската дисертација, оваа тематика и проблематика се опфатени со релевантен методичен пристап по однос на најбитните аспекти на материјалот. Врз основа на изнесениот заклучок, Рецензентската комисија им предлага на Стручниот совет на Институтот за етнологија и антропологија, како и на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, да биде прифатена докторската дисертација со наслов: ФУНКЦИЈАТА, СИМБОЛИКАТА И ПРАГМАТА НА ПРИНЕСУВАЊЕ КРВНА ЖРТВА ВО МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА РЕЛИГИЈА, и на кандидатот м-р Владимир Боцев да му се овозможи усна одбрана во законски определениот рок.**

**Скопје,**
**11. 10. 2012**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Д-р Анета Светиева, ред. проф. на ПМФ - Скопје (во пензија), с.р.**
2. **Д-р Љупчо С. Ристески, вонр. проф. на ПМФ – Скопје, с.р.**
3. **Д-р Мирјана Мирчевска, вонр. проф. на ПМФ - Скопје, с.р.**
4. **Д-р Илина Јакимовска, доцент на ПМФ - Скопје, с.р.**
5. **Д-р Даворин Трпески, доцент на ПМФ - Скопје, с.р.**

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ-ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ БИЗНИС И МЕНАЏМЕНТ НА СИСТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на својата седница одржана на 25.10.2012 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија за избор во наставно-научно звање-доцент по предметите од наставно-научната област бизнис и менаџмент на системи на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

На конкурсот објавен во весниците „Вечер" и „Лајм" од 1.10.2012 година се пријавија кандидатите:

- д-р Смилка Јанеска-Саркањац, доктор на економски науки, вработена како асистент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје;
- д-р Мимоза Серафимова, доктор на економски науки, насловен доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Гевгелија, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Врз основа на приложените документи, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### А) Извештај за кандидатката д-р Смилка Јанеска- Саркањац

**1. Биографски податоци**

д-р Смилка Јанеска-Саркањац е родена во Прилеп, на 12.1.1968 година. Во 1992 година завршила Електро-технички факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, насока: компјутерска техника и автоматика, со што се стекнала со стручниот назив дипломиран електротехнички инженер. Во 2005 година се запишала на постдипломски студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на насоката МБА-менаџмент, и магистрирала во 2009 година со темата „Информационата технологија во стратегијата на претпријатието". Во септември 2009 година, на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, прифатена ѝ е темата за изработка на нејзината докторска дисертација под наслов „Стратегиски модели на е-Управување". На 20.6.2011 година ја одбранила нејзината докторска дисертација и се стекнала со научниот степен доктор на економски науки.

**2. Работно искуство**

- 2011 - до сега: Асистент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Одржува аудиториски и лабораториски вежби по предметите: управување со ИКТ-проекти, основи на софтверско инженерство, бизнис и менаџмент на системи, организација и архитектура на компјутери, менаџмент и маркетинг.

- 2009 - 2011: Предавач на Универзитетот „Американ колеџ" во Скопје. Предава на следните факултети, и тоа предметите: информациски системи на студентите од трета година на Факултетот за компјутерска техника и информатика, Information Systems на студентите од трета година на Факултетот за компјутерска техника и информатика, на англиски јазик, Computer Applications на студентите од прва година на Факултетот за бизнис администрација на англиски јазик, Computer Systems на студентите од прва година на Факултетот за компјутерска техника и информатика, на англиски јазик.
- 2007: Сениор ИТ-експерт на Европската агенција за реконструкција. Задолжена за воспоставување на ИТ-сектор во Платежната агенција при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, Скопје.
- 2002 – 2011: Директор на Секторот за информатика во Еуролинк осигурување - Скопје. Го воспоставила од самото основање на претпријатието и го води комплетниот ИТ-сектор во претпријатието. Водач на експертски тим кој активно учествувал, како коавтор во изработка на интегрален информациски систем за осигурување, кој комплетно ја автоматизира работата на осигурителното друштво. Раководела со дизајн, поставување и одржување на локална компјутерска мрежа, интернет и мрежни конекции, веб-страница на друштвото и сите активности поврзани со информациската и комуникациската технологија. Член на Стручната комисија на Националното биро за осигурување која успешно го спровела Проектот за централизирана администрација на задолжително осигурување од автоодговорност во Република Македонија.
- 1994 - 2002: Водач на проекти за апликативен софтвер во КЈУБИ-Македонија, Скопје. Член е на водечкиот тим кој успешно ја спровел миграцијата на информацискиот систем на претпријатието од меинфрејм на клиент-сервер архитектура базирана на UNIX/Oracle платформа со повеќе од 30 сервери и 600 клиенти. Дизајнирала, развивала, тестирала и имплементирала најнова технологија на информациски решенија во најголемото осигурително друштво во земјата. Активно учествувала во сите фази на изработката на core-business апликацијата, од моделот во првата фаза до тестирање и имплементација во последната фаза, водејќи неколку од клучните бизнис-сегменти.
- 1994: ИТ-администратор, ЛАН-администратор, програмер – аналитичар во Радобанк - Скопје, мала банка во формирање.
- 1992 – 1993: Програмер – аналитичар во Ултра компјутинг - Скопје. Дизајнирала и развивала модули во Clipper за повеќе области. Соработувала со клиенти, анализирала бизнис-процеси, дизајнирала и кодирала апликативни програми, вршела инсталација, имплементација и обука на корисниците.

**3. Наставно-образовна дејност**

Во досегашниот период, д-р Смилка Јанеска-Саркањац одржувала аудиториски и лабораториски вежби по предметите: управување со ИКТ-проекти, основи на софтверско инженерство, бизнис и менаџмент на системи, организација и архитектура на компјутери и менаџмент и маркетинг на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, и одржувала настава по

предметите информациски системи, Information Systems, Computer Applications и Computer Systems на Универзитетот „Американ колеџ" во Скопје.

**4. Научноистражувачка дејност**

Кандидатката има објавено една монографија, 4 научни труда во кои е прв и единствен автор, и има два научни проекта, едниот како раководител, а другиот како учесник.

1. Јанеска-Саркањац Смилка, "Информациска технологија и бизнис-стратегија", Факултет за информатички науки и компутерско инженерство, Скопје, 2012.

Монографијата „Информациска технологија и бизнис-стратегија", рецензирана во Универзитетскиот билтен бр. 1033 од 15.6.2012, стр. 340-348, во издание на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, се занимава со изборот на деловната стратегија на претпријатијата во однос на ИКТ како елемент на зајакнување на нивниот конкурентски капацитет. Трудот ги објаснува поимите, основните теоретски претпоставки за ИКТ-стратегиите, двата светски доминантни модела за ИКТ-стратегии, додава споредбени анализи на резултатите што ги постигнале компаниите кои примениле ИКТ во спрега со бизнис-стратегија и прави споредба на состојбата во Република Македонија и во светот.

2. Janeska-Sarkanjac Smilka, 'Adapting Henderson and Venkatraman's Theory to e-Governance', First International Conference on Emerging Research Paradigms in Business and Social Sciences, Track 6: Information and Knowledge Management (Including Information and Communication Technology), Dubai, 2011.

Во овој труд се прави автентичен обид да се адаптира моделот на Henderson и Venkatraman, кој е доминантен модел за формулирање на ИКТ-стратегија во едно претпријатие, кон областа на е-управување. Е-управувањето е млада област која има недостиг од теории и модели и нема доминантен модел за формулирање на ИКТ-стратегија. Јавниот сектор, каде што е-управувањето се применува, е многу покомплексно опкружување и се соочува со значително поголем број стеикхолдери (поединци, групи на интерес, мрежи, заедници, претпријатија од приватнот сектор, невладини организации итн.) и прв избор во адаптација на модел е доминантниот модел од приватниот сектор, што во овој труд се предлага и се спроведува.

3. Janeska-Sarkanjac Smilka, 'Comparative Analysis of ICT in the Public Sector in Estonia and Republic of Macedonia', 12th European Conference on e-Government - ECEG 2012, Barcelona, 2012.

Овој труд претставува споредбена анализа на улогата на ИКТ во јавниот сектор во Естонија и Македонија, како две земји со слична историска и социо-економска заднина, но различни резултати во развојот на информациското општество и во економскиот развој. Тезата на овој труд е дека еден од важните фактори кои довеле до различен економски раст во двете земји е интензитетот на примената на ИКТ во јавниот сектор, на неколку начини: државните институции како корисници на ИКТ; владата како обезбедувач на ИКТ-услуги на поединците, приватните претпријатија, невладините организации и др.; владата како креатор на политичката и правната рамка, и климата за дифузија и примена на ИКТ.

4. Janeska-Sarkanjac Smilka, 'ICT Strategy Formulation: a Case Study of Insurance Company', 8th May Conference on Strategic Management, Bor, 2012.

Во овој труд е опишан процесот на развој на ИКТ-стратегија за осигурителна компанија од Македонија според методата на Adams, Xia и Ball. Во оваа студија на случај, најпрво се презентирани теориските претпоставки на применетата метода, потоа се концептуализира ИКТ-стратегијата во смисла на ИКТ-улоги, ИКТ-организациски способности и ИКТ-управувачки политики и принципи. Понатаму се предлага соодветна ИКТ-стратегија, за да се усогласи ИКТ со бизнис-областа согласно со моделот на Henderson и Venkatraman за стратегиско усогласување на ИКТ со бизнисот. Во овој специфичен случај, имплементацијата на стратегијата беше прифатена како еден од клучните приоритети на осигурителната компанија, и постојат докази за подобрени бизнис перформанси на компанијата, делумно како резултат на имплементација на ИКТ-стратегијата.

5. Janeska-Sarkanjac Smilka, 'Comparative Analysis of the Government ICT Projects in Macedonia, Estonia and Slovenia', ICT Innovations, Ohrid, 2012.

Во овој труд се спроведува споредбена анализа на ИКТ-проектите кои ги спроведуваат владите во Естонија, Словенија и Македонија, со цел да се откријат кои се оние проекти што водат кон развој на информациското општество и кон економски раст на земјата воопшто. Утврдени се шест клучни претпоставки кои треба да бидат исполнети за да влијаат врз економскиот раст: владата треба да биде предводник во воведувањето на информациското општество; владата треба што порано да прифати ИКТ; владата треба да биде проактивна; владата треба да го препознае ИКТ како алатка за раст; владата треба да обезбеди буџет за ИКТ-проектите; владата треба да обезбеди квалитетен проектен менаџмент.

**5. Учество во научноистражувачки проекти**

1. 'Comparative Analysis of the ICT Projects of the Ministry of Information Society and Administration of the Republic of Macedonia and Government ICT Projects in Estonia and Slovenia' - MK-EE-SI-ICTPROJ, 12/2011-9/2012, проект финансиран од ФИНКИ, како раководител.
2. 'Рамки за повторно користење на код, управување со ризик и сигурни апликации', Скопје, 2012, проект финансиран од ФИНКИ, како учесник.

**6. Стручно-апликативна дејност – реализирани поголеми стручни проекти**

1. ИТ-менаџер, водач на проектот за изработка на интегриран информациски систем за осигурување, кој ја автоматизира и интегрира комплетната работа на осигурителна компанија. Водач на тимот од страна на Еуролинк осигурување, кој е и коавтор на системот, според чија спецификација е изграден информацискиот систем од страна на Ултра ДОО - Скопје. Во текот на наредните години, информацискиот систем е продаден речиси на половина од осигурителните компании на македонскиот пазар и на неколку осигурителни компании од странство, Еуролинк осигурување, Скопје, 2003-2011.
2. ИТ-менаџер, задолжена за воспоставување, организирање и раководење со комплетен ИТ-сектор во Еуролинк осигурување, од основањето на компанијата – LAN-мрежи, поврзување со интернет, VPN-поврзувања со

подружници, телефонски конекции, сервери, компјутерска и останати хардверски уреди, системски софтвер, бази на податоци, лиценци и др., Скопје, 2002-2011.

3. ИТ-менаџер - изготвување на спецификација на функционалности и нарачател на систем за менаџмент на документи, добавувач: МБС-системи, Еуролинк осигурување, Скопје, 2008.
4. ИТ-менаџер - изготвувач на спецификација на функционалности и нарачател на веб-страница на Еуролинк осигурување, Скопје, 2003, 2006, 2009.
5. Сениор ИТ-експерт на Европската агенција за реконструкција, задолжена за воспоставување на ИТ-сектор во Платежната агенција при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, Скопје, 2007.
6. Член на Комисијата која го спровела проектот за централизирана администрација на задолжително осигурување од автоодговорност во Република Македонија при Националното биро за осигурување, задолжена за спецификација на барањето за понуди за проектот, евалуација на понудите, избор на најповолен понудувач и соработка со изведувачот на софтверското, хардверското и комуникациското решение за реализација на целите на проектот, Скопје, 2007-2009.
7. Водач на проекти за апликативен софтвер во КЈУБИ Македонија, Скопје. Водач на тимовите за миграција од мејнфрејм компјутери кон клиент-сервер платформа, со Oracle-база на податоци и Oracle-алатки, од анализа на барањата, преку дизајн на модел, креирање на бази на податоци, програмирање, тестирање, имплементација и обука на корисниците во следниве области:
    - имотно осигурување
    - кадровска евиденција
    - плати
    - камати
    - реосигурување
    - животно осигурување и др.
8. ИКТ-администратор - воспоставува ИТ-сектор во новоформирана банка, администрира и инсталира десктоп компјутери и мрежа, развива банкарски софтвер во Clipper, Радобанк, Скопје, 1994.
9. Член на тимот во Ултра ДОО - Скопје кој развива банкарски софтвер за банки во Clipper, Скопје, 1992-1993.

## Б) Извештај за д-р Мимоза Серафимова

### 1. Биографски податоци

Д-р Мимоза Серафимова е родена на 24.1.1962 година во Прилеп. Степенот на образование магистер по образовен менаџмент го стекнала на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, со одбрана на темата "Евалвација на трансферот на обуките на работното место". Доктор на економски науки – МБА-менаџмент станала на 24.6.2011 година со одбрана на докторската дисертација „Модел на стратешко лидерство во образовните институции" на Приватниот европски универзитет во Скопје.

### 2. Наставна дејност

Кандидатката д-р Мимоза Серафимова била избрана за асистент и работела како предавач во ВСШ „Бизнис Академија Смилевски" од 2008 година до 2011 година по предметите основи на менаџмент и деловно комуницирање, а на почетокот на 2012 година е избрана за насловен доцент и одржува настава по предметите маркетинг на пазарот и менаџмент на мал и среден бизнис, на Факултетот за туризам и бизнис логистика, при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

### 3. Научна и стручна дејност

Кандидатката објавила четири труда во стручно-научно популарно списание, за кои има доставено заверена потврда дека трудот е рецензиран и објавен:

[1] Мимоза Серафимова, Стратешки методи во управувањето со вработените и институциите во државната администрација, во: Научно-популарно списание „Еволуција", 2/2011, Софија, Бугарија, 2011.

[2] Мимоза Серафимова, Значењето на препознавањето и валидацијата на искуственото знаење на вработените во државната администрација, во: Научно списание „Ум и душа", 4/2011, Софија, Бугарија, 2011.

[3] Мимоза Серафимова, Пристапот во третманот на човечките ресурси во државните институции, во: Списание на трудови на Друштво за наука и уметност - Прилеп, бр. 24, 2008.

[4] Мимоза Серафимова, Евалвација на трансферот на знаењето и подобрувањето на работата на училиштата, во: Списание на трудови на Македонско научно друштво – Битола, Прилози бр. 7 и 8, Битола, 2007.

Во трудот се проучени теоретските аспекти на процесот на евалвација, при што како валватори се вклучени сите интересенти во воспитно-образовниот процес, и емпириски се проверени начините на кои тие се препознаваат и вклучуваат во секојдневната практика во училницата.

Шест апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција:

[1] М-р Мирјана Стојческа Ѓорѓиоска, доц. д-р Мимоза Серафимова, Гоце Ѓорѓиоски, Можности за вработување преку активно барање работа, во: конференција „Современите менаџерски предизвици и организациските науки", Битола, 2012.

Во апстрактот, темата е можноста за подготвување на учениците за барање работа и стекнување на знаења за постигнување на личните и професионалните цели.

[2] М-р Мирјана Стојческа Ѓорѓиоска, доц. д-р Мимоза Серафимова, Менторската поддршка и професионалниот развој, во: конференција „Современите менаџерски предизвици и организациските науки", Битола, 2012.

Овој апстракт се занимава со темата континуирано учење на наставниците, утврдување на најефикасните методи за изведување на наставата и за воведувањето на обучени наставници-ментори.

[3] Доц. д-р Мимоза Серафимова, м-р Мирјана Стојческа Ѓорѓиоска, Стратешкото управување на образовните институции за нивната

регионална конкурентна позиција, во: конференција „Современите менаџерски предизвици и организациските науки", Битола, 2012.

Во овој апстракт се зборува за процесот на промени на образовните институции со цел да се подобри нивната позиција на пазарот на трудот, и барање начини за привлекување на инвестиции.

[4] М-р Мирјана Стојческа Ѓорѓиоска, доц. д-р Мимоза Серафимова, Професионалните компетенции на вработените како стратешки аспект на компаниската конкурентност, во: конференција „Современите менаџерски предизвици и организациските науки", Битола, 2012.

Во апстрактот се зборува за развојот на професионалните компетенции на вработените и улогата на образовните институции во тој процес.

[5] Mimoza Serafimova, Intellectual and Moral Complexity of Integration of Enterpreneurship and Business Education Trough Teaching Development Project, In: Book of Abstracts of International Conference "Giftedness and Morality", Vrshac, 2011.

Во апстрактот се зборува за учење во природното опкружување, за развој на интелигенцијата и талентот во однос на моралните вредности на денешницата и на утрешницата, и нивно всадување во текот на образовниот процес.

[6] Mimoza Serafimova, Meaning of Inter Institutional Communication for the Quality of Education System, In: Book of Abstracts of VI International Balkan Congress for Education and Science, Ohrid, 2011.

Во апстрактот се презентира тезата за потребата од соработка на локалната власт, централната власт, родителите, наставниците и бизнис заедницата, за подигнување на квалитетот на образованието во училиштата.

Еден апстракт објавен во зборник на национална конференција:

[1] Mimoza Serafimova, Mirjana Stojcheska Gjorgjioska, Lifelong Continuous Learning – Need and Challenge for Integreting Enterprenourshipm and Business Education for Students Key Competencies Identification, In: Book of Abstracts of III Scientific-professional meeting "Education in 21st Century", Bitola, 2011.

Апстрактот ја обработува темата за доживотно учење како интегрален дел на високообразовните институции, и потребата од признавање на искуственото учење како дел од формалното образование, како одговор на барањата на пазарот на труд.

Три пленарни предавања на научен-стручен собир, за кои е доставена заверена потврда дека трудот е презентиран:

[1] Мимоза Серафимова, Значењето на претприемачкиот пристап кон процесот на валидација на резултатите од доживотното учење, симпозиум: „Доживотно учење состојби и перспективи", Дом и Сојуз на просветни

работници на Република Македонија, Научно друштво за образование и педагогија - Скопје, Филозофски факултет - Скопје и Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје, Скопје, 2011.

[2] Мимоза Серафимова, Менаџмент, научен собир „Економски менаџмент", Здружение на сметководители, финансисти и ревизори - Прилеп, Прилеп, 2008.

[3] Mimoza Serafimova, The importance of access to validation process of results of lifelong learning, International Scientific Symposium on Education between modernity, Ohrid, 2011.

И еден труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:

[1] Мимоза Серафимова, Етиката и воспитната работа во училиштето, Симпозиум: Реафирмација на воспитната функција на училиштето, Дом на просветни работници на Република Македонија, Научно друштво за образование и педагогија - Скопје, Филозофски факултет - Скопје и Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје, Скопје, 2010.

Во трудот се разработува примената на воспитно-етичките вредности и правила во воспитно-образовниот процес.

Кандидатката д-р Мимоза Серафимова има објавено текстови во списанијата „Воспитни крстопати", „Просветно дело" и во „Просветен работник", меѓутоа текстовите не се рецензирани, односно нема информација дека списанијата имаат научен уредувачки одбор, со што се смета дека нема потврда за оригинални научни/стручни резултати, и овие трудови не се земаат предвид при оцената на кандидатот.

**4. Стручно-апликативна дејност и дејности од поширок интерес**

Кандидатката д-р Мимоза Серафимова е претседател на Управниот орган на Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење „Јоска Свештарот" во Струмица, каде што била член на универзитетски орган за изготвување програми и спроведување испити од областа на менаџментот, маркетингот и претприемаштво, потоа член на Основачкиот орган на Институтот „Д-р Тома Фиданчев" во Струмица и редовен член вклучен во експертиза при изработка на елаборати за воведување HACCAP-системи во Одделението за општествени науки при МНД - Битола.

Работела коко учесник во изготвување и обучувач на следниве програми на USAID: Strengthening in School Boards Program Management and Enterpreneurship in Secondary Education; Secondary Education Activity - учесник во изготвување и обучувач во Програма за зајакнување на лидерската функција на училишните одбори во Р. Македонија; Secondary Education Activity - учесник во изготвување и обучувач во Програма за менаџирање со образовните институции и Secondary Education Activity – Обука за обучувачи. Учествувала и во проекти од областа на менаџментот како консултант, обучувач и кообучувач за потребите на ДЕТРА Центар - Скопје.

## ЗАКЛУЧОК

На објавениот конкурс се пријавија двајца кандидати, д-р Смилка Јанеска-Саркањац и д-р Мимоза Серафимова. Врз основа на доставената документација, по направената анализа на нивните професионални биографии, согласно со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, оценета е наставно-образовната, научната и стручната активност на кандидатите. Д-р Смилка Јанеска-Саркањац има 30,6 поени од наставно-образовната дејност, 29 поени од научноистражувачката дејност и 59,5 поени од стручно-апликативната дејност, или вкупно 119,1 поен, додека д-р Мимоза Серафимова има 6 поени од наставно-образовната дејност, 22,5 поени од научноистражувачката дејност и 5,5 поени од стручно-апликативната дејност, или вкупно 34 поени.

Врз основа на горенаведеното, можеме да заклучиме дека д-р Смилка Јанеска-Саркањац во целост ги исполнува условите од конкурсот за избор во наставно-научното звање доцент по предметите од наставно-научната област бизнис и менаџмент на системи. Имаме чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје да му предложиме да ја избере кандидатката д-р Смилка Јанеска-Саркањац во наставно-научното звање доцент по предметите од наставно-научната област бизнис и менаџмент на системи на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубомир Дракулевски, Економски факултет – Скопје,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје с.р.

Проф. д-р Сашо Јосимовски, Економски факултет – Скопје,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје с.р.

Вонр. проф. д-р Димитар Трајанов, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје с.р.

**ANEKS 2**

# ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Смилка Илија Јанеска-Саркањац

Институција: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

Научна област: бизнис и менаџмент-системи

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување настава од прв циклус студии - на Факултетот за Компјутерски науки и информатичка технологија и на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ колеџ | |
| | Информациски системи (зимски семестар 09/10, ч. предавања=3; студенти=24; семинарски=1) | 1,35 |
| | Information Systems (зимски семестар 09/10, ч. предавања=3; студенти=11; семинарски=1) | 1,35 |
| | Computer Applications (летен семестар 09/10, ч. предавања=3; студенти=26) | 1,35 |
| | Информациски системи (зимски семестар 10/11, ч. предавања=3; студенти=19; семинарски=1) | 1,35 |
| | Information Systems (зимски семестар 10/11, ч. предавања=3; студенти=3; семинарски=1) | 1,35 |
| | Computer Systems (летен семестар 10/11, ч. предавања=3; студенти=6) | 1,35 |
| 2 | Одржување на вежби на ФИНКИ | |
| | Основи на софтверско инженерство (зимски семестар 11/12, ч. вежби=8; студенти=140) | 3,6 |
| | Управување со ИКТ проекти (зимски семестар 11/12, ч. вежби=2; студенти=40) | 0,9 |
| | Архитектура и организација на компјутери (летен семестар 11/12, ч. вежби=3; студенти=60) | 1,35 |
| | Бизнис и менаџмент системи (летен семестар 11/12, ч. вежби=9; студенти=98) | 4,05 |
| | Изработка на семинарски труд 60 часа * 0,03 | 1,8 |
| 3 | Консултации со студенти | |
| | Консултации со 427 студенти (детали дадени во точките 1 и 2) 427*0,002 | 0,854 |
| 4 | Подготовка на нов предмет - вежби | |
| | Подготовка на нов предмет – вежби, од точка 2 (8x0,5=4) | 4 |
| 5 | Пакет материјали | |
| | Пакет материјали – од точка 1 (6x1=6) | 6 |
| | Вкупно | 30,6 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста : | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Монографија | |
| | [1] Janeска-Саркањац С., Информациска технологија и бизнис стратегија, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, Скопје, 2012. | 8 |
| 2 | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор | |
| | [2] Janeska-Sarkanjac Smilka, Adapting Henderson and Venkatraman's Theory to e-Governance, First International Conference on Emerging Research Paradigms in Business and Social Sciences, Track 6: Information and Knowledge Management (Including Information and Communication Technology), Dubai, 2011. | 3 |
| | [3] Janeska-Sarkanjac Smilka, Comparative Analysis of ICT in the Public Sector in Estonia and Republic of Macedonia, 12th European Conference on e-Government (ECEG 2012), Barcelona, 2012. | 3 |
| | [4] Janeska-Sarkanjac Smilka, ICT Strategy Formulation: a Case Stuy of Insurance Company, Majska konferencija o strategijskom menadzmentu MKSM2012, Bor, 2012. | 3 |
| | [5] Janeska-Sarkanjac Smilka, Comparative Analysis of the Government ICT Projects in Macedonia, Estonia and Slovenia, ICT Innovations, Ohrid, 2012 | 3 |
| 3 | Раководител на национален научен проект | |
| | [6] Раководител на научен проект прифатен на ФИНКИ - „Компаративна анализа на ИКТ проектите на Министерството за информатичко општество и администрација на Република Македонија со државните ИКТ проекти на Естонија и Словенија", Скопје, 2011. | 6 |
| 4 | Учесник во национален научен проект | |
| | [7] Учесник на научен проект прифатен на ФИНКИ - „Рамки за повторно користење на код, управување со ризик и сигурни апликации", Скопје, 2012. | 3 |
| | **Вкупно** | **29** |

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста : | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Главен (основен) проект (одговорен проектант) | |
| | [1] Интегриран информациски систем за осигурителна компанија ОСИС, Еуролинк осигурување, Скопје, 2003-2010. | 4 |
| | [2] Информациски систем за продажба преку партнерски фирми, Еуролинк осигурување, Скопје, 2006. | 4 |
| | [3] Document Management System за тендери, Еуролинк осигурување, Скопје, 2008. | 4 |
| | [4] Document Management System за архивско работење, Еуролинк осигурување, Скопје, 2007. | 4 |
| | [5] Интерактивна веб страница. Еуролинк осигурување. Скопје, 2005. | 4 |
| 2 | Студија, физибилити-студија, истражување на пазарот – одговорен проектант | |
| | [1] Воспоставување на ИТ-сектор во Платежната агенција при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, Скопје, 2007. | 2 |
| | [2] ИТ-стратегија на Еуролинк осигурување, Скопје, 2008. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Студија, физибилити-студија. истражување на пазарот – учесник/соработник | |
| | [1] Бизнис-стратегија на Еуролинк осигурување, Скопје, 2008. | 1 |
| 4 | Изработка на нов софтверски пакет | |
| | [1] Софтверски пакет: Девизно работење, Ултра, Скопје, 1992. | 2 |
| | [2] Софтверски пакет: Менаџмент на чекови, Ултра, Скопје, 1993. | 2 |
| | [3] Софтверски пакет: Основни средства, Ултра, Скопје, 1992. | 2 |
| | [4] Софтверски пакет: Магацинско работење, Ултра, Скопје, 1993. | 2 |
| | [5] Софтверски пакет: Платен промет, Ултра, Скопје, 1993. | 2 |
| | [6] Софтверски пакет: Пресметка на плати, КЈУБИ Македонија, Скопје, 1996. | 2 |
| | [7] Софтверски пакет: Амортизационен план и каматен калкулатор, КЈУБИ Македонија, Скопје, 1997. | 2 |
| | [8] Софтверски пакет: Имотно осигурување, КЈУБИ Македонија, Скопје, 1997. | 2 |
| | [9] Софтверски пакет: Менаџмент на човечки ресурси, КЈУБИ Македонија, Скопје, 1998. | 2 |
| | [10] Софтверски пакет: Животно осигурување, КЈУБИ Македонија, Скопје, 1999. | 2 |
| | [11] Софтверски пакет: Реосигурување, КЈУБИ Македонија, Скопје, 2001. | 2 |
| Дејности од поширок интерес | | |
| 1 | Раководител на внатрешна организациона единица | |
| | [1] Директор на Сектор за информатика, Еуролинк осигурување, Скопје, 2002-2011. (2,5 мандати x 3 поени) | 7,5 |
| | [2] Лидер на тим за апликативен софтвер, КЈУБИ Македонија, 1998-2002. | 3 |
| 2 | Учество во комисии и тела во државни и други органи | |
| | [1] Член на Стручната комисија на Националното биро за осигурување за Проектот за централизирана администрација на задолжително осигурување од авто-одговорност во Р. Македонија, Скопје, 2007-2010. | 1 |
| | [2] Претседател на жири-комисија Веб сајт на годината, Скопје, 2011 | 1 |
| | Вкупно | 59,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 30,6 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 29 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 59,5 |
| Вкупно | 119,1 |

**Членови на Комисијата**

Проф. д-р Љубомир Дракулевски, Економски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје с.р.

Проф. д-р Сашо Јосимовски, Економски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје с.р.

Вонр. проф. д-р Димитар Трајанов. Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје с.р.

**ANEKS 2**

## ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Мимоза Серафимова

Институција: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

Научна област: Бизнис и менаџмент-системи

### НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување настава од прв циклус студии - на Факултетот за туризам и бизнис логистика, при Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип** | |
| | Маркетинг на пазарот (летен семестар 11/12, ч. предавања=2) 2*15*0,04 | 1,2 |
| | Менаџмент на мал и среден бизнис (летен семестар 11/12, предавања=2) 2*15*0,04 | 1,2 |
| 2 | **Одржување на настава од прв циклус студии, Бизнис академија Смилевски** | |
| | Основи на менаџмент (ч. предавања=2) 2*15*0.03 | 0,9 |
| | Основи на менаџмент (ч. предавања=2) 2*15*0.03 | 0,9 |
| | Деловно комуницирање (ч. предавања=2) 2*15*0.03 | 0,9 |
| | Деловно комуницирање (ч. предавања=2) 2*15*0.03 | 0,9 |
| | Вкупно | 6 |

### НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание** | |
| | [1] Мимоза Серафимова, Стратешки методи во управувањето со вработените и институциите во државната администрација, во: Научно-популарно списание „Еволуција", 2/2011, Софија, Бугарија, 2011. | 2 |
| | [2] Мимоза Серафимова, Значењето на препознавањето и валидацијата на искуственото знаење на вработените во државната администрација, во: Научно списание „Ум и душа", 4/2011, Софија, Бугарија, 2011. | 2 |
| | [3] Мимоза Серафимова, Пристапот во третманот на човечките ресурси во државните институции, во: Списание на трудови на Друштво за наука и уметност - Прилеп, бр. 24, 2008. | 2 |
| | [4] Мимоза Серафимова, Евалвација на трансферот на знаењето и подобрувањето на работата на училиштата, во: Списание на трудови на Македонско научно друштво – Битола, Прилози бр. 7 и 8, Битола, 2007. | 2 |
| 2 | **Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција** | |
| | [1] М-р Мирјана Стојческа Ѓорѓиоска, доц. д-р Мимоза | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Серафимова, Гоце Ѓорѓиоски, Можности за вработување преку активно барање работа, во: конференција „Современите менаџерски предизвици и организациските науки," Битола, 2012. | |
| | [2] М-р Мирјана Стојческа Ѓорѓиоска, доц. д-р Мимоза Серафимова, Менторската поддршка и професионалниот развој, во: конференција „Современите менаџерски предизвици и организациските науки", Битола, 2012. | 1 |
| | [3] доц. д-р Мимоза Серафимова, М-р Мирјана Стојческа Ѓорѓиоска, Стратешкото управување на образовните институции за нивната регионална конкурентна позиција, во: конференција „Современите менаџерски предизвици и организациските науки", Битола, 2012. | 1 |
| | [4] М-р Мирјана Стојческа Ѓорѓиоска, доц. д-р Мимоза Серафимова, Професионалните компетенции на вработените како стратешки аспект на компаниската конкурентност, во: конференција „Современите менаџерски предизвици и организациските науки", Битола, 2012. | 1 |
| | [5] Mimoza Serafimova, Intellectual and Moral Complexity of Integration of Enterpreneurship and Business Education Trough Teaching Development Project, In: Book of Abstracts of International Conference "Giftedness and Morality", Vrshac, 2011. | 1 |
| | [6] Mimoza Serafimova, Meaning of Inter Institutional Communication for the Quality of Education System, In: Book of Abstracts of VI International Balkan Congress for Education and Science, Ohrid, 2011. | 1 |
| **3** | **Апстракт објавен во зборник на национална конференција** | |
| | [1] Mimoza Serafimova, Mirjana Stojcheska Gjorgjioska, Lifelong Continuous Learning – Need and Challenge for Integreting Enterprenourshipm and Business Education for Students Key Competencies Identification, In: Book of Abstracts of III Scientific-professional meeting "Education in 21st Century", Bitola, 2011. | 0,5 |
| **4** | **Пленарно предавање на научен/стручен собир** | |
| | [1] Мимоза Серафимова, Значењето на претприемачкиот пристап кон процесот на валидација на резултатите од доживотното учење, симпозиум: Доживотно учење состојби и перспективи, Дом и Сојуз на просветни работници на Република Македонија, Научно друштво за образование и педагогија - Скопје, Филозофски факултет - Скопје и Педагошки факултет "Св. Климент Охридски" - Скопје, Скопје, 2011. | 2 |
| | [2] Мимоза Серафимова, Менаџмент, научен собир „Економски менаџмент", Здружение на сметководители, финансисти и ревизори - Прилеп, Прилеп, 2008. | 2 |
| | [3] Mimoza Serafimova, The importance of access to validation process of results of lifelong learning. International Scientific Symposium on Education between modernity, Ohrid, 2011. | 2 |
| **5** | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| | [1] Мимоза Серафимова, Етиката и воспитната работа во училиштето, симпозиум: Реафирмација на воспитната функција на училиштето. Дом на просветни работници на Република Македонија, Научно друштво за образование и педагогија - Скопје, Филозофски факултет - Скопје и Педагошки факултет "Св. Климент Охридски" - Скопје, Скопје, 2010. | 2 |
| | Вкупно | 22,5 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста : | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма** | |
| | [1] Член на универзитетски орган за изготвување програми и спроведување испити од областа на менаџментот, маркетингот и претприемаштвото при Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење "Јоска Свештарот" во Струмица, 2012. | 1 |
| 2 | **Изведбен проект учесник/соработник** | |
| | [1] Учесник во проекти од областа на менаџментот како консултант, обучувач и кообучувач за потребите на ДЕТРА Центар - Скопје | 0,5 |
| | [2] USAID - Strengthening in School Boards Program Management and Enterpreneurship in Secondary Education, trainer | 0,5 |
| | [3] USAID – Secondary Education Activity - учесник во изготвување и обучувач во Програма за зајакнување на лидерската функција на училишните одбори во Р. Македонија | 0,5 |
| | [4] USAID – Secondary Education Activity - учесник во изготвување и обучувач во Програма за менаџирање со образовните институции | 0,5 |
| | [5] USAID – Secondary Education Activity – Обука за обучувачи | 0,5 |
| Дејности од поширок интерес | | |
| 1 | **Учество во комисии и тела во државни и други органи** | |
| | [1] Претседател на Управен орган на Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење "Јоска Свештарот" во Струмица. | 1 |
| | [2] Член на Основачкиот орган на Институтот "Д-р Тома Фиданчев" во Струмица | 1 |
| | [3] Редовен член вклучен во експертиза при изработка на елаборати за воведување HACCAP - системи во Одделението за општествени науки при МНД Битола | 1 |
| | Вкупно | 5,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 6 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 22,5 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 5,5 |
| Вкупно | 34 |

**Членови на Комисијата**

Проф. д-р Љубомир Дракулевски, Економски факултет – Скопје,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје с.р.

Проф. д-р Сашо Јосимовски, Економски факултет – Скопје,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје с.р.

Вонр. проф. д-р Димитар Трајанов, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **СОМАТСКИТЕ ФРАЗЕОЛОШКИ ИЗРАЗИ ВО ПРЕВОДИТЕ ОД ЧЕШКИ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ОБРАТНО** ОД М-Р ЈАСМИНКА ДЕЛОВА-СИЛЈАНОВА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата 31. редовна седница одржана на 3.10.2012 г., избра Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација под наслов „Соматските фразеолошки изрази во преводите од чешки на македонски јазик и обратно", изработена од м-р Јасминка Делова-Силјанова. Рецензентската комисија е избрана во следниов состав:

д-р Донка Роус, редовен професор
д-р Дагмар Доровска, доцент
д-р Верица Копривица, доцент
д-р Максим Каранфиловски, редовен професор
д-р Катерина Велјановска, редовен професор

По проучувањето на предложената дисертација, а врз основа на чл. 62 од Правилникот за постдипломски студии и добивање докторат на науки на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", имаме чест да го донесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на кандидаtката м-р Јасминка Делова-Силјанова со наслов „Соматските фразеолошки изрази во преводите од чешки на македонски јазик и обратно" третира актуелна, комплексна проблематика од областа на фразеологијата, каде што во фокусот на вниманието се соматските фраземи во преводите од чешки на македонски јазик и обратно.

Значењето на фразеологијата во јазикот е мошне важно како јазична област која го збогатува изразувањето и на тој начин станува неделив дел од животот на човекот. Во дадена ситуација помага да се изрази одредена мисла со одредена мера на експресивност и емоционална обоеност, кои на јазикот му додаваат субјективен израз за кој со тешкотија би се наоѓале зборови. Фразеологијата е едно од најзначајните средства кои, од една страна, ги зближува разните народи со посредство на преземање на фраземите во зборовниот фонд, и од друга страна, помага да се рашири нашата свест за географските и културно-историските прилики и традиции на другите народи благодарение на националните фраземи.

Фразеологијата е како огледало на културата на народот. Нејзиното богатство како во македонскиот, така и во чешкиот јазик истовремено го одразува богатството на јазикот, начинот на мислење на народот и неговата културна основа. Исклучок не се ниту фраземите од областа на анатомската лексика и токму оваа категорија е најинтересна во општи рамки.

Во проучувањето на соматската фразеологија во сите јазици е заедничко тоа што човечкото тело генерално е исто за сите и со тоа нуди готова поделба на неговите делови и на тој начин дава малку опции за јазични варијации (освен ретко во јазиците, односно културите што се многу далеку едни од други, како на пример кинескиот или јапонскиот јазик/култура). Како составен дел на соматските фраземи, именувањата на

деловите од човечкото тело се употребуваат заедно со повеќето од нивните традиционални функции и симболика: носот како средство за мирис, но исто така и за насетување на опасност, срцето е центарот на љубовта, храброста и на др. чувства.

Токму преку телото човекот може да го реализира процесот на комуникација, кој го овозможува неговото интегрирање во заедницата и неговото остварување како општествено битие. Најсоодветен начин за реализирање на комуникацијата претставува говорот, како совршен симболички систем или гласовна реализација на уникатната способност на човекот да ги пренесува реалноста и искуството од неа на симболичен начин.

Во овој контекст, имајќи ги предвид практичните искуства пренесени во трудот, од истражувачката компонента на овој труд произлегуваат препораки во насока на подобрување на преводите на соматските фраземи од чешки на македонски јазик и обратно.

Структура на дисертацијата

Дисертацијата се состои од 579 страници компјутерски обработен текст. Трудот е структуриран на следниов начин: вовед (1-2 стр.), три дела и индекс на чешки фраземи и индекс на македонски фраземи. ПРВИОТ ДЕЛ е составен од три глави. ПРВАТА ГЛАВА се состои од: Фразеологијата во чешката и во македонската лингвистика, Фразеологија – поим и термини, Фразема / идиом – поим и термини и Класификација на фраземите (3 – 16 стр.). ВТОРАТА ГЛАВА се состои од Соматска фразеологија (17 – 28 стр.) и во ТРЕТАТА ГЛАВА се поместени Основните теории на преводот и Фраземите и преведувањето (29 – 43).

ВТОРИОТ ДЕЛ е практичен и таму е поместена Семантичката и преводната анализа на соматските фраземи во чешкиот и во македонскиот јазик (44-542 стр.) и во ТРЕТИОТ ДЕЛ се поместени Заклучните согледувања (543-555 стр.), Извори и употребени кратенки (556-559 стр.), Консултирана литература (560-566 стр.), ИНДЕКС НА ЧЕШКИ ФРАЗЕМИ (567-575 стр.) и ИНДЕКС НА МАКЕДОНСКИ ФРАЗЕМИ (576-579 стр.).

Во ВОВЕДОТ авторката ги изложува основните причини и мотиви за избор на оваа тема за докторска дисертација кои се должат на повеќе фактори. Таа смета дека интересен аспект во областа на соматските фраземи е, пред сè, тоа што иако секој народ има исти делови на телото, од аспектот на фразеологијата ги гледа на различен начин – одредени делови од телото ги сфаќа како мошне важни и ги употребува во голем број фраземи, додека друг во сопствените фразеолошки единици воопшто не ги опфаќа или само во мал број. А, во случај да ги опфаќа, на дадените делови од телото во фразеолошките единици им дава такви пренесени значења што не одговараат со пренесените значења во другите јазици. Општо земено, за студентите што изучуваат странски јазици областа на фразеологијата на дадениот јазик еден од најтешките делови за усвојување.

ПРВИОТ ДЕЛ од трудот ја сочинува теоретската основа и таму се поместени и основните поделби и класификации со кои се служи авторката понатаму во дисертацијата.

Во ПРВАТА ГЛАВА, авторката ни ги претставува проучувањата на фразеологијата во чешката и во македонската лингвистика. Почнува од самите почетоци на публикации и на проучувачи на фраземите уште пред да се утврдат точните дефиниции и термини, па сè до развојот на фразеологијата во 20 век. Во овој дел таа ни ги претставува мислењата и

ставовите на чешките и на македонските научници - лингвисти околу ставот што е фразеологија и фразема и нејзините класификации.

ВТОРАТА ГЛАВА од овој дел ја посветува на соматската фразеологија. Авторката посочува дека во соматската фразеологија спаѓаат зборовните состави што содржат компонента со директно значење 'дел од човечкото тело' или називи на телесни течности и материјали. Таа смета дека оваа област е интересна од аспект на меѓујазичната компаратистика, бидејќи е можно да се најдат бројни универзалии во рамките на фразеолошкиот фонд на словенските јазици. Причина може да биде антропоцентиричноста на човечкото мислење, но исто така и тоа што телото функционира како спој на човекот со светот и следствено на тоа е основа за реализација на контактот со околната средина. Авторката во оваа глава зборува за соматската фразеологија и нашата телесност според концептите на когнитивно ориентираната лингвистика која произлегува од фактот дека јазикот – неговата граматика, зборовниот фонд, фразеологијата, внатрешната заемна испреплетеност на неговите единици, начините на нивните споеви – искажува нешто мошне важно за принципите на нашето мислење, за тоа како поединечните нешта и појави ги сфаќаме, ги вреднуваме и каков однос имаме кон нив.

Во ТРЕТАТА ГЛАВА, авторката се задржува на основните теории на преводот и потенцира дека основен проблем во преведувањето на едно уметничко дело е да се зачува националната, специфична обоеност на делото. Како неопходен предуслов за успешна преведувачка работа е темелно познавање на двата јазика – тој од кој се преведува и оној на кој се преведува. Преведувачот би требало добро да ги познава спецификите на земјата во која настанало делото, да се познаваат социјално – културните услови на времето и средината во кои дејството се одигрува. Понатаму, м-р Делова-Силјанова ги претставува мислењата на повеќе автори околу ставот како треба да се преведуваат фраземите, кои сами по себе се едни од најтешко преводливите единици во јазикот. Основното правило е дека фраземите не може да се преведуваат според компонентите, туку глобално, односно фразеолошката целина да се замени со друга целина. Оттаму, се смета дека при преведувањето на фраземите всушност не се работи за превод, туку за доловување, заменување на она што се кажува во дадената ситуација и во дадениот јазик.

ВТОРИОТ ДЕЛ, всушност, го претставува централниот дел на дисертацијата. Тука, авторката м-р Делова-Силјанова ја поместува практичната анализа на соматските фраземи извлечени од делата на чешки јазик што се преведени на македонски и обратно, од делата на македонски јазик преведени на чешки јазик. Од овој материјал, таа извлекла 498 чешки фраземи, а со оглед на тоа што некои се пофреквентни од други, а за потребите на анализата на преводот на фраземите биле потребни сите примери од материјалот, авторката извлекла околу 1200 фраземи со соматска клучна компнентна и уште толку преводни решенија на македонски јазик Самиот корпус за ексцерпција на фраземи од делата на македонски јазик преведени на чешки бил во помал обем, затоа таа извлекла 197 македонски фраземи во 272 примери и уште толку преводни решенија на чешки јазик.

За потребите на анализата областа на човечкото тело којашто ја опфаќаат соматските фраземи, авторката ја поделила на ТЕЛОТО ОДНАДВОР, кое потоа се дели и на ГЛАВА-ВРАТ, ТРУП, РАКАТА КАКО ЕКСТРЕМИТЕТ и НОГАТА КАКО ЕКСТРЕМИТЕТ и на ТЕЛОТО ВНАТРЕ.

Анализата ја прави во неколку насоки: од аспект на нивната семантика, за што фраземите ги поделила во 10 шеми (според концептот

на когнитивистичката теорија), од аспект на нивната структура (именски, глаголски, споредбени и цела реченица) и од аспект на начинот како се преведени на македонски, односно на чешки јазик (целосен еквивалент, делумен еквивалент, релативен еквивалент, аналог, без еквивалент и буквален или неточен превод).

Сите аспекти на анализата се поткрепени со табеларни прикази на извлечените примери, а за поткрепа на значењата на фраземите се користени фразеолошки и толковни речници на чешкиот и на македонскиот јазик.

ТРЕТИОТ ДЕЛ ги содржи заклучните согледувања до кои дошла авторката во текот на анализата извршена од аспект на семантиката, структурата и преводот на соматските фраземи. По сумирањето на податоците од анализата, графички се претставуваат резултатите во поглед на бројната застапеност на секој дел од човечкото тело кое е дел од соматските фраземи извлечени во целокупниот материјал со кој рапсолага авторката, потоа графички е претставена бројноста на одделните фраземи во десетте концептуални шеми и бројноста на фраземите од аспект на структурата.

Заклучок и предлог

М-р Јасминка Делова-Силјанова, умешно искористувајќи ги резултатите од проучувањата на познати стручњаци од областа на соматската фразеологија, напишала труд кој во овој обем е прв од оваа потесна област во Р. Македонија и кој претставува значаен придонес во проучувањето на чешко-македонските односи, особено во областа на фразеологијата. Авторката целосно успеала да одговори на предизвикот што го поставила при дефинирањето на предметот на истражување, донела аргументирани заклучоци, со свои оригинални ставови и со јасни препораки за развојот на преводите од чешки на македонски јазик и обратно.

Врз основа на сево досега изнесено, констатираме дека дисертацијата на м-р Јасминка Делова-Силјанова се одликува со практична и теоретска вредност и во целост ги реализира целите поставени на почетокот на ова истражување и имаме чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да му предложиме да го усвои извештајов и да ја повика кандидатката на јавна одбрана.

Скопје, 29.10.2012 г.

Рецензентска комисија

Д-р Донка Роус, редовен професор, с.р.

Д-р Дагмар Доровска, доцент, с.р.

Д-р Верица Копривица, доцент, с.р.

Д-р Максим Каранфиловски, редовен професор, с.р.

Д-р Катерина Велјановска, редовен професор, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК - ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО ЕКОНОМСКИ НАУКИ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА МЕНАЏМЕНТОТ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одредбите од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно- стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет- Скопје, Наставно- научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 26.10.2012. година, донесе одлука бр. 0202-3796/5 од 29.10 2012, за формирање на Рецензентска комисија за избор на соработник - помлад асистент по економски науки по група предмети од областа на менаџментот во состав:

1. проф. д-р Бобек Шуклев
2. проф. д-р Кирил Постолов
3. доц. д-р Стојан Дебарлиев

По разгледувањето на пристигнатите пријави, Комисијата го изготви рефератот во согласност со член 45 и член 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно- научни, научни, наставно- стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и во врска со тоа го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" од 5.10. 2012 година за избор на соработник - помлад асистент по економски науки по група предмети од областа на менаџментот, се пријавија 7 кандидати (подредени според азбучен редослед), и тоа:

1. м-р Андријана Богдановска Ѓуровиќ
2. м-р Благоја Грозданов
3. м-р Александра Јанеска – Илиев

4. Елена Јосифоска
5. м-р Крстевски Дејан
6. м-р Марина Петровска
7. м-р Ристовска Емилија

## I. БИОГРАФИЈА ЗА КАНДИДАТИТЕ

1. **М-р Андријана Богдановска Ѓуровиќ** е родена на 6.6.1974. во Скопје. Основно образование завршила во Скопје. Средно образование завршила во Скопје и во Peru High School, Peru, Indiana, USA (четврта година како ученик на размена). На Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" се запишала во 1992 година, предвидените испити ги положила со просечен успех 8,58 и дипломирала на 26.12. 1997 година, со што се стекнала со звањето дипломиран машински инженер. Од предметите што припаѓаат на департманот менаџмент, нема полагано ниту еден испит. На втор циклус студии се запишува на Универзитетот Шефилд во Солун и предвидените испити ги положила со просечна оценка 9,71 (Решение издадено од на Министерство за образование и наука, бр.13-4215/2 од 25.5.2012) На 20.7. 2005 година, се стекнала со звањето магистер по бизнис-администрација, менаџмент на Универзитетот Шефилд во Солун (нострифицирана со Одлука за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство, бр. 09-2706/2, од 19.7.1996. година, издадена од Министерство за образование и наука). Во моментот е во фаза на изработка на докторска дисертација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје, под наслов „Влијание на управувањето со знаењето врз конкурентските предности на компаниите". Целиот свој работен ангажман, кандидатката го има како консултант/истражувач (Knowledge Center Macedonia, AA Limited UK), проект-менаџер/менаџер на производ (Т- Мобиле, T-Home Македонија), предавач (Св. Апостол Павле - Охрид, Евро колеџ - Куманово, Универзитет Њујорк, Скопје), програм-менаџер (НДИ, Скопје), локален асистент (PHARE). Кандидатката со својата пријава доставува повеќе сертификати за различни видови обуки, повеќе препораки, меѓутоа со постар датум (2003, 2005, 2008), како и изјава дека познава повеќе компјутерски вештини и знаења. Во својот досегашен развој, кандидатката има објавено и неколку труда, од кои се издвојуваат:

- Foreign Direct Investments FDIs- MNEs and their influence on Human Capital Formation, Економски развој, Економски институт, Скопје, No 2/2008;
- FDI and Human Capital Formation in South-Eastern Europe Focusing on Republic of Macedonia, Економски развој, Економски институт, Скопје, јуни 2008, 3/2008;
- JVCs vs. WOSs- Review and analysis of current trends, Економски развој, Економски институт, бр. 1-2/2010.

2. **М-р Благоја Грозданов** е роден на 29.11.1986. година во Скопје. Средно образование завршил во Скопје. Потоа се запишал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет- Скопје. За време на студирањето ги полагал следните испити што припаѓаат на департманот менаџмент и го покажал следниот успех: економика на претпријатие (9), основи на менаџментот (7), финансиски менаџмент (8), менаџмент информациони системи (9), стратегиски менаџмент (8) и претприемништво (9). На втор циклус студии, се запишал во 2009 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет, на департманот Сметководство и ревизија и предвидените испити ги положил со просечна оценка 10. Со звањето магистер на економски науки во областа на сметководството и ревизијата, се стекнал по успешната одбрана на магистерскиот труд на тема „Тестирање на теориите за оптимализација на изворите на финансирање- анализа на состојбите во Република Македонија". Има одлични познавања на германскиот јазик, за што доставил соодветни сертификати. Во текот на своето досегашно образование учествувал во поголем број различни курсеви.

3. **М-р Александра Јанеска – Илиев** е родена на 18.8.1983 во Охрид. Основно и средно образование завршила во Охрид. На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет- Скопје, департман менаџмент, се запишала во 2002 година, и со завршувањето на третата студиска година, ги продолжила своите студии на прв циклус на Фонтис, Универзитетот за применети науки, Факултет за маркетинг-менаџмент, Ајндховен, Холандија, каде што по положувањето на предвидените испити се стекнала со звањето дипломиран економист, насока: менаџмент (Одлука за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство, Министерство за образование и наука, бр. 09-3833/2 од 7.6.2007.). За време на студирањето на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет- Скопје, департман менаџмент, ги полагала

и го покажала следниов успех по испитите што припаѓаат на Катедрата за менаџмент: економика на претпријатие (6), основи на менаџмент (9), финансиски менаџмент (7), менаџмент на мал бизнис (10), менаџмент на човечки ресурси (9), стратегиски менаџмент (10), производствен менаџмент (10), менаџмент информациони системи (9), инвестиционен менаџмент, (10), деловна етика (10), деловно планирање (10) и организациско однесување (10). За време на студирањето на четврта година на Фонтис, Универзитетот за применети науки, Факултет за маркетинг-менаџмент, Ајндховен, Холандија, ги положила следниве испитите што и припаѓаат на Катедрата за менаџмент: International Business, Business Communications и Change Management. По положувањето на предвидените испити на вториот циклус студии- менаџмент МБА, со просечен успех од 9.44, со успех го одбранила магистерскиот труд на тема „Договор со странски партнери како стратегија за настап во меѓународен бизнис без вложување на капитал“, со што се стекнува со академски степен магистер на економски науки од областа на МБА-менаџмент. Во моментот е во фаза на изработка на докторска дисертација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет- Скопје, на тема „Деловни стратегии за развој на малите бизниси“. Од аспект на работен ангажман, вработена е во ЕРНСТ и ЈАНГ. Кандидатката со својата пријава наведува дека посетувала поголем број различни обуки. Има одлично познавање на англискиот и германскиот јазик (со приложени сертификати), а основно познавање на холандскиот јазик. Има солидно познавање на компјутерските техники.

4. **Елена Јосифоска** е родена на 9.7.1987. во Прилеп. Моментално е запишана на втор циклус студии на Машински факултет, но се уште нема магистрирано.

5. **М-р Крстевски Дејан** е роден на 15.4.1980 година во Скопје. Средно образование завршил во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет - Скопје - департман сметководство и ревизија, завршил на 10.3.2005. година со просечен успех од 7,52. За време на студирањето, ги полагал следните испити што припаѓаат на департманот менаџмент и го покажал следниот успех: економика на претпријатие (7), основи на менаџментот (8), организациско однесување (9), меѓународен бизнис (8) и финансиски менаџмент (8). На втор циклус студии се запишал на Универзитетот „Американ колеџ" во Скопје, Факултет за деловна економија и организациони науки, во учебната 2006 година и предвидените испити ги положил со просечна оценка B (2,81), по што на 15.11.2010

година го одбранил магистерскиот труд на тема Change Management in the Republic of Macedonia- a Case Study of Public Revenue Office, со особен успех/успешно, со што се стекнал со називот магистер по деловна администрација. Во моментот работи на својата докторска дисертација на тема „Менаџмент на услуги во институции од јавниот сектор во Република Македонија" на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет- Скопје. Со својата пријава доставил и свидетелство за положени испити по странски јазик, стекнати на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет- Скопје. Во својот досегашен ангажман работел на повеќе проекти (период 2003-2010). Во периодот 2003-2009 година работел како менаџер на тениски клуб АБЦ, денес е менаџер и сопственик на АТК и е ексклузивен партнер и дистрибутер на спортските брендови DUNLOP и Slazenger за Република Македонија.

**6. М-р Марина Петровска** е родена на 29.9.1986 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје. Потоа се запишала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Факултет за земјоделски науки и храна. Во 2009 година, по положувањето на сите предвидени испити, со просечен успех 9,37, дипломирала на 1.9.2009 година, со што се стекнува со звање Дипломиран земјоделски инженер. Од предметите што припаѓаат на департманот менаџмент, нема полагано ниту еден испит. На 5.3. 2012 година, на Шведскиот универзитет за земјоделски науки во Упсала, Шведска, магистрирала со просечен успех 8,14 (еквиваленција на оценките, Министерство за образование и наука, бр. 13-4050/2, од 22.5.2012.) со што се стекнала со научен степен магистер на науки по бизнис-администрација (Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство, Министерство за образование и наука, бр. 14-3891/2, од 4.5.2012 година). Била ангажирана на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Факултет за земјоделски науки и храна, како асистент на проект, во периодот 2010-2012, а пред тоа работела во НВО. Со својата пријава, кандидатката доставила уверение за положен англиски јазик.

**7. М-р Ристовска Емилија** е родена на 26.2. 1983 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје. Во 2001 година се запишала на University of Kent (отсек: компаративна книжевност и филм). Во 2002 година се запишала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет- Скопје, на департманот маркетинг, и дипломирала на 21.9.2006, со просечен успех од студирањето 9,06. За време на студирањето ги полагала следните испити што припаѓаат на департманот менаџмент и го покажала следниот успех: економика на

претпријатие (10), основи на менаџмент (7), деловно планирање (10), финансиски менаџмент (8) и стратегиски менаџмент (10). На втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет- Скопје - департман МБА менаџмент, се запишала во 2008 година и предвидените испити ги положила со просечен успех 9,00. Магистрирала на тема: „Жени – сопственици на мали бизниси”, на 7.2.2011 година, со што се стекнала со звање магистер на економски науки од обласата на МБА – менаџмент. Одлично ги зборува англискиот и шпанскиот јазик. Со својата пријава, доставила и свидетелство за положени испити на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет- Скопје. Од 2006 година работи во НЛБ Тутунска банка, во Секторот за логистика. Во досегашниот период успешно посетувала повеќе курсеви по јазици и се стекнала со поголем број меѓународни дипломи.

## II. ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Комисијата закажа интервју со пријавените кандидати, на 31.10.2012 година, со почеток во 10:00 часот, на кое учествуваа шест од пријавените кандидати, освен кандидатот м-р Крстевски Дејан.

Комисијата оценува дека сите кандидати ги исполнуваат општите услови, а само двајца кандидати ги исполнуваат посебните услови за избор на соработник - помлад асистент по економски науки по група предмети од обласата на менаџментот. Поради зголемена компаративна транспарентност на член 19 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, успехот е прикажан во следнава табела.

| Име и презиме на кандидатот | Посебни критериуми според член 19 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (пречистен текст) од 1 август 2011. | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Завршени академски студии од втор циклус од соодветната научна област | Просечна оценка најмалку 8,00 (осум) | Се служи со еден од светските јазици | Покажува способност за наставно-научна, наставно-стручна работа | Особен интерес кон областа | Завршен прв циклус студии | Положени предмети кои припаѓаат на Катедрата за менаџмент на прв циклус студии | Положени предмети кои припаѓаат на студиската програма МБА менаџмент на втор циклус студии |
| **М-р Андријана Богдановска Ѓуровиќ** | Бизнис администрација -менаџмент | 9,71 | Англиски | Да | Да | Машински факултет-Скопје | 0 | Нема податоци во документацијата |
| **М-р Благоја Грозданов** | Нема од соодветната област-сметководство и ревизија | 10.00 | Германски | Не | Не | Економски факултет - Скопје е-бизнис | 6 | 0 |
| **М-р Александра Јанеска – Илиев** | (Да) МБА менаџмент | 9,44 | Англиски, германски, холандски | Да | Да | Економски факултет-Скопје-менаџмент | 15 (12+3) | 9 |
| **Елена Јосифоска** | Нема | - | - | - | - | - | - | - |
| **М-р Крстевски Дејан** | Деловна администрација | 2,81 (Б) | Англиски | Не | - | Економски факултет-Скопје-сметководство и ревизија | 5 | 5 |
| **М-р Марина Петровска** | Нема од соодветната област-земјоделски науки | 8,14 | Англиски | Да | Не | Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје | 1 | 1 |
| **М-р Ристовска Емилија** | (Да) МБА менаџмент | 9,00 | Англиски, шпански | Да | Да | Економски факултет-Скопје-маркетинг | 5 | 9 |

Бидејќи конкурсот е распишан за еден извршител, Комисијата и дава предност на кандидатката м-р Александра Јанеска – Илиев поради следново:

- завршила постдипломски студи по МБА менаџмент со повисока просечна оценка од 9,44;
- одлично ги знае светските јазици, англискиот и германскиот јазик, и има основно познавање на холандскиот јазик;
- на редовни студии полагала 15 (12+3) предмети кои и припаѓаат на Катедрата за менаџмент, во однос на другите кандидати кои полагале најмногу 6 предмети или воопшто не полагале;
- единствено таа завршила прв циклус студии на департманот менаџмент.

Имајќи го претходното предвид, а во согласност со член 140 од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, кандидатката м-р Александра Јанеска – Илиев да биде избрана за соработник - помлад асистент на економски науки по група предмети од областа на менаџментот.

**Скопје, 12.11.2012 год.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Бобек Шуклев, с.р.

2. Проф. д-р Кирил Постолов, с.р.

3. Доц. д-р Стојан Дебарлиев, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЕФЕКТИ ОД ПОТИСНУВАЊЕТО НА ПРЕКУМЕРНО ЕКСПРИМИРАНИОТ ГЕН BCL-2 КАЈ КЛЕТОЧНИ ЛИНИИ НА ПРОСТАТЕН КАРЦИНОМ“, ИЗРАБОТЕНА ОД АС. М-Р ИГОР ЕСМЕРОВ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 29.10.2012 година, донесе одлука (број 0201-3202/3) со која формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација изработена од ас. м-р Игор Есмеров, со наслов: „Ефекти од потиснувањето на прекумерно експримираниот ген bcl-2 кај клеточни линии на простатен карцином“, во состав: д-р Сашо Панов, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје; д-р Велимир Стојковски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје; д-р Влатко Илиески, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје; академик д-р Живко Попов, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје и д-р Гордана Петрушевска, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје.

По разгледувањето на доставената дисертација, Комисијата го поднесува до Наставно-научниот совет следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација под наслов „Ефекти од потиснувањето на прекумерно експримираниот ген bcl-2 кај клеточни линии на простатен карцином“ изработена од кандидатот ас. м-р Игор Есмеров претставува оригинална научна студија од областа на молекуларната биологија и генетика. Доставениот труд содржи 110 страници (пишувани со големина на фонт: 12 и со проред: 1,5) и ги содржи сите поглавја на една научноистражувачка студија: резиме, вовед, цели на студијата, материјал и методи, резултати, дискусија, заклучоци и литература. Во текстот се вклучени и 6 слики, 6 графикони, 10 табели, а литературата содржи 161 референца.

Во воведот кандидатот ги наведува општите карактеристики и основните податоци за малигните неоплазми, со посебен аспект врз молекуларните аспекти на карциномот на простатата.

Кандидатот наведува повеќе студии кои укажуваат на тоа дека тумурогенезата е процес кој се одвива низ неколку чекори кои ги рефлектираат генетските алтерации што постепено доведуваат до прогресивна трансформација на нормалните клетки во малигни. Молекуларно-патолошките анализи на бројни органи покажуваат присуство на лезии кои настануваат како резултат на процесите кои прогресираат од нормална во серија од предмалигни, па се до инвазивни форми на канцер. Кај вишите организми, геномот на туморските клетки покажува повеќе генетски абнормалности,

вклучувајќи точкести мутации, инверзии, транслокации, генски амплификации, како и промени во хромозомскиот комплемент. Понатаму, м-р Есмеров истакнува дека малигната трансформација на културите на клетки, исто така, е повеќестепен процес: кај глувчешките клетки потребни се најмалку две генетски промени пред да се појави туморски фенотип, додека во овој процес кај луѓето се претпоставува дека се потребни поголем број генетски промени.

Понатаму, објаснувајќи го клучниот методолошки избор, кандидатот Есмеров истакнува дека во поново време вниманието на истражувачите е насочено кон еден нов и возбудлив феномен на посттранскрипциско стивнување на генската експресија, кој е наречен RNA-интерференција (RNAi). Овој природен механизам е високо конзервиран меѓу мошне оддалечените таксони какви што се габите, растенијата и животните. Иако RNA-интерференцијата за прв пат е откриена кај растенијата, сепак е забележано дека еукариотските клетки го користат овој механизам како одбрана и регулација на експресијата на ендогените гени и мошне брзо е демонстрирано дека супресијата на гените со примена на RNAi е многу поефикасна отколку со претходно користените пристапи. Некои од првите студии покажале извонредни резултати и наскоро е воведена како метод од избор за брза и релативно екеономична супресија на гените, и покрај неопходноста од прилично интензивна лабораториска работа. Во 2002 година, угледното списание „Science“ ја прогласи RNAi за откритие на годината. Трансфекцијата на мамалиски клетки со плазмиди кои кодираат мали "хаирпин" структури (shRNA) молекули резултира со висока ефикасност на супресија на соодветните mRNA молекули и со тоа предизвикува т.н. knockdown (по аналогија на knockout) на генот. Тоа може да се применува кај истражувањата на ефектите од потиснувањето на експресијата на некој ген.

Понатаму, кандидатот ги дефинира следниве цели:

1. супресија на bcl-2 генот во PC-3 клеточни култури на простатен канцер;

2. етаблирање на технологија на супресија на bcl-2 преку механизмот на RNA-интерференција. Дизајнирање на соодветни рекомбинантни плазмиди кои кодираат shRNA молекули, но и да се произведе доволна количина со највисок степен на чистота;

3. евалуација на способноста на супресија на bcl-2 со примена на RNA-интерференција за да се предизвика спонтана апоптоза кај клеточната линија PC-3 на канцер на простата;

4. да се истражи сензитивноста на водороден пероксид и да се евалуира неговото влијание врз зголемување на степенот на апоптоза кај PC-3 клетките со потисната експресија на bcl-2 генот;

5. да се истражи влијанието на индукција на апоптоза преку моделот со третман со водородниот пероксид во различни концентрации;

6. да се евалуира ефектот на трансфекцијата со psiRNA-bcl-2, односно ефикасната инхибиција на експресијата на bcl-2 на посттранскрипциско ниво врз клеточниот раст, преживување и некроза.

Во поглавјето „Материјал и методи", кандидатот ги опишува деталите на лабораториските техники кои ги воспоставил.

Авторот на оваа студија најпрво пристапил кон изработка на рекомбинантните плазмиди со техниките на генетски инженеринг: го користел плазмидот psiRNA, од кој со инсерција на по два делумно комплементарни олигонуклеотиди го конструирал psiRNA-bcl-2 плазмидот. Од овој плазмид, по успешното внесување во мамалиски клетки (трансфекција) се синтетизирале куси hairpin-RNA молекули (shRNA, од: smaill hairpin RNA) кои ја потиснале експресијата на целниот ген (во овој случај на bcl-2) на посттранскрипциско ниво. Покрај него, со внесување на олигонуклеотиди со случајна секвенца, м-р Есмеров конструирал контролен psi-RNA-Scr плазмид кој не потиснува експресија на ниту еден познат човеков ген. Плазмидите ги евалуирал и со молекуларно генетски техники: дигестија со сет на ендонуклеази за да се провери големината на конструктот и на ниво на ефикасноста да ја намалат експресијата на bcl-2 генот. За таа цел, авторот ги трансфектирал PC-3 клетките со липофектамин, а потоа ја определил експресијата на bcl-2 генот (со RT-PCR) и на BCL-2 протеинот (со ELISA kit).

Со овие експерименти, авторот ја утврдил оптималната временска рамка кога генската експресија на bcl-2 е најефикасна, па натамошните експерименти се вршени со клетки кај кои поминал токму тој временски период по трансфекцијата.

Проапоптотичните ефекти ги определил и во однос на промената на стапката на спонтана апоптоза и на индуцирана со растечки концентрации на водороден пероксид (0, 50, 100, 125, 150 и 200 μM/L). За споредба кандидатот користел витално боење со толуидинско сино на живите клетки и броење под микроскоп, како и определување на живите клетки со МТТтестот. Егзактното процентуално присуство на апоптотични, некротични и живи клетки го вршел со флуоресцентна микроскопија по боење на клетките со акридин оранж/етидиум бромид. Сите параметри се нормализирани во однос на клетките третирани со контролниот psi-RNA-Scr плазмидот.

Индукцијата на апоптозата е вршена со третирање на клеточната линија со различни концентрации на водороден пероксид и определување на процентот на живи, апоптотични и некротични клетки со флуоресцентна микроскопија. Клеточната пролиферација била детерминирана со колориметриски формазански тест (МТТ). Студентовиот т-тест се користи за детерминирање на статистичката сигнификантност на добиените податоци со помош на програмата SPSS за MS Windows, користејќи го еднонасочниот АНОВА (Turkes-post hoc test). Вредностите на $p<0{,}05$ биле сметани за статистички сигнификантни.

Добиените резултати од истражувањето детално се објаснети во текстот, а поважните вредности добиени од анализите дополнително се прикажани и графички и табеларно. Кандидатот најпрво ги опишува резултатите од прелиминарната фаза на

истражувањето, односно конструкцијата на рекомбинантните плазмиди и изборот на временските интервали за експериментите со клеточната линија. Имено, PC-3 клетките биле трансфектирани со двата плазмида: psiRNA-Bcl2 (за потиснување на експресијата на генот bcl-2) и контролниот psi-RNA-Scr плазмид (кој кодира shRNA со случајна секвенца, која не потиснува експресија на ниту еден познат човеков ген). Според резултатите од мерењето на експресијата на испитуваниот ген во PC-3 клетките трансфектирани со секој од двата плазмида, извлечен е заклучок според кој најниското ниво на bcl-2 генот (според mRNA) е околу 72 часа по трансфекцијата, а се нормализира за 120 часа. Мерењата со техниката ELISA покажуваат дека во културата PC-3 клетки нивото на BCL-2 протеинот достигнува најниско ниво 96 часа по трансфекцијата, а се враќа речиси на почетното ниво по 150 часа.

Понатаму, испитувана е спонтаната и индуцираната апоптоза кај клеточната линија PC-3 по трансфекција со секој од двата конструирани плазмида. Застапеноста на спонтана апоптоза е повисока кај PC-3 клетките кај кои е потисната експресијата на bcl-2 генот. Индукцијата на апоптозата е вршена со третирање на клеточната линија со различни концентрации на водороден пероксид (50, 100, 125, 150 и 200 μM/L) и определување на процентот на живи, апоптотични и некротични клетки со флуоресцентна микроскопија. Клеточната пролиферација била детерминирана со колориметриски формазански тест (MTT). Статистичката анализа покажала дека разликите во вредностите на испитуваните параметри (апоптоза, некроза, клеточна пролиферација) кај PC-3 клетките трансфектирани со плазмидот која ја потиснува експресијата на bcl-2 генот се статистички сигнификантни во однос на тие добиени кај клетките трансфектирани со контролниот Scr плазмид ($p<0{,}05$).

Во дискусијата, м-р Есмеров истакнува дека во оваа студија за потиснување на bcl-2 генот била користена клеточната линија PC-3 и беа конструирани два рекомбинантни плазмида psi-RNA-Scr (контролна) и psi-RNA-bcl-2. Конструирањето на shRNA кодирачки плазмид беше направено со молекуларно клонирање. По трансфекцијата во клетките се овозможи интрацелуларна продукција на shRNA молекули кои протеинскиот комплекс Dicer ги пресекува формирајќи функционални siRNA молекули (Brummelkamp et al., 2001).

Трансфекциската процедура доведува до инхибиција на клеточната пролиферација кај psi-RNA-bcl-2, индуцирајќи краткотрајно потиснување на растот на трансферираните клетки, за разлика од контролниотт psi-RNA-Scr плазмид, кој не потиснува експресија на ниту еден познат човеков ген. Покрај ова, инхибицијата на bcl-2 генот, предизвикана со трансфекција со плазмид, предизвикува и краткотрајна инхибиција на клеточниот раст во споредба со psi-RNA-Scr плазмид, кој е трансфериран во истите PC-3 клетки.

Според резултатите кои што се добиени во оваа студија може да се заклучи дека ефектите од потиснувањето на bcl-2 генот во PC-3 клетките трансфектирани со psi-RNA-bcl-2 се евидентни.

За индукција на апоптозата, клетките ги третиравме со водороден пероксид, кој имаше големо влијание во степенот на апоптоза и некроза на PC-3 клетките. Промената во

степенот и односот апоптотични-некротични, живи клетки најмногу зависеше од концентрацијата на растворот на водород пероксид, кој се движеше од 0 до 200 μM/L.

Споредувајќи ги добиените резултати со други студии, Есмеров истакнува дека во достапната литература, слични резултати се опишани и при третирањето на PC-3 клетките со доцетаксел, кој покрај тоа што ја потиснува експресијата на генот bcl-2, го инхибира и формирањето на микротубулите. Познато е дека зголемената експресија на bcl-2 ги прави клетките резистентни кон радиотерапија, а третирањето на определена клеточна линија кај која постои прекумерна експресија на bcl-2 генот со доцетаксел и бортезомиб, таа станува осетлива кон радиотерапија. Кандидатот доаѓа до слични сознанија и при споредување на резултатите од друго истражување, а кое се однесува на влијанието на натриум бутират врз експресијата на bcl-2 генот и можноста да индуцира апоптоза. Иако механизмот според кој бутиратот индуцира апоптоза не е целосно расветлен, екстензивните истражувања на PC-3 клетките и на други линии од простатен карцином сугерираат дека натриум бутират можеби може да послужи како модел за третман на хормонски зависните простатни карциноми. Слично, инхибиторите на хистонските деацетилази покажуваат антипролиферативни и апоптотични својства кај различни туморски клетки, вклучувајќи ги и тие на простатниот крацином.

Мошне значајно, м-р Есмеров наведува дека во неодамнешна студија се проучувани инхибиторните ефекти на shRNA експресиските вектори насочени кон повеќе клучни гени, не само кон bcl-2, но исто така користејќи ја како модел клеточната линија на простатен карцином PC-3. Цитирајќи ги поважните заклучоци од таа студија, кандидатот истакнува дека со наведениот експреиментален модел, ефикасно била предизвикана индуцирана апоптоза кај PC-3 клетките. Овие резултати укажуваат дека мултитаргетираниот shRNAs експресиски систем може да претставува ефекасна стратегија во терапиите на простатниот канцер. Есмеров повторно ја споредува сличноста на резултатите од докторската студија врз PC-3 клетките со најновите објавени резултати од други автори кои испитувале слични ефекти на RNAi врз повеќе гени.

На крајот од дискусијата, кандидатот заклучува дека со намалување на експресијата на bcl-2 преку RNA-интерференција на посттранскрипциско ниво во клетки кои имаат прекумерно експримиран ген се зголемува чувствителноста на клетките кон индукција на апоптозата, се зголемува стапката на спонтана апоптоза, се зголемува процентот на некротични клетки и се инхибира растот на клетките.

Заклучоците се коректно формулирани и даваат прецизни одговори на целите кои се поставени во докторската дисертација. Кандидатот Есмеров истакнува дека:

- успешно е конструиран рекомбинантниот плазмид psi-RNA-bcl-2, кој кодира shRNA молекули, насочени кон транскриптот на bcl-2 генот, и кој предизвикува посттранскрипциско инхибирање со механизмот на RNA-интерференција;

- трансфекцијата на PC-3 клеточната линија од простатен карцином со конструираниот плазмид предизвика потиснување на експресијата на bcl-2 генот, наспроти контролниот Scr плазмид;

- потиснувањето на експресијата на bcl-2 генот сигнификантно ја зголемува чувствителноста на клетките кон индукцијата на апоптозата, што не е случај при трансфекција со контролниот Scr плазмид;

- регистрирано е зголемување на процентот на клетки со спонтана апоптоза при успешна инхибиција на bcl-2 генот;

- при индукцијата на апоптозата кај трансфектираните клетки, пропорционално се зголемувал и процентот на некротични клетки;

- процентот на апоптотични клетки трансфектирани со psi-RNA-bcl-2 плазмидот се зголемувал пропорционално со зголемување на концентрацијата на водороден пероксид;

- при максимална концентрација на водороден пероксид од 200μM/L, процентот на живи клетки трансфектирани со psi-RNA-bcl-2 изнесувал 36, а процентот на мртви клетки изнесувал 64, наспроти клетките трансфектирани со контролниот плазмид psi-RNA-Scr каде што процентот на живи клетки изнесувал 54, а на мртви 46;

- забележана била значителна инхибиција на растот на клетките по трансфекцијата со psi-RNA-bcl-2 плазмидот;

- ваквите одговори упатуваат на тоа дека ефектите од потиснувањето на bcl-2 генот се должат на парцијалното обновување на клеточните проапоптотични патишта преку потиснување на антиапоптотичната улога на прекумерно експримираниот bcl-2 ген во испитуваната клеточна линија.

Приложеното поглавје „Литература“ е оптимално селектирано, прегледно и коректно цитирано по прифатените стандарди. Изборот на референците е соодветен и доминираат современи автори кои имаат значителен придонес во истражувањето на проблематиката која е цел и на овој научен труд.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација под наслов: „Ефекти од потиснувањето на прекумерно експримираниот ген bcl-2 кај клеточни линии на простатен карцином“, изработена од ас. м-р Игор Есмеров, претставува самостоен и оригинален научен труд, со мошне актуелна научноистражувачка вредност. Трудот ги задоволува принципите на научна работа и претставува значителен придонес во експерименталните проучувања на апоптозата и, пошироко, молекуларната биологија и генетиката на канцерот на простатата. Поставените цели на трудот во целост се остварени, а добиените резултати се адекватно презентирани и обработени. Рецензентската комисија смета дека овој труд ги исполнува сите стручни и научни предуслови за докторска дисертација, и има

актуелен и значаен придонес во научните истражувања во областа на молекуларната биологија и генетиката.

Рецензентската комисија позитивно ја оценува изработената докторска дисертација и му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје да ја усвои рецензијата и да му овозможи на кандидатот јавна одбрана на дисертацијата.

Рецензентска комисија

Д-р Сашо Панов, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

Д-р Велимир Стојковски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, с.р.

Д-р Влатко Илиески, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, с.р.

Академик д-р Живко Попов, Македонска академија на науките и уметностите, с.р

Д-р Гордана Петрушевска, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје,с.р.

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА НА ЕКОНОМСКИТЕ НАУКИ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОСНОВИ НА ЕКОНОМИЈАТА И ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ПОРТФОЛИО МЕНАЏМЕНТ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, бр. 6202-3265/14, донесена на седницата одржана на 28.9.2012 година, определени сме за членови на Рецензетската комисија за избор на наставник од областа на економските науки по предметите основи на економијата и хартии од вредност и портфолио менаџмент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет – Скопје.

По опстојното проучување на конкурсниот материјал, до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје го поднесуваме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

На конкурсот распишан од страна на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", а на предлог на деканот на Економскиот факултет во Скопје, објавен во „Дневник" на 26.9.2012 година, заедно со исправка на конкурс, објавена во „Дневник" на 03.10.2012 година, се пријави единствено кандидатот д-р Владимир Филиповски, досегашен вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет – Скопје.

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Владимир Филиповски е роден на 21. 1. 1963 година во Охрид, Република Македонија. Основно и средно образование завршил во Охрид. Дипломирал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет во Скопје, во декември 1986 година, насока: финансиско-сметководствено-банкарска. Магистрирал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет во Скопје, во јули 1991 година, на насоката економски развој и методи на економска анализа. Докторирал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет во Скопје, на 16.10.2002 година, со одбрана на докторската дисертација со наслов: „Пазарот на капитал и развојот на финансискиот сектор во процесот на економска транзиција".

Во октомври 1987 се вработил на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет во Скопје, како помлад асистент по предметот политичка економија, а за асистент по истиот предмет бил избран во јануари 1992 година.

Додека бил асистент на Економскиот факултет во Скопје, бил ангажиран на предметите: политичка економија, основи на економијата, организација и техника на берзанско работење, хартии од вредност и портфолио менаџмент и банкарски менаџмент.

Во февруари 2003 година бил избран за доцент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет во Скопје, по предметот хартии од вредност и портфолио менаџмент.

На 28.02.2008 година бил избран за вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет Скопје, по предметите основи на економијата и хартии од вредност и портфолио менаџмент.

Од јуни 2012 е член на Сенатот на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје.

## II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### II/1. Наставно-образовни активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет во Скопје:

Од неговиот избор во звањето вонреден професор, д-р Владимир Филиповски изведува настава на додипломските студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет во Скопје по следниве предмети:

1. основи на економијата
2. хартии од вредност и портфолио менаџмент
3. локални финансии (од учебната 2011/12)

Исто така, од неговиот избор во звањето вонреден професор, д-р Владимир Филиповски изведува настава на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет во Скопје, по следниве предмети:

1. портфолио менаџмент
2. меѓународни пазари на капитал и економскиот развој
3. финансиска економетрија

**Специјалистички студии:**

1. Корпоративно управување – модул за Надворешните институции на корпоративното управување.

### II/2. НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ НАДВОР ОД ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

1. Предавања на Rotterdam University, Rotterdam Business School, во рамките на International Business Days, 19. – 23. 3. 2012, на тема: "Financial Sector and Financial Regulatory Reform in the Republic of Macedonia".

2. Предавања на Обуката за инвестициони советници, организирана од Комисијата за хартии од вредност на РМ, за подрачје: „Анализа и вреднување на инструменти со фиксен доход“, Скопје, јануари/февруари 2011.
3. Предавања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Природно-математички факултет, по предметот економија и бизнис.

## III. КОМИСИИ ЗА ДОКТОРАТИ, МАГИСТРАТУРИ И ДИПЛОМСКИ ТРУДОВИ

- Ментор на два магистерски труда.
- Член во комисии за 25 докторати.
- Член во комисии за 39 магистратури.
- Ментор на 6 пријавени докторати.
- Ментор на 53 дипломски труда.
- Член на комисија за 410 дипломски труда (од предметите: основи на економијата, хартии од вредност и портфолио менаџмент, финансиски пазари и институции, микроекономија, менаџмент на ризик).

## IV. КОМИСИИ ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИЦИ И ПОМЛАДИ НАСТАВНИЦИ

- Член на Комисија за избор во звање - доцент
- Член на комисии за избор во звање - асистент за двајца асистенти

## V. БИБЛИОГРАФИЈА – ТРУДОВИ/КНИГИ ОБЈАВЕНИ ПО ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР:

1. Филиповски В., (2012), „Финансирање на малите бизниси“, поглавје во монографијата: Поленаковиќ Р. (редактор), *Како до сопствен бизнис*, второ издание, во печат, Национален центар за развој на иновации и претприемничко учење, Скопје.
2. Фити Т., Филиповски В., (2012), „Малите и средните претпријатија и претприемништвото – столб на регионалниот развој“, Зборник на трудови под наслов: *Општествено-економскиот развој на Република Македонија со посебен осврт врз регионалната компонента и пазарот на труд*, по повод 100 години од раѓањето на академик Кирил Миљовски (1912 – 1983), МАНУ, Скопје.
3. Filipovski V., (2012), “The Role of Institutional Investors in Corporate Governance and the Case of the Republic of Macedonia”, (in print), a paper for the Proceedings from the *International Conference on Corporate Governance* to be held at the Faculty of Economics-Skopje in November 2012.

4. Fiti T., Filipovski V., Hadzi-Vasileva Markovska V., (2011), "Microfinance in Macedonia", in Bateman M., (edit.), *Confronting Microfinance: Undermining Sustainable Development*, Kumarian Press.
5. Филиповски В. (2011), „Август 2011 – Турбуленциите на финансиските пазари и глобалната макроекономска загатка", *Економија и бизнис*, бр. 158, јули-август 2011, стр. 19-21.
6. Filipovski V., (2010), "Challenges to Financial Regulation from the Global Financial Crisis 2007-2009", Proceedings of the Conference on *The Challenges to Economic Theory and Policy in the Aftermath of the Global Economic Crisis*, Faculty of Economics, Skopje.
7. Филиповски В., (2010), „Анализа и вреднување на инструменти со фиксен доход", поглавје во *Прирачник за обука и полагање на стручен испит за инвестициско советување*, Комисија за хартии од вредност на РМ, Скопје.
8. Филиповски В., Парнарџиева М., Лукановска Т., (2008), *Финансирање на претпријатијата преку емисија на корпоративни обврзници*, USAID, Business Environment Activity Project.
9. Филиповски В. (2008), „Надворешни институции на корпоративното управување", поглавје во учебникот: *Корпоративно управување*, редактор: проф. д-р Бобек Шуклев, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет Скопје.
10. Фити Т., Филиповски В. (2008), „Современи концепции за оптимална алокација на ресурсите", *Прилози*, Бр. 1/2008, МАНУ, Скопје.
11. Филиповски В. (2008), „Првите македонски инвестициски фондови – институционална структура", *Капитал*, специјален прилог: „Една година инвестициски фондови", 6.11.2008.
12. Филиповски В. (2008), „Џорџ Акерлоф", труд во книгата *Нобеловци по економија 1969 – 2008*, второ издание, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет - Скопје.
13. Филиповски В. (2008), „Роџер Мајерсон", труд во книгата *Нобеловци по економија 1969 – 2008*, второ издание, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет - Скопје.
14. Филиповски В., Ташевска Б. (2008), „Леонид Харвиц", труд во книгата *Нобеловци по економија 1969 – 2008*, второ издание, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет - Скопје.
15. Филиповски В. (2008), „Макроекономијата и пазарот на акции", статија во: *Прилози XXXIX 2: Прилози посветени на академик Ксенте Богоев*, МАНУ, Скопје.
16. Fiti T., Filipovski V., (2012), "The Microeconomic Foundations of Entrepreneurship", трудот е прифатен за објавување како поглавје во книгата: *Management, Governance, and Entrepreneurship – New Perspectives and Challenges*, University of Zagreb, Faculty of Economics and Business.


## VI. ПРОЕКТИ:

1. *Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија 2008-2020*, проект на МАНУ, учество во изработка на економскиот дел на Стратегијата, 2008.

2. *Проект за локална самоуправа*, USAID Macedonia, учество како локален советник во текот на 2011.
3. *Потенцијалниот БДП и природната стапка на невработеност во Република Македонија*, проект во тек, МАНУ, 2012/2013, член на проектниот тим.
4. *Глобалната економска криза и импликациите врз македонската економија*, проект во тек, МАНУ, 2011/2013, член на проектниот тим.

## VII. КОНФЕРЕНЦИИ, СЕМИНАРИ, РАБОТИЛНИЦИ

1. Учество на *International Conference on Pension Reforms and Future Challenges*, со презентација под наслов: "Pension Funds and Capital Markets", организирана од Министерството за труд на РМ со поддршка од Светската банка, Скопје, 12. 4. 2011.
2. Учество на меѓународната конференција на тема: *The Challenges to Economic Theory and Policy in Aftermath of the Global Economic Crisis*, организирана од Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", со презентација под наслов: "Challenges to Financial Regulation from the Global Financial Crisis 2007-2009", Скопје, октомври 2010.
3. Трибина на тема: *Фискалната криза во еврозоната и нејзините импликации врз македонската економија*, во организација на Економскиот факултет во Скопје, со презентација на тема: „Фискалната криза во еврозоната: факти и бројки", 16. 6.2010.
4. Меѓународна работилница на Синдикатот за индустрија, рударство и енергетика - учество со предавање на тема: "The Macedonian Economy and the Global Economic Crisis", мај 2010, Охрид.
5. Учество на отворена трибина на тема: *Економските импликации од падот на Берлинскиот ѕид: 20 години потоа*, со презентација под наслов: „Економската транзиција, рецесијата и институционалните реформи", организирана од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет-Скопје, 9.11.2009.
6. Летна школа за банкарство на Прокредит банка АД-Скопје, предавање на тема: „Микроекономските аспекти на банкарството и како да се читаат финансиските извештаи на банките", јули 2009, Велес.
7. Учество на Десеттата годишна конференција на Македонската берза АД-Скопје, на панел-дискусија на тема: „Стратегија за развој на македонскиот пазар на капитал: што велат регулаторите", 23. – 25. 04. 2009.
8. Работилница на тема: *Перспективи за развој на пазарот на корпоративни обврзници во Република Македонија*, организирана од USAID Macedonia – учество со презентација на тема: „Корпоративни обврзници", Скопје, 18.12.2008.
9. Работилница на тема: *Медиумите, информациите за пазарот на капитал и јакнење на корпоративната одговорност*, организирана од USAID Macedonia

и КХВ на РМ – учество со презентација на тема: „Глобалните пазари на капитал и перспективите на македонскиот пазар на капитал“, Охрид, 2. – 4. 10. 2008.

## VIII. ЧЛЕНСТВО ВО ОРГАНИЗАЦИОНИ И РЕДАКЦИСКИ ОДБОРИ:

1. Член на Организациониот одбор на меѓународна конференција на тема: *The challenges to Economic Theory and Policy in Aftermath of the Global Economic Crisis*, организирана од Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, 2010.
2. Член на Организациониот одбор на научната трибина под наслов: *Глобалната економска криза и нејзиното влијание врз економиите на југоисточна Европа*, организирана од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Економски факултет-Скопје и Center for International Relation (CIR), Washington, D.C., USA, 19. 5. 2009.
3. Член на Одборот за прослава на 50-годишнината од постдипломските студии по монетарна економија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Економски факултет – Скопје, 2011.
4. Член на Уредувачкиот одбор на Зборникот трудови од научниот собир на тема: *Економски систем, економска политика и развој*, по повод 80 години од животот и 50 години наставна и научна дејност на академик Никола Узунов, МАНУ и Економски факултет - Скопје, 2010.
5. Член на Редакцискиот одбор на книгата: *Нобеловци по економија 1969-2008*, Таки Фити (уредник), Економски факултет – Скопје, 2008.

## IX. АНГАЖМАНИ ВО ИНСТИТУЦИИ ОД ЈАВЕН И ПРИВАТЕН СЕКТОР

- Член на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија 2003-2010.
- Член на Одборот за ревизија при Стопанска банка АД - Скопје, 2012 - .

## X. КОМИСИИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

- Комисија за самоевалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Економски факултет-Скопје
- Комисија за јавни набавки
- Комисија за признавање на испити
- Издавачки одбор за Годишникот на Економскиот факултет во Скопје, 2008 година

**Осврт врз трудовите на кандидатот:**

Во продолжение ќе се осврнеме на некои од трудовите објавени по последниот избор на д-р Владимир Филиповски во звањето вонреден професор.

Во својот труд: "Challenges to Financial Regulation from the Global Financial Crisis 2007-2009", авторот проф. д-р Владимир Филиповски ги анализира импликациите од финансиската криза 2007-2009 врз финансиската регулацијата воопшто, како и врз состојбата и потребите од реформи во финансискиот сектор во Република Македонија. Авторот истакнува два клучни проблема кои финансиската криза ги актуализира: прво, системскиот ризик и со него поврзаниот феномен на финансиски институции „премногу големи и поврзани за да пропаднат"; и второ, формирањето на шпекулативни ценовни меури на пазарите на финансиски имоти и последиците од нивното распрснување. Регулацискиот одговор во врска со системскиот ризик вклучуваше предлози за покачување на регулациските стандарди за капитализираност и ликвидност на финансиските институции, институционално раздвојување на комерцијалното од инвестиционото банкарство, квазифискални надоместоци за финансиските институции со цел интернализирање на трошоците од екстерналиите предивикани од системскиот ризик и сл. Во врска со ценовните меури, и теоретската анализа и предлозите за интервенција на макрополитиките имаат забележано релативно помал напредок од аспект на доаѓање до некои пошироко прифатени ставови. Во овој труд е дадена и анализа и оцена на ефектите на кризата врз банкарскиот сектор и пазарот на капитал во Република Македонија во периодот: 2008-прва половина 2010. Банкарскиот сектор останал добро капитализаран и ликвиден, а кредитниот раст се намалил и станал прилично волатилен. Главниот негативен ефект од кризата се почувствувал на берзанскиот пазар на акции, со елементи на крах на индексот на цените на акциите и намалување на прометот. Како еден од основните фактори за ваквиот ефект авторот го посочува драстичниот нето одлив на странски портфолио инвестиции во анализираниот период. Авторот вклучува и квантитативна анализа на информационата ефикасност на македонскиот пазар на акции, со примена на коефициентот на варијансата, и покажува дека македонскиот пазар е релативно неефикасен во однос на споредливи пазари од регионот.

Во трудот: „Макроекономијата и пазарот на акции", авторот проф. Филиповски, ја анализира сложената меѓузависност на пазарот на акции и макроекономските агрегати и политики. Во основата на меѓузависноста се очекувањата, бидејќи тие суштински влијаат при одредувањето на пазарните цени на акциите, при дизајнирањето на макроекономските политики, како и во однос на промените во клучните макроекономски агрегати (БДП, инфлацијата, агрегатната потрошувачка и инвестициите, невработеноста). При анализата на влијанието на промените на макроекономските агрегати и политики врз пазарот

на акции, клучни се ефектите на макроекономските промени врз профитите и дисконтните стапки, додека улогата на очекувањата е во смисла на тоа дали реакциите на макроекономските политики се антиципирани од страна на пазарните учесници. Од друга страна, бидејќи пазарните цени на акциите во голема мера се придвижувани од очекувањата за идните профити и каматни стапки, тие цени се т.н. водечки индикатори преку кои може да се антиципираат идните промени во макроекономските агрегати. Во овој контекст, според авторот, клучното прашање е во колкава мера промените на цените на акциите претставуваат релевантен пазарен сигнал за алокација на капиталот во економијата, т.е. дали пазарните цени на акциите ги инкорпорираат информациите кои се релевантни за донесување рационални одлуки за инвестиции во капитални добра. Авторот посочува дека врз движењето на цените на акциите влијаат две групи фактори: оние од фундаментална природа (микро и макро) и оние од бихејвиорална природа, т.е. перцепциите на инвеститорите. При тоа, се анализира прашањето на ценовните меури и улогата на малите, недоволно информирани инвеститори, кои можат да креираат нов извор на ризик и да го оневозможуваат непреченото коригирање на пазарните нерамнотежи преку арбитража. Во овој труд, авторот, исто така, се осврнува и на ефектот на глобалната финансиска криза од 2007-08 и придружните рецесиони очекувања врз пазарот на акции и врз макроекономските движења во Република Македонија: при тоа, анализирани се само моменталните, краткорочни ефекти, со оглед на тоа дека трудот е пишуван во 2008, пред избувнувањето на фискално-должничката криза во еврозоната. Авторот презентира статистика за крахот на македонскиот индекс на акции и падот на прометот на берзата во 2008, по шпекулативниот бум во 2007 година. Но, ваквите неповолни движења на македонската берза сами по себе имаа мошне ограничено влијание врз пошироките макроекономски ефекти, со оглед на ниското учество на акциите во структурата на богатството на македонските домаќинства и во портфолијата на институционалните инвеститори.

Професорот Филиповски е автор на поглавјето со наслов „Надворешни институции на корпоративното управување“, во учебникот: Корпоративно управување (редактор: проф. д-р Бобек Шуклев). Во овој свој труд, проф. Филиповски опфатил три теми:

(1) улогата на финансиските пазари во корпоративното управување во компаниите, фокусирајќи се улогата на пазарот на сопственички хартии од вредност (т.е. акции) и неговата регулација;

(2) улогата на институционалните инвеститори (пензиски и инвестициони фондови, осигурителни компании), како значајни малцински акционери, во корпоративното управување на компаниите;

(3) улогата на т.н. пазар на корпорациска контрола, т.е. преземањата на компании од стратешки инвеститори преку трансакции на пазарот на капитал, со вклучување на регулацијата на таквите трансакции.

Во првата тема, авторот ја нагласува заемната интеракција помеѓу транспарентните и ликвидни пазари на акции, од една страна, и ефективноста на корпоративното управување во компаниите, од друга страна. Транспарентните и ликвидни, примарни и секундарни пазари на акции го минимизираат трошокот на финансирање на фирмите преку акционерски капитал и овозможуваат ефективен инвеститорски мониторинг врз менаџментот на компаниите; постоењето, пак, на компании кои обелоденуваат квалитетни информации и кои се отворени за комуникација со инвеститорите, претставува основен услов за развој на информационо-ефикасни и стабилни пазари на акции. Во втората тема, авторот ги систематизира предностите на институционалните наспроти индивидуалните инвеститори од аспект на акционерскиот мониторинг, но и проблемите кои го „пасивизираат“ мониторингот од страна на институционалните инвеститори: агенциски проблеми и конфликтите на интереси кај самите институционални инвеститори, како и координацискиот неуспех при извршување на функцијата мониторинг (како јавно добро). Во третата тема, авторот посочува дека преземањата на компании се еден од најексплицитните екстерни механизми за дисциплинирање на менаџментот на компаниите, кои доаѓаат од пазарот на капитал. Оттука, мошне е важен сетот на регулациски правила со кои се решаваат конфликтните интереси на неколкуте интересовни групи вклучени во трансакциите на преземања: акционерите (посебно малцинските) на компанијата што презема и на компанијата-таргет, топ менаџментот на компанијата-таргет и на компанијата што презема, вработените во компанијата-таргет, и јавниот интерес изразен како спречување на монополизацијата на конкретниот сектор од економијата и сл.

Трудот „Microfinance in Macedonia“ е подготвен во коавторство (академик Таки Фити, д-р Владимир Филиповски и м-р Верица Хаџи-Василева Марковска), и е посветен на проблематика чија актуелност е особено изразена во земји како Македонија, кои поминуваат низ процес на трансформација на економската структура, и во тој контекст, развој на секторот на микро, мали и средни бизниси. Трудот претставува поглавје во книга која нуди компаративна анализа на искуствата со финансирањето и развојот на микро и малите бизниси во земјите на Југоисточна Европа, имајќи ги, исто така, предвид искуствата на земји во кои концептот на микрофинансирање ја доживеа својата најрана примена (Бангладеш, Индија и сл.). Во самиот труд, авторите ги анализираат предностите, но и ограничувањата на примената на микрофинансирањето во македонски услови, посебно од аспект на развој на еден долгорочно одржлив и продуктивен сектор на мали бизниси.

Трудот на кандидатот д-р Филиповски под наслов: „Финансирање на малите бизниси“, претставува поглавје во книгата „Како до сопствен бизнис“, која ги третира сите главни прашања (правни, финансиски, менаџерски, технички) со кои се соочува еден претприемач кога ќе одлучи да започне сопствен бизнис. Во својот дел, д-р Филиповски ги објаснува потенцијалните извори и инструментите на финансирање на малите бизниси, со посебен акцент на природата и карактеристиките на финансирање преку сопственички капитал наспроти финансирање преку позајмување; потоа, ги објаснува основните финансиски извештаи, нивната композиција и проектирањето на поодделните ставки во нив, за на крај да го презентира системот на финансиски индикатори, со чија помош може да се анализираат клучните димензии од работењето на фирмата и да се планира нејзиниот развој.

Во трудот со наслов: „Малите и средните претпријатија и претприемништвото – столб на регионалниот развој“, авторите Таки Фити и Владимир Филиповски поаѓаат од новите економско-теоретски придонеси за регионалниот развој (новата економска географија, новата теорија на економскиот раст и сл.) и врз таа основа ја анализираат поврзаноста на интензитетот на претприемачката активност и регионалните диспаритети во нивото на економски развој и нивото на вработеноста во Република Македонија. Еден од главните заклучоци на трудот е дека во случајот на Македонија не постои значајна коинциденција помеѓу бројот на активни фирми на 1000 жители и стапките на невработеност во поодделните региони, што може да укажува на тоа дека мошне значајна пропорција од целокупната преприемничка активност во земјата претставува „претпримништвото од нужност“, кое претпоставува формирање на претежно микробизниси заради осигурување на нужна егзистенција на основачите - најчесто станува збор за “човек - фирма“, т.е. за фирми со слаб импакт врз квалитетот на економскиот раст и развој. Авторите, исто така, ги посочуваат факторите и политиките кои можат да го стимулираат претприемништвото и развојот на секторот на МСП на регионално ниво, при што ја потенцираат важната улога на локалните власти – т.н. трансформацискиот капацитет на локалните власти и користењето на иновативни пристапи како што се јавно-приватно партнерство, финансирање преку издавање локални обврзници и сл.

## Општа оцена и предлог:

Поаѓајќи од презентираните резултати во научноистражувачката, наставно-образовната и стручно-апликативната дејност, Рецензентската комисија дојде до следните резимирани оцени за работата, способностите и квалитетите на д-р Владимир Филиповски, кандидат за избор за наставник од областа на економските науки по предметите основи на економијата и хартии од вредност и

портфолио менаџмент, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Економски факултет во Скопје:

Прво, кандидатот д-р Владимир Филиповски постигнал одлични резултати во наставно-образовната дејност. Покрај двата основни предмета на додипломските студии, основи на економијата и хартии од вредност и портфолио менаџмент, кандидатот од учебната 2010/11 е ангажиран и на предмет кој за прв пат се изучува на редовните студии на Економскиот факултет во Скопје: локални финансии. Кандидатот е ангажиран и на предмети од втор циклус на студии, на три студиски програми, а активно и успешно партиципира и во изведувањето на наставата и испитите на специјалистички студии и обуки на лиценцирани професии (инвестициони советници).

Второ, кандидатот д-р Владимир Филиповски има постигнато натпросечни резултати и во научноистражувачката дејност. Неговиот научноистражувачки интерес и опус опфаќа широк спектар на теми од финансиите (посебно хартии од вредност и берзи), современата микроекономија и современата макроекономија, а неговите трудови содржат квалитетни анализи и евидентни, особени, научно-стручни придонеси во истражуваната проблематика. Од презентираната документација во пријавата за конкурсот може да се констатира дека кандидатот проф. д-р Владимир Филиповски, во периодот по изборот за вонреден професор, благодарение на континуираниот и систематски научноистражувачки напор, учествувал во подготовката и објавувањето (самостојно или во коавторство) на голем број научни и стручни трудови (вкупно 29 библиографски единици), во земјата и во странство. Овде посебно ќе потенцираме дека со свои трудови, пишувани на англиски јазик, кандидатот учествувал на меѓународни конференции, а еден од трудовите пишувани во коавторство е објавен во меѓународна публикација (книга), во САД, додека друг труд е рецензиран и прифатен за објавување, исто така, во меѓународна публикација (книга), во Република Хрватска. Дел од неговите трудови се објавени во публикации на највисоката научна институција во земјата – МАНУ. Исто така, кандидатот д-р Филиповски бил активен во учеството на тркалезни маси, семинари, работилници, на кои се дискутирале актуелни економски теми.

Трето, кандидатот д-р Владимир Филиповски остварил и значајна апликативна дејност. Своите богати научни и стручни знаења ги аплицирал во проекти и публикации поврзани со прашања од практиката, како на пример: прирачници за издавање корпоративни обврзници и обврзници на локалните власти, прирачници за обуки за инвестициони советници, книги поврзани со основање нови бизниси и сл. Како врвен познавач на проблематиката од областа на финансиските пазари, проф. д-р Владимир Филиповски беше член на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија (комисионер), долг временски период, од 2003 до 2010 година, а со својот богат и специфичен фонд

на знаења од оваа област, даваше особен придонес во работата на ова значајно регулаторно тело. Д-р Филиповски е присутен и ѝ е познат на пошироката стручна и научна јавност во земјата и со своите коментари, осврти и анализи за релевантни прашања, проблеми и предизвици на македонската економија, во пишаните и електронските медиуми во нашата земја.

Четврто, Комисијата со задоволство констатира дека кандидатот проф. д-р Владимир Филиповски, работејќи со особена посветеност и со интензитет, кој не намалува, туку, напротив, се засилува, онака како што кандидатот напредува кон повисоките наставно - научни звања, постигна натпросечни резултати, истовремено, во наставно - образовната дејност, во научноистражувачката дејност, во апликативната дејност и во дејностите од поширок интерес. Овие констатации се потврдуваат и со натпросечниот број на поени што кандидатот ги добил при вреднувањето (оценување) на неговите ангажмани - вкупно 233,2 поена во приложениот образец кон овој Реферат.

Врз основа на се' што е погоре презентирано за способностите, квалитетите и постигнатите резултати на кандидатот во наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, Рецензентската комисија има особено задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", да го ***избере д-р Владимир Филиповски за наставник од областа на економските науки, по предметите: основи на економијата и хартии од вредност и портфолио менаџмент, во звањето редовен професор.***

**Скопје, 7.11.2012**

**Рецензентска комисија**

**Акад. Таки Фити, с.р.**

**Проф. д-р Михаил Петковски, с.р.**

**Акад. д-р Гоце Петрески, с.р.**

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:**
**Владимир Јонче Филиповски**

**Институција:**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Економски факултет-Скопје**

**Научна област:**
**економски науки**

| | | |
|---|---|---|
| **I.** | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | |
| | | |
| 1. | Одржување на настава: | 44,7 |
| 2. | Подготовка на нов предмет | 1,0 |
| 3. | Консултации | 5,7 |
| 4. | Ментор на дипломска работа | 10,6 |
| 5. | Член на комисија за оценка или одбрана на докторат | 12,5 |
| 6. | Член на комисија за оценка или одбрана на магистратура | 11,7 |
| 7. | Член на комисија за оценка или одбрана на дипломска раб. | 41,0 |
| 8. | Позитивно рецензиран универзитетски учебник | 6,0 |
| | | |
| | **Вкупно - наставно-образовна дејност** | **133,2** |
| | | |
| | | |
| **II.** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| | | |
| 1. | Ментор на докторска дисертација | 18,0 |
| 2. | Ментор на магистерска работа | 2,0 |
| 3. | Учесник во национален научен проект | 6,0 |
| 4. | Дел од монографија објавен во странство | 4,8 |
| 5. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен | |
| | во зборник на трудови од научен/стручен собир | 4,0 |
| 6. | Труд објавен во зборник на трудови на високообразовна | |
| | институција | 25,2 |
| 7. | Учесник во национален научен проект | 6,0 |
| 8. | Пленарно предавање на научен/стручен собир со | |
| | меѓународно учество | 3,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Одржано предавање по покана на референтен странски | |
| | универзитет | 3,0 |
| 10. | Пленарно предавање на стручен собир | 4,0 |
| | | |
| | **Вкупно - научноистражувачка дејност** | **76,0** |
| | | |
| | | |
| **III.** | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | |
| | | |
| 1. | Стручна монографија | 16,0 |
| 2. | Предавања на институции од јавен интерес | 2,0 |
| | | |
| | **Вкупно: III1. + III2.** | **18,0** |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | | |
| 1. | Член на Универзитетски сенат | 2,0 |
| 2. | Подготовка на национални документи (стратегии,..) | 2,0 |
| 3. | Член на организационен одбор на меѓународен | |
| | научен собир | 1,0 |
| 4. | Член на организационен одбор на научен/стручен | |
| | собир | 1,0 |
| | | |
| | **Вкупно - дејности од поширок интерес** | **6,0** |
| | | |
| | **Вкупно - стручно-апликативна дејност** | **24,0** |
| | | |
| | **Вкупно поени по сите основи** | **233,2** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **133,2** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **76,0** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **24,0** |
| **Вкупно** | **233,2** |

**Членови на Комисијата**

1. **Акад. Таки Фити, претседател, с.р.**
2. **Проф. д-р Михаил Петковски, член, с.р.**
3. **Акад. Гоце Петрески, член, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕЛЕКТРИЧНИ ЦЕНТРАЛИ И РАЗВОДНИ ПОСТРОЈКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на својата редовна седница одржана на 31.X 2012 година, нè определи за членови на Рецензентската комисија за избор на еден асистент по предметите од наставно-научната област електрични централи и разводни постројки (Одлука бр. 02-2787/8 од 31.10.2012 година).

На конкурсот објавен во весникот „Дневник" на 20.X 2012 година, за горенаведената наставно-научна област се пријави само еден кандидат, м-р Софија Николова-Поцева, дипл. ел. инж., за избор во звањето асистент.

По прегледот на доставените документи, како и врз основа на личното познавање на кандидатката, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. Биографски податоци за кандидатката

Софија Николова-Поцева е родена на 28 јуни 1982 година во Струмица. Основно и средно образование завршила во родното место со континуиран одличен успех. На Електротехничкиот факултет во Скопје – насока: електроенергетика се запишала во 2001 година. Во текот на студирањето секогаш била меѓу најдобрите студенти во генерацијата за што е добитник на дипломи за постигнат успех над 9,00 од страна на Факултетот. На Електротехничкиот факултет дипломирала во март 2006 година на тема „Модел на термоелектрана за анализа на бавни динамички појави", под менторство на вонр. проф. д-р Атанас Илиев. Во текот на студиите постигнала просечен успех 9,77.

Во април 2006 година кандидатката се запишала на постдипломски студии на Електротехничкиот факултет во Скопје, на насоката електрични централи и разводни постројки. Испитите од постдипломските студии ги положила со просечна оценка 10. Во јуни 2009 година, под менторство на вонр. проф. д-р Атанас Илиев го одбранила магистерскиот труд со наслов „Краткорочно предвидување на производството на електрична енергија од ветерни електрични централи", со што се стекнала со научното звање магистер на електротехнички науки во областа електрични централи и разводни постројки.

Во јули 2009 година, м-р Софија Николова-Поцева пријавила тема за изработка на докторска дисертација со наслов „Влијание на обновливите извори на електрична енергија врз работата на електроенергетски систем", под менторство на проф. д-р Антон Чаушевски. Пријавената тема за изработка на докторска дисертација и подобноста на кандидатот се прифатени на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во август 2009 година.

Во февруари 2007 година, м-р Софија Николова-Поцева е избрана од Наставно-научниот совет на Факултет за електротехника и информациски техно-

логии во Скопје за демонстратор при Институтот за електрични централи и разводни постројки, а од февруари 2010 година до денес работи како помлад асистент при Институтот.

Кандидатката активно го владее англискиот јазик.

## II. Наставно-образовна дејност

Во изминатиот период Софија Николова-Поцева учествувала во одржувањето на аудиториски и лабораториски вежби по следниве предмети: проектирање на електрични централи и разводни постројки, планирање на погон и градба на електрични централи, разводни постројки, управување и контрола на електроенергетски објекти, заземјување и заштитни мерки, обновливи извори на електрична енергија, менаџмент и инженерска економика, енергетска ефикасност и околина, проектен менаџмент, производство на електрична енергија и нуклеарни централи.

Кандидатката активно учествувала во подготвувањето на лабораториските и аудиториските вежби по предметите кои припаѓаат на новите студиски програми кои за првпат се активирани.

Сите наставни задачи кандидатката ги извршувала квалитетно, стручно и навремено. Со студентите воспоставувала коректен однос и секогаш била подготвена да им помогне во совладувањето на предметната проблематика.

## III. Научноистражувачка дејност

### А) Учество на летни школи, образовни курсеви и работилници

Во периодот 26.VIII 2006– 6.IX 2006, м-р Софија Николова-Поцева активно учествувала на Летната академија во Будва, Црна Гора, курс 3 "Electrical Energy Generation and Distribution", во соработка со Универзитетот во Ерланген – Нирнберг. Оваа Академија е поддржана од DAAD и Пактот за стабилност и е наменета за талентирани студенти од универзитетите во Југоисточна Европа. Таму, Софија Николова-Поцева учествувала со трудот "Control of Thermal Power Plant". За успешно учество на курсот има добиено соодветен сертификат.

Во октомври 2006 учествувала на 5-тиот Simlab курс "Parallel Numerical Simulation", одржан во Белград, Р. Србија, кој е поддржан од DAAD и Пактот за стабилност за талентирани студенти од универзитетите во Југоисточна Европа.

Во јуни 2007 зела активно учество на образовниот курс „Кјото протоколот и негова имплементација", одржан на ФЕИТ во Скопје, во соработка со Фондацијата „Willy Brandt". Во склоп на овој курс, под менторство на вонр.проф. д-р Атанас Илиев ги има одржано предавањата: „Влијание на климатските промени врз економијата" и „Енергија и индустрија – мерки за ублажување".

Во декември 2008 учествувала на образовниот курс „Технички и економски аспекти на искористување на обновливи извори на енергија", одржан на ФЕИТ во Скопје, во соработка со Фондацијата „Willy Brandt". Во рамките на овој курс, под менторство на вонр.проф. Атанас Илиев, одржала предавање на тема „Избор на структура на компоненти во микромрежа со обновливи извори на енергија според критериумот на најмали трошоци".

Во октомври 2009 учествувала на работилницата "Alternative Response Actions to Climate Change and Energy Options", одржана при ICTP во Трст

(Италија). Во рамките на оваа работилница, Софија Николова-Поцева го има одржано предавањето на тема "Renewable Resources and Sustainable Energy Development, Minimizing the Total Thermal Unit Fuel Cost and Emission Costs in a Hybrid Power System".

Во ноември 2009 учествувала на образовниот курс „Обновливите извори на енергија – неопходна алтернатива за дел од потенцијалните конвенционални извори на енергија", одржан на ФЕИТ во Скопје, во соработка со Фондацијата „Willy Brandt". Во склоп на овој курс, под менторство на вонр.проф. д-р Антон Чаушевски ги има одржано предавањата: „Избор на структура на микромрежи со примена на софтверот HOMER" и „Краткорочно предвидување на производството на електрична моќност од ветерни електрични централи".

Во април 2010 учествувала како поканет предавач на работилницата "Vulnerability of Energy Systems to Climate Change and Extreme Events", одржана при ICTP во Трст (Италија). Во рамките на оваа работилница, Софија Николова-Поцева го има одржано предавањето на тема "Vulnerability of Renewable Energy Production to Climate Change".

## Б) Научноистражувачки проекти

М-р Софија Николова-Поцева учествувала во изготвување и пријавување на следниве научноистражувачки проекти:

1. Национален научноистражувачки проект: **Еколошки последици од функционирањето на ЕЕС и можности за намалување на емисијата на полутанти** (15.10.2007). Главен истражувач: проф. д-р Антон Чаушевски.
2. Меѓународен научноистражувачки проект: **Подобрување на анализите за доверливоста на електроенергетскиот систем од аспект на сигурно снабдување со електрична енергија на потрошувачите** (јуни 2009). Главен истражувач: проф. д-р Антон Чаушевски.
3. Национален научноистражувачки проект: **Економска и еколошка валоризација на системите за енергетски одржлив развој** (2009). Главен истражувач: проф.д-р Антон Чаушевски.
4. Национален научноистражувачки проект: **Моделирање на оптимална работа на реверзибилни хидроцентрали во електроенергетски систем составен од конвенционални и обновливи извори на енергија** (06.04.2011). Главен истражувач: проф.д-р Антон Чаушевски.
5. Меѓународен научноистражувачки проект: **Сигурност на нуклеарни енергетски постројки и доверливост на постројките за енергетско снабдување** (2011). Главен истражувач: проф.д-р Антон Чаушевски.

## В) Стручни и научни трудови

Во изминатиов период, м-р Софија Николова-Поцева има објавено 34 научни труда како автор и коавтор, од кои 33 се објавени на домашни и меѓународни конференции, а 1 е објавен во меѓународното списание Elsevier. Во периодот по последниот избор ги има објавено следниве трудови:

1. S.Nikolova, A.Iliev: "Optimal operation of power system with conventional and renewable energy sources", 1st International Conference RENEWABLE ENERGY SOURCES, High Tatras, Slovak Republic, May 18-20, 2010.

2. S.Nikolova, A.Causevski: "Generation scheduling with wind-hydro-thermal power system", 1st International Conference RENEWABLE ENERGY SOURCES, High Tatras, Slovak Republic, May 18-20, 2010.

Во овие трудови е презентиран пристап за определување на оптималната распределба на моќности во хибриден систем составен од конвенционални и обновливи извори на енергија. Во системот се интегрирани обновливи извори на енергија со цел да се минимизираат вкупните трошоци за гориво кај термоелектраните и еколошките трошоци остварени поради емисијата на штетни гасови во околната средина. Во трудот [1] е разгледан систем составен од термоелектрани, ветерна електрана и соларна електрана. Додека, пак, во трудот [2], анализираниот систем е составен од термоелектрани, акумулациони хидроелектрани и ветерни електрани.

3. S.Nikolova, A.Causevski: "Optimum operation strategy for hybrid energy system", 1st International Conference RENEWABLE ENERGY SOURCES, High Tatras, Slovak Republic, May 18-20, 2010.

Во овој труд е презентиран модел на изолиран хибриден систем составен од фотоволтаици, ветрогенератори, мали/микрохидроелектрани, дизел-генератори и акумулаторски батерии, кој треба да го задоволи зададеното оптоварување на електрична енергија. Со цел да се утврди структурата на системот кој ќе ги задоволи потребите на потрошувачите, а истовремено ќе биде оптимално решение од аспект на нето сегашните трошоци, применета е софтверската алатка HOMER. Во рамките на трудот се анализирани неколку случаи за различна инсталирана моќност на фотоволтаиците и ветрогенераторите. Исто така е спроведена сензитивна анализа со цел да се заклучи како расположливоста на енергетските ресурси влијае врз оптималното решение на системот.

4. A.Causevski, S.Nikolova: "Voltage control technique of wind farms consisted of variable-speed wind turbines with doubly-fed induction generators", 9th International Conference CONTROL OF POWER SYSTEMS, High Tatras, Slovak Republic, May 18-20, 2010.

Во трудот е презентирана техника за регулирање на напонот на ветерна фарма поврзана на мрежа. Ветерната фарма е составена од асинхрони ветрогенератори со променлива брзина и AC/DC/AC преобразувач. Во овој концепт, статорот на машината директно се поврзува на мрежа, додека роторот се поврзува индиректно преку AC/DC/AC преобразувачот. Како конкретен пример е разгледан модел на ветерна фарма поврзана на дистрибутивна мрежа. Системот е моделиран во MATLAB/Simulink. Во трудот се анализирани неколку сценарија за различни оперативни услови.

5. A.Causevski, Z.Sovreski, S.Nikolova, D.Minovski: "Economical analysis of ecological impacts from thermal power plants", 9th International Conference ENERGY – ECOLOGY – ECONOMY, High Tatras, Slovak Republic, May 18-20, 2010.

Во овој труд се истражувани еколошките влијанија од термоелектрани на фосилно гориво (тврдо, течно и гасовито) и е извршена економска анализа при дополнително инвестирање во технологии за "чисто" производство на електрична енергија. При тоа се разгледани различни сценарија на термоелектрани со/без интегрирана технологија за "чисто" производство и со/без плаќање на пенали за емитирани GHG-емисии.

6. A.Causevski, T.Stambolic, S.Nikolova: "Contribution of small hpp for water supply companies", 1st International Conference RENEWABLE ENERGY SOURCES, High Tatras, Slovak Republic, May 18-20, 2010.
7. A.Causevski, T.Stambolic, S.Nikolova: "Energy Valorization of the Hydro Potential for Water Supply Companies", BALWOIS 2010, Ohrid, R.Macedonia, May 25-29, 2010.

Во трудовите [6] и [7] е извршена енергетска и економска валоризација на работата на мала хидроелектрана интегрирана во системите за водоснабдување. Со еден ваков систем се овозможува дополнително искористување на водата и за енергетски цели што значи остварување на дополнителен финансиски бенефит.

8. S.Nikolova, A.Causevski: "Vulnerability Of Renewable Energy Production to Climate Change", BALWOIS 2010, Ohrid, R.Macedonia, May 25-29, 2010.

Во овој труд е спроведена анализа на влијанието на климатските промени врз производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија. За таа цел е разгледан изолиран хибриден систем и е истражувано влијанието на промените на брзината на ветерот и протоците на вода, предизвикани од климатските промени, врз производството од инсталираните ветерни турбини и мали проточни хидроелектрани.

9. A.Causevski, S.Nikolova: "Contribution of Hydro Potential in Macedonian Power System", BALWOIS 2010, Ohrid, R.Macedonia, May 25-29, 2010.

Во трудот се презентирани ажурираните податоци за дотеците на вода кај постојните и планираните хидроелектрани во ЕЕС на Р. Македонија. Земајќи ги предвид хидролошките услови (за сушна, просечна и влажна хидрологија), извршена е пресметка на очекуваното годишно производство на електрична енергија од хидроелектраните.

10. J. Angelovski, A. Causevski , S. Nikolova: "Contribution of Energy Efficiency and Renewable Energy for Power System in Macedonia", 2nd International Conference RENEWABLE ENERGY SOURCES, High Tatras, Slovak Republic, June 7-9, 2011.

Во овој труд се презентирани одредени перспективи за развој на енергетскиот систем на Р. Македонија, земајќи го предвид порастот на потрошувачката на електрична енергија и имплементирањето на мерки за енергетска ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија. Проекцијата е направена за период до 2030 година.

11. S.Nikolova, A.Causevski: "Optimal Operation Of Conventional Power Plants In Power System With Integrated Wind Power Plants", 2nd International Conference RENEWABLE ENERGY SOURCES, High Tatras, Slovak Republic, June 7-9, 2011.
12. S.Nikolova, A.Causevski, A. Al-Salaymeh: "Optimal Operation of Conventional Power Plants in Power System with Integrated Renewable Energy Sources",GCREEDER 2011, Amman-Jordan, April 26– 28, 2011.
13. S. Nikolova, A.Causevski, A. Al-Salaymeh: "Optimal Operation of Conventional Power Plants in Power System with Integrated Renewable Energy Sources", Energy Conversion and Management (2012), Elsevier International Journal, Article in Press, 10.1016/j.enconman.2011.11.035. Impact factor 2.64.

Во трудовите [11], [12] и [13] е презентирана методологија за оптимално водење на електрани во комплексен систем со интегрирани ветерни електрани. Системот што е анализиран е составен од термоелектрани, акумулациони

хидроелектрани, пумпно акумулациони хидроелектрани (ПАХЕЦ), дополнителни системи за договор за пумпање на вода кај пумпно акумулационите хидроелектрани и ветерни електрани. Целта на решавање на проблемот на оптимална распределба на оптоварувањето во еден таков сложен систем е да се определи оптоварувањето на секоја од конвенционалните единици, така што вкупните производни трошоци кај термоелектраните и дополнителните системи за договор за пумпање кај ПАХЕЦ да бидат минимални и да бидат задоволени соодветните реални погонски ограничувања на системот.

14. S. Nikolova-Poceva, A. Causevski: "Managing of Hydro Energy Resources in a Power System with Integrated RES", $7^{th}$ SDEWES Conference on Sustainable Development of Energy Water and Environmental Systems, Ohrid, R.Macedonia, July 1 - 7, 2012.

Во овој труд е презентиран пристап за менаџирање на хидроенергетските ресурси во енергетски систем со интегрирани обновливи извори на енергија. Системот што се разгледува е комплексен и е составен од термоелектрани, акумулациони хидроелектрани, пумпно акумулациони хидроелектрани и ветерни електрани.

15. А. Чаушевски, С. Николова-Поцева: "Моделирање на реверзибилна хидроелектрана во електроенергетски систем", Меѓународен симпозиум "ЕНЕРГЕТИКА 2012", Книга 1, стр. 223-232, Охрид, Р. Македонија, 4-6 октомври 2012.

Во овој труд е презентиран модел за енергетско и економско вреднување на реверзибилна хидроелектрана (РХЕЦ) како посебен субјект, а секако и како производна единица која работи интегрално со другите производни капацитети во ЕЕС. Како практичен пример е разгледана работата на реверзибилна хидроелектрана во ЕЕС при различни цени на електричната енергија (цената по која се обезбедува недостатокот од енергија од дополнителни ангажирани агрегати во ЕЕС, цената на произведена електрична енергија во генераторски режим кај РХЕЦ и цената на потрошена електрична енергија во пумпен режим кај РХЕЦ).

## IV. Апликативна дејност

Кандидатката заедено со други членови на Институтот за електрични централи и разводни постројки учествувала во изработка на следниве апликативни проекти и студии:

1. В. Фуштиќ, М. Златаноски, А. Арсенов, Н. Китева, С. Николова: Тендерска документација за ХЕЦ „Бошков мост" – електротехнички дел, DBOT – проект (работена за потребите на ЕЛЕМ), ФЕИТ, 2008.
2. В. Фуштиќ, А. Тентов, С. Николова: Елаборат за техничко решение за управувачко поврзување на ХЕЦ „Вруток" и ХЕЦ „Врбен", АД Елем, ХЕЦ „Маврово", 2008.
3. М. Златаноски, С. Николова, Д. Чунговски, В. Дојчиновски: Студија за влијанието за приклучување на трансформатор 120 MVA 110/35 kV во системот АД ЕЛЕМ, подружница Енергетика, 2009.
4. John M. Callaway, Natasa Markovska, Ordan Cukaliev, Anton Causevski, Dragan Gjoshevski, Sofija Nikolova, Verica Taseska: "Assessing the Economic Impact of Climate Change: The Macedonian Case Studies" Report, UNDP, December 2011.

**V. Дејности од поширок интерес**

Софија Николова-Поцева била член на Интернационалната оценувачка комисија на пронајдоци, технички унапредувања, нови производи и творештво на млади **„МАКИНОВА"** и иновации во областа на животната средина **„ЕКОНОВА"** во 2009, 2010 и 2011 година.

Кандидатката била активна како член на Програмскиот одбор на Меѓународното советување "ЕНЕРГЕТИКА 2010" и "ЕНЕРГЕТИКА 2012". Исто така, кандидатката учествувала и како водител на некои од сесиите на овие меѓународни советувања.

Од 2007, Софија Николова-Поцева е член на организацијата IEEE.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесеното, како и врз основа на личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија заклучи дека се работи за исклучително добар кандидат, кој има одлични познавања од областа за која конкурира. Во текот на работата како помлад асистент, м-р Софија Николова-Поцева покажала извонредно залагање при изведувањето на аудиториски и лабораториски вежби по тековните и новововедените предмети. Кандидатката покажала интерес и за научноистражувачка работа, учествувајќи со свои трудови во списание и на домашни и меѓународни конференции.

Ценејќи ја досегашната нејзина работа во рамките на Институтот за електрични централи и разводни постројки и посветеноста кон проблематиката, Комисијата е уверена дека кандидатката м-р Софија Николова-Поцева во целост ќе одговори на поставените задачи и затоа му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да ја избере во звањето асистент по предметите од наставно-научната област електрични централи и разводни постројки.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Вангел Фуштиќ, с.р.

Проф. д-р Антон Чаушевски, с.р.

Вонр. проф. д-р Атанас Илиев, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР-ПРИЕМ НА ЕДЕН СОРАБОТНИК – ПОМЛАД АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ЕТНОЛОГИЈАТА И СОЦИЈАЛНАТА И КУЛТУРНАТА АНТРОПОЛОГИЈА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 07-1852/2, 1839/2 од 9.11.2012 година, донесена од Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје на 1.11.2012 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија во врска со конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Коха" од 29.9.2012 година, за избор-прием на еден помлад асистент на Институтот за етнологија и антропологија.

Комисијата се заблагодарува за довербата и по разгледувањето на конкурсните документи, до Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во дневните весници „Дневник" и „Коха" од 29.9.2012 година за избор-прием на еден помлад асистент на Институтот за етнологија и антропологија се пријавија двајца кандидати: **м-р Инес Црвенковска – Ристеска** и **м-р Вања Димитриевски.** Кандидатите, до Комисијата, ги доставија следниве документи:

- Пријава
- Потврда за степен на образование
- Биографија
- Список на актива и објавени трудови
- Одлука за пријавена докторска дисертација
- Уверение за државјанство
- Потврда за познавање на англиски јазик

Членовите на Комисијата одлучија да ги изнесат податоците од доставените документи по следниов редослед:

1. м-р Инес Црвенковска – Ристеска
2. м-р Вања Димитриевски.

## М-р ИНЕС ЦРВЕНКОВСКА – РИСТЕСКА

### КРАТКА БИОГРАФИЈА

**Професија:** етнолог – дипломиран етнолог и магистер на етнолошки науки. Демонстратор на Институтот за етнологија и антропологија на предметите: теренска етнологија 1, етнологија на Азија, урбана етнологија и антропологија, антропологија на пол и род, антропологија на фолклор, економска антропологија, социјална култура на Македонците, како и на неколку (4) изборни предмети.

**Датум на раѓање:** 17.1.1977 (Прилеп).

**Членство во професионални здруженија:**

(2004), Македонско етнолошко друштво (МЕД) – Скопје

(2004), Етнолошки образовен истражувачки центар „Растеш" – Самоков

(1998), Македонско студентско етнолошко друштво (МСЕД) – Скопје.

## ОБРАЗОВАНИЕ

09/2009 Прифатен Извештај за оцена на подобност на пријавена тема за изработка на докторска дисертација под наслов: **„Антропологија на сексуалноста – родовост и промена на биолошки пол по примери на ромската заедница во Скопје“.**

02/2009 Стекнат степен магистер на етнолошки науки на тема: **“Антропологија на машката истополова сексуалност во Република Македонија – однесување и идентитет“.**

2002-2007 Постдипломски студии на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. Просечен успех 10,00 (десет).

05/2002 Стекнат степен дипломиран етнолог на тема: **“Старечки домаќинства во поречките села – современа состојба“**, оценка 10 (десет).

1995/96 - 2002 Додипломски студии на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

## ПРОФЕСИОНАЛНО АКАДЕМСКО ИСКУСТВО

2006 Демонстратор по група предмети на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје..

## СТИПЕНДИИ И СТУДИСКИ ПРЕСТОИ

2010 Еднократна стипендија доделена од Министерството за наука на Република Македонија за изработка на докторска дисертација на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

2008 Еднократна стипендија доделена од Министерството за наука на Република Македонија за изработка на магистерска теза на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

2008/9 Стипендија доделена од програмата CEEPUS и Министерството за високо образование, наука и технологија на Република Словенија за престој на Универзитетот во Љубљана во периодот од 29.12.2008 до 29.1.2009.

2004/5 Стипендија доделена од Министерството за наука на Република Македонија:
Финансиско покривање на постдипломските студии на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

## СТРАНСКИ ЈАЗИК

Англиски јазик

## СПИСОК НА ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ

2010 *Narratives and self-determination: Histories on personal sexuality and sexuality of the other*, Antropologija, Časopis Centra za etnološka istraživanja (CEAI) Filozofskog fakulteta Univerziteta u Beogradu, Beograd.

2009 *Теориски поставки во антропологијата за машката истополова сексуалност*, Етнолог, бр.12, Скопје.

2007 *The status of women in the region of Golo Brdo, Republic of Albania*, New Europe College, Bucharest.

2006 *Селската заедница и семејството кај Македонците во делот на Голо Брдо во Република Албанија во социјалистичкиот период*, Зборник „Голо Брдо, живот на граница", МЕД и ИЕА, Скопје.

2005 *МИ-АНОВА Енциклопедија. Општа и македонска (во четири тома)*, МИ-АН, Скопје, коавтор на 130 одредници од областа на етнологијата и антропологијата.

2002 *Антрополошки поглед врз процесот на создавање на македонскиот национален идентитет во периодот на преродбата*, ЕтноАнтропоЗум, бр.5, Институт за етнологија и антропологија, Скопје.

2002 *Старечките домаќинства во поречките села – современа состојба*, проект Етнолошко и културно-антрополошко истражување на Порече, носител на проектот: проф.д-р Анета Светиева. http://www.iea.pmf.ukim.edu.mk/PORECHE/Tekstovi/Crvenkovska_Starecki_domakinstva.pdf

2002 *Жената во Мелница – Плет*, Живо наследство, мултимедијално списание на МСЕД, Скопје.

2001 *Жената во семејниот и јавниот живот – по примерот на селото Мелница*, ЕтноАнтропоЗум, бр.1, Институт за етнологија и антропологија, Скопје.

1999 *Обредни песни*, во рамките на проектот Мултикултурните и етничките особености на четири велешки села: Горно Врановци, Теово, Мелница и Ореше. http://www.iea.pmf.ukim.edu.mk/VELES/indexV_mak.htm

## ТРУДОВИ ВО ПЕЧАТ

2012 Монографија: *Антропологија на машката истополова сексуалност во секојдневјето – однесување и идентитет*, Институт за етнологија и антропологија, ПМФ-УКИМ-Скопје.

## УЧЕСТВА НА СИМПОЗИУМИ, СЕМИНАРИ, КОНФЕРЕНЦИИ, ОБУКИ, ТЕРЕНСКИ ИСТРАЖУВАЊА

2009 Теренско истражување во Шкорпиловци (Бугарија), Универзитет „Св. Климент Охридски", - Софија.

2008 Меѓународна научна конференција на тема „Националните традиции и евроинтеграцијата", Ѓулешица, Р. Бугарија, со реферат:

*За името во македонските интерет-форуми.*

2007 A Regional Symposium, *Social Behavior and Family Strategies in the Balkans*, New Europe College in partnership with The Ministry of Foreign Affairs of Romania, со: *The status of women in the region of Golo Brdo, Republic of Albania*, Bucharest.

2006 Konica Summer School in Anthropology, Ethnography and Comparative Folklore of the Balkans, Konica, Greece.

2006 IV студентска конференција за етнолошки и антрополошки прашања, интернационална соработка и интелектуална размена, *The Balkan in a New context*, со: *Anthropological view upon the process of creation of Macedonian national identity in period of revival*, Струга.

2004 *Живот на граница*, тркалезна маса во организација на МЕД и Центарот за етнички проучувања во Тирана, со: *Селската заедница и семејството кај Македонците во делот на Голо Брдо во Република Албанија во социјалистичкиот период*, Долно Косоврасти, Дебар.

2004 Семинар за родови прашања, Шведска амбасада, Канцеларија за соработка – Скопје, Шведска агенција за меѓународна соработка и развој (СИДА), тренер: Виргиниа Лангбакк, Шведска.

2004 Семинар за раководење со програма, Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), тренери: Сумчица Саздовска, Александар Крџаловски и Лилјана Алчева-Јовановска.

2003 *Менаџмент во културата*, Семинар за обука на менаџмент во културата, за целите на Етнолошкиот образовен истражувачки центар во Растеш во организација на Македонското студентско етнолошко друштво, Институтот за етнологија и антропологија во Скопје и Одделението за етнологија и културна антропологија од Љубљана, Самоков.

2000 Меѓународен научен собир „70 години од истржувањата на Јозеф Обрембски во Порече", Самоков, со: *Старечки семејства во поречките села-современа состојба.*

1999 Семинар за историска антропологија, Југозападен универзитет „Св. Неофит Рилски", Благоевград, во соработка со Универзитетот во Грац, Австрија, на тема: „ТАА на Балканот", Банско, Р. Бугарија.

1999 Зимска балканска конференција „ТАА на Балканот", Југозападен универзитет „Св. Неофит Рилски", Благоевград, со: *Жената во семејниот и јавниот живот - по примерот на селото Мелница*, и видеопрезентација.

**УЧЕСТВА ВО ПРОЕКТИ**

2010 *New forms of Capitalism? House economy, ritual activities, and market practices in a Macedonian town*, проект за Р. Македонија, *Economy and Ritual Postsocialist EuroAsia*, истражувчки проект на Max Planck Institute for Social Anthropology, Halle. Главен истражувач за Македонија: д-р Миладина Монова. Позиција: помошник во теренско истражување.

2009 Предлог-проект за изготвување на елаборат за валоризација на

збирка на движно културно наследство, *Етнолошка збирка на Злате Давитковски во дворот на црквата Св. Јован во село Режановце*, носител на проектот: НУ Музеј на град Куманово.

2006/7 *Мапирање и студија заснована во заедницата за адолесценти што се во најголем ризик за ХИВ/СИДА/СПИ во Македонија* – истражувачки проект во организација на УНИЦЕФ и Институтот за етнологија и антропологија. Позиција: асистент-истражувач за медиуми.

2005 *Вклученоста на младите во процесот на одлучување на локално ниво*. Позиција: асистент-истражувач.

2004 *Поречки панагур*, во рамките на *Живо наследство на Порече*, проект на Етнолошкиот образовен центар „Растеш" во Растеш. Финансиски поддржан од Институтот отворено општество - Македонија и Фондацијата „Крал Бодуен", Работилница за традициска храна.

2004 *Живот на граница* - проект во организација на Македонското етнолошко друштво - Скопје и Центарот за етнички проучувања – Тирана. Финансиски поддржан од Институт отворено општество - Македонија.
Позиција: истражувач.

2003/ 2004 *Знаења, ставови и однесувања (КАП) – истражување за правата на децата*. Проект во организација на УНИЦЕФ и Институтот за етнологија и антропологија. Финансиски подржан од УНИЦЕФ, Скопје.
Позиција: асистент-координатор.

2002/ 2004 *Што секој адолесцент има право да знае – истражување низ активно учество*. Проект во организација на УНИЦЕФ и Институтот за етнологија и антропологија. Финансиски подржан од УНИЦЕФ, Скопје.
Позиција: истражувач и предавач.

2000/ 2004 *Етнолошко и културно-антрополошко истражување на Порече*, носител на проектот проф. д-р Анета Светиева. Позиција: студент - истражувач.

2002 *Плет – Македонско народно музичко наследство - ЦД*, проект на Македонското студентско етнолошко друштво, Скопје. Позиција: студент - истражувач.

1999/ 2000 *Мултикултурните и етничките особености на четири велешки села* – студентски истражувачки проект, Институт за етнологија и антропологија во соработка со Институтот за социологија, УКИМ, Скопје. Финансиски поддржан од Институт отворено општество - Македонија. Позиција: студент-истражувач.

## ТЕХНИЧКО УРЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНИ ТЕКСТОВИ

2009 Транскрипција од ракопис во текст на делови од Збирката „Gollobordski follkllor" (во два тома), автори: Цветан Мазнику, Вело С. Цфарку, уредник: проф.д-р Вита Која, Botimet „Dita 2000", Тирана.

2008 Конверзија на видеодокументација во текст, Павле Филипов (Васкопулос), За „македонците" и за „грците" работи,

интерактивен час на Павле Филипов Васкопулос со студентите на ИЕА-ПМФ одржан на 25.3.2008 на ИЕА, Етнолог 12-13, редакција: проф. д-р Анета Светиева.

2004 Транскрипција на интервју, Разговор со Дамјан Искренов и Шакир Бујуков од с. Кочан – чеки Помаци од западните Родопи. Автор на интервјуто: проф. д-р Анета Светиева, ЕтноАнтропоЗум, бр. 4, ИЕА, Скопје.

## НАСТАВА НА СТРУЧНИ ПРЕДМЕТИ ВО СРЕДНИ УЧИЛИШТА

2009/10 Предмет: теренска настава, на насоката за традициска музика и игра при МБУЦ „Илија Николовски-Луј", Скопје.

2010/11 Предмет: теренска настава, на насоката за традициска музика и игра при МБУЦ „Илија Николовски-Луј", Скопје.

2012/13 Предмет: етнологија за III година и етнологија за IV година на насоката за традициска музика и игра при МБУЦ „Илија Николовски-Луј", Скопје.

## ПРОЦЕНКА НА ПЕДАГОШКАТА, СТРУЧНАТА И НАУЧНА РАБОТА НА М-Р ИНЕС ЦРВЕНКОВСКА-РИСТЕСКА КАКО ЕТНОЛОГ И ДЕМОНСТРАТОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА

Со запишувањето на студиите по етнологија, кандидатката Инес Црвенковска-Ристеска од првите почетоци покажуваше голем интерес кон етнолошката и антрополошката наука. Во текот на студиите беше активно вклучена во активностите на Македонското студентско етнолошко друштво, преку кое се одвиваа првичните практични запознавања на студентите со етнологијата како идна професија. На тој начин, стручната соработката на кандидатката со професорите и асистентите во делот на техничката, стручната и научно-истражувачката работа беше континуирана и успешна. Високиот просек на додипломските студии, дипломската работа оценета со највисока оцена, максимално високиот постигнат успех на постдипломските студиии, како и континуираното ангажирање на проектите кои се работеа под раководство на ИЕА или на други институции, во 2006 година резултираа со добивање на ангажман како демонстратор на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ во Скопје. За период од шест години, колку што е активно вклучена во наставно-образовниот процес, кандидатката покажува завидно ниво на подготвеност и познавање на материјалот од предметите по кои ги изведува теоретските и лабораториските вежби. Истовремено, забележителен е нејзиниот напор во осовременување на начините на кои ги изведува вежбите и другите активности од делот на студентската едукација. Потребата од помош и соработката што студентите ја бараат, кандидатката несебично им ја дава преку реализираните консултации и разговори остварувајќи колегијален однос на заемно почитување.

Способноста за научноистражувачка работа на кандидатката Инес Црвенковска Ристеска се темели врз солидната теориска подготвеност, како и врз континуираната емпириска практика стекната преку теренските истражувања. Сопствената научна база ја гради врз основа на личниот професионален интерес за маргинализираните групи, за кое истражување се потребни знаење, умешност и искуство со кои таа располага. Токму од таквиот интерес произлезе и истражувањето кое се однесуваше на темата за антропологија на машката истополова сексуалност во Република

Македонија – однесување и идентитет, од што произлезе исклучително квалитетна и високо оценета магистерска работа. Како научноистражувачки континуитет на досега истражуваната област, кандидатката м-р Инес Црвенковска-Ристеска во 2009 година пријави тема за докторска дисертација (која и е одобрена) под наслов „Антропологија на сексуалноста – родовост и промена на биолошки пол по примери на ромската заедница во Скопје".

Паралелно со обврските на Институтот за етнологија и антропологија, Инес Црвенковска-Ристеска работи и е активна на неколку други стручно поврзани полиња како што се следниве: професор по предмети од областа на етнологијата во Музичко-балетскиот училиштен центар „Илија Николовски-Луј", учество во голем број национални и меѓународни апликативни истражувачки проекти, од кои дел се од македонскиот невладин сектор, како и теренски истражувања во рамките на ИЕА, но и во рамките на странски универзитети и други здруженија. Истовремено, учествувала на вкупно 7 (седум) стручни и научни собири во земјава и во странство со реферати, објавила 10 (десет) научни трудови, од кои 4 (четири) во стручно-научни списанија со меѓународен уредувачки одбор.

Како резултат на завидната биографија и библиографија, како и преку стручната и педагошка работа во период од шест години колку што е ангажирана како демонстратор на ИЕА, кандидатката м-р Инес Црвенковска-Ристеска покажа дека може со голема успех, одговорно и професионално да се носи со поставените задачи и очекувања кои се во делот на обрвските на наставно-научниот и стручниот кадар на ИЕА, ПМФ, Скопје.

## М-р ВАЊА ДИМИТРИЕВСКИ

### КРАТКА БИОГРАФИЈА

**Професија:** етнолог – дипломиран етнолог и магистер на етнолошки науки. Демонстратор на Институтот за етнологија и антропологија по предметите: културна антропологија, антропологија на религија, менаџмент во културата, политичка антропологија, етнички процеси и културни ареали на Балкан, вовед во методологија, применета антропологија, како и по неколку (3) изборни предмети.

**Датум на раѓање:** 27.10.1973 (Скопје)

### ОБРАЗОВАНИЕ

| | |
|---|---|
| 2011 | Прифатен Извештај за оцена на подобност на пријавена тема за изработка на докторска дисертација под наслов: **„Етнолошките и антрополошките дискурси во креирањето политики за употреба на droги во Република Македонија од 1991 до 2011 година"**. |
| 11/2009 | Стекнат степен магистер на етнолошки науки на тема: **„Менување на општествените вредности низ културен активизам на граѓанските здруженија во Македонија"**. |
| 2000-2007 | Постдипломски студии на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет – Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје. Просечен успех 9,88 (девет запирка осумдесет и осум). |
| 1999 | Се стекнал со степен дипломиран етнолог. |
| 1993/4 | Запишал додипломски студии на Институтот за етнологија и |

антропологија при Природно-математичкиот факултет – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

## ПРОФЕСИОНАЛНО АКАДЕМСКО ИСКУСТВО

2005 Демонстратор на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

## СТРАНСКИ ЈАЗИК

Англиски јазик

## СПИСОК НА ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ

2011 *Унапредување на правото на пристап до социјални и здравствени услуги за Ромите што употребуваат дроги*, ХОПС, Опции за здрав живот, Скопје.

2008 *Брза проценка и одговор на потребите и можностите за спроведување активности за превенција и помош при употреба на дроги меѓу средношколската младина на град Скопје*, ХОПС, Опции за здрав живот, Скопје и Град Скопје.

2006 *Изменети состојби на свест: Скопска клупска сцена.* Roaming Anthropology, Београд: Клуб студената етнологије и антропологије – КСЕА, Београд.

2000 *Регулирање на личниот статус преку учество во младинска неформална група организирана врз основа на интересот за електронска „денс“ музика и истиот начин на забава*, ЕтноАнтропоЗум, бр. 1, Институт за етнологија и антропологија, Скопје.

## СПИСОК НА ТРУДОВИ ОБЈАВЕНИ ВО КОАВТОРСТВО

2007 *Mapping and Community Based Research Study on Most at-Risk Adolescents to HIVAIDS/STI.* UNICEF.

2005 *She work, HIVAIDS and Human Rights in Central and Eastern Europe and Central Asia.* Vilnius: CEHRN.

2002 *Rapid Assessment and Response to Risk-Prone Sexual Behavior and Use of Psychoactive Substances in Highly Vulnerable Groups of Young Persons Aged 10 To 24 in the Republic Of Macedonia.* UNICEF. http://www.cpha.ca/uploads/progs/infectious/rarmaced.pdf (посетено на 05.04.2012)

2002 *Rapid Assessment and Response on HIV/AIDS among Especially Vulnerable Young People in South Eastern Europe.* UNICEF. http://www.cpha.ca/uploads/progs/infectious/rarunicf.pdf (посетено на 05.04.2012)

## УЧЕСТВА НА СИМПОЗИУМИ, СЕМИНАРИ, КОНФЕРЕНЦИИ, ОБУКИ, ТЕРЕНСКИ ИСТРАЖУВАЊА

2006 Обука за дизајнирање и спроведување на квалитетно истражување

помеѓу млади под особен ризик од ХИВ/СПИ, организатор: Канцеларија на УНИЦЕФ во Скопје, Битола.

2006 IV студентска конференција за етнолошки и антрополошки прашања, интернационална соработка и интелектуална размена, *The Balkan in a New context*, со: *Конференција за прекугранична соработка*, Струга.

2004 *Roaming Anthropology*, Регионален семинар за супкултури и нивната улога во општеството, Белград.

2003 *Менаџмент во културата*, Семинар за обука на менаџмент во културата, за целите на Етнолошкиот образовен истражувачки центар во Растеш, во организација на Македонското студентско етнолошко друштво, Институтот за етнологија и антропологија, во Скопје и Одделението за етнологија и културна антропологија од Љубљана, Самоков.

2003 Семинар за обука за развивање на комуникациски стратегии во рамките на проектот *Што секој адолесцент има право да знае – истражување низ активно учество*. Белград.

2003 *Глобален семинар на УНИЦЕФ за проектот „Што секој адолесцент има право да знае – истражување низ активно учество“*, Њујорк.

2002 Конференција за јавно здравство, *Презентација на резултатите од БПР за ХИВ/СИДА помеѓу младите луѓе на возраст од 12 до 24 години во Македонија, делот за инјавенски корисници на дроги*, Отава.

2002 Студиски престој во Отава, Монктон и Халифакс во Канада, со посета на организации кои работат со општествено маргинализирани групи и превенција на ХИВ/СИДА.

2002 Воведен семинар за проектот *Што секој адолесцент има право да знае – истражување низ активно учество*, Белград.

2001 Обука за брза проценка и реакција за ХИВ/СИДА помеѓу особено ранливи групи на млади луѓе, Неум.

2000 Семинар за планирање и раководење во невладините организации. Будимпешта.

1999 Конференција за Југоисточна Европа за намалување на штетите од употребата на дроги, Скопје.

1999 Регионален семинар на Југоисточна Европа за намалување на штетите од употребата на дроги, Скопје.

## ОДРЖАНА ОБУКА

2012 *Општествени истражувања за дроги: потреби, методологија, практика*, Летна школа за зависности, Организатор: Здружение ХОПС – Опции за здрав живот, одржана од 27.6. до 4.7.2012, Охрид.

2009 *Вовед во менаџмент на културата и културната политика*, семинар за обука на претставници на ансамблите за традиционални песни и игри од Македонија, Илинденски денови, Битола.

2006 Реализирана обука на тема: *Истражување за проценка на потребите на општествено маргинализираните и ранливите групи како предуслов за развивање на ефикасни услуги.*

2005 Реализирани четири обуки на тема: *Улогата и предностите на квалитативното истражување при развивање програми за намалување на штети и работа со општествено маргинализирани и ранливи групи.*

2002 *Дополнително образование за децата на училишна возраст во Самоков*, Основна обука за ИКТ, Самоков.

2002/ 2004 Предавач на повеќе воведни семинари за проектот *Што секој адолесцент има право да знае – истражување низ активно учество*, за локалните тимови во Македонија.

2003 Предавач на воведниот семинар за обука на млади истражувачи за проектот *Знаење, ставови и практика – Истражување за правата на децата во Македонија*, Битола.

2002 Предавач на воведниот семинар за проектот *Што секој адолесцент треба да знае*, Истражување низ активно учество, Охрид.

2002 Спроведена обука за локални истражувачки тимови за целите на истражуванот проект *Проценка на ризичното однесување на инправенските корисници на дроги и на факторите кои претставуваат предуслов за ризичното однесување во Македонија*, Скопје.

2001 Спроведена обука за локални истражувачки тимови за целите на истражуваниот проект *Брза проценка и реакција за ХИВ/СИДА помеѓу млади луѓе на возраст од 12 до 24 во Република Македонија*, Скопје.

## УЧЕСТВА ВО ПРОЕКТИ

2012 *Унапредување на квалитетот на програмите за лекување на зависности од дроги во Скопје*, финансиран од буџетот на Р. Македонија за потребите на ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, Скопје. Позиција: главен истражувач и автор/коавтор на завршниот извештај

2011 *Знаења, ставови и практики поврзани со туберкулоза заштапени групите најранливи на туберкулоза.* За потребите на ХОБС – Опции за здрав живот, Скопје, и Министерството за здравство на Р. Македонија. Финансиран од Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија. Позиција: главен истражувач и автор на заврчниот извештај.

2011 *Унапредување на правото на пристап до социјални и здравствени услуги за Ромите што употребуваат дроги.* За потребите на проектот “Roma Health Project” на ХОПС – Опции за здрав живот, Скопје. Проект финансиран од Институтот отворено општество – Будимпешта. Позиција: самостоен истражувач и автор на завршниот извештај.

2010 *Мапирање и проценка на условите и можностите за спроведување програми за рехабилитација и ресоцијализација на осуденици*

*зависни од дроги во КПД-Идризово.* За потребите на проектот "Piloting Prison Reform Aligned with EU Required Standards" – на ХОПС – Опции за здрав живот, Скопје, финансиран од ОБСЕ. Позиција: самостоен истражувач и автор на завршен извештај.

2008 *Брза проценка и одговор на потребите и можностите за спроведување активности за превенција и помош при употреба на дроги меѓу средношколската младина во град Скопје.* Истражувачки проект на Град Скопје и ХОПС – Опции за здрав живот Скопје. Позиција: главен истражувач.

2006 *Мапирање и студија заснована во заедницата за адолесценти под посебен ризик,* Институт за етнологија и антропологија-ПМФ-Скопје во соработка со Македонската мрежа за намалување на штети. Позиција: асистент-истражувач.

2006 *Со уметност до општествените промени или дали постои поддржувачка околина за младите уметници,* Проект: Стимулација и промоција на млади уметници, Младински центар Погон. Позиција: самостоен истражувач.

2005/ 2006 *Правата на здравствена заштита на лицата кои употребуваат дроги и нивна практична реализација,* Македонска мрежа за намалување на штети и Доверба, Позиција: истражувач.

2005 *Истражување за проценка на достапноста на здравствените и социјалните услуги за младите во Македонија, со акцент на ранливите групи на млади луѓе,* проект: Младински пријателски служби. Позиција: помошник-истражувач.

2004 *Поречки панаѓур,* проект наменет за заживување на традиционалните културни вредности и промоција на природните и културните вредности на етничкиот предел Порече, Самоков. Позиција: помошник-раководител.

2002/ 2004 *Што секој адолесцент има право да знае, Истражување низ активно учество,* проект поддржан од УНИЦЕФ. Позиција: предавач и истражувач.

2003 *Менаџмент во културата,* Организациија на Семинар за обука, за целите на Етнолошкиот образовен центар „Растеш", Растеш.

2003 *Заштита на децата – знаења, ставови, однесување,* Истражувачки проект за правата на децата во Македонија. Позиција: раководител на истражувачки тим и истражувач.

2001/ 2003 *Проценка на ризично однесување на интравенските корисници на дроги и на факторите кои претставуваат предуслов за ризичното однесување во Македонија,* спроведено од ХОПС – Опции за здрав живот. Скопје. Позиција: главен истражувач.

2001/ 2002 *Брза проценка и реакција за ХИВ/СИДА помеѓу млади луѓе на возраст од 12 до 24 во Република Македонија,* спроведено за потребите на УНИЦЕФ. Позиција: локален координатот.

2000 *Брза проценка и реакција за ризичното однесување на Ромите корисници на дроги во Шуто Оризари,* Скопје, спроведено од ХОПС – Опции за здрав живот. Позиција: истражувач.

1999 *Евалуација на програмите за размена на прибор за инјектирање во Македонија.*
Позиција: истражувач.

## ПРОЦЕНКА НА ПЕДАГОШКАТА, СТРУЧНАТА И НАУЧНА РАБОТА НА М-Р ВАЊА ДИМИТРИЕВСКИ КАКО ЕТНОЛОГ И ДЕМОНСТРАТОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА

Кандидатот м-р Вања Димитриевски уште како студент се издвојуваше по својата заинтересираност за конкретни прашања од областа на етнологијата и културната антропологија. Неговиот интерес главно е насочен кон антропологија на граѓанскиот активизам како релативно нова појава проучувана во културната антропологија. Активностите ги започнува во Македонското студентско етнолошко друштво од каде што потоа продолжува со соработка на неколку проекти со колегите, асистентите и наставниците на Институтот за етнологија и антропологијата. Со солидниот покажан резултат во текот на студиите, како и високо оценетата дипломска работа, а како резултат на континуираната и успешна работа особено во делот на апликативната, применета антропологија, во 2005 година е назначен за демонстратор по група предмети од областа на етнологијата и антропологијата. Како демонстратор, м-р Вања Димитриевски совесно и одговорно ги извршува обврските и задачите кои се поставуваат пред него, а во односот со студентите до израз доаѓа неговата способност за комуникација и соработка, во реализирањето на нивните интереси и обврските околу студиите.

По завршувањето на предвидените испити од постдипломските студии (со просек од 9,88), во 2009 година, со успех ја одбранил магистерската теза на тема „Менување на општествените вредности низ културен активизам на граѓанските здруженија во Македонија". Напоредно со работењето на магистерската теза, кандидатот Димитриевски продолжува да работи на проекти кои се однесуваат на маргинализираните групи со посебен акцент на младите корисници на дроги и нивниот статус во општеството. Како резултат на ваквата интересна сфера, во 2011 година му беше одобрена тема за изработка на докторска дисертација под наслов „Етнолошките и антрополошките дискурси во креирањето политики за употреба на дроги во Република Македонија од 1991 до 2011 година".

Релативно големата актива на кандидатот Вања Димитриевски е од областа на граѓанскиот активизам и невладиниот сектор. Активата се состои од проекти, обуки, семинари, предавања, истражувања кои ги посетувал, а не е мал и бројот на реализации каде што тој бил носител или главен одржувач на овие обуки. За сметка на ваквата завидна актива од овој домен, недостасува актива која би се однесувала на истражувања, посети, учества, со реферати и текстови презентирани на научни симпозиуми, собири и стручно-научни конференции од областа на етнологијата и антропологијата организирани во земјава и во странство. Покрај реализирани повеќе од дваесетина обуки и семинари, само 2 се од ваков вид, кои резултирале со објавени научни реферати во стручни и научни списанија, што претставува недостаток во активата. Освен тоа, од доставениот материјал на објавените реферати во коавторство, не може да се види со кого е остварено коавторството. Гледано од овој аспект,

потребно е поголемо ангажирање со цел да се оствари потребниот квантум на ваква актива.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на биографските, библиографските и другите податоци кои се однесуваат на стручната подготовка, педагошката, стручната и научно-истражувачката дејност, Комисијата констатира дека двајцата пријавени кандидати, м-р Инес Црвенковска-Ристеска и м-р Вања Димитриевски, ги исполнуваат законски предвидените услови и академски норми за пријавување на конкурсот за избор-прием на еден помлад асистент на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет, од УКИМ, Скопје. Рецензентската комисија, со големо внимание, поодделно ги разгледа пристигнатите пријави за активата на секој кандидат, и се определи за кандидатката **Инес Црвенковска-Ристеска, магистер на етнолошки науки и демонстратор на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ во Скопје.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Кандидатката м-р Инес Црвенковска-Ристеска шест (6) години е ангажирана како демонстратор на Институтот за етнологија и антропологија, каде што одговорно и со успех се носи со поставените работни обврски. Завидни резултати остварува и во делот кој е предвиден за сопствено усовршување, реализирано преку максимално постигнатиот резултат на додипломските и постдипломските студии. Со голем мотив за работа, ангажирана е на повеќе стручни и научни задачи, како и истражувачки проекти од широк спектар на етнолошки и антрополошки домен, што се гледа од приложената актива и библиографски единици од повеќе подрачја од областа на етнологијата и антропологијата. На тој начин, Рецензентската комисија смета дека досегашните покажани резултати ја оправдуваат довербата која и е укажана на кандидатката.

## П Р Е Д Л О Г

Врз основа на изнесеното во Извештајот, Комисијата смета дека иако и двајцата кандидати пријавени на конкурсот ги задоволуваат законските и академските критериуми, кандидатката м-р Инес Црвенковска-Ристеска има поголема и содржински побогата актива од областа на етнологијата и антропологијата. Во таа смисла, имаме чест на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, да му предложиме да ја избере **м-р Инес Црвенковска-Ристеска во звањето помлад асистент на Институтот за етнологија и антропологија на ПМФ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.**

## РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Мирјана Мирчевска, вонреден професор на ПМФ, с.р.
2. Д-р Илина Јакимовска, доцент на ПМФ, с.р.
3. Д-р Даворин Трпески, доцент на ПМФ, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ЕРГОНОМИЈА“ ОД АВТОРИТЕ

## Д-Р РАДМИЛ ПОЛЕНАКОВИЌ, Д-Р ЈАСМИНА ЧАЛОСКА И М-Р БИЛЈАНА НАУМОВСКА

Врз основа на членовите 15 и 16 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на својата редовна седница одржана на 27.9.2012 година, донесе одлука за издавање на учебник под наслов ЕРГОНОМИЈА подготвен од д-р Радмил Поленаковиќ, д-р Јасмина Чалоска и м-р Билјана Наумовска, и определи Рецензентска комисија за ракописот, во состав:

1. проф. д-р Љубен Дудески, Машински факултет – Скопје и
2. проф. д-р Ванчо Донев, Машински факултет – Скопје.

По направениот детален увид во ракописот, на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје му го доставувам следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Ракописот ЕРГОНОМИЈА, подготвен од д-р Радмил Поленаковиќ, д-р Јасмина Чалоска и м-р Билјана Наумовска, е авторски труд изложен на вкупно 342 страници (вклучувајќи ја и литературата). Содржината на ракописот е проткаена со бројни слики и табели, што дополнително ја појаснува предметната материја. Ракописот содржи 160 слики, 30 табели и 4 дијаграми.

Предметната материја е поделена во 14 поглавја. Секое поглавје се состои од главен дел во кој е претставена тематската единица што се обработува, а на крајот од секое поглавје се приложени прашања од темата и користената литература. Ракописот „Ергономија“ се состои од следниве поглавја:

1. Вовед во ергономијата
2. Антопрометриски аспект на системот човек-машина

3. Перцепција на амбиентот
4. Принципи на ергономијата
5. Ергономијата во функција за подобрување на квалитетот
6. Ергономски дизајн на работно место во современите канцеларии
7. Работно место и организација на работно место
8. Дизајн и уредување на командните уреди и симболичните инструменти
9. Ергономско уредување на работната средина
10. Ритам на телото, работа во смени и ефекти од алкохол
11. Несреќи, грешки и безбедност при работа
12. Истегнување на работното место
13. Ергономија за посебни групи на лица
14. Виртуелни работни места

Согласно со пропишаните услови во Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, предложениот ракопис е изработен во согласност со стандардите за изданија наменети за наставно-образовен процес и ги содржи сите елементи на овие стандарди, што претставува основа за универзитетско издание кое се користи како извор на знаење во процесот на универзитетското образование.

## 2. ОПИС НА СОДРЖИНАТА НА РАКОПИСОТ

Првото поглавје започнува со претставуање на историскиот развој на оваа наука која како мулти и интердисциплинарна област своите основи ги црпи во повеќе области: биолошката антропологија, генетиката, анатомијата, филозофијата, биомеханиката, психологијата, индустриски дизајн, проектирање на системи, организација на работното место и др. Целта на ергономијата е да овозможи удобни услови за работа и живеење (без оглед дали станува збор за работно место или за простории и услови за секојдневно живеење) преку дизајнирање на производи и опрема кои се квалитетни, сигурни и ефикасни за користење. Авторите ги истакнуваат сите предности кои се добиваат со примената на ергономијата за крајните корисници, но и за компаниите кои користејќи ги ергономските принципи можат да се здобијат со конкурентска предност.

Антропометриските аспекти на системот човек-машина-работно место, се суштината на второто поглавје. Имајќи ги предвид потребите за дизајнирање за нормална популација на луѓе, во ова поглавје антропометријата е претставена како област којашто нуди информации за димензиите на човековото тело. Притоа претставени се различни техники и методи за мерење на антропометриските карактеристики. На крајот од поглавјето се објаснува хаптичкиот простор.

Во третото поглавје, не навлегувајќи во подетална анатомска елаборација, даден е базичен приказ на петте човечки сетила: видот, слухот, мирисот, вкусот и допирот, во функција на разбирање на перцепцијата на амбиентот.

Основните принципи на ергономијата се суштината на четвртото поглавје. Се потенцира фактот дека: луѓето се различни, имаат ограничувања и имаат одредени очекувања и предвидливи реакции. Исто така се истакнува и дека човечки е да се греши. Во таа насока, авторите детално ги разработуваат десетте физички и десетте когнитивни принципи на ергономијата.

Петтото поглавје се фокусира на ергономијата како алатка, пристап, филозофија, за подобрување на квалитетот. Притоа на ергономијата се гледа како средство со кое ќе се овозможи зголемување на задоволството кај потрошувачите со континуирано подобрување на квалитетот на производите и услугите. Сè почесто компаниите го користат ергономскиот дизајн како средство за промоција и создавање на конкурентска предност.

Шестото поглавје е посветено на канцелариското работење. Во современи услови на стопанисување, скоро и да нема канцелариско и/или административно место кое не вклучува користење на компјутерската техника. Во ова поглавје дадени се принципите за дизајнирањето на административни работни места со фокус на позиционирањето на компјутерската опрема (растојание, висина, осветлување, паузи во текот на работното време, и сл.).

Седмото поглавје се надоврзува на претходната тема со анализата на работното место, со посебен фокус на организацијата на работното место. Претставени се и дадени 20 мерки кои треба да се применуваат на работните места, за да се обезбеди ефикасна работа, и истовремено избегнување на повреди на работното место.

Наредното поглавје (осмо) ги обработува дизајнот и уредувањето на командните уреди и симболичните инструменти. Претставени се ергономски решенија за правилно подредување и групирање на командите, а дадени се и препораки за дизајнирање на инструментите од аспект на подобра читливост, контраст, побрза реакција на соодветните сигнали и сл.

Во деветтото поглавје се разработени елементите на микрооколината на работното место: бучавата, вибрациите, осветлувањето, микроклимата и хемиските супстанции. Дадени се соодветни препораки за дозволеното ниво на оптоварување на човечкиот организам по одделни фактори.

Десеттото поглавје се однесува на анализата на некои специфични карактеристики кои влијаат на нормалното одвивање на работата: ритамот на телото, работата во смени и ефектите од алкохол врз човечкото тело.

Авторите, истакнувајќи поголем број на примери за несреќи и смртни случаи на работните места, во единаесеттото поглавје посветуваат должно внимание и на принципите на безбедноста при работа. Предложена е систематизација на грешките кои

се јавуваат во работењето, а дадени се и предлози за справување со грешките (нивно превенирање и отстранување). Се укажува и на обврските на работодавачите, како и на правата и обврските на вработените.

Во дванаесеттото поглавје се истакнуваат проблемите кои се јавуваат при незгодно, неправилно седење, односно при немањето на ергономско дизајнирано столче. Презентирани се низа на вежби кои имаат за цел да го превенираат заморот и повредите при лошото седење и да овозможат попријатно користење на работното столче

Тринаесеттото поглавје се однесува на ергономијата за посебни групи на лица. На ергономијата се гледа како за можност на подобрување на животот на инвалидните лица.

Последното, четиринаесеттото поглавје се однесува на примената на современите компјутерски системи и софтверски пакети во анализата на работните места. Разработен е еден од најсовремените софтверски пакети за дизајнирање на виртуелно работно место JACK на компанијата Simens. Презентирани се алатките кои се користат во ергономски анализи, како и предлозите за подобрување кои стојат на располагање на дизајнерот.

На крајот од книгата е поместена користената литература.

## 3. ОЦЕНА НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК

Во ракописот ЕРГОНОМИЈА на едноставен и за студентите прифатлив начин е презентирана материја која е од исклучително значење во областа на безбедноста и заштитата при работа, како и дизајнот на работните места и опрема.

Ракописот првенствено е наменет за предметот ергономија, кој се слуша на додипломските студии на насоката индустриско инженерство и менаџмент, на Машинскиот факултет, каде што овој предмет се изучува повеќе од петнаесет години.

Содржини од ракописот ќе можат да се користат и на другите студиски програми како што се: студиските програми на постдипломските студии на Машинскиот факултет - PLM – Product Lifecycle Management, безбедност и ризици при работа, докторските студии при Машинскиот факултет, кај предметот ергономија на постдипломските студии на ИСППИ при УКИМ, итн.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Предложениот ракопис, ЕРГОНОМИЈА, во целост е изработен согласно со пропишаните услови во Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св.

Кирил и Методиј" во Скопје. Ракописот ги задоволува сите стандарди за изданија наменети за наставно-образовниот процес и ги содржи сите елементи на овие стандарди, што претставува основа за универзитетско издание на учебник.

Ракописот ја надополнува празнината во универзитетската техничката литература во Република Македонија која се однесува на областа ергономија, заштита и безбедност при работа. Материјалот е презентиран на начин во кој се применети сите современи знаења и светските трендови во оваа област. Разработените и презентираните примери од сопственото искуство на авторите, како и анализите на цитираните референци покажуваат сеопфатност во разработената материја.

Врз основа на сето погоре изнесено за ракописот ЕРГОНОМИЈА, му предлагам на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје да го прифати и одобри издавањето на овој ракопис како учебник.

1.11.2012 год, Скопје

Член на Рецензентската комисија

Проф. д-р Ванчо Донев с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ЕРГОНОМИЈА“ ОД АВТОРИТЕ

## Д-Р РАДМИЛ ПОЛЕНАКОВИЌ, Д-Р ЈАСМИНА ЧАЛОСКА и М-Р БИЛЈАНА НАУМОВСКА

Врз основа на членовите 15 и 16 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на својата редовна седница одржана на 27.9.2012 година, донесе одлука за издавање на учебник под наслов ЕРГОНОМИЈА подготвен од д-р Радмил Поленаковиќ, д-р Јасмина Чалоска и м-р Билјана Наумовска, и определи рецензентска комисија за ракописот, во состав:

1. проф. д-р Љубен Дудески, Машински факултет – Скопје и
2. проф. д-р Ванчо Донев, Машински факултет – Скопје.

По прегледот на доставениот ракопис, како рецензент, на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје му го доставувам следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Предложениот ракопис ЕРГОНОМИЈА подготвен од д-р Радмил Поленаковиќ, д-р Јасмина Чалоска и м-р Билјана Наумовска, е авторски труд изложен на вкупно 342 страници. Содржината на ракописот е збогатена со бројни слики и табели што придонесува за збогатување на разбирливоста на изложената материја. Во презентираниот материјал вкупно се поместени 160 слики, 30 табели и 4 дијаграми. Ракописот е изложен на литературен македонски јазик со користење на соодветна стручна терминологија.

Содржината на ракописот е систематизирана во 14 поглавја. На крајот од секое поглавје дадени се прашања за проверка на знаењето во соодветната тема, како и користена литература. Во ракописот се обработени следниве поглавја:

1. Вовед во ергономијата
2. Антопрометриски аспект на системот човек-машина
3. Перцепција на амбиентот
4. Принципи на ергономијата
5. Ергономијата во функција за подобрување на квалитетот
6. Ергономски дизајн на работно место во современите канцеларии
7. Работно место и организација на работно место
8. Дизајн и уредување на командните уреди и симболичните инструменти
9. Ергономско уредување на работната средина

10. Ритам на телото, работа во смени и ефекти од алкохол
11. Несреќи, грешки и безбедност при работа
12. Истегнување на работното место
13. Ергономија за посебни групи на лица
14. Виртуелни работни места

Согласно со пропишаните услови во Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, предложениот ракопис е изработен во согласност со стандардите за изданија наменети за наставно-образовниот процес и ги содржи сите елементи на овие стандарди, што претставува основа за универзитетско издание кое се користи како извор на знаење во процесот на универзитетското образование.

## ОПИС НА СОДРЖИНАТА НА РАКОПИСОТ

Ракописот ЕРГОНОМИЈА систематски и детално ја разработува обработуваната материја со голем број илустрации и примери.

Во првото поглавје покрај историскиот развој на оваа наука, посебно е назначено дека ергономијата претставува наука која, покрај инженерството, ги опфаќа биолошката антропологија, генетиката, анатомијата, филозофијата, биомеханиката, психологијата, дизајнот и др. Сите знаења од овие дисциплини, ергономијата ги користи за да дизајнира производи кои се удобни, сигурни и ефикасни за користење. Назначени се сите поволности кои се добиваат со примената на ергономијата, како и целите кои ги поставува за зголемување на ефективноста и ефикасноста на работењето.

Антропометриските аспекти на системот човек-машина, разработени се во второто поглавје. Антропометријата е претставена како научна дисциплина која што нуди информации за димензиите на човековото тело. Прикажани се техниките и методите за мерење на антропометриските карактеристики, преку кои можат да се дефинираат хипотетичките површини и простор. Дефинирани се: нормалната хипотетичка површина и максималната хипотетичка површина и прикажано е нивното значење во проектирањето на работниот простор.

Перцепцијата на амбиентот како една битна компонента од ергономијата е разработена во третото поглавје. Детално се прикажани и разработени петте човечки сетила: видот, слухот, мирисот, вкусот и допирот со осврт на нивното користење во ергономските принципи.

Во четвртото поглавје се разработени основните принципи на ергономијата. Укажано е дека при дизајнирањето на работните места, покрај тоа што треба да се користат антропометриските мерки, треба да се внимава и на трите основни човечки фактори: луѓето се различни, имаат ограничувања и имаат одредени очекувања и предвидливи реакции. Дефинирани се и детално разработени десетте физички принципи.

Во петтото поглавје се разгледува ергономијата во функција за подобрување на квалитетот. Посочена е главната цел за зголемување на задоволството кај потрошувачите со континуиран квалитет на производите, што се остварува преку т.н. куќа на квалитет.

Канцелариското работење во современи услови во голема мера се базира на користење на компјутерската техника. Дизајнирањето на административните работни места со посебен осврт на користењето на компјутер, детално е разработено во шестото поглавје со, одредени препораки за растојанието на работните објекти, осветлување, паузи при работа со екрани и др.

Во седмото поглавје се анализирани работното место и организацијата на работното место. За да се избегнат повредите на работното место, а истовремено да се зголеми ефикасноста на работниците, потребно е да се обезбедат работни услови кои ќе ги задоволуваат сите потреби на вработените. За таа цел, во ова поглавје се дадени мерките кои треба да се имплементираат на работните места, за да се добијат подобри резултати од вработените, зголемен учинок и подобра благосостојба.

Ергономијата посебно внимание посветува на дизајнот и уредувањето на командните уреди и симболичните инструменти. Оваа проблематика е разработена во осмото поглавје. Разработени се ергономски решенија за правилно подредување и групирање на командите: поставување на командите за полесно ракување; приоритет на примарните команди; заедничко поставување на групно сродните команди; поставување на командите за последователно работење; постојаност и распоред на доволно растојание; заштита од ненамерно активирање; итн. Прикажани се најчесто користените командни операции: активирање или исклучување, дискретно подесување, квантитативно подесување, примена на постојана контрола и внесување на податоци.

Деветтото поглавје го третира ергономското уредување на работната средина. Разработени се сите фактори кои влијаат врз амбиентот на работната средина како што се: бучавата, вибрациите, осветлувањето, микроклимата и хемиските супстанции.

Во десеттото поглавје се разработени специфичностите во обезбедувањето на ергономските услови на работа, а како највлијателни фактори анализирани се: ритамот на телото, работата во смени и ефектите од алкохол.

Областа од безбедноста при работа е разработена во единаесеттото поглавје. Драматичните показатели за несреќите и смртните случаи на работните места укажува на потребата за анализа на грешките и другите фактори кои влијаат врз безбедноста при работа. Направена е систематизација на грешките: грешки од пропуст, грешки од наложување, последователни и временски грешки, како и разработено е справувањето со грешките. Во областа на безбедноста при работа се укажува на обврските на работодавачите, како и правата и обврските на вработените. Прикажани се методологиите за проценка на ризик на работното место и објаснето е значењето од имплементацијата на системите за безбедност при работа.

Долгото седење предизвикува низа проблеми кај човечкото тело, кои се рефлектираат врз ефикасното работење. Со воведување на ергономски дизајн во современите канцеларии

значително се редуцираат повредите кај вработените, но тие можат целосно да се елиминираат, доколку се воведат физички вежби, односно истегнувања. За таа цел во дванаесеттото поглавје е разработена проблематиката за вежби со истегнување на разни работни места.

Тринаесеттото поглавје разработува специфична проблематика која ја третира ергономијата за посебни групи на лица. Посебен осврт е прикажан на ергономијата како клуч за подобрување на животот на инвалидните лица.

Во четиринаесеттото поглавје е направен современ пристап кон анализа на работните места со примена на компјутерски поддржаните системи. Разработен е еден од најсовремените софтверски пакети за дизајнирање на виртуелно работно место. Направен е преглед на алатките за ергономски анализи со комплетен приказ на сите алатки: проблемите кои ги решава, како се користи, кои информации ги генерира и како се интерпретираат резултатите. На крајот е даден и пример со кој се покажува примената на разработениот софтвер во подобрување на работните услови на инвалидизирано лице.

## ОЦЕНА НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК

Анализата на темите и содржината на ракописот ЕРГОНОМИЈА покажува дека разработената материја во целост одговара и ја покрива предложената програма за предметот ЕРГОНОМИЈА за насоката на додипломските студии: индустриско инженерство и менаџмент.

Исто така, ракописот претставува литературен извор и за повеќе предметни програми на другите студиски програми, меѓу кои се:

корпоративна општествена одговорност, за студиска програма на постдипломските студии:

- PLM – Product Lifecycle Management;

- безбедност и ризици при работа, докторски студии при Машинскиот факултет;

- ергономија, постдипломски студии на ИСППИ;

- ергономски аспекти во проектирањето, постдипломски студии на насока ПИ;

- други предмети во кои се третира работното место и условите при работа, на Машинскиот факултет, како и на сите технички факултети.

Предложениот ракопис во целост е изготвен согласно со критериумите за универзитетски учебник наменет за наставно-образовниот процес и претставува авторски труд кој одговара на категоризацијата за учебник.

Предложениот ракопис ЕРГОНОМИЈА, изготвен на македонски јазик, ќе биде исклучително корисен за студентите од техничките науки, но исто така ќе претставува

посебен литературен извор за инженерите од практиката. Со својата содржина и разработената материја ќе даде поттик за примена на современите методи за создавње на хумани услови на секое работно место.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Предложениот ракопис ЕРГОНОМИЈА во целост е изработен согласно со пропишаните услови во Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Ракописот е изработен и ги задоволува сите стандарди за изданија наменети за наставно-образовниот процес и ги содржи сите елементи на овие стандарди, што претставува основа за универзитетско издание на учебник.

Ракописот претставува оригинален авторски труд, презентиран на современ начин, користејќи ги светските трендови во оваа област. Разработените и презентираните примери од сопственото искуство на авторите, како и анализите на цитираните референци покажуваат сеопфатност во разработената материја. Според тоа, ракописот, како учебник, ќе претставува литературен извор кој ќе обезбеди современи знаења за студентите од сите степени на техничките студии на сите факултети од државата. Исто така, ќе претставува корисна литература за техничкиот кадар и менаџерите на сите претпријатија во Република Македонија.

Врз основа на сето погоре изнесено за ракописот ЕРГОНОМИЈА, му предлагам на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје да го прифати и одобри издавањето на овој ракопис како учебник.

29.10.2012,Скопје

Член на Рецензентската комисија

Проф. д-р Љубен Дудески с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРИДОНЕС КОН МЕТОДИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОПТИМАЛНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ХИДРАУЛИЧНО ПОВРЗАНИ ХИДРОЕЛЕКТРИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА РАЗЛИЧНИ СОПСТВЕНИЦИ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ИГОР ГИЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје број 02-2481/16 од 26.IX 2012 година, одредени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р ИГОР ГИЕВСКИ, со наслов ПРИДОНЕС КОН МЕТОДИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОПТИМАЛНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ХИДРАУЛИЧНО ПОВРЗАНИ ХИДРОЕЛЕКТРИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА РАЗЛИЧНИ СОПСТВЕНИЦИ.

По извршениот преглед на докторската дисертација, до Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Општи податоци за докторската дисертација

Докторската дисертација со наслов ПРИДОНЕС КОН МЕТОДИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОПТИМАЛНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ХИДРАУЛИЧНО ПОВРЗАНИ ХИДРОЕЛЕКТРИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА РАЗЛИЧНИ СОПСТВЕНИЦИ од м-р ИГОР ГИЕВСКИ е изложена во 8 поглавја, при што заедно со заклучокот и библиографијата, дисертацијата содржи 134 страници. Во листата на користена литература, во дисертацијата се приложени и референци на кои кандидатот се јавува како автор и ги објавил во списанија на трудови на конференции од проблематиката на докторската дисертација.

### 2. Предмет на докторската дисертација

Со преструктурирањето на елекроенергетските системи на различни земји во последните дваесет и повеќе години, од вертикално интегрирани електроенергетски системи настанаа хоризонтално интегрирани електроенергетски системи. Во многу случаи производителите на енергија, преносниците на енергијата на висок напон и дистрибутерите на електрична енергија на среден и низок напон се различни компании. Некои од нив се приватни компании, а некои државни. Таквата различна сопственост на електроенергетските системи, кои по природа се единствени техничко-технолошки целини, резултираше со појава на нови и сложени проблеми во експлоатација на електроенергетските системи. Причините за тоа се што различните сопственици на одделни делови на системот (производство, пренос, дистрибуција), честопати, природно имаат спротивставени интереси.

Од друга страна, дистрибуциите на електроенергетските системи во разни земји поседуваат (а таков е случајот и кај нас) т.н. дистрибутивни централи, така што новите сопственици на дистрибутивните системи, освен со лиценци за дистрибуција и

снабдување на потрошувачите со електрична енергија, се стекнаа и со лиценца за производство на електрична енергија од малите централи директно приклучени, сега, на нивните дистрибутивни системи. Освен тоа, го користат и правото да се јавуваат на тендери распишани од владите на одделни земји за изградба на мали хидроелектрични централи. Па, во многу случаи, како добитници на тендерите да стекнат право да градат нови мали хидроелектрични централи, стануваат значителни чинители во процесот на производство на обновлива електрична енергија од нивните хидрокапацитети. Сето тоа дополнително го усложнува процесот на производство на електрична енергија во електроенергетските системи.

Математичкото моделирање на проблемите сврзани со заедничка работа на две или повеќе хидроелектрични централи на ист водотек отсекогаш претставувало голем проблем, бидејќи тоа најчесто се сведува на проблем од областа на нелинеарно програмирање со нелинеарна функција на цел и нелинеарни ограничувања, како во форма на равенства така и во форма на неравенства. Колку повеќе се прават обиди добиените резултати да бидат поблиску до реалноста и да имаат поголема примена, толку повеќе се јавува потреба математичкиот модел да биде посложен, а со тоа и неговото решавање потешко. Од тие причини, денес во светот се развиени бројни методи кои се базираат врз различни модели во поглед на нивната сложеност – во зависност од тоа што се сака да се постигне со него. Голем број на автори користат модели на линеарно програмирање со цел поедноставување на решавањето на проблемот, особено кога се сака да се земе предвид повеќенаменското користење на водите од акумулациите.

Чести се случаите кога има потреба да се анализира заедничко работење на акумулации на различни водотеци кои се спојуваат во еден на којшто исто така постои акумулација и соодветна хидроелектрична централа. Моделирањето на таквите структури бара различен пристап, особено во оние случаи кога растојанијата помеѓу разгледуваните хидроелектрични централи се значителни, па треба да се земе предвид и времето на патување на водата од една хидроелектрична централа до друга.

Со преструктурирањето на електроенергетските системи од вертикално интегрирани во хоризонтално интегрирани (каков што е и случајот кај нас), проблемот на заедничка работа на хидроелектричните централи на еден ист воден тек добива нова неистражена димензија која потекнува од можноста хидроелектричните централи на водениот тек да имаат различни сопственици.

Таков е и случајот со хидраулично поврзаните хидроелектрични централи на р. Треска: НЕС Козјак, НЕС Света Петка и НЕС Матка 1. Сите три хидроелектрични централи се акумулациони, при што акумулацијата на НЕС Козјак е значително поголема од акумулациите на останатите две хидроелектрични централи НЕС Света Петка и НЕС Матка1. Притоа, две од нив, т.е НЕС Козјак и НЕС Света Петка се во државна сопственост, а третата – последна на водотекот, НЕС Матка 1, во моментот е сопственост на ХИДРОПОЛ – Чешка. Многу брзо, според РОТ договорот, таа ќе премине во сопственост на ЕВН Македонија. Ваквата структура на сопственост (НЕС Света Петка во иднина можеби ќе добие нов сопственик, различен од ЕВН Македонија) бара посебен начин на определување на нивната заедничка работа при што таа мора да биде таква за да ги задоволи различните апетити на нивните сопственици. Со други зборови, не е можно едноставно користење на постојните методи за заедничка работа на хидраулично поврзани хидроелектрични централи без нивно модифицирање, покрај другото, со цел да се земе предвид фактот што тие припаѓаат на различни сопственици.

Последното ја претставува и посебната научна оправданост на предложената тема, која ќе биде и предмет на детално истражување.

Со оглед на погоре кажаното, освен проблемот на определување на заедничка работа на хидраулично поврзани хидроелектрични централи се појавува и проблемот на нивната многу димензионалност, а во крајна линија неговото решавање се сведува на определување на симултано (едновремено) оптимално осцилирање на котите на акумулациите на одделни хидроелектрични централи.

Целта на оваа дисертација е да се анализираат погоренаведените аспекти и тие да се квантифицираат и да се предложат одредени решенија.

## 3. Анализа на докторската дисертација

Материјалот е поделен во осум поглавја, при што секое поглавје обработува посебно тематско подрачје.

Најпрво, во воведот, како прв дел од докторскиот труд, е даден општ преглед на проблематиката на докторатот, а потоа е даден детален опис на каскадниот систем на хидроцентрали на реката Треска. Притоа, детално на едно место се прикажани карактеристиките на секоја од трите хидроелектрични централи на р. Треска, и тоа: ХЕЦ Козјак, ХЕЦ Света Петка и ХЕЦ Матка 1. Даден е детален опис на составните компоненти на трите хидроелектрични централи и систематизирани се нивните технички карактеристики. Воедно, користејќи ги податоците за карактеристиките на акумулациите на трите хидроелектрични централи од страна на авторот се конструирани т.н. волуменски и површински карактеристики на трите акумулации кои се неопходни како влезни податоци подоцна при користење на комплексна методологија за заедничка работа на трите централи.

Вториот дел од дисертацијата е посветен на опис на постојните методологии за транспорт на водни маси низ канали и акумулации и принципите врз коишто тие базираат. Во таа смисла, опишани се четири методи и прикажани се нивните основни карактеристики.

Во третиот дел од дисертацијата кој се однесува на симулација на работа на системи на акумулации се елаборирани критериумите за погон на систем од акумулации. Во таа смисла, елаборирани се критериуми за индивидуални резервоари, критериуми за однапред специфицирани контролни точки, и дадени се критериуми за приоритети при симултано користење на повеќе акумулациони базени. Воедно, прикажана е методологијата за формирање на т.н. еквивалентни резероари и прикажан е приоритетот при испуштање на вода од резервоарите во случај тие да се повеќенаменски. Во овој дел од дисертацијата детално се опишани потребните влезни податоци што ги бара методологијата од аспект на конзумот од една страна и техничките и енергетските карактеристики на акумулациите и хидроцентралите и т.н. контролни точки.

Четвртиот дел од дисертацијата е посветен на детална анализа на работењето на каскадниот систем на река Треска. Од страна на авторот дефинирани се реални практични критериуми на заедничка експлоатација на трите хидроелектрични централи ХЕЦ Козјак, ХЕЦ Света Петка и ХЕЦ Матка 1.

Во таа смисла логично е претпоставено дека ХЕЦ Козјак е доминантна хидроцентрала во системот од трите хидроелектрични централи и на истата и е одредена функција да работи според барањата на ЕЕС на Р. Македонија, а останатите две, кои имаат значително помали акумулациони базени од ХЕЦ Козјак да бидат во подредена функција на работењето на ХЕЦ Козјак. Посебно внимание при анализите на заедничката работа на трите централи на р. Треска е посветено на обезбедувањето на законскиот биолошки минимум што треба централите да го обезбедат на одредени делници од р. Треска и на можностите за негово задоволување. Покажано е дека бараниот биолошки минимум од страна на законот е висок и дека неговото задоволување низводно од ХЕЦ Матка 1 не може да биде обврска само на една од централите.

Во петтото поглавје на дисертацијата е анализирано влијанието на волуменот на акумулацијата на ХЕЦ Матка 1 при нејзино искористување за енергетски цели врз големината на произведената електрична енергија и неизбежните преливи на вода до кои неминовно доаѓа. Во таа насока, анализирани се бројни варијанти на почетни коти на почетокот на денот на акумулацијата на ХЕЦ Матка 1, со цел да се определи оптимална кота со која треба да стартува работењето на ХЕЦ Матка 1 при различни комбинации на состојби кај останатите две хидроелектрични централи. Добиените резултати се очекува да имаат голема практична употреба.

Шестото поглавје од дисертацијата е посветено на анализа на работа на каскадниот систем на река Треска при кота на работа на акумулацијата ХЕЦ Козјак 461 м.н.в во годините 2005, 2006 и 2007. Имено, за наведените три години постојат добри хидролошки мерења на дотеците на вода во ХЕЦ Козјак на дневна основа и добра погонска евиденција од страна на ЈП ЕЛЕМ на Македонија. Таквото постоење на податоци е искористено за да се направи споредба на резултатите за промена на коти на трите акумулации и добиени производства на електрична енергија од ХЕЦ Козјак, ХЕЦ Света Петка и ХЕЦ Матка 1 со помош на користената методологија, од една страна и практично реализираните коти и производства на електрична енергија од страна на ЕЛЕМ. Покажано е дека производствата на електрична енергија добиени со користење на методологијата во докторската дисертација се значително поголеми во однос на практично реализираните при наполно задоволени погонски ограничувања сврзани со акумулациите и хидроцентралите и во двата случаја.

Во седмото поглавје се заклучоците до кои дошол авторот на дисертација-та, а кои се вистински придонес во осознавањето на проблемите сврзани со заедничкото работење на трите хидроелектрични централи

Во осмото поглавје се дадени резултатите од примена на програмскиот пакет HEC-5 во форма на два содржајни прилога, ПРИЛОГ_П1 и ПРИЛОГ_П2. Прилозите се однесуваат на резултати од пресметките врз база на податоци на часовна основа изведени од хидролошките податоци на дневна основа што претставува посебен придонес во дисертацијата, бидејќи таква детална анализа досега не е направена. Треба да се напомене дека добиените резултати се прикажани во табеларна и извонредна графичка форма.

## 4. Верификација на докторската дисертација

На докторската дисертација ПРИДОНЕС КОН МЕТОДИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОПТИМАЛНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ХИДРАУЛИЧНО ПОВРЗАНИ ХИДРОЕЛЕКТРИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА РАЗЛИЧНИ СОПСТВЕНИЦИ, изработена од м-р Игор Гиевски е извршена верификација во МОН и не е утврдено дека има некаква поврзаност со слични трудови од оваа област, освен исти зборови.

## 5. Оригинални придонеси на дисертацијата

Сметаме дека докторската дисертација на м-р Игор Гиевски, дипл. инж., е оригинален труд со конкретни придонеси кои можат да се користат во практичната експлоатација на трите хидроелектрични централи на р. Треска. Во неа авторот успеал на едно место да ги систематизира сите релевантни податоци за технички и енергетски карактеристики на трите хидроелектрични централи на р. Треска и врз основа на нив да ги дефинира сите потребни подлоги што ги бара употребениот математички модел во дисертацијата. Воедно, авторот покажал дека успешно може да се справува со користењето на сложени програмски пакети за електроенергетски анализи при што се потребни инженерски одлуки при нивно интерактивно користење во одредени фази. Во дисертацијата е покажано дека анализа на заедничка работа на хидраулично поврзани хидроелектрични централи со големи разлики во геометриските волумени на нивните акумулации не е можна врз основа на хидрологии на дневно и повисоко (неделно, месечно итн., како што досега се практикуваше) ниво, туку најмногу на часовно и пониско ниво. Авторот покажал дека задоволувањето на законски потребниот биолошки минимум во услови на постојната хидрологија на р. Треска е тешко изводлива кај најмалата од трите хидроелектрични централи ХЕЦ Матка 1 и дека тоа задоволување е можно само кога е задача и на ХЕЦ Матка 1 и на ХЕЦ Света Петка. Покажано е дека работењето на HEC Козјак со два агрегата во одредени периоди во текот на годината предизвикува штета само кај HEC Матка 1 која има инсталиран проток 40 м3/с. Со оглед на тоа што HEC Козјак и ХЕЦ Света Петка годишните дотеци на вода во нивните акумулации можат успешно да ги преработуваат само со еден агрегат, постои извесна предимензионираност кај нив.

## Заклучок и предлог

Во докторската дисертација ПРИДОНЕС КОН МЕТОДИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОПТИМАЛНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ХИДРАУЛИЧНО ПОВРЗАНИ ХИДРОЕЛЕКТРИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА РАЗЛИЧНИ СОПСТВЕНИЦИ, кандидатот м-р ИГОР ГИЕВСКИ, дипл. инж., разработува актуелна и сложена проблематика од областа на симултаното користење на хидраулично поврзани акумулациони базени со значителни разлики во нивната големина, во услови на различни нивни сопственици.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека во докторската дисертација е даден значаен научен придонес во областа на симултаното користење на хидраулично поврзани акумулациони базени

Со постигнатите резултати, кандидатот м-р ИГОР ГИЕВСКИ има покажано длабоко познавање на проблематиката на дисертацијата и истражувачки дух, што резултира со научен придонес во областа на симултаното користење на хидраулично поврзани акумулациони базени

Резултатите од работата на докторската дисертација се споредени со практично реализирани погони во одреден број години и тие нудат подобар начин на експлоатација на централите во смисла на поголемо очекувано производство на електрична енергија, а со тоа и поголема добивка

Врз основа на изложената анализа и оцена, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно - научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да го прифати овој извештај и на кандидатот м-р ИГОР ГИЕВСКИ да му одобри јавна одбрана на докторската дисертација ПРИДОНЕС КОН МЕТОДИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОПТИМАЛНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ХИДРАУЛИЧНО ПОВРЗАНИ ХИДРОЕЛЕКТРИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА РАЗЛИЧНИ СОПСТВЕНИЦИ.

**К о м и с и ј а**

1. Проф. д-р Атанас Илиев, претседател с.р.
2. Проф. д-р Арсен Арсенов, ментор с.р.
3. Проф. д-р Антон Чаушевски, член с.р.
4. Проф. д-р Мито Златаноски, чќен с.р.
5. Доц. д-р Димитар Димитров, член с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ТИТУЛАТА ПОЧЕСЕН ДОКТОР НА НАУКИ (DOCTOR HONORIS CAUSA) НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ, НА ПРОФ. Д-Р ЈУНУЗ СОЈЛЕТ

Согласно со чл. 297 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, проф. д-р Велимир Стојковски, на заедничката седница на Комисијата за настава, Комисијата за наука и Комисијата за соработка со универзитетите во странство ја поднесе иницијативата и образложениот предлог за доделување на титулата почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на проф. д-р Јунуз Сојлет од Универзитетот во Истанбул, во знак на признание за развојот на медицинските науки и соработката меѓу Универзитетот во Истанбул и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Врз основа на предлогот на ректорот, а согласно со чл. 144 од Законот за високото образование и чл. 297 од Статутот на Универзитетот, на заедничката седница на Комисијата за настава, Комисијата за наука и Комисијата за соработка со универзитетите во странство одржана на 2.11.2012 година, се донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Никола Јанкуловски, проф. д-р Дафина Кузмановска и доц. д-р Миле Петревски, која согласно со законските прописи и универзитетските правила треба да изготви Извештај и да го достави до Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ за доделување на титулата почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на проф. д-р Јунуз Сојлет.

Врз основа на разгледувањето на доставениот материјал, чест ни е да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Проф. д-р Јунуз Сојлет е роден во Истанбул во 1956 година. Образованието (основно и средно) го завршил во државни училишта во Истанбул. Медицина студирал на Медицинскиот факултет на Универзитетот во Истанбул, каде што дипломирал во 1980 година.

Од 1980 година е вработен на Медицинскиот факултет „Черахпаша“ (Cerrahpaşa), на Одделот за хирургија. Специјализацијата ја започнал во 1980 година, прво општа хирургија, а потоа детска хирургија и детска урологија, а ја завршил во 1986 година. Во 1990 година е избран за асистент, а во 1996 година за професор по детска хирургија. Од 2002 до 2005 година, тој е раководител на Одделот за педијатриска урологија на Медицинскиот факултет „Черахпаша“. Во 2007 година станува член на Советот за високо образование на Р.Турција, а од 2009 година е избран за ректор на Истанбулскиот универзитет. Во 2012 година станува член на Турската академија на науките.

Проф. Сојлет во различни периоди работел во Германија, Англија и Шведска, на различни позиции, а исто така бил и визитинг-професор. По покана вршел хируршки интервенции и одржал предавања во повеќе европски центри.

Проф. д-р Јунуз Сојлет има публицирано повеќе од 160 национални публикации, трудови и постери, 90 интернационални публикации, трудови и постери, од кои 117 се цитирани. Тој е и автор на повеќе трудови објавени во реномирани европски и светски списанија од областа на детската хирургија и пошироко (Journal of Pediatric Surgery, European Journal of Pediatric Surgerym Japanese Journal of Clincial Oncology, British Journal of Urology итн.). Напишал 24 поглавја во различни книги, 3 на странски јазик и 21 на турски. Бил претседател на повеќе национални и интернационални конгреси, работилници и симпозиуми. Проф. Сојлет е член на Бордот на консултанти и на Советот за здравство при Министерството за здравство на Република Турција, член на Советот за високо образование на Република Турција, ректор на Универзитетот во Истанбул и член на Турската академија на науките.

Покрај професионалните обуки, тој активно учествувал и во повеќе обуки за подобрување на информационите вештини како што се: програма за болничка администрација, курс за едукативни вештини, квалитет и акредитација во здравството, коректна комуникација во здравствените организации итн.

Тој е исто така активен во невладиниот сектор, ангажирајќи се во фондација посветена на едукацијата на деца-бездомници, основач и член е на Бордот на директори и основач и претседател е на Здружението за правата на лекарите. Истовремено, проф. Сојлет несебично го помага и го промовира Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ како соорганизатор на заеднички меѓународни конференции, заеднички проекти, овозможување престој на наши студенти на Универзитетот во Истанбул итн.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

За Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и за Медицинскиот факултет, голема чест е да се има проф. д-р Јунуз Сојлет во своите редови. Со доделувањето на титулата почесен доктор (doctor honoris causa), Универзитетот и Факултетот ќе добијат врвен стручњак од областа на детската хирургија/урологија, афирмиран научник, искусен едукатор и докажан хуманист и општественик.

Врз основа на изложените биографски податоци, професионалната дејност и општествениот ангажман на проф. д-р Јунуз Сојлет, а посебно врз основа на неговиот придонес за развој на медицинските науки, големо и неподелено задоволство е можноста да му предложиме на Сенатот на Универзитетот да му ја додели титулата почесен доктор на науки (doctor honoris causa).

Комисија

Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.
Проф. д-р Дафина Кузмановска, с.р.
Доц. д-р Миле Петревски, с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА ВОДОСНАБДУВАЊЕ, КАНАЛИЗАЦИЈА И МЕЛИОРАЦИИ НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Градежниот факултет, на својата 392. седница одржана на 29.8.2012 година, донесе одлука за формирање Комисија за повторен избор на асистент од научната областа водоснабдување, канализација и мелиорации.

На огласот, објавен на 19.7.2012 година во весниците„Дневник" и „Лајме", се пријавил само кандидатот: м-р Гоце Тасески, дипл.град.инж.

По извршениот преглед на доставената документација од кандидатот м-р Гоце Тасески, дипл.град.инж., Комисијата, до Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографски податоци

Кандидатот м-р Гоце Тасески, дипл.град.инж., е роден на 13.6.1982 год во Охрид. Основното образование го завршил во родното место со одличен успех. Средно образование завршил во ЦСО "Нико Нестор" во Струга, на насоката за градежни техничари, во учебната 1999/2000 година, исто така со одличен успех.

На Градежниот факултет во Скопје, насока за хидротехника, се запишал во учебната 2000/01 година, а дипломирал во декември 2006 година, со просечна оценка 9,40. Дипломската работа е од областа водоснабдување, под наслов **„Идеен проект за пречистителна станица за водоснабдување на населените места од општина Карбинци"**.

Во текот на студирањето, во II, III и IV година е прогласуван за најдобар студент на генерацијата, од страна на Градежниот факултет, а за учебната 2006/2007 година добитник е на признанието **„Инженерски прстен"**, кое го доделува Инженерската институција на Македонија, како најдобар дипломиран студент.

Во текот на студиите бил ангажиран како демонстратор по предметите: водоснабдување, канализација, водовод и канализација и хидротехнички мелиорации.

На постдипломските студии на Градежниот факултет во Скопје, насока за хидротехника, се запишал во февруари 2007 година, а завршил во декември 2009 година, со просечна оценка 10. Магистерската работа под наслов: **„Оптимализација на доводните количини на вода кај комбинираните водоснабдителни системи"**, успешно ја одбранил во декември 2010 година и се стекал со научен степен - магистер на технички науки.

На 376 седница, одржана на 3.6.2011 година, пријавил тема за изработка на докторска дисертација под работен наслов **„Карактеристиките на хидрауличките удари во водоводните мрежи"**, која е прифатена од страна на Наставно–научниот совет на Градежниот факултет во Скопје.

По дипломирањето, на Градежниот факултет бил ангажиран како надворешен соработник за изведување на вежби по предметите: водоснабдување, канализација, водовод и канализација, наводнување, одводнување и водовод и канализација на згради.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, донесена на 18.1.2010 година, избран е за помлад асистент од областа на водоснабдување, канализација и мелиорации на Градежниот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

## 2. Научноистражувачка дејност

Во изминатиот период, од изборот за помлад асистент, кандидатот м-р Гоце Тасески, дипл.град.инж., учествувал на конгреси, симпозиуми и стручни собири од областа на градежништвото, водостопанството и животната средина, и тоа:

1. BALWOIS 2010.
2. III симпозиум на ДГМ, 2010.
3. International Symposium. Dams – recent experiences on research, design, construction and service, 2011.
4. BALWOIS 2012.

Од досегашните истражувања ги има објавено следниве научни трудови:

1. Mathematical model for optimization of combined water supply systems, **GoceTaseski**; Zivko Veljanoski, BALWOIS 2010.
2. Industrial and Storm Water Treatment and Recirculation Reuse inFeni Industry – Kavadarci, PetkoPelivanoski, ZivkoVeljanoski, **GoceTaseski**, Aleksandar Maletik, BALWOIS 2010.
3. Method for determining the optimal solution for disposing of wastewater in the upper course of River Treska, **Goce TASESKI**, Petko PELIVANOSKI, Zivko VELJANOSKI, WMHE 2011.
4. Input parameters for mathematical modeling of water hammer in water supply networks, **Goce TASESKI**, BALWOIS 2012.
5. Analysis of the needed amount of water and possible conceptions of water supply of the settlements in the Polog Region of R. Macedonia, **Goce TASESKI**, Petko PELIVANOSKI, BALWOIS 2012.

## 3. Наставно-образивна дејност

По изборот во звањето помлад асистент во 2010 година, кандидатот продолжува со изведување на вежби по предметите: водоснабдување, канализација, водовод и канализација, наводнување, моделирање во комуналната хидротехника, експлоатација и управување со водоснабдителни и канализациони системи, одводнување и водовод и канализација на згради.

Кандидатот има солидно знаење и вештини во користење на компјутерските технологии и алатки, како на пример: Windows, MS Office, CorelDraw, ArchiCAD, AutoCAD, AutoCAD Civil 3D, WaterCAD, SewerCAD, StormCAD, Sewer+, EPANET, SWMM, PipeFlowи Water HAMMER.

4. **Стручно – апликативна дејност**

Во изминатиот период, од изборот во звањето помлад асистент, м-р Гоце Тасески продолжува активно да работи и на полето на стручно – апликативната дејност во рамките на Катедрата за водоснабдување, канализации и мелиорации.

Кандидатот, како соработник, учествувал во изработка и ревизија на проектна документација од областа на комуналната хидротехника, и тоа:

1. Студија за рециркулационо користење и пречистување на технолошки отпадни води во индустрискиот комплекс на „Фени" – Кавадарци, Живко ВЕЛЈАНОСКИ, Петко ПЕЛИВАНОСКИ, **Гоце ТАСЕСКИ**, 2010.
2. Ревизија на Основен проект за градежни работи кои опфаќаат санација и проширување на канализационата мрежа за градот Прилеп, Живко ВЕЛЈАНОСКИ, Петко ПЕЛИВАНОСКИ, **Гоце ТАСЕСКИ**, 2010.
3. Ревизија на Идеен проект за изградба на пречистителна станица за отпадни води (ПСОВ) за градот Прилеп, Живко ВЕЛЈАНОСКИ, Петко ПЕЛИВАНОСКИ, **Гоце ТАСЕСКИ**, 2010.
4. Физибилити студија за собирање и пречистување на отпадните води од општините: Кичево, Зајас, Осломеј, Другово, Вранештица и Пласница, Живко ВЕЛЈАНОСКИ, Петко ПЕЛИВАНОСКИ, **Гоце ТАСЕСКИ**, 2010.
5. Ревизија на Основен проект за фекална канализација за Канатларци Општина Прилеп, Живко ВЕЛЈАНОСКИ, Петко ПЕЛИВАНОСКИ, **Гоце ТАСЕСКИ**, 2011.
6. Ревизија на Основен проект за пречистителна станица за фекални отпадни води за Е.Ж. 1.000, Живко ВЕЛЈАНОСКИ, Петко ПЕЛИВАНОСКИ, **Гоце ТАСЕСКИ**, 2011.
7. Ревизија на Основен проект за фекална канализација за село Мало Коњари Општина Прилеп, Живко ВЕЛЈАНОСКИ, Петко ПЕЛИВАНОСКИ, **Гоце ТАСЕСКИ**, 2011.
8. Ревизија на Основен проект за фекална канализација за село Големо Коњари Општина Прилеп, Живко ВЕЛЈАНОСКИ, Петко ПЕЛИВАНОСКИ, **Гоце ТАСЕСКИ**, 2011.
9. Ревизија на Основен проект за фекална канализација за село Мажучиште Општина Прилеп, Живко ВЕЛЈАНОСКИ, Петко ПЕЛИВАНОСКИ, **Гоце ТАСЕСКИ**, 2011.
10. Ревизија на Основен проект за фекална канализација за Селце Општина Прилеп, Живко ВЕЛЈАНОСКИ, Петко ПЕЛИВАНОСКИ, **Гоце ТАСЕСКИ**, 2011.
11. Идеен проект за одведување на отпадните води од општините Пласница и Вранештица, Живко ВЕЛЈАНОСКИ, Петко ПЕЛИВАНОСКИ, **Гоце ТАСЕСКИ**, 2011.
12. Ревизија на Основен проект за главен колектор на атмосферска канализација од мостот на реката Вардар во с. Форино до крајот на с. Чегране, Живко ВЕЛЈАНОСКИ, Петко ПЕЛИВАНОСКИ, **Гоце ТАСЕСКИ**, 2011.

13. Ревизија на Основен проект за ново проектирана подземна улица од објект катна гаража „Даме Груев" до булевар „Даме Груев",Живко ВЕЛЈАНОСКИ, Петко ПЕЛИВАНОСКИ, **Гоце ТАСЕСКИ**, 2011.
14. Ревизија на основен и изведбен проект автопат „Миладиновци – Св. Николе – Штип" делница „Миладиновци – Св. Николе" Книга 07, Живко ВЕЛЈАНОСКИ, Петко ПЕЛИВАНОСКИ, **Гоце ТАСЕСКИ**, 2011.
15. Ревизија на основен и изведбен проект автопат „Миладиновци – Св. Николе – Штип" делница „ Св. Николе – Штип " Книга 7, Живко ВЕЛЈАНОСКИ, Петко ПЕЛИВАНОСКИ, **Гоце ТАСЕСКИ**, 2011.
16. Ревизија на основен и изведбен проект автопат „Миладиновци – Св. Николе – Штип" делница „ Св. Николе – Штип " Книга 7.1, Живко ВЕЛЈАНОСКИ, Петко ПЕЛИВАНОСКИ, **Гоце ТАСЕСКИ**, 2011.
17. Ревизија на основен и изведбен проект автопат „Миладиновци – Св. Николе – Штип" делница „ Св. Николе – Штип " Книга 7.2, Живко ВЕЛЈАНОСКИ, Петко ПЕЛИВАНОСКИ, **Гоце ТАСЕСКИ**, 2011.
18. Студија за дефинирање на потребните количини на вода и можни концепции за водоснабдување на полошкиот плански регион до 2035 година, Петко ПЕЛИВАНОСКИ, **Гоце ТАСЕСКИ**, 2011.
19. Проект за инфраструктура – основен проект за резервоар V = 2.000 $m^3$во Битола, Живко ВЕЛЈАНОСКИ, Петко ПЕЛИВАНОСКИ, **Гоце ТАСЕСКИ**, 2012.
20. Студија за иновирање на режимот на користење на регионалниот водоснабдителен систем „Студенчица",Живко ВЕЛЈАНОСКИ, Петко ПЕЛИВАНОСКИ, **Гоце ТАСЕСКИ**, 2012 год.
21. Ревизија на основен проект за внатрешен водовод и канализација, за реконструкција на градска вила, Живко ВЕЛЈАНОСКИ, Петко ПЕЛИВАНОСКИ, **Гоце ТАСЕСКИ**, 2012 год.

Научните трудови и активностите од стручно – апликативната дејност, до изборот звањето во помлад асистент, се презентирани во извештајот објавен во Билтен бр. 977 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

## 5. Заклучок

Врз основа на изнесените податоци, како и врз основа на Законот за високото образование, актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Градежниот факултет во Скопје, Комисијата констатира дека кандидатот м-р Гоце Тасески, дипл.град.инж., ги исполнува општите и посебните услови, за избор во звањето за кое конкурира. Неговите додипломски и постдипломски студии, како и пријавената тема за изработка на докторска дисертација се од потесната област на групата на предмети за која конкурира.

Анализирајќи и ценејќи ја целокупната досегашна активност во наставно-научниот, образовниот и апликативниот процес на кандидатот м-р Гоце Тасески, дипл.град.инж. како и од личното познавање на кандидатот, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет

во Скопје да го преизбере м-р Гоце Тасески, дипл.град.инж., во звањето асистент по групата предмети во областа водоснабдување, канализација и хидротехнички мелиорации.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Петко Пеливаноски с.р.
2. Проф. д-р Цветанка Поповска с.р.
3. Проф. д-р Катерина Доневска с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНИКОТ „ПРАВО НА ИГРИТЕ НА СРЕЌА" ОД АВТОРИТЕ Д-Р АЛЕКСАНДАР КЛИМОВСКИ И М-Р ТИМЧО МУЦУНСКИ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, бр. 02-1539/159, донесена на седницата одржана на 24.10.2012 година, определени сме за рецензенти на учебникот „Право на игрите на среќа", подготвен од авторите доц. д-р Александар Климовски и м-р Тимчо Муцунски. По проучувањето на понудениот текст на учебникот, до членовите на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I

Со воведувањето на предметот право на игрите на среќа, како нов предмет во рамките на наставниот план на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, со статус на опционен предмет на постдипломските (магистерски) студии, евидентна е неговата атрактивност за поголемиот број студенти од сите насоки на постдипломските (магистерски) студии на Факултетот, па, од тие причини, се утврди потребата од изработка на основен учебник од оваа материја којшто би бил подготвен во рамките на европскиот-кредит-трансфер систем (ЕКТС), а, едновремено, заснован на позитивната легислатива од областа на игрите на среќа во Република Македонија и на споредбеното законодавство.

Едно е ноторно: авторите при изработката на учебникот тргнуваат од определбата обемната материја со сложен, но и со системски карактер да ја обработат на начин што ќе ги задоволи првенствено потребите на студентите на постдипломските (магистерски) студии за да преку изучувањето на институтите на оваа наставно-научна дисциплина се стекнат знаења и вештини што ќе ги пренесат во својот професионален ангажман во државните институции, но особено на приредувачите на игрите на среќа коишто имаат сè поголема пазарна пенетрација во Република Македонија. Но, несомнено, авторите тргнале и од определбата овој учебник да ги задоволи и практичните потреби на приредувачите на игрите на среќа кои веќе суштествуваат и подолго време ја извршуваат оваа дејност.

Приложениот текст на ракописот има вкупно 440 страници и е пишуван во компјутерска техника, без проред. Материјата содржи предговор, содржина, основен текст и додатоци.

Материјата е поделена на четири дела, а секој од деловите е поделен на глави. Додатоците се поделени на два прилога: прилог 1 (подзаконски акти и обрасци) и прилог 2 (лиценци).

**Првиот дел** на трудот (**„Основни прашања на правото на игрите на среќа"**) е поделен на две глави.

Во првата глава на првиот дел ("Дефинирање на правото на игрите на среќа како гранка на правото"), авторите го определуваат поимот на игрите на среќа и го објаснуваат односот на правото на игрите на среќа и на сродните гранки на правото како што се облигационото право и правото на друштвата, од една страна, како репрезенти на приватното право, и административното право, даночното право и казненото право, од друга страна, како претставници на јавното право. Во оваа глава авторите го определуваат местото на правото на игрите на среќа во семејството на правните гранки во правниот систем, при што потенцираат дека оваа гранка на правото превалира кон стопанскоправните гранки и дека е во непосредна поврзаност посебно со правото на друштвата.

Во втората глава („Извори на правото на игрите на среќа"), авторите ги наведуваат релевантните извори на оваа млада гранка на правото поаѓајќи од законите, општите правни начела и судската практика, а завршувајќи со правната наука. Авторите со право заклучуваат дека правото на игрите на среќа прераснува во посебна гранка на правото токму преку постоењето и диверзифицираноста на многубројните извори на правото на игрите на среќа при што нагласката ја ставаат на Законот за игрите на среќа и за забавните игри. Авторите ги разработуваат и општите правни начела коишто се вградени во легислативната платформа на системот на игрите на среќа констатирајќи притоа дека е очигледна инсуфициентноста на полето на судската практика во развитокот на оваа област. Од тие причини, на гледиште сме дека овој учебник ќе даде огромен придонес во расветлувањето на институтите на просторот на игрите на среќа, токму зајакнувајќи ја позицијата на правната наука, како извор на правото на игрите на среќа.

**Вториот дел** на трудот (**„Развој на системот на игрите на среќа во Република Македонија"**) е поделен на две глави во коишто се прикажани периодите на нормативниот развиток на системот на игрите на среќа.

Во првата глава од вториот дел („Период до донесување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри од 2011 година"), авторите даваат хронолошки преглед на донесувањето и на важењето на определени позитивноправни документи и акти што го регулирале приредувањето на игрите на среќа и на забавните игри со цел да дадат приказ на тоа како овој систем функционирал и во услови на други општествени економски односи и како тој се развивал во новонастанатите услови со донесувањето на Уставот на Република Македонија во 1991 година до донесувањето на новиот Закон за игрите на среќа и за забавните игри од 2011 година. Затоа авторите вршат анализа на решенијата на двата

претходни закона: Законот за игрите на среќа и за забавните игри од 1987 година и Законот за игрите на среќа и за забавните игри од 1997 година, вклучувајќи ги и нивните новелации.

Во втората глава („Период по донесување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри од 2011 година"), авторите се окупирани со утврдувањето на начелата на актуелниот Законот за игрите на среќа и за забавните игри и со прикажувањето на неговата структура. Во оваа глава се експонирани сите легислативни акции на законодавецот во оваа сфера во изминатите две години и тоа преку трите новелации на овој Закон со цел зајакнување на правната рамка на системот на игрите на среќа во Република Македонија. Во завршниот дел од оваа глава авторите не пропуштаат на едно место да ги систематизираат и подзаконските акти кои вршат операционализација на определени решенија на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, со цел да се подигне степенот на применливоста на неговите решенија како од страна на државните институции вклучени во системот на игрите на среќа и на забавните игри, така и од приредувачите на овие игри.

**Третиот дел** на трудот („**Генералии и апории на позитивноправните норми на системот на игрите на среќа и на забавните игри во Република Македонија"**), поделен во тринаесет глави, дава детална егзегеза на позитивноправните решенија и институти во системот на игрите на среќа и на забавните игри во Република Македонија.

Првата глава од третиот дел („Општи прашања") е ангажирана со презентирањето на дефинициите на игрите на среќа и на забавните игри и со определувањето на видовите на игрите на среќа и на забавните игри што суштествуваат во овој систем. Прашањето за категоризацијата на игрите на среќа е дел од оваа глава. Авторите, со примената на дедуктивниот метод, ги диференцираат игрите на среќа на општи игри на среќа, посебни игри на среќа и интернет-игри на среќа. Во оваа глава се утврдени и општите услови за приредување на игрите на среќа и на забавните игри. Прецизно: детерминиран е субјектот кој може да приредува игри на среќа и на забавни игри и апсолвирани се сите прашања поврзани со дефинирањето на лиценцата, односно дозволата: времето на започнувањето со дејноста, постапувањето во случај на истечена лиценца, плаќањето надоместок за лиценцата, односно дозволата, објавувањето на лиценцата, односно дозволата и одземањето на лиценцата, односно дозволата. Понатамошниот дел од оваа глава е посветен на правната природа на правилата на игрите на среќа, на стекнувањето добивки од игрите на среќа, на употребата на средствата од игрите на среќа и од забавните игри, начините на обезбедувањето средства од игрите на среќа и од забавните игри и забраните за приредувањето и за учеството во игрите на среќа. Во завршниот дел од оваа глава е даден приказ и на просторните и на техничко-технолошките услови за приредувањето на игрите на среќа и на забавните игри, начинот на евидентирањето на картичките и на тикетите, водењето на книгата на благајната и изготвувањето на ревизорскиот извештај. Во завршницата на оваа глава, авторите ја определуваат и институционалната рамка на системот на игрите на среќа и на забавните игри определувајќи ги централните институции преку кои државата воспоставува

односи со приредувачите на игрите на среќа, а во одредени случаи и со самите учесници.

Во втората глава („Општи игри на среќа"), авторите вршат анализа на условите и на начините на приредувањето на општите игри на среќа, посебно на правилата на лотариските игри, извлекувањето на добивките, фондот на добивките и на исплатата на добивките, издавањето лиценца за приредувањето томбола од затворен тип, обезбедувањето исплата на добивките на учесниците во томболата и правилата на томболата од затворен тип.

Предметниот ориентир на авторите во третата глава („Електронски игри на среќа") е определувањето на условите и на начините за приредувањето на електронските игри на среќа, учесниците во електронските игри на среќа и содржината на правните правила на електронските игри на среќа. Во рамките на оваа глава авторите ги презентираат и просторните и техничко-технолошките услови за приредувањето на електронските игри на среќа, како и висината и начинот на плаќање на надоместокот за приредувањето на електронските игри на среќа.

Четвртата глава („Посебни игри на среќа") авторите ја посветуваат на игрите на среќа во казино, обложувалница и автомат-клуб. Игрите на среќа во казино се разработени преку нивното дефинирање, начинот на издавањето на лиценцата за приредувањето на игрите на среќа во казино, времетраењето на лиценцата за нивното приредување, како и надоместокот што се плаќа за лиценцата, депозитот, односно банкарската гаранција, а дистинктивно објаснети се правилата на игрите на среќа во казино и правилникот на казиното. Во оваа глава, исто така, прикажна е и легислативната можност за промена на бројот и видот на автоматите и на масите за игра на среќа во казиното, а дадени се и износите за надоместоците за приредување на игрите на среќа во казино, како за автоматите во казиното, така и за масите во казиното. Едновремено, определени се и спецификите на надзорниот информациски систем во казиното преку којшто Управата за јавни приходи има перманентен увид во работата на казиното, роковите за исплатата на добивките, времето на работата на казиното, како и други побитни прашања од организацискиот карактер на казиното. Во средишниот дел од четвртата глава, авторите целосно пристапуваат кон објаснувањето на игрите на среќа во обложувалницата преку начинот на издавањето лиценца за приредувањето на игрите на среќа во обложувалница, времетраењето на лиценцата и надоместокот што се плаќа за нејзиното добивање, депозитот, односно банкарската гаранција, диференцирањето на правилата за приредувањето на игрите на среќа во обложувалница од правилата на игрите на среќа во обложувалницата, износот и начинот на плаќањето на посебната давачка за игрите на среќа во обложувалница, роковите за исплата на добивките и забраните за обложувањето. Авторите, во оваа глава, ги анализираат и спецификите на надзорниот информациски систем наменет за обложувалниците, со цел да се обезбеди постојан надзор врз работата на обложувалниците, времето на работа на обложувалницата, обврската за чување податоци, како и други побитни прашања од организациски карактер на обложувалницата. Конечно, во четвртата глава во целост се анализирани регулите на Законот за игрите на среќа и за забавните игри што се однесуваат на игрите на среќа во автомат-клубовите, и тоа: начинот и условите за издавањето лиценца за

одземањето на овластувањето. Авторите во оваа глава ја прикажуваат и постапката за утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игрите на среќа по барање на Управата за јавни приходи и по барање на приредувачот, како и на жигосувањето на автоматите за игрите на среќа.

Во десеттата глава („Остварување и евиденција на добивките"), авторите даваат објаснување на начинот за остварувањето на евиденцијата на добивките, едновремено укажувајќи и на определени проблеми околу неможноста за имплементацијата на определени законски решенија за евиденцијата на добивките.

Во единаесеттата глава („Постапки во случај на неиздавање дозвола, односно недонесување на решение"), авторите вршат анализа на вградениот институт "администрација не молчи" и ги прикажуваат постапките, прво, во случајот на неиздавањето дозвола, односно недонесувањето решение за одбивање на барањето за добивање на дозвола, второ, во случајот на недонесувањето решение, односно недонесувањето решение за одбивањето на барањето за донесување на решение, и трето, постапката за изготвувањето и за доставувањето на известувањето на барањето за издавањето лиценца.

Дванаесеттата глава („Надзор") дава приказ за надлежната институција за вршењето надзор над приредувачите на игрите на среќа и за постапката за вршење надзор како и за времето на вршењето надзор и за начинот на едукацијата на лицата или субјектите во случаи на неправилности.

Во тринаесеттата глава („Казнени и прекршочни санкции") се разграничени случаите на изрекувањето кривични санкции и прекршочни мерки, а претставени се и законските утврдени глоби за секое неправилно постапување во игрите на среќа, како за приредувачите така и за учесниците.

**Четвртиот дел („Системот на игри на среќа во споредбеното право")** е поделен во три глави во коишто се прикажани спецификите во системите на игрите на среќа во неколку држави.

Во првата глава („Системот на игрите на среќа во САД") е даден приказ на системот на игрите на среќа во Соединетите Американски Држави, развитокот на законската регулатива на игрите на среќа на федерално ниво, основните федерални законски акти што ги регулираат игрите на среќа, ексклузивноста на игрите на среќа организирани од индијанските племиња, како и федералната регулација на игрите на среќа во меѓународните води. Во оваа глава посебно е извршена анализа на начинот и на постапката на лиценцирањето, и тоа преку опфатот на лиценцирањето, интензитетот на лиценцирањето, критериумите за лиценцирањето, степенот на ревизијата во реализирањето на правото што е доделено со лиценцирањето и стандардите за лиценцирањето. Дополнителна вредност во оваа глава е деталниот приказ на посебноста на системот на игрите на среќа во Сојузната Држава Невада, како колевка на игрите на среќа од поново време и како образец на современиот начин на нивното приредување.

Во втората глава („Системот на игрите на среќа во ЕУ") е потенцирано значењето на генералните правила поврзани со услугите и со единствениот пазар на Европската унија коишто произлегуваат од основачките договори и неможноста на институциите на Европската унија да изградат унифицирани правила за регулирањето заеднички правила за игрите на среќа, како што тоа е сторено со

приредувањето на игрите на среќа во автомат-клубовите, времетраењето на лиценцата и надоместокот што се плаќа за неа и, можностите за промена на деловна просторија во која се приредуваат игрите на среќа во автомат клубовите, промената на бројот и на видот на автоматите за игрите на среќа во автомат-клубовите и престанувањето со приредувањето на игрите на среќа во деловната просторија во којашто се приредуваат игри на среќа во автомат-клубовите. Во оваа глава авторите го апсолвираат и прашањето за воспоставувањето на надзорниот информациски систем, депозитот, односно банкарската гаранција, како и правилата на игрите на среќа во автомат клубовите. На крајот од оваа глава авторите ја разработуваат посебната давачка за приредувањето игри на среќа во автомат-клубовите, начинот и рокот за исплатата на добивките стекнати од учеството во игрите на среќа во автомат-клубовите, како и сите други поважни прашања од организациски карактер за автомат-клубовите.

Во петтата глава („Интернет-игри на среќа"), авторите ги презентираат спецификите на лиценцата за приредувањето на интернет-игрите на среќа, видовите на лиценци и на сертификатот за интернет-игрите на среќа, како што се: лиценцата за производителот, лиценцата за приредувачот на интернет играта на среќа и сертификатот за хардверска и софтверската платформа (хост сертификатот). Во оваа глава авторите го објаснуваат и начинот на проверката на софтверот, обврската за плаќање на банкарската гаранција, правилата на игра за интернет-игрите на среќа, обврската за доставувањето финансиски информации, поставеноста на контролниот систем, регистрацијата на учесниците во интернет-игрите на среќа, сметките на учесниците во интернет-игрите на среќа, исплатата на добивките и начините на заштитата на учесниците во интернет-игрите на среќа. Објаснети се, исто така, и случаите на постапувањето при прекинати или неуспешни игри како и обврската на приредувачот на интернет-игрите на среќа за обезбедување на интернет-страница и начинот на рекламирањето.

Содржината на шестата глава („Наградни игри") ги вклучува прашањата за начинот и за условите за добивање дозвола за приредување наградни игри, правилата на наградната игра, времето на приредувањето, рокот за исплатата на добивките и надоместокот за приредувањето на наградната игра.

Седмата глава („Интерактивни игри на среќа") се занимава со прашањата во врска со начинот и условите за добивање дозвола за приредувањето на интерактивни игри на среќа, времетраењето на дозволата и плаќањето посебна давачка и правилата на интерактивните игри на среќа.

Осмата глава („Забавни игри") авторите ја посветуваат на начинот и на условите за добивање дозвола за приредувањето забавни игри, времетраењето на дозволата, плаќањето на надоместоците, промената на деловната просторија за приредувањето на забавните игри, промената на бројот на апаратите за забавните игри како и на просторните и на техничко-технолошките услови на забавните клубови.

Во деветтата глава („Услови и начин на пуштање во употреба на автоматите за игри на среќа"), авторите ги прикажуваат процедурите во врска со издавањето на овластувањата за утврдување на техничката исправност на автоматите за игрите на среќа со: определувањето на јавниот повик, поднесувањето на финансиската понуда, отворањето и евалуацијата на понудите и ги наведуваат причините за

директивите во другите области на дејноста услуги. Едновремено, се анализираат и најновите документи што произлегуваат од институциите на Унијата, што прават обид за креирање на општи принципи за регулирањето на игрите на среќа кои би биле основа на закондавствата на земјите-членки на Европската унија.

Во третата глава („Правото на игрите на среќа во Обединетото Кралство"), авторите вршат анализа преку која им овозможуваат на читателите да добијат претстава за игрите на среќа во оваа држава преку институционалната и законската рамка на игрите на среќа, начините на лиценцирањето на приредувачите на игрите на среќа и постапките преку кои државата врши надзор над законитоста на нивното приредување.

**Додатоците** се систематизирани во два прилога: Прилог 1, кој ги содржи сите релевантни подзаконски акти во системот на игрите на среќа во Република Македонија, како и образците што произлегуваат од нив и Прилог 2, кој содржи модел лиценци за приредувањето на игрите во казино, обложувалница и автомат-клуб.

II

Анализата на текстот на учебникот „Право на игрите на среќа", подготвен од авторите доц. д-р Александар Климовски и м-р Тимчо Муцунски, ѝ овозможи на Комисијата да ги утврди следниве

о с н о в н и   к о н с т а т а ц и и

Трудот под наслов „Право на игрите на среќа", подготвен од авторите доц. д-р Александар Климовски и м-р Тимчо Муцунски, е структуиран концепциски и содржински првенствено да послужи како основен универзитетски учебник и да ги задоволи потребите и интересот на студентите на постдипломските (магистерски) студии. Со подготвувањето на овој учебник, како прв учебник од оваа област во Република Македонија, правната литература од областа на деловното право несомнено се збогатува со исклучително квалитетен научен и автентичен труд.

Трудот е напишан прегнантно, на чист литературен македонски јазик, при што се карактеризира со концизност, јасност на исказите и прецизна терминологија. Материјата е изложена избалансирано, според логичен редослед. Современите и актуелните институти се обработени со користење на соодветна методолошка рамка. Авторите успешно одговориле на поставените истражувачки задачи. Анализите ги изведуваат врз основа на компаративна анализа на акти и документи при што посебно треба да се истакне и апликативната димензија што е обезбедена преку систематизирањето на подзаконските акти и на обрасците нужни во процедурите во системот на игрите на среќа.

Врз основа на погоре утврдените заклучоци, Комисијата со задоволство

м у п р е д л а г а

на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да го усвои трудот под наслов „Право на игрите на среќа" од доц. д-р Александар Климовски и м-р Тимчо Муцунски како основен учебник по соодветниот предмет што се изучува на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Рецензенти

Проф. д-р Елена Градишки-Лазаревска с.р.

Проф. д-р Димитар Гелев с.р.

Скопје, 14.11.2012 година

## РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ЛЕКТОР ПО АНГЛИСКИ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата триесетта редовна седница одржана на 7.9.2012 година, нѐ избра за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавите на м-р Николче Мицкоски, м-р Соња Китановска-Кимовска, м-р Јана Илиевска и м-р Катерина Видова на објавениот конкурс за избор во звањето лектор по англиски јазик. По разгледувањето на доставените конкурсни материјали на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да му го доставиме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**М-р Николче Мицкоски** е роден на 20.1.1981. Дипломирал на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2005 година на групата преведување и толкување и се стекнал со право на стручен назив дипломиран толкувач по англиски и германски јазик. Тој е овластен судски преведувач од англиски и германски на македонски јазик и обратно од 2006 г. Во 2008 година се запишал на постдипломските студии по конференциско толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“. Во 2012 година го одбранил магистерскиот труд под наслов: „Дефинирање терминологија од областа на информатичките технологии во македонскиот јазик“ и се стекнал со академски степен магистер по конференциско толкување за англиски и српски јазик.

Работното искуство на м-р Микоски е насочено во две области: наставна и преведувачка. Најзначајно е неговото искуство како соработник по преведување и толкување на Катедрата за преведување и толкување при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во периодот од октомври 2007 до денес. Како стручњак од практиката изведувал вежби по предметите: *консекутивно толкување од англиски на македонски јазик* 1, 2, 3, 4, *консекутивно и симултано толкување од англиски на македонски јазик* 1, 2, *преведување од англиски на македонски јазик* 1, 2, 3, 4, *стручен предмет економија, стручен предмет терминологија од областа на информатичките и комуникациските технологии* и *електронски преведувачки помагала.*

Во областа на преведувањето/толкувањето имал бројни ангажмани по толкување, преведување и локализација за голем број државни и невладини организации и институции, домашни и странски компании: Европска комисија – Генерален директорат за информатичко општество и медиуми, Европска агенција за реконструкција, Eurofound, Министерство за транспорт и врски, Министерство за информатичко општество, Министерство за финансии, Министерство за земјоделство, Агенција за електронски комуникации, Заедница на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), Универзитет на Југоисточна Европа – Тетово,

Microsoft, SDL, BMW, Toyota, Opel, AIM Consulting, Raiffeisen Bank, Western Union, Electrolux, East West Institute, Bühler GmbH, Македонски центар за меѓународна соработка, Анима, New Moment, McCann Erickson Skopje. Учествувал и во проекти за локализација на софтвер за: Windows 7, Office 2010, Microsoft SharePoint, Openoffice.org, Ubuntu, Fedora, Joomla CMS, Alfresco, Moodle, RVSiteBuilder, Tiny ERP, Groupware.

Неговото богато искуство во преведување од областа на информатичките и комуникациските технологии и поседувањето на меѓународен сертификат Xpert за обучувач и за национален претставник на Xpert за Македонија му овозможило да спроведува и бројни обуки: обука за OpenOffice.org за 74 вработени во 22 општини во Република Македонија; обука за изработка на локални стратегии од областа на информатичките и комуникациските технологии за 40 вработени од 25 општини во Р. Македонија; обуки за користење компјутери за повеќе од 200 луѓе од различни целни групи (средношколци Роми, поранешни зависници и др.). Во периодот ноември – декември 2004 година бил обучувач за воведување на е-владеење на локално ниво при Академијата за е-владеење во Талин - Естонија и УНДП.

Стекнатите стручни знаења ги применил во подготовка на повеќе стручни прирачници: „Macedonian Style Guide (Водич за преведување/локализирање на производите на Microsoft на македонски јазик)“, Microsoft, 2011; „Прирачник за изработка на локални стратегии од областа на информатичката и комуникациската технологија“, Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија, 2009; и речници: „Поимник на најважни телекомуникациски изрази“, Техничка помош на телекомуникацискиот сектор, проект финансиран од ЕУ, 2007, „Поимник на македонски зборови од областа на информатичката технологија“, Министерство за информатичко општество, 2009 (коавтор).

Од објавените преводи од англиски на македонски јазик ги издвојуваме преводите на следниве книги: *Црвениот симбол на храброста* од Стивен Крејн, Антолог, 2012, Врева и бес“ од Вилијам Фокнер, Антолог, 2008, „Упатство за користење на Open Office“ од Магнус Адиелсон, Фондација Метаморфозис, 2006. Од преводите од македонски на англиски јазик ги издвојуваме: *Белата долина* од Симон Дракул, НУБ Св. Климент Охридски – Скопје во рамките на едицијата „130 тома македонска книжевност на англиски јазик, 2011, *Спектатор* од Жарко Кујунџиски, Антолог, 2012, *Веселото кајче* од Никола Павлески, Нико-турс, 2011 и *Хармонски основи на џезот* од Илија Пејовски, Проартс ДОО, 2004.

Учествувал и во изготвување и пријавување на научни национални проекти: „Поимник на зборови од областа на информатичката технологија – втора фаза“, Институт за македонски јазик – 2012 г., „Дигитализација на топонимискиот материјал од Северозападна Македонија“, Институт за македонски јазик – 2010 г., и „Речник на топонимите од Воденско“, Институт за македонски јазик – 2009-2011.

Како консултант учествувал и во подготовка на Националната стратегија за развој на следна генерација широкопојасен интернет (Усвоена од Собранието на Република Македонија во 2009 година) и член е на Националната експертска работна група за дефинирање национална терминологија од областа на информатичките технологии и електронските комуникации при Министерството за информатичко општество на РМ (2008- денес).

Во однос на научноистражувачката активност, м-р Мицкоски има објавено два труда од областа на стручната терминологија: „Стратегиски пристап при дефинирање терминологија од областа на информатичкото општество“ во

*Македонски јазик*, год. LX 2009, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков— Скопје, 2009, (стр. 263-273) и „Кон работата на националната работна група за изработка на лексикон од областа на информатичките и комуникациските технологии", во *Македонски јазик*, год. LX 2009, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков— Скопје, 2009 (стр. 367-369).

Одржал и две предавања на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, кои се и објавени: „ Дефинирање терминологија од областа на ИКТ во македонскиот јазик", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, 2010 (стр. 175-181) и „Македонската ортографија во софтверски апликации и фонтови-писмо, интерпункција и правописни знаци", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, 2008 (стр. 303-316), како и предавање на научниот собир во рамките на „2008 – Година на македонскиот јазик" на тема: „Правилно предавање на кирилското писмо и воведување нова терминологија" при Владата на РМ.

**М-р Соња Китановска – Кимовска** е родена на 8.10.1979 година во Битола. Дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 2002 година на групата англиски јазик и книжевност и стекнала право на стручен назив дипломиран филолог по англиски јазик и книжевност – преведувачка насока. За постигнатиот висок успех во студирањето со средна оценка 9,26 добила и пофалница од Филолошкиот факултет „Блаже Конески". За време на студиите била корисник на стипендија за талентирани студенти од Министерството за образование на Р. Македонија (1999-2002). Во 2003 година станала овластен судски преведувач по англиски јазик. Постдипломските студии ги завршила на Истражувачкиот центар за англиски јазик и применета лингвистика при Универзитетот во Кембриџ, Обединетото Кралство во 2004 година со просечна оценка 68% од 75% и се стекнала со академски степен магистер по филозофија. Во периодот октомври 2003 - јуни 2004 година била корисник на стипендија од Министерството за надворешни работи на Обединетото Кралство/Институт отворено општество. Во јуни 2007 година посетувала летна школа за истражување на превод на Универзитскиот колеџ Лондон, Обединетото Кралство.

Во тек е нејзината изработка на докторска дисертација од областа на науката за преведувањето под наслов: „Преведување стил: врз примери од англиската книжевност на македонски јазик" под менторство на проф. д-р Драги Михајловски, одобрена од Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" на 27.2.2008 година. За потребите на изработката на докторската дисертација, истражувањата ги продлобочила и со студискиот престој на Универзитетот во Кембриџ, Велика Британија, во јануари 2012.

М-р Соња Китановска-Кимовска има богато професионално искуство како преведувач/толкувач и како наставник по англиски јазик. Најпрвин работела како преведувач за Енигма ДОО во Битола (2000-2001), а потоа во Скопје била ангажирана како преведувач на проектот ФАРЕ „Инвестициони опции во транспортниот сектор" (10/2001-1/2002), како и на долгогодишниот проект „Поддршка на земјоделските здруженија во Република Македонија", финансиран од Шведската агенција за меѓународна соработка (2001-2010). Освен тоа, од 2004 до 2007 година работела како наставник по англиски јазик во Еуролингва – Скопје.

Покрај богатото искуство во преведување и толкување за меѓународни организации, компании и агенции, била ангажирана и на високообразовни институции. Од октомври 2010 година, како стручњак од практиката на Катедрата за преведување и толкување при Филолошкиот факултет „Блаже Конески", континуирано изведува вежби по предметот *англиски јазик* за студентите во прва и втора година од додипломските студии. Во исто време, од ноември 2010 година била ангажирана како надворешен предавач на Факултетот за применети јазици при Универзитетот ФОН во Скопје, кадешто држела предавања по предметот *теорија на преведување и толкување* и вежби по *двонасочен деловен превод* на студентите на постдипломски студии.

Нејзиниот интерес за преводот и истражувањето од областа на преведувањето и применетата лингвистика е видлив и од објавените научни и стручни трудови. Имено, таа е автор на три научни труда објавени во Годишниот зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје: „Кохезија и кохерентност: примери за поддршка на кохерентноста без кохезија" (2008, кн. 34, 409-416) и „Is English Spelling Logical?" (2010, кн.36, 183-188) и на еден труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор, под наслов: *Double Negation in English and Macedonian: A Comparative Approach.* In Proceedings of the 6th International Language Conference: Productive Language Skills for Academic Purposes, 7-8 October 2011, Varna, Bulgaria. Varna: Varna Medical University "Prof. Dr. Paraskev Stoyanov", pp. 245-249.

На научни собири учествувала со следниве реферати: *Double Negation in English and Macedonian: A Comparative Approach.* 6th INTERNATIONAL LANGUAGE CONFERENCE: Productive Language Skills for Academic Purposes, 7-8 October 2011, Varna, Bulgaria и *L2 Acquisition of Multiple WH-Questions: The case of Macedonians Learning English.* 6th ELTAM - IATEFL-TESOL INTERNATIONAL BIANNUAL CONFERENCE: Empowering Teachers for New Challenges in ELT, 30-31 October 2010, Skopje, Republic of Macedonia.

Од објавените стручни трудови преовладуваат преводите од македонски на англиски јазик: *Трговија со луѓе и илегална миграција перцепирани од главните актери во кривичната постапка* од Виолета Велкоска (2009, 77 стр.); *Пристап до правда – Извештај за заштитата на човековите права во предметите на полициска злоупотреба и тортура* од Аница Томшиќ- Стојковска (2008, 59 стр.); *Финален извештај за институционалниот одговор против изборните нерегуларности* од Тања Каракамишева и Александар Чичаковски (2009, 92 стр.); *Ефикасност во заштитата на човековите права при пречекорувањето на полициските овластувања: правна анализа 2009* од Аница Томшиќ- Стојковска (2010, 63 стр.); *Судската ефикасност во справувањето со корупцијата во Република Македонија* од Гордан Калајџиев (2010, 59 стр.), бројни веб-страници, прирачници и др.

Од англиски на македонски јазик ги издвојуваме следниве преводи: на шест книги од едицијата „Неверојатен свет", и на Cross-Border Programme 2007-2013, IPA CBC Republic of Macedonia - Republic of Albania, Ministry of Local Self-Government, Ministry of European Integration, pp. 48, 2008,

Учествувала и во изготвување и пријавување на научни и образовни национални и меѓународни проекти: проект на Федерацијата на шведски фармери, *Support to Farmers' Association in the Republic of Macedonia II*, поднесен до Swedish

International Development Cooperation Agency, 2004, проект на Федерацијата на шведски фармери, *Support to Farmers' Association in the Republic of Macedonia III*, поднесен до Swedish International Development Cooperation Agency, 2006 и 2010, проект на Македонската асоцијација на Чивнинг стипендисти: Regional Chevening Interactions, поднесен до FCO Chevening Awards Project Fund, 2009. Освен тоа, кандидаткатае носител на проект на Здружението на преведувачи на Република Македонија: *The Hidden Core of the EU (Translators' Contribution to the EU Integration Process),* поднесен до Open Society Foundations Scholarship Programs, 2012-2013 Alumni Grant Program, 2012, два проекта на Фондацијата за болните од Паркинсонова болест од Република Македонија, поднесени до Американската амбасада во Скопје, 2010, 2011.

Учествувала и во изработка на национална програма како соработник на Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија за подготовка на националната верзија на acquis communautaire и преведување на законодавството на Република Македонија, 2004/2005, 2006/2007, 2008/2009 г.

**М-р Јана Илиевска** додипломските студии ги завршила на Катедрата за преведување и толкување (англиски и германски јазик) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ со просек 9,78. Дипломскиот труд под наслов *„Преведување литературна критика: превод на есеите на Милтон I и Милтон II од Т.С. Елиот"* бил објавен во списанието **Книжевно житие** во 2009 г. Стипендирана од Генералниот директорат за толкување при Европската комисија ги завршила **магистерските студии по конференциско** толкување со просек 9,80. Магистерскиот труд е под наслов: *Судско толкување: теорија и практика.* Од октомври 2010 г. до февруари 2011 г. реализирала студиски престој за усовршување во областа на конференциското толкување и превод на Институтот за транслатологија во Виена, Австрија, како резултат на добивање на стипендија од Австриската служба за размена (ОеАД). Покрај стипендијата доделена за усовршување, кандидатката е корисник на стипендија доделелна од Генералниот директорат за толкување при Европската комисија (DG Interpretation) за магистерски студии по толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески„ (2009/10), и е корисник на стипендија за талентирани студенти на додипломски студии (2006-2009 г.) доделена од Министерството за образование и наука на Рпублика Македонија. Таа е постојан судски преведувач од германски на македонски јазик и обратно, од 2011 г., и постојан судски преведувач од англиски на македонски јазик и обратно од 2009 г., за подрачјето на основните судови Скопје 1 и Скопје II.

Од 2008 г. м-р Јана Илиевска работи како хонорарен толкувач/преведувач за англиски и германски јазик на состаноци, конференции за печатот, во судница, проектни обуки и семинари, интервјуа, во емисии во живо, покривајќи мноштво области: актуелна политика (евроинтеграции и проширување на ЕУ, избори, демократија), медиуми, право и судство(судски постапки, кривични случаи), права на работници, економија, енергетика (енергетско управување, енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија), јавно-приватно партнерство и субординирани кредити итн. За толкувачките ангажмани кандидатката приложува референтна листа.

Кандидатката за релативно краток период има остварено бројни работни ангажмани што зборува за нејзината богата стручно-апликативна дејност и

искуство во доменот на толкувањето и писменото преведување. Толкувала симултано и консекутивно за следниве организации: Меѓународната организација на трудот (ILO), ОБСЕ/ОДИХР, ЕЗА (Европски центар за работнички прашања), SDC (Швајцарска агенција за развој и соработка), Швајцарска амбасада, Македонски институт за медиуми, Висока школа за новинарство и односи со јавноста, Институт за парламентарна демократија (IPD), Кривичен суд Скопје 1, УНАСМ (Унија на независни и автономни синдикати на Македонија) и други домашни и странски компании и здруженија.

Во време на магистерските студии, од 2008 до 2010 г., м-р Јана Илиевска е ангажирана на Катедрата за преведување и толкување во својство на демонстратор, и изведувала настава по предметите: англиски јазик на напредно ниво (advanced, C1; proficiency level C2), и преведување од англиски на македонски јазик 1 и 2 во трета студиска година во академската 2011/2012 г. кандидатката работи како стручен надворешен соработник и извршува настава по англиски јазик на напредно ниво (вештини на слушање, зборување и пишување), и консекутивно и симултано толкување 1 и 2, од македонски на англиски јазик со техники на бележење.

Автор е на следниве трудови:

1. Дипломски труд: „Преведување литературна критика: превод на есеите Милтон I и Милтон II од Т.С.Елиот со поимник" (Eliot, T.S., *MILTON: Two Studies by T. S. Eliot.* London: Faber & Faber, 1968), објавен во списанието за книжевност, уметност и култура *Книжевно житие* (Број 16-17 мај-јуни 2009), издавач: ИД „Макавеј" – Скопје [ISSN 1857-5730].
2. Превод на литературното дело: „Ветришта над Равен" од Христо Крстевски од македонски на англиски јазик (Winds over Raven) во рамките на проектот на Министерството за култура на РМ „Превод и лектура на 130 тома од македонската книжевност на англиски јазик", во издаваштво на КСЦ – Конгресен сервисен центар и Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Скопје, 2011 година [ISBN: 978-608-232-001-4].
3. Превод на истражувањето под наслов: „Развој на медиумите во Македонија според индикаторите на УНЕСКО" од македонски на англиски јазик (Analysis: Development of the Media in Macedonia according to UNESCO indicators), објавен во Македонскиот институт за медиуми, Скопје, јануари 2012 г. 1-62, 98 и 107 стр.

**М-р Катерина Видова** е родена на 4 мај 1976 година во Скопје. Основно и три години од средното образование завршила во Скопје. Четвртата годнина од средното образование, во учебната 1993/94 ја завршила во Мидлесекс, Њу Џерси, САД, кадешто и матурирала.

На Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје се запишала во учебната 1994/95 година на групата македонски јазик со англиски јазик "Б". Дипломирала во 1999 со просечен успех 8, 42. Во учебната 1999/2000 за запишала на постдипломски студии од областа англиски јазик. Испитите ги положила во предвидениот рок со просек 8,5. Во 1999 го положила испитот за лектор по македонски јазик. Од март 1999 до јуни 1999 работела како преведувач за британските сили во Велес, а од септември 1994 до јуни 2004 како професор по англиски јазик во "Smile"- училиште за англиски јазик. Од септември 2004 до мај декември 2008 работела како професор по англиски јазик и македонски за странци во "Challenge"- Друштво за одржување на курсеви за странски јазици.

Во декември 2004 на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје пријавила за изработка магистерска теза под наслов "Категоријата определеност/неопределеност во македонскиот и англискиот јазик во насловите и поднасловите". Тезата ја одбранила во јуни 2007 пред комисија.

Во учебната 2008/2009 била ангажирана како надворешен соработник од страна на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје каде што четири години изведувала настава по предметите англиски јазик 1 и англиски јазик 2, предавала стручна терминологија од областа на земјоделството и ги спроведувала испитите по предметите англиски јазик 1 и англиски јазик 2. Од јануари 2009 до август 2011 била вработена како лектор по англиски јазик во приватната високообразовна институција Универзитет за туризам и менаџмент – Скопје, кадешто предавала англиски јазик 1, англиски јазик 2, англиски јазик 3 и англиски јазик 4 на Факултетот за туризам и деловен англиски јазик 1, деловен англиски јазик 2 и деловен англиски јазик 3 на Економскиот факултет, Факулетот за меѓународен маркетинг менаџмент, Факултетот за претприемачки бизнис, Факултетот за односи со јавности и Факултетот за менаџмент со човечки ресурси. На Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје предавала стручна терминологија од областа на културното наследство во Р.Македонија, стручна терминологија од областа на туризмот и угостителството и стручна терминологија од областа на економијата.

Покрај наставата по англиски јазик на Универзитетот за туризам и менаџмент била ангажирана за преводи на документи за Универзитетот, како и преводи на документи, писма, трудови за два меѓународни конгреса во септември 2009" Предизвиците и перспективите во туризмот и менаџментот" и во април 2011" „Влијанието на туризмот на економскиот развој", организирани од страна на УТМС. Во текот на периодот на работа при Унверезитетот за туризам и менаџмент во Скопје ги направила следниве преводи: вовед на учебник "Туризам прицципи и практика" на проф. д-р Михајло Будиноски во 2009, превод на филмот " Зародиш" на д-р Соња Ризоска- Јованоска во продукција на Совет на град Скопје и Универзитет за туризам и менаџмент- Скопје, на брошура за Скопје, автор: Оливера Гекиќ, издание на Туристички сојуз на Скопје; лектура на книгата "Географија на Република Македонија" на проф. д-р Александар Стојмилов.

Напишала два кратки текста за www.mnogo.mk: "Наплив на англицизмите во македонскиот јазик" во февруари 2011, и "Јазикот на туристичките водичи" во јули 2011. Учествувала на Вториот меѓународен научен конгрес на тема „Влијанието на туризмот на економскиот развој", организиран од страна на УТМС во април 2011, со трудот "Анализа на јазичниот дискурс во туристичките водичи на англиски јазик за Македонија и Скопје".

Во декември 2011, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје и ја одобрил темата за изработка на докторска дисертација под наслов " Изразување на функциите на сегашен партицип во англискиот јазик и во македонскиот јазик". Во тек е изработката на докторската дисертација.

Во учебната 2011/2012 е ангажирана како професор по англиски јазик, надворешен соработник во Центарот за странски јазици во Скопје.

**Заклучок и предлог**

Рецензентската комисија имаше тешка задача да издвои една личност од пријавените кандидати, бидејќи сите се исклучително талентирани и вредни млади луѓе, полни со ентузијазам и самоиницијативност, но и со богато професионално искуство. Сепак, во личноста на м-р Соња Китановска-Кимовска Рецензентската комисија гледа солиден наставник по англиски јазик, но и вреден и динамичен млад истражувач.

Особен впечаток оставаат нејзината научна профилираност и досегашните резулати, што се потврдува со одличната основа што ја има стекнато за техниките и методологијата на научното истражување преку постдипломските студии на Универзитетот во Кембриџ, Велика Британија, од областа на применетата лингвистика, како добитник на престижната стипендија на британското Министерство за надворешни работи, „Чивенинг (Chevening)" за 2003/2004 година, што се доделува на исклучително талентирани англисти ориентирани кон истражувачка работа. Освен тоа, добитник е на стипендија за талентирани студенти на Министерството за образование и наука на Република Македонија за академските 1999/2000, 2000/2001, 2001/2002 година.

Со оглед на спецификите на Катедрата за преведување и толкување, м-р Соња Китановска-Кимовска најмногу одговара на профилот на кадарот потребен за изведување на наставата по англиски јазик. Нагласуваме и дека м-р Китановска-Кимовска како повеќегодишен соработник на оваа Катедра е веќе навлезена во спецификите на лекторската настава со студентите- преведувачи/толкувачи.

Од сето гореизложено, може со задоволство да се констатира дека м-р Соња Китановска-Кимовска има бројни учества на учество на меѓународни научни конференции со реферати од областа на лингвистиката и преведувањето, одбранила магистерска теза од областа на применетата лингвистика, а нејзината докторска дисертација од областа на теоријата на преведувањето е во завршна фаза; има објавен труд во зборник на трудови од меѓународен научен собир со меѓународен уредувачки одбор; носител е на проекти-национални и меѓународни; има богато професионално искуство како преведувач и толкувач по англиски јазик и има одлични познавања од разновидни области, за што говорат и нејзините објавени трудови, но има и придонес во оспособувањето на студентите од Катедрата за преведување и толкување за стекнување јазични компетенции. Затоа, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, **м-р Соња Китановска-Кимовска** да биде избрана во звањето лектор по англиски јазик на Катедрата за преведување и толкување.

Скопје, 8.11.2012 г.

Рецензентска комисија

1. Д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, доцент, с.р.

2. Д-р Солзица Поповска, вонреден професор, с.р.

3. Д-р Емилија Георгиевска, доцент, с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Николче Димитрија Мицкоски**
**Институција:** **Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје**
**Научна област:** **англиски јазик – преведување и толкување**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

**Одржана настава од прв циклус студии**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Преведување од англиски на македонски јазик 3, 0+6, зимски 2007/2008 | 3,6 |
| 2 | Преведување од англиски на македонски јазик 4, 0+6, летен 2007/2008 | 3,6 |
| | **Вкупен број поени во зимскиот и летниот семестар 2007/2008** | **7,2** |
| 3 | Преведување од англиски на македонски јазик 3, 0+6, зимски 2008/2009 | 3,6 |
| 4 | Преведување од англиски на македонски јазик 4, 0+6, летен 2008/2009 | 3,6 |
| | **Вкупен број поени во зимскиот и летниот семестар 2008/2009** | **7,2** |
| 5 | Преведување од англиски на македонски јазик 3, 0+6, зимски 2009/2010 | 3,6 |
| 6 | Консекутивно толкување од англиски на македонски јазик 3, 0+2, зимски 2009/2010 | 1,2 |
| 7 | Електронски преведувачки помагала 1, 0+2, зимски 2009/2010 | 1,2 |
| 8 | Електронски преведувачки помагала 3, 0+2, зимски 2009/2010 | 1,2 |
| 9 | Преведување од англиски на македонски јазик 4, 0+6, летен 2009/2010 | 3,6 |
| 10 | Консекутивно толкување од англиски на македонски јазик4, 0+2, летен 2009/2010 | 1,2 |
| 11 | Електронски преведувачки помагала 2, 0+2, летен 2009/2010 | 1,2 |
| 12 | Електронски преведувачки помагала 4, 0+2, летен 2009/2010 | 1,2 |
| | **Вкупен број поени во зимскиот и летниот семестар 2009/2010** | **14,4** |
| 13 | Преведување од англиски на македонски јазик 1, 0+4, зимски 2010/2011 | 2,4 |
| 14 | Преведување од англиски на македонски јазик 3, 0+6, зимски 2010/2011 | 3,6 |
| 15 | Стручен предмет економија 1+1, зимски 2010/2011 | 1,2 |
| 16 | Стручен предмет ИКТ-терминологија 1+1, зимски 2010/2011 | 1,2 |
| 17 | Преведување од англиски на македонски јазик 2, 0+4, летен 2010/2011 | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| 18 | Преведување од англиски на македонски јазик 4, 0+6, летен 2010/2011 | 3,6 |
| 19 | Стручен предмет ИКТ-терминологија 1+1, летен 2010/2011 | 1,2 |
| | **Вкупен број поени во зимскиот и летниот семестар 2010/2011** | **15,6** |
| 20 | Преведување од англиски на македонски јазик 3, 0+6, зимски 2011/2012 | 3,6 |
| 21 | Консекутивно и симултано толкување од англиски на македонски јазик 1, 0+4, зимски 2011/2012 | 2,4 |
| 22 | Стручен предмет ИКТ-терминологија 1+1, зимски 2011/2012 | 1,2 |
| 23 | Преведување од англиски на македонски јазик 4, 0+6, летен 2011/2012 | 3,6 |
| 24 | Стручен предмет ИКТ-терминологија 1+1, летен 2011/2012 | 1,2 |
| 25 | Консекутивно и симултано толкување од англиски на македонски јазик 2, 0+4, летен 2011/2012 | 2,4 |
| | **Вкупен број поени во зимскиот и летниот семестар 2011/2012** | **14,4** |
| | **Вкупно** | **58,8** |

**Консултации со студенти**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 26 | Зимски семестар 2007/2008 / ~ 20 студенти | 0,04 |
| 27 | Летен семестар 2007/2008 / ~ 20 студенти | 0,04 |
| 28 | Зимски семестар 2008/2009 / ~ 60 студенти | 0,12 |
| 29 | Летен семестар 2008/2009 / ~ 60 студенти | 0,12 |
| 30 | Зимски семестар 2009/2010 / ~ 230 студенти | 0,46 |
| 31 | Летен семестар 2009/2010 / ~ 20 студенти | 0,46 |
| 32 | Зимски семестар 2010/2011 / ~ 310 студенти | 0,62 |
| 33 | Летен семестар 2010/2011 / ~ 210 студенти | 0,42 |
| 34 | Зимски семестар 2011/2012 / ~ 140 студенти | 0,28 |
| 35 | Летен семестар 2011/2012 / ~ 120 студенти | 0,24 |
| | **Вкупно** | **2,8** |

Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 36 | Кандидат: Елена Цветкоска | 0,1 |
| 37 | Кандидат: Анета Златева | 0,1 |
| | **Вкупно** | **0,2** |

| | |
|---|---|
| **ВКУПНО ПОЕНИ ОД НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **61,8** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Раководител во национален научен проект: „Поимник на зборови од областа на информатичката технологија – втора фаза“, Институт за македонски јазик – 2012 година, финансиран од Министерството за култура на РМ. | 6 |
| 2 | Учесник во национален научен проект: „Дигитализација на топонимискиот материјал од Северозападна Македонија“, Институт за македонски јазик – 2010 година, финансиран од Министерството за култура на РМ. | 3 |
| 3 | Учесник во национален научен проект: „Речник на топонимите од Воденско“, Институт за македонски јазик – 2009-2011 година, финансиран од Министерството за образование и наука на РМ. | 3 |
| 4 | Предавање на Меѓународениот семинар за македонски јазик, литература и култура на тема „Македонската ортографија во софтверски апликации и фонтови-писмо, интерпункција и правописнизнаци“ (стр. 303-316), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, 2008, ISBN 978-9989-43-258-3. | 2 |
| 5 | Предавање на научен/стручен собир во рамките на „2008 – Година на македонскиот јазик“ на тема „Правилно предавање на кирилското писмо и воведување нова терминологија“ (стр. 15-16), Влада на РМ. | 1 |
| 6 | Труд „Стратеги скипристап при дефинирање терминологија од областа на информатичкото општество“, објавен во научното списание „Македонски јазик година LX 2009, Институтзамакедонскијазик „КрстеМисирков— Скопје, 2009, ISSN 0025-1089 (стр. 263-273). | 3 |
| 7 | „Кон работата на националната работна група за изработка на лексикон од областа на информатичките и комуникациските технологии“, објавен во научното списание „Македонски јазик година LX 2009, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков— Скопје, 2009, ISSN 0025-1089 (стр. 367-369). | 1 |
| 8 | Предавање на Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура на тема „ Дефинирање терминологија од областа на ИКТ во македонскиот јазик“ (стр. 175-181), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, 2010, ISBN 978-9989-43-275-0. | 2 |
| | **Вкупно** | **21** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Автор на книга од стручна област: „Macedonian Style Guide (Водич за преведување/локализирање на производите на Microsoft на македонски јазик)“, Microsoft, 2011. | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Коавтор на книга од стручна област: „Прирачник за изработка на локални стратегии од областа на информатичката и комуникациската технологија",Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија, 2009, ISBN 978-9989-186-43-1. | 7 |
| 3 | Автор на речник: „Поимник на најважни телекомуникациски изрази", Техничка помош на телекомуникацискиот сектор, проект финансиран од ЕУ, 2007 - издавач? | 6 |
| 4 | Коавтор на речник „Поимник на македонски зборови од областа на информатичката технологија", Министерство за информатичко општество, 2009. | 3 |
| 5 | Превод од англиски на македонски јазик: „Добриот војник" од Форд Медокс Форд, Конгресен сервисен центар (едиција „Ѕвезди на светската книжевност"), во печат. | 2 |
| 6 | Превод од англиски на македонски јазик на „Црвениот симбол на храброста" од Стивен Крејн, Антолог, а делото е поддржано од Буџетот на Република Македонија според Годишната програма за остварување на национален интерес во културата во 2012 година, ISBN 978-608-4507-71-0. | 2 |
| 7 | Превод од англиски на македонски јазик: „Врева и бес" од Вилијам Фокнер, Антолог. Делото е поддржано од Буџетот на Република Македонија според Годишната програма за остварување на национален интерес во културата во 2008 година, ISBN 978-608-4507-00-0. | 2 |
| 8 | Превод од англиски на македонски јазик: „Упатство за користење на Open Office" од Магнус Адиелсон, Фондација Метаморфозис, 2006, ISBN 9989-2451-2-6. | 2 |
| 9 | Превод од македонски на англиски јазик: „Спектатор" од Жарко Кујунџиски, Антолог, а делото е поддржано од Буџетот на Република Македонија според Годишната програма за остварување на национален интерес во културата во 2012 година ISBN 978-608-4507-11-6 (13). | 2 |
| 10 | Превод од македонски на англиски јазик: „Белата долина" од Симон Дракул, НУБ Св. Климент Охридски – Скопје во рамките на едицијата „130 тома македонска книжевност на англиски јазик, 2011 ISBN 978-9989-652-87-5. | 2 |
| 11 | Превод од македонски на англиски јазик: „Веселото кајче" од Никола Павлески, Нико-турс, 2011, ISBN 978-9989-2688-1-6. | 2 |
| 12 | Превод од македонски на англиски јазик: „Хармонски основи на џезот" од Илија Пејовски, Проартс ДОО, 2004, ISBN 9989-20642-2. | 2 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 13 | Носител: Изготвување и пријавување на националниот научен проект „Поимник на зборови од областа на информатичката технологија – втора фаза". | 1 |
| 14 | Подготовка на Националната стратегија за развој на следна генерација широкопојасен интернет (Усвоена од Собранието на Република | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Македонија во 2009 година). | |
| 15 | Подготовка на Националната стратегија за електронски комуникации со информатички технологии (Усвоена од Собранието на Република Македонија во 2008 година) | 2 |
| 16 | Член на Националната експертска работна група за дефинирање национална терминологија од областа на информатичките технологии и електронските комуникации при Министерството за информатичко општество на РМ (2008- денес) | 1 |
| | **Вкупно** | **46** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | ПОЕНИ |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **61,8** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **21** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **46** |
| **ВКУПНО** | **128,8** |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, претседател, с.р.
2. Д-р Солзица Поповска, член, с.р.
3. Д-р Емилија Георгиевска, член, с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** __**Соња Кире Китановска-Кимовска**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** __**Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** ___**англиски јазик**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување настава од втор циклус** | |
| 1 | Теорија на преведувањето и толкувањето (3+0), Факултет за применети јазици, Универзитет ФОН, зимски 2010/2011 | 2,25 |
| 2 | Двонасочен деловен превод (0+3), Факултет за применети јазици, Универзитет ФОН, летен, 2010/2011 | 1,35 |
| | **Одржување настава од прв циклус** | |
| 3 | Англиски јазик 1Б (0+18), Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, зимски 2010/2011 | 8,1 |
| 4 | Англиски јазик 2Б (0+18), Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, летен 2010/2011 | 8,1 |
| 5 | Англиски јазик 1Б (0+6), Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, зимски 2011/2012 | 2,7 |
| 6 | Англиски јазик 2Б (0+6), Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, летен 2011/2012 | 2,7 |
| 7 | Професионални вештини (10+9), Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, УКИМ, зимски 2011/2012 | 10,05 |
| | **Настава во школи и работилници** | |
| 8 | Раководител на настава по англиски јазик за возрасни во Евролингва, Скопје, 2004-2007 | 4,5 |
| 9 | Раководител на настава по англиски јазик за возрасни во AgoraEvolution, USA, 2012 | 1,5 |
| | **Подготовка на нов предмет** | |
| 10 | Теорија на преведувањето и толкувањето (3+0), Факултет за применети јазици, Универзитет ФОН, зимски, 2010/2011 | 1 |
| 11 | Двонасочен деловен превод (0+3), Факултет за применети јазици, Универзитет ФОН, летен, 2010/2011 | 0,5 |
| 12 | Професионални вештини (2+2), Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, УКИМ, зимски 2011/2012 | 1,5 |
| | **Консултации со студенти** | |
| 13 | Консултации со студенти, зимски 2010/2011 (УКИМ-ФФ 150+ ФОН 10) | 0,32 |
| 14 | Консултации со студенти, летен 2010/2011 (УКИМ-ФФ150+ УКИМ 10) | 0,32 |
| 15 | Консултации со студенти, зимски 2011/2012 (УКИМ-ФФ 150+ УКИМ-ФИНКИ 310+ ФОН 5) | 0,93 |

| | | |
|---|---|---|
| 16 | Консултации со студенти, летен 2011/2012 (УКИМ-ФФ150+ ФОН 5) | 0,31 |
| | **Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа** | |
| 17 | 2 дипломски работи во 2010/2011 | 0,2 |
| | **Интерна скрипта од вежби** | |
| 18 | Англиски јазик 1Б, 2010 | 3 |
| 19 | Англиски јазик 2Б, 2010 | 3 |
| | **Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание** | |
| 20 | Китановска, Соња (2001) Јазикот е нашето најсилно оружје. Во Менсадонија бр. 3, стр. 7 | 1 |
| | **Пакет материјали за одреден предмет** | |
| 21 | Теорија на преведувањето и толкувањето, 2010 | 1 |
| 22 | Двонасочен деловен превод, 2011 | 1 |
| 23 | Професионални вештини, 2011 | 1 |
| | **Вкупно** | **56,33** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 1 | Kitanovska-Kimovska, Sonja (2011) *Double Negation in English and Macedonian: A Comparative Approach.* In Proceedings of the 6th International Language Conference: Productive Language Skills for Academic Purposes, 7-8 October 2011, Varna, Bulgaria. Varna: Varna Medical University "Prof. Dr. Paraskev Stoyanov", pp. 245-249. | 3 |
| | **Трудови објавени во зборник на трудови на високообразовна институција** | |
| 2 | Китановска-Кимовска, Соња (2011). *Arguments For and Against the Classical View on Word Meaning.* Во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“– Скопје, книга 37. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, стр. 253-258. | 2 |
| 3 | Китановска-Кимовска, Соња (2010). *Is English Spelling Logical?* Во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“– Скопје, книга 36. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, стр. 183-188 | 2 |
| 4 | Китановска-Кимовска, Соња (2008). *Кохезија и кохерентност: примери за поддршка на кохерентноста без кохезија.* Во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“– Скопје, книга 34. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, стр. 409-416. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| 5 | Kitanovska Kimovska Sonja (2011) *Double Negation in English and Macedonian: A Comparative Approach.* 6th INTERNATIONAL LANGUAGE CONFERENCE: Productive Language Skills for Academic Purposes, 7-8 October 2011, Varna, Bulgaria. | 1 |
| 6 | Kitanovska Kimovska Sonja (2010) *L2 Acquisition of Multiple WH-Questions: The case of Macedonians Learning English.* 6th ELTAM - IATEFL-TESOL INTERNATIONAL BIANNUAL CONFERENCE: Empowering Teachers for New Challenges in ELT, 30-31 October 2010, Skopje, Republic of Macedonia. | 1 |
| | **Вкупно** | **11** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Екпертски активности** | |
| 1 | Стручна ревизија на македонскиот превод на делото на Михал Бен-Гера: *Улогата на минситерствата во системот на развој на политики: развој на политики, следење и оценување. Труд на Сигма бр. 39.* (Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи – Битола 2010). | 1 |
| 2 | Супервизија на работата на 5 преведувачи (вклучувајќи лекторирање на преведени текстови и усогласување на терминологија со изработка на поимници) во рамките на проектите „Поддршка на земјоделските здруженија во Република Македонија I, II и III“, 2001/2003, 2004/2007, 2007/2010. | 3 |
| 3 | Изработка на методологија за следење и оценување на напредокот на проектот (дефинирање на показатели, извори на верификација, методи и распоред на собирање на податоците); собирање и анализирање на податоците за сите показатели; пишување на тримесечни извештаи од следењето; презентирање на извештаите од следењето пред раководството и Советодавниот одбор на проектот „Поддршка на земјоделските здруженија во Република Македонија III“ 2007/2010. | 1 |
| | **Преводи** | |
| 4 | Ahmed, Oktay (2001) *Cumans and an Important Document about Them: Codex Cumanicus.* In Mensadonia No. 8, Compilation of Mensans Works, pp. 7-15<br>Превод на статијата: Куманите и еден значаен документ за нив: Codex Cumanicus/Октај Ахмед | 0,5 |
| 5 | Танкад Питер (2003) *Мојата прва Менса средба.* Во Менсадонија бр. 11, стр. 7<br>Превод на статијата: My First Mensa Meeting/Tankard, Peter | 0,5 |
| 6 | Превод на дел од книга на македонски јазик: HIV & AIDS Strategy and Workplan, Nepal Police, Chapter 1, 2006 | 1 |
| 7 | Превод на книга на македонски јазик: Cross-Border Programme 2007-2013, IPA CBC Republic of Macedonia - Republic of Albania, | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Ministry of Local Self-Government, Ministry of European Integration, pp. 48, 2008 | |
| 8 | Превод на прирачник на македонски јазик: Using the Pippin – Guidance Manual for the 'Pippin' Programmable Robot, USAID, AED, Primary Education Project, pp. 13, 2008 | 3 |
| 9 | Превод на статија на македонски јазик: Applying the Tuning Approach to Third Cycle Studies by Julia González, Katherine Isaacs and Robert Wagenaar, pp. 24, 2008 | 0,5 |
| 10 | Prof. Dr. Karakamisheva, Tanja & Chichakovski, Aleksandar; [translator Sonja Kitanovska Kimova]. (2009) *Final Report on the Institutional Response against Election Irregularities [2008-2009].* Skopje: Coalition of Civil Associations "All for Fair Trials" – 92 стр.<br><br>Превод на делото: Финален извештај за институционалниот одговор против изборните нерегуларности/проф. д-р Тања Каракамишева и Александар Чичаковски. | 3 |
| 11 | Tomshich-Stojkovska, Anica [translator Sonja Kitanovska]. (2009) *Access to Justice - Report on the Protection of Human Rights in Cases of Police Abuse and Torture* [2008]. Skopje: Coalition of Civil Associations "All for Fair Trials" – 59 стр.<br>Превод на делото: Пристап до правда – Извештај за заштитата на човековите права во предметите на полициска злоупотреба и тортура/Аница Томшиќ-Стојковска. | 3 |
| 12 | Velkoska, Violeta [translator Sonja Kitanovska] (2009) *Trafficking in Human Beings and Illegal Migration as Perceived by Key Actors in the Criminal Procedure.* Skopje: Koalicija "Site za pravicno sudenje" – 77 стр.<br>Превод на делото: Трговијата со луѓе и илегалната миграција прецепирани од главните актери во кривичната постапка/Виолета Велкоска | 3 |
| 13 | Превод на дел од книга на англиски јазик: Национална програма за усвојување на правото на Европската унија – ревизија 2009, поглавје 1.3, 2009. | 1 |
| 14 | Превод на упатство за корисници: General Operating Manual FV-Series Fiberoptics Kits for Survaillance and<br>Contraband Detection by Campbell / Harris<br>Security Equipment Company, pp. 34, 2009. | 3 |
| 15 | Превод на упатство за корисници: User's Manual for the 3M Rochford Thompson Portable Passport Reader<br>by Rochford Thompson Equipment Limited, pp. 29, 2009 | 3 |
| 16 | Tomshich-Stojkovska, Anica [translator Sonja Kitanovska-Kimovska]. (2010) Mechanisms for Human Rights Protection in Cases Where Police Powers Have Been Exceeded: 2010 Legal Analysis. Skopje: Coalition of Civil Associations "All for Fair Trials"<br>Превод на делото: Механизми за заштита на човековите права во случаи на пречекорување на полициските овластувања: правна анализа за 2010 година/Аница Томшиќ-Стојковска. | 3 |
| 17 | Prof. Dr. Kalajdziev, Gordan [translator Sonja Kitanovska-Kimovska]. (2010) *Judicial Efficiency in Fighting Corruption in the Republic of Macedonia: Report of the Project Corruption Trial Monitoring Programme in the Republic of Macedonia.* Skopje: | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Coalition of Civil Associations "All for Fair Trials" – 59 стр.<br><br>Превод на делото: Судската ефикасност во справувањето со корупцијата во Република Македонија: извештај од проектот „Програма за набљудување на судски предмети во врска со корупцијата во Република Македонија"/Гордан Калајџиев | |
| 18 | Tomshich-Stojkovska, Anica [translator Sonja Kitanovska-Kimovska]. (2010) *Efficiency in the Protection of Human Rights where Police Powers are Exceeded: Legal Analysis 2009.* Skopje: Coalition of Civil Associations "All for Fair Trials" – 63 стр.<br>Превод на делото: Ефикасност во заштитата на човековите права при пречекорување на полициските овластувања: правна анализа 2009/Аница Томшиќ-Стојковска | 3 |
| 19 | Превод на веб-страницата на англиски јазик www.europeanmovement.org.mk, 2002 | 0,5 |
| 20 | Превод на веб-страницата на англиски јазик www.mensa.org.mk, 2003/2004 | 0,5 |
| 21 | Превод на веб-страницата на македонски јазик www.yakaz.com, 2010 | 0,5 |
| 22 | Превод на веб-страницата на англиски јазик www.all4fairtrials.org.mk, 2010 | 0,5 |
| 23 | Превод на протокол на англиски јазик: Протокол за координација и комуникација, Центар за поддршка на олеснување на меѓуетнички спорови, стр. 44, 2011 | 3 |
| 24 | Превод на стратегија на англиски јазик: Приказна која трае – традицијата во ново руво, Стратрегија за одржлив развој на организацијата 2012-2016 на Федерација на фармерите во Република Македонија, стр. 55, 2011 | 3 |
| 25 | Превод на книга за деца на македонски јазик: Арктик и Антарктик, Едиција „Неверојатен свет", Dorling Kindersley, pp. 24, 2011 | 3 |
| 26 | Превод на книга за деца на македонски јазик: Големи мачки, Едиција „Неверојатен свет", Dorling Kindersley, pp. 24, 2011 | 3 |
| 27 | Превод на книга за деца на македонски јазик: Океани, Едиција „Неверојатен свет", Dorling Kindersley, pp. 24, 2011 | 3 |
| 28 | Превод на книга за деца на македонски јазик: Земја, Едиција Неверојатен свет, Dorling Kindersley, pp. 24, 2011 | 3 |
| 29 | Превод на книга за деца на македонски јазик: Дождовни шуми, Едиција „Неверојатен свет", Dorling Kindersley, pp. 24, 2011 | 3 |
| 30 | Превод на книга за деца на македонски јазик: Ѕвезди и планети, Едиција „Неверојатен свет", Dorling Kindersley, pp. 24, 2011 | 3 |
| 31 | Превод на веб-страницата на македонски јазик www.ask.fm, 2012 | 0,5 |
| 32 | Превод на веб-страницата на македонски јазик www.mk.yurmobile.com, 2012 | 0,5 |
| 33 | Превод на веб-страницата на македонски јазик www.thepeoplespension.co.uk, 2012 | 0,5 |
| 34 | Превод на упатство за корисници: IRT Study User Guide by ClinIntel, pp. 67, 2012 | 3 |
| | **Лекторирање на трудови на странски/македонски јазик** | |
| 35 | Лекторирање на дел од книга на англиски јазик: Студиски | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | програми на Катедрата на преведување и толкување, 2011 | |
| 36 | Trajkovska Vesna, & Trajkova Zorica [proofreading: Moskal Amanda, Fast Austin, Kitanovska-Kimovska Sonja] (2012) *Protect 1: English for Law Enforcement. Coursebook.* Skopje: Faculty of Security, стр. 119 | 1 |
| 37 | Trajkova Zorica & Trajkovska Vesna [proofreading: Moskal Amanda, Van Haren Kate, Kitanovska-Kimovska Sonja] (2012) *Protect 2: English for Law Enforcement Coursebook.* Skopje: Faculty of Security, стр. 131 | 1 |
| | **Учество на меѓународни симпозиуми** | |
| 38 | Applied Linguistics Association of Serbia and Montenegro *International Congress Applied Linguistics Today*, Belgrade, Serbia, 28-30 September 2006 | 0,5 |
| | | |
| | **Студиски престој во странство** | |
| 39 | Студент на постдипломски студии на Универзитетот во Кембриџ, Велика Британија, 2003/2004 | 2 |
| 40 | Учесник на летна школа за истражување во областа на преводот, Универзитетски колеџ Лондон (UCL), Велика Британија, јуни 2007 | 0,5 |
| 41 | Студиска посета на Универзитетот во Кембриџ за потребите на изработката на докторската дисертација, Велика Британија, јануари 2012 | 0,5 |
| | **Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност** | |
| 42 | Менса Македонија (дел од Mensa International), претседател, 2003 | 4 |
| 43 | Менса Македонија (дел од Mensa International), член на Управен одбор, 2004, 2005 | 2 |
| | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** | |
| 44 | Соработник на проект на Фондацијата за болните од Паркинсонова болест од Република Македонија: *Capacity Building and Networking: Pave the Road to Success with Pakinson's*, поднесен до Американската амбасада во Скопје, 2010. | 0,5 |
| 45 | Соработник на проект на Фондацијата за болните од Паркинсонова болест од Република Македонија: Life with *Pakinson's: Get Answers, Accept Change!*, поднесен до Американската амбасада во Скопје, 2011. | 0,5 |
| | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект** | |
| 46 | Соработник на проект на Федерацијата на шведски фармери, *Support to Farmers' Association in the Republic of Macedonia II*, поднесен до Swedish International Development Cooperation Agency, 2004. | 1 |
| 47 | Соработник на проект на Федерацијата на шведски фармери, *Support to Farmers' Association in the Republic of Macedonia III*, поднесен до Swedish International Development Cooperation Agency, 2006. | 1 |
| 48 | Соработник на проект на Македонската асоцијација на Чивнинг стипендисти: Regional Chevening Interactions, поднесен до FCO | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Chevening Awards Project Fund, 2009. | |
| 49 | Соработник на проект на Федерацијата на фармери во Република Македонија, *Promoting Farmers' Interests in Macedonia*, поднесен до Swedish International Development Cooperation Agency, 2010. | 1 |
| 50 | Носител на проект на Здружението на преведувачи на Република Македонија: *The Hidden Core of the EU (Translators' Contribution to the EU Integration Process)*, поднесен до Open Society Foundations Scholarship Programs, 2012-2013 Alumni Grant Program, 2012. | 2 |
| | **Член на факултетска комисија** | |
| 51 | Член на комисија за изработка на студиски и предметни програми на Факултетот за применети јазици при Универзитетот ФОН, 2010/2011 | 0,5 |
| | **Учество во изработка на национална програма од одредена област** | |
| 52 | Соработник на Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија за подготовка на националната верзија на acquis communautaire и преведување на законодавството на Република Македонија, 2004/2005, 2006/2007, 2008/2009 | 9 |
| | **Вкупно** | **99.5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **56,33** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **11** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **99,5** |
| **Вкупно** | **166,83** |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, претседател, с.р.

2. Д-р Солзица Поповска, член, с.р.

3. Д-р Емилија Георгиевска, член, с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Јана Благоја Илиевска
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** англиски јазик

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| 1 | Англиски јазик 1Б (0+6), зимски семестар 2008/09 | 3,6 |
| 2 | Англиски јазик 2Б (0+6), летен семестар 2008/09 | 3,6 |
| 3 | Англиски јазик 3Б (0+6), зимски семестар 2009/10 | 3.6 |
| 4 | Преведување од англиски на македонски јазик 1 (0+3), зимски семестар 2009/10 | 1,8 |
| 5 | Англиски јазик 4Б (0+6), летен семестар 2009/10 | 3,6 |
| 6 | Преведување од англиски на македонски јазик 2 (0+3), летен семестар 2009/10 | 1,8 |
| 7 | Англиски јазик 3Б (6+0), зимски семестар 2011/12 | 3,6 |
| 8 | Консекутивно толкување од македонски на англиски јазик со техники на бележење (0+2), зимски семестар 2011/12 | 1,2 |
| 9 | Англиски јазик 4Б (6+0), летен семестар 2011/12 | 3,6 |
| 10 | Консекутивно и симултано толкување од македонски на англиски јазик (0+2), летен семестар 2011/12 | 1,2 |
| | **Консултации со студенти** | |
| 11 | Консултации со студенти, зимски семестар 2008/09 (40 студенти) | 0,08 |
| 12 | Консултации со студенти, летен семестар 2008/09 (40 студенти) | 0,08 |
| 13 | Консултации со студенти, зимски семестар 2009/10 (70 студенти) | 0,14 |
| 14 | Консултации со студенти, летен семестар 2009/10 (70 студенти) | 0,14 |
| 15 | Консултации со студенти, зимски семестар 2011/12 (50 студенти) | 0,1 |
| 16 | Консултации со студенти, летен семестар 2011/12 (50 студенти) | 0,1 |
| | **Пакет материјали за одреден предмет** | |
| 17 | Пакет материјали за предметот: Преведување од англиски на македонски јазик 1, зимски семестар 2009/10 | 1 |
| 18 | Пакет материјали за предметот: Преведување од англиски на македонски јазик 2, летен семестар 2009/10 | 1 |
| 19 | Пакет материјали за предметот: Консекутивно толкување од македонски на англиски јазик со техники на бележење, зимски семестар 2011/12 | 1 |
| 20 | Пакет материјали за предметот: Консекутивно и симултано толкување од македонски на англиски јазик, летен семестар 2011/12 | 1 |
| | **Вкупно** | **32,24** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Учесник во меѓународен проект** | |
| 1 | Учесник во меѓународниот проект: *Поддршка на системот за јавни набавки,* спроведуван од Сојузното министерство за економија и технологија на Сојузна Република Германија и Бирото за јавни набавки на Република Македонија, а поддржан од Европската унија и посветен на унапредување и развој на националниот систем за јавни набавки (започнат 2011 година) | 5 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/ стручно списание** | |
| 2 | Дипломски труд: *Преведување литературна критика: Превод на есеите Милтон I и Милтон II од Т.С.Елиот, со поимник.* Скопје: Списание за книжевност, уметност и култура *Книжевно житие* Скопје (број 16-17 мај-јуни 2009), ИД „Макавеј", стр. 48 | 4 |
| | **Труд со оригинални научни/ стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/ стручен собир** | |
| 3 | *Улогата, значењето и придонесот на толкувачот во судницата.* Скопје: Зборник на трудови од меѓународната научна конференција: „Јазични и културни проникнувања низ преведувањето и толкувањето", 26/27 септември 2012, организирана од Катедрата за преведување и толкување при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" - Скопје (во подготовка и печат) | 2 |
| | **Секциско предавање на научен/ стручен собир со меѓународно учество** | |
| 4 | *Улогата, значењето и придонесот на толкувачот во судницата.* Скопје: Меѓународна научна конференција: „Јазични и културни проникнувања низ преведувањето и толкувањето", 26/27 септември 2012, организирана од Катедрата за преведување и толкување при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" - Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методиј | 2 |
| | **Вкупно** | **13** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Превод** | |
| 1 | Книга - *Winds over Raven, Hristo Krstevski:* Превод на книжевното дело „Ветришта над Равен" од Христо Крстевски од македонски на англиски јазик во рамките на проектот на Министерството за култура на РМ „Превод и лектура на 130 тома од македонската книжевност на англиски јазик", во издаваштво на КСЦ – Конгресен сервисен центар и Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Скопје, 2011 година, стр. 186 | 3 |
| 2 | Дел од книга - *Analysis: Development of the Media in Macedonia* | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | *according to UNESCO indicators*: Превод на истражувањето под наслов „Развој на медиумите во Македонија според индикаторите на УНЕСКО“ од македонски на англиски јазик, објавен од Македонскиот институт за медиуми, Скопје, јануари 2012, 1-62, 98 и 107 стр. | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | **Студиски престој во странство** | |
| 1 | - октомври 2010 - февруари 2011, студиски семестар на Институтот за транслатологија во Виена, Р.Австрија, усовршување во областа конференциско толкување и превод, германски -англиски јазик | 1 |
| 2 | - септември/декември 2010, студиска обука во Европскиот парламент во Брисел и во организацијата Европски центар за работнички прашања (ЕЗА - Кенигсвинтер/ Келн, Германија и Вроцлав, Полска) под покровителство на Европската унија | 0,5 |
| 3 | - мај/јуни 2010, студиска посета на институциите на Европската унија во Брисел, Белгија, организирана од Генералниот директорат за толкување при Европската комисија (DG SCIC) | 0,5 |
| 4 | - март 2009, учество на меѓународен семинар за професионално усовршување на тема “Стратегии за надминување на економската и финансиската криза – Какви мерки треба да преземат социјалните партнери?” во Минхен, Германија, организиран од ЕЗА (Europäisches Zentrum für Arbeitsnehmerfragen), Fritz Pirkl (Institut des Europäischen Zentrum für Arbeitsnehmerfragen in Bayern) и CSA (Arbeitnehmerunion), а под покровителство на Европската заедница. | 0,5 |
| | **Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)** | |
| 5 | Учество во подготовката на национален документ - стратегија „Национална стратегија за развој на системот за јавни набавки во Република Македонија“, во изработка (официјален преведувач/ лектор на текстовите на македонски и англиски јазик) | 2 |
| | **Вкупно** | **8,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **32,24** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **13** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **8,5** |
| **Вкупно** | **53,74** |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, претседател, с.р.
2. Д-р Солзица Поповска, член, с.р.
3. Д-р Емилија Георгиевска, член, с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Катерина Максим Видова**
**Институција:** **Филолошки Факултет „Блаже Конески“ Скопје**
**Научна област: хуманитарни науки, наука за јазикот, англистика**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Англиски јазик 1, (2+2), Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје, зимски 08/09, 1 група | 1,2 |
| 2. | Англиски јазик 2, (2+2), Факултет за земјоделски науки и храна, летен 08/09, 1 група | 1,2 |
| 3. | Англиски јазик 1, (2+2), Факултет за земјоделски науки и храна, зимски 09/10, 1група | 1,2 |
| 4. | Англиски јазик 2, (2+2), Факултет за земјоделски науки и храна, летен 09/10, 1 група | 1,2 |
| 5. | Англиски јазик 1, (2+2), Факултет за земјоделски науки и храна, зимски 10/11, 1 група | 1,2 |
| 6. | Англиски јазик 2 (2+2), Факултет за земјоделски науки и храна, 10/11, 1 група | 1,2 |
| 7. | Англиски јазик 4, (2+0), Факултет за туризам, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, летен 2009, 5 групи | 6 |
| 8. | Англиски јазик 2, (2+0), Факултет за туризам, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, летен 2009, 2 групи | 2,4 |
| 9. | Англиски јазик 3, (2+0), Факултет за туризам, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, зимски 09/10, 5 групи | 6 |
| 10. | Англиски јазик 1, (2+0), Факултет за односи со јавноста, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, зимски 09/10, 2 групи | 2,4 |
| 11. | Англиски јазик 2, (2+0), Факултет за туризам, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, летен 09/10, 4 групи | 4,8 |
| 12. | Англиски јазик 2, (2+0), Факултет за односи со јавноста, Универзитет за туризам и менаџмент,Скопје, летен 09/10, 2 групи | 2,4 |
| 13. | Англиски јазик 2, (2+0), Факулет за претприемачки бизнис, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, летен 09/10, 2 групи | 2,4 |
| 14. | Англиски јазик 2, (2+0), Факултет за меѓународен маркетинг менаџмент, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, летен 09/10, 2 групи | 2,4 |
| 15. | Англиски јазик 3, (2+0) , Факултет за туризам, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, зимски 10/11, 3 групи | 3,6 |
| 16. | Англиски јазик 3, (2+0), Факултет за претприемачки бизнис, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје,зимски 10/11, 2 | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | групи | |
| 17. | Англиски јазик 2, (2+0), Економски факултет, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, зимски 10/11, 2 групи | 2,4 |
| 18. | Англиски јазик 1, (2+0), Економски факултет, Универзитет за туризам и менаџметнт, Скопје, зимски 10/11, 2 групи | 2,4 |
| 19. | Англиски јазик 1, (2+0), Факултет за меѓународен маркетинг менаџмент, Универзитет за туризам и менаџметнт, Скопје, зимски 10/11, 2 групи | 2,4 |
| 20. | Англиски јазик 1, (2+0), Факултет за претприемачки бизнис, Универзитет за туризам и менаџметнт, Скопје, зимски 10/11, 2 групи | 2,4 |
| 21. | Англиски јазик 1, (2+0), Факултет за односи со јавноста, Универзитет за туризам и менаџметнт, Скопје, зимски 10/11, 2 групи | 2,4 |
| 22. | Англиски јазик 1, (2+0), Факултет за менаџмент со човечки реурси, Универзитет за туризам и менаџметнт, Скопје, зимски 10/11, 2 групи | 2,4 |
| 23. | Англиски јазик 4, (2+0), Факултет за туризам, Универзитет за туризам и менаџметнт, Скопје, летен 10/11, 3 групи | 3,6 |
| 24. | Англиски јазик 2, (2+0), Факултет за меѓународен маркетинг менаџмент, Универзитет за туризам и менаџметнт, Скопје, летен 10/11, 2 групи | 2,4 |
| 25. | Англиски јазик 2, (2+0), Факултет за претприемчки бизнис, Универзитет за туризам и менаџметнт, Скопје, летен 10/11, 2 групи | 2,4 |
| 26. | Англиски јазик 2, (2+0), Факултет за односи со јавноста, Универзитет за туризам и менаџметнт, Скопје, летен 10/11,2 групи | 2,4 |
| 27. | Англиски јазик 1, (2+2), Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје, зимски 08/09, 1 група вежби | 0,9 |
| 28. | Англиски јазик 2, (2+2), Факултет за земјоделски науки и храна, летен 08/09, 1 група вежби | 0,9 |
| 29. | Англиски јазик 1, (2+2), Факултет за земјоделски науки и храна, зимски 09/10, 1 група | 0,9 |
| 30. | Англиски јазик 2, (2+2), Факултет за земјоделски науки и храна, летен 09/10, 1 група вежби | 0,9 |
| 31. | Англиски јазик 1, (2+2), Факултет за земјоделски науки и храна, зимски 10/11, 1 група вежби | 0,9 |
| 32. | Англиски јазик 2 (2+2), Факултет за земјоделски науки и храна, 10/11, 1 група вежби | 0,9 |
| 33. | Подготовка на нов предмет (предавања) (11 предмети) | 11 |
| 34. | Подготовка на нов предмет (вежби), 2 предмета | 1 |
| 35. | Консултација со студенти (500) | 1 |
| | **Вкупно** | 90,4 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | "Анализа на јазичниот дискурс во туристичките водичи на англиски јазик за Македонија и Скопје", труд на Вториот меѓународен конгрес "Влијанието на туризмот на економскиот развој", организиран од страна на УТМС, април 2011. | 3 |
| 2 | „Наплив на англицизмите во македонскиот јазик" текст за www.mnogo.mk, февруари 2011 | 2 |
| 3 | „Јазикот во туристичките водичи" текст за www.mnogo.mk, јули 2011 | 2 |
| | **Вкупно** | 7 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Превод на вовед на учебник: „Туризам принципи и практика" на проф. д-р Михајло Будиноски, септември 2009 | 1 |
| 2 | Превод на брошура за Скопје, автор: Оливер Гекиќ, Туристички сојуз на Скопје, јули 2010 | 2 |
| | **Вкупно** | 3 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 90,4 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 7 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 3 |
| **Вкупно** | **100,4** |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, претседател, с.р.

2. Д-р Солзица Поповска, член, с.р.

3. Д-р Емилија Георгиевска, член, с.р.